Со благослов на Неговото Високопреосвештенство,
Митрополитот Тетовско-гостиварски г. Јосиф



Издава:
Тетовско - гостиварска
православна епархија
Лешочки манастир

ОГЛЕДАЛО

РЕДАКЦИЈА

Главен и одговорен уредник:
Митрополит Тетовско-гостиварски г. Јосиф (Тодоровски)

Технички уредник:
дипл. теолог Петар Петковски

Уредувачки одбор:
протопрезвитер Марјанчо Мадевски;
протопрезвитер Александар Стојаноски;
протопрезвитер Жарко Мицкоски;
Синиша Георгиев

Соработници:
проф. д-р Ѓорѓи Поп Атанасов, академик;
проф. д-р Катица Ќулавкова, академик;
проф. др. Методи Чепреганов, невропсихијатар;
проф. д-р Венко Андоновски;
проф. д-р Илија Велев;
проф. д-р Димитар Пандев;
проф. д-р Александар Атанасовски;
проф. д-р Сашо Цветковски;
проф. д-р Борче Илиевски;
асс. м-р Кирче Трајанов, ѓакон;
асс. д-р Анета Јовковска;
д-р Александар Атанасов
Славе Николовски – Катин;
Дејан Кратевски, зограф и конзерватор-реставратор
Златко Андонов

Лектор:
Наталија Крстеска Мадевски

Ликовно - техничко обликување:
Александар Павловски

Печати:
„Напредок“ - Тетово

СОДРЖИНА

ПРЕДГОВОР:

7 ПОЗДРАВНО СЛОВО ДО ЧИТАТЕЛИТЕ НА СПИСАНИЕТО „ОГЛЕДАЛО“
- Г. ЈОСИФ, МИТРОПОЛИТ ТЕТОВСКО-ГОСТИВАРСКИ

ТЕМА НА БРОЈОТ:

ХРИСТИЈАНИТЕ ВО ПОЛОГ И ЛЕШОЧКИОТ МАНАСТИР НИЗ ВЕКОВИТЕ

11 ЛЕШОЧКИОТ МАНАСТИР ПРЕД ДОАЃАЊЕТО НА ЈЕРОМОНАХОТ КИРИЛ ПЕЧИНОВИЌ (ОД СОЗДАВАЊЕТО ДО 1818 ГОДИНА)
- Г. ЈОСИФ, МИТРОПОЛИТ ТЕТОВСКО-ГОСТИВАРСКИ

21 THE LESHOK MONASTERY BEFORE THE ARRIVAL OF HIEROMONK KIRIL PEJCHINOVIC (FROM ITS FOUNDATION UNTIL 1818)
- HIS EMINENCE DR. JOSEF, METROPOLITAN OF TETOVO AND GOSTIVAR

23 ЛЕШОЧКИОТ МАНАСТИР ВО ВРЕМЕТО НА ИГУМЕНОТ ХАЏИ ЕЗЕКИЛ
- ЗЛАТКО АНДОНОВ

27 ЛЕШОЧКИОТ МАНАСТИР КАКО ДУХОВЕН И СКРИПТОРИСКИ ЦЕНТАР
- ПРОФ. Д-Р ИЛИЈА ВЕЛЕВ

41 ХРИСТИЈАНСКОТО НАСЕЛЕНИЕ ВО ПОЛОГ ВО ТРИЕСЕТИТЕ ГОДИНИ НА XIX ВЕК (ДЕМОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ)
- ПРОФ. Д-Р БОРЧЕ ИЛИЕВСКИ

51 ТЕМЕЛИ ЗА НОВ ПОЧЕТОК
- ДИПЛ. ТЕОЛОГ ПЕТАР ПЕТКОВСКИ

63 ДУХОВНА ТВРДИНА НА ПРАВОСЛАВИЕТО
- Г. Г. СТЕФАН, АРХИЕПИСКОП ОХРИДСКИ И МАКЕДОНСКИ И НА ЈУСТИНИЈАНА ПРВА

65 НАДГРАДБА ВРЗ ДРЕВНИТЕ ТЕМЕЛИ
- Г. ЈОСИФ, МИТРОПОЛИТ ТЕТОВСКО-ГОСТИВАРСКИ

ЦРКОВНА КНИЖЕВНОСТ:

69 ЗА СУДБИНАТА НА ЦРКОВНОТО КНИЖЕВНО НАСЛЕДСТВО ОД ТЕТОВСКО-ГОСТИВАРСКАТА ЕПАРХИЈА
- ПРОФ. Д-Р ЃОРЃИ ПОП АТАНАСОВ, АКАДЕМИК

ЦРКОВНА УМЕТНОСТ:

77 ЧУДОТВОРНАТА ИКОНА НА БОГОРОДИЦА ОД АПОСТОЛОТ ЛУКА ОД ЦРКВАТА ВО С. ВРБЕН, МАВРОВСКО
- ПРОФ. Д-Р САШО ЦВЕТКОВСКИ

ДЕЛОТО НА ЗОГРАФОТ ДАНАИЛ НЕСТОРОВ ФРЧКОСКИ ВО ТЕТОВСКО И ГОСТИВАРСКО 83
- ДЕЈАН КРАТЕВСКИ, ЗОГРАФ

ТЕОЛОШКИ ТЕМИ:

ЕКЛИСИОЛОШКОТО-ЛИТУРГИСКО ЗНАЧЕЊЕ НА ХРАМОТ БОЖЈИ 97
- АСС. М-Р КИРЧЕ ТРАЈАНОВ, ЃАКОН

ХРИСТИЈАНСКИТЕ ВРЕДНОСТИ ВО ДЕЛАТА НА СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ 105
- ДОЦ. Д-Р АНЕТА ЈОВКОВСКА

ИСТОРИСКИ ТЕМИ:

КОЈ, КОГА И ЗОШТО ГО ПОСТАВИЛ СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ ЗА ЕПИСКОП? 115
- ПРОФ. Д-Р АЛЕКСАНДАР АТАНАСОВСКИ

АРХИЕПИСКОПОТ ОХРИДСКИ И МАКЕДОНСКИ Г. Г. ДОСИТЕЈ – КЛУЧНА ЛИЧНОСТ ВО РЕШАВАЊЕТО НА МАКЕДОНСКОТО ЦРКОВНО ПРАШАЊЕ 125
- Д-Р АЛЕКСАНДАР АТАНАСОВ

РЕГИСТАР СО ПОВАЖНИ ДАТУМИ ОД ЦРКОВНИОТ ЖИВОТ НА МАКЕДОНСКАТА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА – ОХРИДСКА АРХИЕПИСКОПИЈА (ТРЕТ ДЕЛ) 135
- ДИПЛ. ТЕОЛОГ ПЕТАР ПЕТКОВСКИ

МАКЕДОНСКА ПРЕРОДБА:

КОНТЕКСТОТ НА ЛЕШОЧКИОТ ИГУМЕН ПЕЧИНОВИЌ ИЛИ: СЛОВО ЗА ПЕЧИНОВИК НА ФОНОТ НА СЛАВИСТИКАТА, МАКЕДОНИСТИКАТА И СОВРЕМЕНАТА ЛИНГВИСТИКА 141
- ПРОФ. Д-Р ДИМИТАР ПАНДЕВ

МАКЕДОНСКИОТ ПРЕРОДБЕНИК АРХИМАНДРИТОТ ХАЏИ ПАВЕЛ ГРАМАТИКОВ – БОЖИГРОБСКИ 147
- СЛАВЕ НИКОЛОВСКИ - КАТИН

МАКЕДОНСКИОТ ИДЕНТИТЕТ НИЗ ПРИЗМАТА НА ЖИВОТОТ И ДЕЛОТО НА ГРИГОР С. ПРЛИЧЕВ 153
- ПРОФ. Д-Р КАТИЦА КУЛАВКОВА, АКАДЕМИК

КНИЖЕВНОСТ:

ЗОШТО НАУКАТА НУЖНО ВОДИ КОН БОГА 165
- ПРОФ. Д-Р ВЕНКО АНДОНОВСКИ

МЕДИЦИНА:

ЖИВОТОТ И НИЕ – ФУНДАМЕНТ НА ПСИХОАРХИТЕКТУРАТА НА НАШЕТО ПОСТОЕЊЕ 177
- ПРОФ. Д-Р МЕТОДИ ЧЕПРЕГАНОВ, НЕВРОПСИХИЈАТАР

ВЕСТИ И НАСТАНИ ОД ЕПАРХИЈАТА:

СЛУЖБЕН ДЕЛ, ВЕСТИ И НАСТАНИ ОД ТЕТОВСКО-ГОСТИВАРСКАТА ЕПАРХИЈА 183
- СИНИША ГЕОРГИЕВ

ПОЗДРАВНО СЛОВО

СПИСАНИЕ „ОГЛЕДАЛО“

ТЕТОВСКО – ГОСТИВАРСКА ЕПАРХИЈА

ПОЗДРАВНО СЛОВО

Г. ЈОСИФ,
МИТРОПОЛИТ ТЕТОВСКО-ГОСТИВАРСКИ

МИЛИ ЧЕДА,

Ново оваа високосна 2020 година, иако погодени од големи искушенија меѓукои најповеќе од познатиот Коронавирус, сепак со Божја помош повторно сме со Вас преку нашето списание Огледало, кое пред сè го издаваме за сите Вас, кои сте „жедните за словото Божјо“. Ете во пресрет на овогодишните јубилеи на нашата Света Македонска православна црква – Охридската архиепископија, кога сите ние сме радосни сведоци на чествувањето на големите и значајни духовни и национални јубилеи: Еден милениум постоење на Бигорскиот манастир; 175 години од блаженото упокојување на игуменот на Лешочкиот манастир, јеромонахот Кирил Пејчиновиќ; 75 години од одржувањето на Првиот македонски црковно-народен собор во Скопје; и 30 години од осветувањето на Соборниот храм во Скопје – излегува од печат, веќе 7-ма година по ред и овој двоброј на епархиското списание на Тетовско-гостиварската православна епархија.

Спомнувајќи ги јубилеите, можам слободно да кажам дека не помал јубилеј оваа година доживува и нашиот Лешочки манастир, во кој по скоро цели 200 години се започна со изградба на нов манастирски конак. Како што споменав во мојата беседа за време на осветувањето на темелите во февруари оваа година, и во оваа прилика ќе споменам дека Лешочкиот манастир несомнено уште од дамнина е голем благослов за Полог, па така знаејќи го сето тоа и бивајќи свесни дека годинава во Лешок се започна делото на воскресенски препород на комплексот, во консултација со ценетата Редакција, се одлучивме темата на овој двоброј 14/15 да ја посветиме на: „Христијаните во Полог и Лешочкиот манастир низ вековите“.

Освен трудовите поврзани со носечката тема на овогодинешното списание, благодарение на нашите почитувани соработници како и на Редакцијата на списанието, сместивме и научно градиво од многу области и тоа од: црковната и световната книжевност, од црковната уметност, секако трудови со теолошка тематика, потоа од областа на историјата и медицината, како и теми поврзани со периодот на македонската преродба. Исто така, на крајот од списанието се наоѓа и рубриката – Вести и настани од епархијата. Се надевам дека ќе Ви се допадне изборот на трудовите кои се сместени на овие страници и дека тие ќе го привлечат Вашето внимание.

Ја користам оваа прилика од мое лично име, како и од името на членовите на Редакцијата да им се заблагодарам на нашите почитувани соработници, кои со својот труд значително го помогнаа издавањето на ова списание.

ДРАГИ ЧИТАТЕЛИ,

Имајќи го во Вашите раце нашето епархиско списание „Огледало“, Ви посакувам успешно чтение и продлабочување на духовните и интелектуалните способности за слава на Троичниот Бог.

БЛАГОДАТТА НА НАШИОТ ГОСПОД ИСУС ХРИСТОС И ЉУБОВТА НА БОГА ОТЕЦОТ, И ЗАЕДНИЦАТА НА СВЕТИОТ ДУХ, ДА БИДАТ СО СИТЕ ВАС.

Со почит и Божји благослов,
Митрополит Тетовско-гостиварски
г. **Јосиф**,

главен уредник на списанието „Огледало“

ТЕМА НА БРОЈОТ:

ХРИСТИЈАНИТЕ ВО ПОЛОГ
И ЛЕШОЧКИОТ МАНАСТИР
НИЗ ВЕКОВИТЕ

ТЕТОВСКО – ГОСТИВАРСКА ЕПАРХИЈА

ЛЕШОЧКИОТ МАНАСТИР ПРЕД ДОАЃАЊЕТО НА ЈЕРОМОНАХОТ КИРИЛ ПЕЈЧИНОВИЌ

(ОД СОЗДАВАЊЕТО ДО 1818 ГОДИНА)

МИТРОПОЛИТ ТЕТОВЕКО-ГОСТИВАРЕКИ
Г. ЈОСИФ

АПСТРАКТ

Со овој труд станува збор за почетниот дел на бурната историја на Лешочкиот манастирски комплекс низ вековите, поточно за периодот од основањето на манастирот, па сè до 1818 година, кога со доаѓањето на јеромонахот Кирил Пејчиновиќ на чело на манастирот како игумен – тој бил возобновен, а со тоа и неговата историја. Во трудот хронолошки е изложена историјата на манастирот, кој бил и è центар на христијанството во Лешок и во Полошкиот регион, каде христијанството се појавило уште во ранохристијанскиот период. Историските настани се подржани со бројни археолошки пронајдоци. Денешните остатоци на стариот манастир „Свети Атанасиј Велики“, како и црквата „Пресвета Богородица“ во новиот возобновен манастир се појдовна и темелна точка на овој труд кога станува збор за Лешочкиот манастирски комплекс. Во ова скромно излагање се потрудивме да го доловиме непрестајното егзистенцирање на манастирот, со прикажување на историскиот развој преку доловување на настаните поврзани со основањето, разурнувањето, подигањето и уривањето на храмовите и манастирските конаци сè до неговото повторно возобновување, како феникс од пепелта во 1818 година по покровителство на игуменот Кирил од Теарце.

КЛУЧНИ ЗБОРОВИ:

Село Лешок; Лешочки манастирски комплекс, Лешочки манастир; манастирски храм „Свети Атанасиј“; манастирски храм „Пресвета Богородица“, Полошки епископ Јоаникиј, епископско седиште, Скопски епископ Никанор, разрушен, Охридска Архиепископија (ОА), преродба, игумен, јеромонах Кирил Пејчиновиќ, с. Теарце, обнова, и др.

ВОВЕД

Едно од позначајните места во македонската црковна и национална историја има Лешочкиот манастир „Свети Атанасиј Александриски[1] и Пресвета Богородица“. Манастирот денес се наоѓа над селото Лешок[2] и е сместен во прекрасниот природен амбиент во подножјето на Шар Планина,[3] на надморска височина од 610 метри.[4] Во православниот манастирски комплекс денес се наоѓаат следниве светилишта: манастирската црква „Свети Атанасиј Велики“, старата црква „Пресвета Богородица“ и параклиот „Свети Кирил и Методиј“.[5] Исто така, во склоп на манастирот кој денес повторно е епископско живеалиште влегуваат и: манастирските конаци, вечното почивалиште и спомен-собата на преродбеникот о. Кирил Пејчиновиќ, како и остатоците од стариот манастир со разурнатата црква посветена на „Светиот Атанасиј Велики“, чии остатоци се наоѓаат надвор од денешните манастирски ѕидини, во непосредна близина на комплексот. Манастирот и денес како и во минатото е особено важен духовен центар и игра видна улога во духовната преродба на македонскиот народ.

1 Свети Атанасиј Александриски познат и како свети Атанасиј Велики е христијански светец, патријарх на Александрија во периодот од 328 до 373 година.

2 Повеќе за с. Лешок види кај: Јовановски Поп Апостол, *Долни Полог*, Лешок 1995, стр. 7-9.

3 *Храмов празник на Лешочкиот манастир*, Весник (Службен лист) на МПЦ, година: XVII, број 5, Скопје, септември-октомври 1975, стр. 141.

4 Славе Катин, *Лешочкиот манастир – значајно духовно светилиште во Полог*, www.makedonskosonce.com – пристапно на: http://makedonskosonce.com/24492/ (18. 07. 2019).

5 Спироски, *Цркви во Лешок*, www.spiroski.com.mk/ - пристапно на: http://spiroski.com.mk/цркви-и-свештеници-во-лешок/ (18. 07. 2019).

ХРИСТИЈАНСТВОТО ВО ЛЕШОК И ОСНОВАЊЕТО НА МАНАСТИРОТ (ДО XIV ВЕК)

Пред да започнеме со подетално разработување на историскиот пат на манастирот, треба да нагласиме дека на територииите на денешен Лешок христијанството било присутно многу порано пред појавата на манастирот, уште во претсловенската епоха,[6] а истото особено се развило во времето на светите Кирил и Методиј и нивните ученици.[7] Бројните археолошки истражувања и пронајдоци на теренот го докажуваат тој факт.[8] Според нив, на Лешочките простори имало многу цркви и манастири,[9] кои низ времињата биле уништени.[10]

Историскиот пат на овој манастирски комплекс, според најновите научни сознанија и модерни истражувања – започнал некаде во VI век.[11] За староста на Лешок потврди се наоѓаат и во писмените извори. Според голем број научници, старата манастирска црква „Свети Атанасиј Велики“ се смета дека била подигната на старо ранохристијанско култно место. Додека пак, основањето на црквата „Пресвета Богородица“ или нејзиното најстаро датирање го бележат уште од времето на цар Самоил (958-1014) во рамки на Охридската Патријаршија/Архиепископија. Научниците анализирајќи еден сочуван остаток столб-пиластер, составен дел од нејзиниот првобитен изглед, доаѓаат до сознание дека оваа црква личела на најстарите цркви од околината на Преспа и Охрид.[12]

Во византиско време пак, се смета дека во Лешок имало само хороепископ[13] или епископски намесник, кој бил управител и организатор на црковниот живот.[14] Полог во тој период припаѓал во Призренската епископија[15] под јуриздикција на Охридската Архиепископија, а тоа го знаеме од записот во хрисовулите (повелбите) на императорот Василиј II (958-1025),[16] со кои

6 Мирко Станковски, протоерej-ставрофор, *Вечни светилишта во Полог*, необјавена книга, стр. 123-124.

7 Ѓурѓица Лековска, *Црквата свети Атанасие во стар манастир над Лешок низ историјата и денес*, стр. 21 – во списание „Огледало“, број 2 – јули 2014, Тетово.

8 На неколку километри одалеченост од Лешок се наоѓа познатиот археолошки локалитет Стенчевската тврдина, каде е пронајдена ранохристијанска базилика за која се смета дека датира од V или VI век.

9 Илија Н. Петрушевски, *Судбоносните миѓови на Лешечкиот манастир свети Атанасија*, Весник (Службен лист) на МПЦ, година: XVII, број 4, Скопје, јули-август 1975 (125-129), стр. 125.

10 Илија Н. Петрушевски и Бранислав Светозаревиќ, *Лешочкиот манастирски комплекс*, Тетово 2001, стр. 32

11 Златко Андонов, *Лешочкиот манастир во времето на игумен Хаџи Езекил*, Православен пат – списание на Скопската православна епархија, бр. 43, година XV, Скопје 2018 (84-86), стр. 85.

12 Ѓурѓица Лековска, *Црквата свети Атанасие во стар манастир над Лешок низ историјата и денес*, стр. 21 – во списание „Огледало“, број 2 – јули 2014, Тетово.

13 Хороепископ е епископ во мал град, најчесто во село. За неговите принадлежности најдобро говори 14 канон од Неокесарискиот собор. Овој канон кажува дека хороепископот е поставен по примерот на седумдесетминатa апостоли за да како служител на епархискиот архиерej особено се грижи за сиромашните.

14 Радослав Грујић, *Полошко-тетовска епархија и манастир Лешак*, Гласник Скопског Научног Друштва XII, Скопље 1933, стр. 41.

15 Ѓурѓица Лековска, *Црквата свети Атанасие во стар манастир над Лешок низ историјата и денес*, стр. 21 – во списание „Огледало“, број 2 – јули 2014, Тетово.

16 *Нашето црковно минато* (Историски водич), Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи (КОВЗРГ), Скопје 2018, стр. 29.

црквата „Пресвета Богородица“ заедно со средновековниот град Леаскумцосу или Леген Град (како што се нарекувал Лешок) биле приклучени во диацезата на нашата Охридската Архиепископија.[17] Исто така, дека Лешок бил седиште на хороепископ дознаваме и од подоцнежната повелба од 1326 година издадена од кралот Стефан Дечански (1285-1331) за Призренската епископија, каде се вели дека црквата „Пресвета Богородица“ која се наоѓа над урнатините на стариот град Лешок од секогаш („от вјека“) се нарекувала „епископски двор“ и дека отсекогаш била ослободена од даноци.[18]

Но нажалост, овие две познати за нас првобитни светилишта, во налетот на српските освојувања и борби со Византија на македонските територии во почетокот на XII век, а поточно во времето на српскиот жупан Стефан Немања (околу 1189/90 година),[19] биле уништени заедно со Лешочката населба која била правен, културен и духовен центар.[20] Денес за постоењето на таа населба сведочат археолошките остатоци од кои најпознато е Лешочкото кале.

ОД ПОДИГНУВАЊЕТО НА СТАРИОТ МАНАСТИР ДО ПОДИГНУВАЊЕТО НА НОВИОТ МАНАСТИР (XIV–XVI ВЕК)

Од пронаоѓањето на саркофагот со ктиторскиот натпис, па сè до 1970 година, се сметало дека црквата „Свети Атанасиј Велики“ на Лешочкото кале датира некаде од првата половина на XIV век и дека истата ја подигнал првиот Долно-полошки епископ Јоаникиј, што се гледа и од натписот[21] на неговиот саркофаг пронајден во 1927 година при расчистувањата на урнатините на стариот манастир од страна на монахот Теодорит.[22] Меѓутоа, со подоцнежните испитувања и проучувања на основната фасада е утврдено дека црквата потекнува уште од VI век, а дека дури по нејзиното рушење (за време на освојувањата од страна на Стефан Немања во 1189/90 година) таа била возобновена подоцна, во првата половина на XIV век од страна на јеромонахот Антониј, кој подоцна бил хиротонисан за прв епископ Долно-полошки со име Јоаникиј, кој ја возобновил црквата и изградил конаци со ќелии за монашкото братство, со што се формирал манастирскиот комплекс.[23]

Тој стар манастир се наоѓал северно од денешниот манастир, на оддалеченост од околу 500 метри. Според истражувањето на површината, манастирот бил мал, со мали конаци и со помала црква. Нему како метох му

17 Мирко Станковски, протоерej-ставрофор, *Вечни светилишта во Полог*, необјавена книга, стр. 128.

18 Ѓурѓица Лековска, *Црквата свети Атанасие во стар манастир над Лешок низ историјата и денес*, стр. 21 – во списание „Огледало“, број 2 – јули 2014, Тетово.

19 *Истото.*

20 *Исто*, стр. 123.

21 Записот на саркофагот гласи: *Аз еремонах Антонио придох в сие место и растежах и ракопах габрие и управних брегове и начех си храм зидати Свјатаго Атанасиа.*

22 Илија Н. Петрушевски и Бранислав Светозаревиќ, *Лешочкиот манастирски комплекс*, Тетово 2001, стр. 33.

23 Мирко Станковски, протоерej-ставрофор, *Вечни светилишта во Полог*, необјавена книга, стр. 124.

припаѓал и дворот околу црквата „Пресвета Богородица“, каде што се протега сегашниот манастир и тој двор отсекогаш се викал епископски двор.[24] Таа црква според историските извори е една од најстарите цркви во Полог. Се смета дека таа е изградена во византискиот период врз старо култно место од времето кога Лешок бил градска населба. Како што претходно спомнавме, најраниот запис за црквата „Пресвета Богородица“ датира од 1019 година и се наоѓа во хрисовулите на императорот Василиј II.[25] И оваа црква како и старата манастирска црква била уништена при вооружените напади на српскиот жупан Стефан Немања, а се претпоставува дека кон крајот на XII или почетокот на XIII век врз старите темели била возобновена. Други пак историчари и проучувачи на манастирската историја сметаат дека повторното обновување на овој храм се случило во првата половина на XIV век, поконкретно во 1326 година, и во согласност со податоците од повелбата на Стефан Дечански, првобитно била метох на Призренската епархија, односно на истоимениот манастир „Пресвета Богородица – Левишка“ во Призрен, за да подоцна оваа црква, која за духовните потреби на лешочани функционирала како парохиска црква – постане метох на Лешочкиот манастир при Полошката епархија.

Што се однесува до точната година на оформувањето на стариот манастир и возобновувањето на дотогаш разрушениот манастирски храм „Свети Атанасиј Велики“ од страна на епископот Јоаникиј, не можеме прецизно и со точност да ја дефинираме. Но од достапните податоци и мислења на скоро сите истражувачи, можеме да заклучиме дека стариот разрушен манастир бил повторно целосно возобновен некаде во периодот на првата половина на XIV век, а поточно некаде од 1320 до 1335 година.[26] Со сигурност, според повеќето истражувачи на ова прашање, возобновувањето и изградбата на стариот манастир не била пред 1282 година (кога српскиот крал Милутин (1282-1321) ги освоил северните македонски територии),[27] ниту по 1348 година (кога на ктиторот јеромонахот Антониј му бил доделен епископски чин). Исто така во однос на ова прашање во науката циркулира податок дека црквата била подигната во периодот помеѓу 1348 и 1355 година.[28] Но од ктиторскиот натпис пронајден на пронајдениот саркофаг: „Јас јеромонах Антоније придох в-сије место и растежах и раскопах габарије и уравних брегове и начех си храм зидати светаго Атанасија в-дни краља Милутина“[29], можеме слободно да заклучиме дека јеромонахот Антониј ја

24 Илија Н. Петрушевски и Бранислав Светозаревиќ, *Лешочкиот манастирски комплекс*, Тетово 2001, стр. 33.

25 Мирко Станковски, протоерej-ставрофор, *Вечни светилишта во Полог*, необјавена книга, стр. 128.

26 Види повеќе кај:
1)Радослав Грујић, *Полошко-тетовска епархија и манастир Лешак*, Гласник Скопског Научног Друштва XII, Скопље 1933, 33-65.
2)Константин Петров, *Декоративна пластика од XIV век Македонија*, Годишен зборник на Филозофскиот факултет – број: 15, Скопје 1963, стр. 240-259.
3)Петар Миљковиќ – Пепек, А. Николовски, *Состојбата и валоризацијата на црковните споменици на културата од XIV век до денес на територијата на Собранието на општината Тетово*, Културно наследство VI, Скопје 1975, стр. 89.

27 Поради честото менување на власништвото над територииите на Полог во текот на XIII век сметаме дека немало соодветни услови за повторна изградба на манастирот. Во тој период со Полог неизменично владееле византијци, епирци, бугари и срби.

28 Маја Ангеловска Панова, *Македонски цркви и манастири*, Скопје 2015, стр. 137.

29 Ѓурѓица Лековска, *Црквата свети Атанасие во стар манастир над Лешок низ историјата и денес*, стр. 22 – во списание „Огледало“, број 2 – јули 2014, Тетово.

започнал изградбата на манастирот во време на српскиот крал Милутин, кој владеел од 1282 до неговата смрт во 1321 година.

Во однос на хронологијата можеме да заклучиме дека развојот на Лешочкиот манастир како епископско седиште на епископот на Долен Полог, кој воедно бил и ктитор на манастирскиот храм како и градител на манастирските конаци, е длабоко поврзан со основањето на Долнополошката епархија, која пак била подрачна епископија при Призренската митрополија.[30] Фактот дека полошките територии во тој период јуриздикциски гравитирале кон Призренската епархија е потврден и преку претходно споменатата грамота (повелба) издадена во 1326 година[31] од српскиот крал Стефан Дечански, кој ја споменува црквата „Пресвета Богородица" од Лешок како метох на Призренската епархија,[32] која во текот на годините со самото воздигнување на Пеќката архиепископија на патријаршиски ранг, по се изгледа дека прераснала во митрополија. Формирањето на Долнополошката епархија е поврзано со црковниот собор во Скопје во 1346/47 година кога пеќкиот архиепископ Јоаникиј II бил прогласен за патријарх. Со тој чин потпомогнат од страна на Охридскиот архиепископ Николај и Трновскиот патријарх Симон, дотогашната Пеќка архиепископија била воздигната во ранг на Патријаршија,[33] а српскиот владетел Стефан Душан бил прогласен за цар.[34] Веќе во наредните години (1347/48) јеромонахот Антониј бил хиротонисан за епископ со титула Долнополошки. Седиштето на епископијата се наоѓало во Лешочкиот манастир.

Во времето на епископот Јоаникиј манастирот доживеал напредок на секое поле. Така, во тој период Лешочкиот манастир постанал важен духовен центар за тој регион. Трите пронајдени саркофази, осамениот гроб и двете гробници ни укажуваат дека во тоа време во Лешок егзистира еден богат активен монашки живот. Особено е интересно што само на неколку километри, иако веќе постоел богатиот манастир „Пресвета Богородица – Хтетовска", сепак епископот Јоаникиј се определил да живееe во Лешок како испосник.[35] Освен што манастирот преставувал монашки расадник, тој бил и просветителски центар и во него се смета дека се школувале голем број на свештеници.[36]

По паѓањето на македонските територии под Османлиска власт, како и во во текот на XV и XVI век, немаме доволно податоци за Лешочкиот манастир. Во однос на информациите за игумените од создавањето на манастирот во XIV век (1321/1331), па сè до 1818 немаме евиденција на манастирските игумени, поради што постои петвековен јаз на податоци од смртта на првиот познат игумен и ктитор на манастирот јеромонахот Антониј (како епископ Јоаникиј).[37] Во отсуство на соодветна документација, имаме све-

30 Радослав Грујић, *Скопска митрополија,* Скопље 1932, стр. 102.

31 Мирко Станковски, протоереј-ставрофор, *Вечни светилишта во Полог*, необјавена книга, стр. 128.

32 Радослав Грујић, *Полошко-тетовска епархија и манастир Лешак*, Гласник Скопског Научног Друштва XII, Скопље 1933, стр. 41.

33 *Нашето црковно минато* (Историски водич), Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи (КОВЗРГ), Скопје 2018, стр. 40.

34 Михаил Гогов, Митрополит Повардарски, *Нашето свето Православие*, Скопје 1990, стр. 19.

35 Мирко Станковски, протоереј-ставрофор, *Вечни светилишта во Полог*, необјавена книга, стр. 127.

36 Илија Н. Петрушевски и Бранислав Светозаревиќ, *Лешочкиот манастирски комплекс*, Тетово 2001, стр. 34.

37 *Лешочки манастир*, www.mk.wikipedia.org – пристапно на:

ХРАМ „СВЕТИ АТАНАСИЈ ВЕЛИКИ"
ВО ЛЕШОЧКИОТ МАНАСТИР

доштва дека манастирот без големи пречки опстојувал до средината или до самиот крај на XVII век.[38] Во годините пред 1600 година, непосредно пред подигнувањето на новиот манастир, престојот на монасите во манастирот постанал несигурен, поради бројните разбојнички банди кои правеле зулуми.[39]

ПОДИГНУВАЊЕТО НА НОВИОТ МАНАСТИР (XVII ВЕК)

Во текот на XVI и во почетокот на XVII век горниот и стар манастир, бидејќи се наоѓал на падината и бил оддалечен од селската населба, како што напоменав често бил мета на разни арамии и тој бил често напаѓан и ограбуван.[40] Поради тие причини, бидејќи постанал несигурен за животот на монасите, епископот/митрополитот Скопско-полошки Никанор[41] во тогашниот епископски двор (односно сегашниот манастирски двор), покрај црквата „Превета Богородица“ (која освен што била парохиска црква, таа преставуваала и метох на Лешочкиот манастир) во 1601 година изградил конаци, а на црквата и доградил припрата (нартекс). Над влезната врата бил зографисан неговиот портрет. По некои податоци црквата била возобновена во 1641 година, а била живописана[42] во 1646 година.[43]

Со изградбата на конаците во долниот нов манастир, монасите се населиле и ја продолжиле својата духовна мисија. Епископот Никанор, освен што ги изградил конаците тој и го заградил манастирскиот двор и му оставил четири врати.[44] За тие четири врати дознаваме и од Лешочкиот манастирски поменик,[45] каде сосема погрешен е податокот за подигањето на

https://mk.wikipedia.org/wiki/Лешочки_манастир (18. 07. 2019).

38 Илија Н. Петрушевски и Бранислав Светозаревиќ, *Лешочкиот манастирски комплекс*, Тетово 2001, стр. 34.

39 Златко Андонов, *Лешочкиот манастир во времето на игумен Хаџи Езекил*, Православен пат – списание на Скопската православна епархија, бр. 43, година XV, Скопје 2018 (84-86), стр. 85.

40 Илија Н. Петрушевски и Борис П. Моморовски – Лешанин, *Лешочкиот манастирски поменик*, Тетово 2010, стр. 13.

41 Скопско-полошкиот епископ Никанор бил родум од с. Лешок.

42 Во самата црква има големо богатство од фрески, мајсторски компонирани во просторот и не е оставен ниту еден дел од него да е празен. Насликани се многубројни ликови на светители, маченици и ангели. Црквата претставува мала но богата галерија на која човек може само да ѝ се восхитува, а е дело на мајсторската рака на зографите што ги нема во ниту една црква во Полог. Проучувајќи го живописот и сочуваните записи, историчарот на уметноста Велимир Цветановски открил дека тој е од два периода, од 17 и 19 век и се толку мајсторски искомпонирани што претставуваат една целина за посетителот. Живописот на олтарот и нартексот е од 19 век. Во олтарот тој е нанесен врз постари живописи, така што се гледаат три слоја. Живописот од 17 век е доста интересен, бидејќи во себе содржи елементи од класична византиска уметност од 14 век и белези на барокот.

43 *Црква „Успение на Пресвета Богородица“ – Лешок*, www.mk.wikipedia.org - пристапно на: https://mk.wikipedia.org/wiki/Црква_„Успение_на_Пресвета_Богородица“_-_Лешок(18. 07. 2019).

44 Главната – најголемата врата се задржала до денес. Втората влезна врата била на десната страна од влезот (низ кој денес се влегува во болницата) и била завртена кон југ. Потоа третата врата била каде што е изградена салата за гости, а четвртата пак била на местото, каде што е мостот на реката или северно од резерварот.

45 Манастирскиот поменик е од особена важност за историјата на Лешочкиот манастир. Вообичаената традиција во манастирите да се пишуваат споменици – ја запазиле и монасите во Лешок. Прв, кој започнал да го пишува поменикот бил игуменот Кирил Пејчиновиќ (1771-1845). Тој започнал со

новиот манастир даден од страна на јеромонахот Кирил Пејчиновиќ и неговиот современик јеромонахот Арсениј, кои го навеле за ктитор-градител на манастирот српскиот кнез Лазар.[46] Таа информација е погрешна, бидејќи новиот манастир го подигнал епископот Никанор, кој по своето упокоение бил погребан во црквата „Пресвета Богородица“.[47] Неговиот гроб се наоѓал во црквата сè до 1900 година кога бил остранет од манастирското братство.[48] Овој манастир, како и горниот, функционирал сè до 90-тите години на XVII век.

УРИВАЊЕТО НА ДВАТА МАНАСТИРИ (XVII–XVIII ВЕК)

Околу разурнувањето на горниот стар (пасивен) и долниот нов (активен) манастирски комплекс постојат повеќе тези. Првата теза е дека манастирите биле поплавени од поројните дождови во 1698 година, а втората дека биле уништени од страна на Османлите по повлекувањето на австриските војски на чело со австрискиот генерал Енеја Силвио Пиколомини (1640-1689). Точен податок за причината на уривањето сè уште немаме.

Од она што историјата ни сведочи, со сигурност се знае дека тешката економска положба на македонското население била причина тоа да се приклучи во борбата за слобода против османлиското ропство. Така, голем број христијанско население од Полог во 1689/90 година се приклучило и зело учество во борбите помеѓу Австро-унгарската империја и Османлиската држава. Во почетокот Османлиите биле протерани јужно од Скопје.[49] По смртта на генералот на австриските војски Пиколомини, Австријците се повлекле во 1690 година, а Османлиите осветнички се нафрлиле врз христијанското население и христијанските храмови. Тогаш, покрај повеќето храмови во Полошко, се смета дека биле разурнати и горниот стар манастир, како и новиот долен Лешочки манастир.[50] Оваа теза се смета за поточна, бидејќи со сите подоцнежни испитувања на земјиштето и теренот околу манастирот, се доаѓа до сознание дека тешко може да стане збор за голема поплава која ги однела двата манастира, освен манастирскиот храм „Пресвета Богородица“, кој не бил уништен и кој до денес е сочуван како значајно културно наследство. За поплавата, во еден запис кој датира не-

пишување по возобновувањето на манастирот, а неговата дејност ја продолжиле неговите наследници на игуменскиот стол. Во Лешочкиот манастирски поменик внесени се хронолошки повеќе историски настани поврзани со манастирот, соживотот во манастирот, односно на манастирското братство и верниците, како и белешки за ктиторите и помагачите на манастирот.

46 Илија Н. Петрушевски и Борис П. Момировски – Лешанин, *Лешочкиот манастирски поменик*, Тетово 2010, стр. 21.

47 Манастирската црква (храм) „Пресвета Богородица“ во с. Лешок – ставена е под заштита на културните споменици и природодни реткости на Македонија со решение бр. 211 од 10. 08. 1957 година (рег. број 146).

48 Илија Н. Петрушевски и Борис П. Моморовски – Лешанин, *Лешочкиот манастирски поменик*, Тетово 2010, стр. 13.

49 *Истото.*

50 Илија Н. Петрушевски и Борис П. Моморовски – Лешанин, *Лешочкиот манастирски поменик*, Тетово 2010, стр. 35.

каде од 1850 година пишува дечанскиот јеромонах Гедеон Јуришиќ,[51] а пак нашиот преродбеник и просветител Кирил Пејчиновиќ во податоците за манастирот кои ги бележел во Лешочкиот манастирски поменик, не спомнува ништо за начинот како пропаднал горниот манастир и конаците во долниот манастир, туку само споменува дека „манастирот разорен и запустен стоел 120 години“,[52] т.е. до неговото доаѓање во Лешок кога и го обновува. Според посочените години најверојатно манастирот бил уништен во 1698 година.

Разурнатите манастири пред укинувањето на Охридската Архиепископија, во 1733 година биле посетени од српскиот патријарх Арсениј IV и скопскиот митрополит Кирил.

Подоцна, Лешочкиот манастир бил обновен. Разурнатиот стар манастир останал во урнатини сè до 1927 година, а новиот манастир сè до 1817/18 година, кога со доаѓањето на јеромонахот Кирил Пејчиновиќ бил возобновен[53] и по цели 120 години повторно постанал духовен центар.[54]

ЗАКЛУЧОК

Лешок е стара православна населба, како во минатото, така и денес. Богатата историја на Лешочкиот манастирски комплекс, според најновите истражувања најрано се доловува уште од VI век. Во наредните векови во повеќе грамоти и христовули се спомнува манастирот, а веќе во XIV век, со повторното подигањето на стариот манастир врз урнатините, односно врз постарите темели од страна на јеромонахот Антониј, идниот Долно-полошки епископ Јоаникиј и со добивањето на статус на епископско седиште – станал центар на културниот и духовниот живот во Полог. Долги години манастирот активно се развивал, а во годините на XVII век од страна на Скопско-полошкиот епископ Никанор бил подигнат и новиот манастир во сегашниот манастирски двор. Во 1698 година, со разурнувањата од страна на Османлиите на двата манастири, згаснал и монашкиот живот. Лешочкиот манастир цели 120 години не функционирал и не бил возобновен сè до 1818 година, односно до доаѓањето на јеромонахот Кирил Пејчиновиќ во Лешок. Периодот од основањето па сè до 1818 година, особено е значен и тој оставил голем белег во понатамошниот развој на Лешочкиот манастир.

51 Ѓурѓица Лековска, *Црквата свети Атанасие во стар манастир над Лешок низ историјата и денес*, стр. 23 – во списание „Огледало“, број 2 – јули 2014, Тетово.

52 Илија Н. Петрушевски и Борис П. Моморовски – Лешанин, *Лешочкиот манастирски поменик*, Тетово 2010, стр. 65

53 За Лешочкиот манастир во времето на игуменот Кирил прочитај во претходното издание (двоброј 12/13 од месец Октомври, 2019 година) на списанието „Оледало“: Митрополит Тетовско-гостиварски г. Јосиф, „Игуменот Кирил Пејчиновиќ и Лешочкиот манастир (1818-1845)“, стр. 13-26.

54 *Лешочки манастир*, www.mk.wikipedia.org – пристапно на: https://mk.wikipedia.org/wiki/Лешочки_манастир (18. 07. 2019).

THE LESHOK MONASTERY BEFORE THE ARRIVAL OF HIEROMONK KIRIL PEJCHINOVIC

(FROM ITS FOUNDATION UNTIL 1818)

HIS EMINENCE DR. JOSEF,
METROPOLITAN OF TETOVO AND GOSTIVAR

ABSTRACT

This paper presents the early part of the tumultuous history of the Leshok Monastery Complex through the centuries, more precisely the period from the foundation of the monastery, until 1818, when after the arrival of hieromonk Kiril Pejchinovic at the monastery as abbot - it was restored, and thus, its history as well. The paper chronologically presents the history of the monastery, which was and is still the center of Christianity in Leshok and in the Polog region, where Christianity emerged in the early Christian period. Historical events are supported by numerous archaeological finds. Present remnants of the old monastery of St. Athanasius the Great, as well as the church of the Most Holy Theotokos in the new restored monastery are the starting and fundamental point of this paper when it comes to the Leshok Monastery Complex. This modest presentation tries to capture the uninterrupted existence of the monastery by showing the historical development through capturing the events related to the foundation, restoration, erection and demolition of temples and monastery lodgings until its restoration, like a phoenix that obtains new life by arising from the ashes in 1818 under the patronage of the abbot Cyril from the village of Tearce.

KEY WORDS:

Village of Leshok; Leshok Monastery Complex, Leshok Monastery; monastery temple “St. Athanasius”; monastery temple “The Most Holy Theotokos”, Bishop of Polog Joanikij, Bishop’s seat, Bishop of Skopje Nicanor, demolished, Ohrid Archbishopric (OA), revival, abbot, hieromonk Kiril Pejchinovic, village of Tearce, renewal, etc.

ИГУМЕНОТ ХАЦИ ЕЗЕКИЛ

ЛЕШОЧКИОТ МАНАСТИР ВО ВРЕМЕТО НА ИГУМЕН ХАЦИ ЕЗЕКИЛ

ЗЛАТКО АНДОНОВ

Македонија имала многу манастири, духовни светилишта, каде што живееле монаси во заедница со воспоставена хиерархија, служејќи Му на Бога. Нивниот живот бил посветен на достигнување христијанско совршенство преку постојана молитва. Ваквото монаштво е познато како општожително монаштво. Во Македонија, во одредени историски периоди, постоело еримитско монаштво или пустиножителство. Но, историски гледано, најзастапена форма е општожителното монаштво. Манастирите биле духовни центри, а покрај тоа, во нив се развила препишувачка и преведувачка книжевна дејност, а се создавала и автентична црковна архитектура и уметност. Во манастирите функционирале училишта кои биле единствени образовни институции во одреден историски период.

Значајно место во македонската историја има Лешочкиот манастир „Свети Атанасиј“. Според најновите археолошки истражувања се утврдило дека во VI век на овој локалитет имало христијански храм, што говори за многувековна христијанска традиција. Манастирот е изграден во XIV век, а доживеал повеќе воздигнувања и падови, градења и разурнувања од иноверната власт.

Со векови бил епископски центар и во него се школувале голем број на свештеници, а за населението од овој крај тој претставувал полошки Ерусалим. Манастирот опстојувал сè до крајот на XVIIвек, кога престојот на монасите станал несигурен. Поради бројните разбојнички банди кои правеле зулуми, тој бил напуштен. Така било сè до XIXвек, кога е обновен, а веќе во втората половина на истиот век го достигнува својот зенит во духовна и материјална смисла.

Неизбежно е да се спомене отец Кирил Пејчиновиќ кој во 1818 година доаѓа во Лешок. Откако добил согласност од Османлиската власт, го обновува разрушениот манастир и создава услови за монашки духовен живот во Полошкиот регион.

Неговото возобновување во првата половина на XIX век го прави тврдина - заштитник на незаштитениот и осиромашен православен народ. По смртта на отец Кирил во 1845 година, него го наследува игуменот Силвестер, со световно име Серафим, од соседното село Варвара. Тој бил игумен до 1865 година, кога го наследува игуменот Саво, со световно име Самоил. Бил игумен до 1878, кога нов игумен станува Езекил, со световно име Ецо. Уште од раното детство бил донесен во Лешочкиот манастир, а на 21-годишна возраст се замонашува и заминува во светогорскиот манастир Хиландар, каде го добива чинот јеромонах. Таму престојува три години, од 1854 до 1857 година, а потоа се враќа во Лешочкиот манастир. По дваесет години монашки живот станува игумен.[1] За него е запишано дека бил чесен и набожен човек, исполнет со аскетски и морални принципи, исполнет со човекољубие и богољубие, разумен и пожртвуван. Поради големата почит и авторитетот кои ги стекнал, народот го нарекувал Хаџи Езекил, но нема сигурни податоци дека бил на аџилак. Манастирот станува центар на општествениот живот и еден од позначајните центри на македонската преродба.

Во втората половина на XIXвек, кога црковно-училишните пропаганди земаат силен замав, само личност како отец Езекилможел да одговори во одбрана на етичката, културната и црковната посебност.[2] Како монах кој многу години поминал во манастир, имал чувство за монаштво и за духовна слобода. Но, исто така, знаел дека економската моќ ќе овозможи манастирот да има поголема независност во однос на црковно-училишните пропаганди, а од друга страна ќе може на населението да му помага во неговата егзистенција. За време на игуменувањето на отец Езекил, манастирот се стекнал со имот во: Лешочкото Поле, Тетово, Скопје и други места. Ова е најдобриот период од неговото постоење, а тоа го потврдуваат многубројните купопродажни договори.[3] Економската моќ на манастирот била особено значајна за населението од околните села. Многу често, во тешки времиња населението се потпирало на помошта од манастирот, кој за најразлични работи вработувал луѓе кои за тоа добивале некакви средства.

Откако отец Кирил го возобновил манастирот, почнал да создава економски основи за негово опстојување. Постоеле повеќе начини за стекнување имот, а најчесто тоа се практикувало преку подароци и завештанија од верници од Лешок и од околината. Со доаѓањето на отец Езекил, видлив е економскиот подем на манастирот. Во сопственост на манастирот имало голем број на ниви, овошни градини, лозја, ливади, во Тетово е купен ан, во Скопје две двокатни куќи и помошни згради, во село Лешок купен е чифлик со плевна, одаи, амбари, воденица и итн.

Карактеристично е за секој манастир да има конаци кругот на својот двор. Така и Лешочкиот манастир имал конаци. Тие се користеле за различни цели. Во нив секако се сместувале монасите и прислужниците, а за време на големите традиционални манастирски собири се сместувале и гости и минувачи.

Имало практика во манастирот да се згрижуваат со постојан престој изнемоштени, болни и хендикепирани лица за коинемало кој да се грижи, па се сместувале во манастирските конаци. Првиот конак го изградил отец Кирил Пејчиновиќ, вториот конак игуменот Силвестер, но денес единствено е сочуван конакот што го изградил отец Езекил, за кој се знае дека неговата градба е завршена во 1889 година. Конакот има приземје и два ката, а во него е сместен параклисот посветен на светите Кирил и Методиј и спомен собата на отец Кирил Пејчиновиќ. Успешното стопанисување со манастирот уште повеќе го зајакнал угледот на Лешочкиот манастир и на неговиот игумен Езекил.

Во овој историски период кој го опишуваме како век на преродба, односно национална, културна и црковна афирмација, отец Езекил е еден од подржувачите на црковното движење за словенска Црква, односно обнова на Охридската Архиепископија.

Игуменот Хаџи Езекил ќе биде жртва на интриги и заговор од луѓе кои тежнееле кон остварување на целите спротивни на интересите на православната Црква и на народот од Полошкиот регион. Убиен е на подмолен начин на 30 јуни 1898 година во близина на селото Варвара. Погребот на Хаџи Езекил се извршил идниот ден, а на него присуствувале голем број на луѓе од околните села и од Тетово. По две години е подигнат надгробен споменик на кој е испишана кратка биографија. Останало преданието до денес во Лешок да се раскажува: „Кога го заклале аџијата, од ведриот сончев летен и топол ден, дожд заврнало“.[4]

Личноста на Хаџи Езекил пробудила голем интерес и во расветлувањето на убиството. Интерес за оваа трагедија пројавиле рускиот публицист Петар Ритих и уредникот на рускиот весник „Ново Време“ – Сватковски, кои во 1901 година ја поминуваат целокупна етничка Македонија. Кога доаѓаат во Тетово и во Лешочкиот манастир, разговарале со повеќе луѓе во обид да дојдат до вистината за трагичното убиство на Хаџи Езекил.[5]

Еден од учесниците во заговорот е Столе Јовановски – Жилечки, кој ќе му каже измислена информација на игуменот дека аргатите се скарале во чифликот, по што игуменот Езекил тргнува кон одреденото место, каде што го чекаат тројца луѓе кои го убиваат. За Столе се знае дека се чувствувал виновен и јавно се покајал за стореното злосторство, а се казнил себеси со доживотно плаќање на гревовите со испосништво и скитање. Станал вистински покајник и маченик.

Личноста ја носи историјата внатре во самата себе. Христијанството по суштина е историско. Христијанската цел, во секој случај, ја надминува историјата, како што ја надминува и културата. Човекот е создаден да ја наследи вечноста. Игуменот Хаџи Езекил е личност која ќе остане во сеќавањето на православниот македонски народ.

1 И. Петрушевски, Б. Светозаревиќ „Лешочкиот манастирски комплекс“, Скопје, Полошко-кумановска епархија, 2001, 91.

2 Ц. Станоевски, „Како ја видоа Македонија“, Македонска книга, Скопје, 1978, 69-73.

3 „Управата на манастирот Св. Атанасие – Лешок 1887-1914“, Архив на Македонија, П. О. Тетово, Ф. 175, 1887/1888, 1890/1898, А. К.

4 И. Петрушевски, Б. Светозаревиќ „Лешочкиот манастирски комплекс“, Скопје, Полошко-кумановска епархија, 2001, 96.

5 Ц. Станоевски, „Како ја видоа Македонија“, Македонска книга, Скопје, 1978, 69-73.

КИРИЛ ПЕЈЧИНОВИК

ЛЕШОЧКИОТ МАНАСТИР КАКО ДУХОВЕН И СКРИПТОРСКИ ЦЕНТАР

ПРОФ. Д-Р ИЛИЈА ВЕЛЕВ

Уште со официјализирањето на христијанството како слободна по избор религија, цивилизација и култура во ранохристијанскиот и во средновековниот период, на просторот на Македонија се изградиле бројни цркви и манастири, што веќе 17 векови ја воспоставија и ја развиваат македонската духовна и културна традиција. Извесна вековна улога на овие процеси во Македонија одиграл и Полошкиот регион, каде што централно место ја има и афирмацијата на комплексот на Лешочкиот манастир како духовен и скрипторски центар.

Денешната местоположба на Лешочкиот манастир е во подножјето на Шар Планина, непосредно до селото Лешок - по кое и го има добиено именувањето. Духовната и културната традиција на овој простор од Македонија има мошне старо потекло со развоен континуитет на цивилизациските трансформации од античкиот, ранохристијанскиот, средновековниот, просветителскиот, преродбенскиот и сè до современиот период. Но богатата историја на самиот манастир е малку позната, поради мноштвото несреќни воено-политички или природно-непогодни ситуации што влијаеле во текот на неговото вековно опстојување – доживувајќи рушења, просторно преселување и повеќекратни обновувања. Следствено, неговата повеќеслојна традиција се задржала во колективната меморија на христијанските верници од овој крај и пошироко, издигнувајќи го неговиот култ до исклучително афирмиран и почитуван духовен и културен центар. Манастирскиот комплекс главно е основан врз духовната традиција на два постари изградени храмови посветени на „св. Атанасиј Александриски“ и на „св. Богородица“,

за подоцна да биде надополнет со поново изградените два храма: едниот повторно посветен на св. Атанасиј, а другиот на сесловенските просветители и христијански рамноапостоли св. Константин-Кирил и Методиј.

Духовните проникнувања на Лешочкиот манастир се сообразиле со изградбата на храмот „Св. Атанасиј Александриски“, за којшто не треба да се исклучи веројатноста дека бил подигнат врз урнатините на постаро култно место уште од ранохристијанскиот период. Ова првобитна постара црква сериозно настрадала при разурнувањето на средновековниот град Леш'к во 1189/'90 година, при воените освојувачки напади од страна на српскиот завојувач Стефан Немања на дел од територијата на Македонија. Веќе по српското освојување на просторот на Македонија од страна на кралот Милутин во почетокот на XIV век, црквата прераснала во манастирски комплекс. Овој српски завојувач ги поддржувал македонските храмови со цел да ја придобие лојалноста на македонската паства во новиот српски владетелски протекторат, зашто во средновековниот период црквата била главниот двигател во општеството. Тогаш се обновила старата црква и околу неа се изградиле манастирски конаци. Иницијатор и активен протагонист при обновата на храмот бил еромонахот Антониј, кој подоцна станал прв долнополошки епископ под името Јоаникиј и своето епископско седиште го назначил токму во Лешочкиот манастир. Самиот манастирски комплекс се наоѓал на околу 500 метри над сегашната локација, непосредно до селото Лешок.

Од крајот на XIV до крајот на XVII век, манастирот успевал духовно да ги преживува тешките ситуации што биле предизвикувани со турското владеење во Македонија. Сепак, степенот на издржливост станал неподнослив, па дури и животот на монасите станувал несигурен. Затоа се наметнала идејата манастирот да се пресели (односно, да се дислоцира) подолу кон селото Лешок, кај старата црква „Св. Богородица“. Притоа, уште во 1641 година скопскиот и полошки митрополит Никанор (инаку родум од селото Лешок) почнал да врши подготовки за организирање на нов манастирски комплекс, при што се обновила црквата и се проширила со доградба на пронаосот, а во дворот се изградиле нови конаци. Оттогаш, комплексот на Лешочкиот манастир се ширел во дворот на овој средновековен храм. Во 1646 година митрополитот Никанор овозможил да се живописа црквата со нов слој на фрескоживопис. Еден дел од монасите се преселиле во новоизградените конаци и го заживеале духовниот и културен живот во овој значаен центар. Но, веќе во 1698 година манастирот бил поплавен од големото невреме со поројни дождови, па поради немањето услови за духовен живот, тогаш заминале и последните најлојални духовници од манастирското братство.

Веројатно црквата „Св. Богородица“ постоела уште во времето кога почнала да функционира диецезата на Охридската Патријаршија/Архиепископија од периодот на цар Самуил (976-1014/'18), зашто архитектонски наликувала на постарите храмови од Преспа и од Охрид. Оваа црква ја споделила воената судбина како и стариот храм „Св. Атанасиј“, при што и таа пропаднала при уништувањето на селото Лешок, при вооружената провала на српскиот жупан Стефан Немања во Полог во 1189/'90 година. Кон крајот на XII или во почетокот на XIII век, врз нејзините темели се обновила денешната црква, со истата посвета на св. Богородица. Нејзината обнова се поврзува со завладејувањето на Македонија од страна на српскиот крал Милутин, кој согласно тогашните вообичаени односи меѓу црквата и мирските

владетели, ги потврдил имотите на овој храм за да продолжи да ја негува духовната и културна традиција. Како своевиден гест на отстапка и црковно-политички компромис, на зидот од црквата бил насликан портретот на српскиот завојувач, што се евидентира во првиот слој на фрескоживописот датиран од тогашниот период. При наредните српски завојувања во Македонија, во 1326 година кралот Стефан Дечански ја приложил Лешочката црква на истоимениот манастир „Св. Богородица Левишка“ во Призрен, со што таа била подредена под јурисдикцијата на Призренската епископија и била отцепена од диецезата на Охридската Архиепископија.

Тогаш црквата „Св. Богородица“ во Лешок имала статус на селски парохиски храм, а подоцна станала и метох на првобитниот Лешочки манастир „Св. Атанасиј“. Како што наведовме погоре, со тоа својство, во 40-тите години на XVII век, во нејзиниот двор се подигнал новиот комплекс на Лешочкиот манастир. Треба да се нагласи дека двата манастирски комплекси, постариот и новиот, опстоиле сè до 1710 година – кога по австро-турската војна и по повлекувањето на Пиколомини настапиле одмазнички наезди на Турците по Македонија. Тогаш биле разурнати и опожарени конаците во двата манастирски комплекси. Останала само неуништена црквата „Св. Богородица“, која сè до денес е во составот на веќе единствениот Лешочки манастирски комплекс. Лешочкиот манастир периодично останувал запустен во неколку наврати, сè до 1818 година. Тогаш во манастирот дошол еромонахот Кирил Пејчиновиќ и почнал со неговата обнова. Инаку, тој бил и родум од соседното село Теарце – но веќе имал завидно духовно искуство како поранешен хилендарски монах на Света Гора, како игумен на Марковиот манастир „Св. Димитриј“ кај Скопје и над сè, како истакнат преродбеник (автор на печатената книга *Огледало*, во Будим во 1816 година).

Обновата на манастирот од страна на Кирил Пејчиновиќ најилустративно е опишана во ракописниот *Поменик на Лешочкиош манасшир*, што сега се чува во Софиската народна библиотека под инвентарен број 460. За жал, првиот лист од Поменикот е скинат, каде што биле напишани значајни летописни белешки за манастирот. Кирил Пејчиновиќ го обновил духовниот комплекс и изградил нови конаци во централниот дел од манастирскиот двор. По неговата смрт за манастирот останал одговорен еромонахот Силвестер (1845-1860), кој бил роден во соседното село Варвара. Во периодот меѓу 1850 и 1856 година тој изградил уште две други згради, со трпезарии и соби за престој на поклониците. Тие згради биле урнати во 1939 и во 1957 година како дотраени. По игуменот Силвестер со манастирот духовно раководел игуменот Самуил (1860-1878), кој бил роден во селото Лешок. Тој ја обновил црквата „Св. Богородица“, а го изградил и училиштето во манастирскиот двор. Таму се изведувало настава сè до 1930 година, кога училиштето било разурнато. Наредни игумени на Лешочкиот манастир биле Езекил (1878-1898), Еротеј (1898-1912) и др.

Во денешниот манастирски комплекс се наоѓаат три цркви: старата „Св. Богородица“ и поновите изградени храмови „Св. Кирил и Методиј“ и „Св. Атанасиј“. Црквата посветена на словенските првоучители светите Константин-Кирил и Методиј претставува капела и се наоѓа во Сарајот. Таа е изградена во 1896 година по иницијатива на игуменот Езекил, како одраз на периодот од Преродбата кога претходно, со подршка на Руската црква веќе се воспоставил споменот и славата за св. Кирил и Методиј да се праз-

нуваат на 11/24 мај - како ден на словенската писменост и просвета кај сите словенски народи. Црквата се обновила и во 1955 година. Веројатно побудени од култот за старата манастирска црква „Св. Атанасиј“, што се наоѓала на 500 метри над сегашниот манастирски комплекс, братството иницирало да се изгради нова црква што ќе му ја посветат на истиот светител. Новата црква почнал да ја гради игуменот Серафим во 1924 година, а градбата ја довршил игуменот Ташко во 1934 година.

Локалните народни легенди раскажуваат дека во и околу селото Лешок имало 77 стари христијански храмови, од кои во наше време се видливи остатоците од околу 10-тина од нив. Така, на брдото кон Брезно се урнатините на стариот манастир „Св. Атанасиј“, за кој легендарно се смета дека потекнува од времето на светите Климент и Наум Охридски. Потоа, на источната страна од селото се урнатините на мошне старата црква „Св. Никола“, а на други околни места се урнатините од стари храмови посветени на св. Илија, св. Врачи, св. Петка, и др.

Духовната и книжевната традиција на Лешочкиот манастир има длабоки корени, што продираат низ различните цивилизациски слоеви сè до древниот период. Тоа е насока за да се согледа дека овој македонски духовен и скрипторски центар проникнал од многувековен култен и културен извор, врз којшто се наталожиле цивилизациски супстрати на повеќе епохи. Во науката не е спорно дека средновековниот Лешочки духовен и скрипторски центар бил мошне развиен и од него произлегле истакнати духовници и книжевни писци, кои ги негувале со векови главните развојни фази од словенското богослужење, писменост и книжнина. Но, поради повеќекратните разурнувања и опустошувања на постарите и на подоцнежните манастирски храмови, следствено и верската, научната или културната љубопитност не е задоволена само со откривањето на некој сочуван книжевен и писмен споменик од Лешочкиот книжевен центар. Самата тешка историска судбина на манастирот придонела монасите да го напуштаат при неколкуте разурнувања, при што ракописните книги пишувани во неговиот скрипториум се уништувале или се разнесувале од богатата манастирска библиотека. Во обновените манастирски храмови скоро и да не се сочувал позначаен ракопис што бил пишуван во средновековниот Лешочки скрипториум, туку подоцна во манастирската библиотека се носеле стари ракописни книги од други цркви и манастири во Македонија.

Споменот за богатата манастирска библиотека со ракописен книжен фонд, на извесен начин се обновил со доаѓањето на Кирил Пејчиновиќ во Лешочкиот манастир во 1817 година, а се збогатувала со ракописни и со старопечатени книги сè до неговата смрт во 1845 година. Не само што тој го обновил манастирскиот комплекс, туку како веќе докажан собирач на македонското ракописно книжевно наследство, со себе донел богат фонд од стари ракописни книги и оформил богата манастирска библиотека.

Најстар сочуван ракопис поврзан со Лешочкиот манастир е Посен триод (пергамент 151 лист) датиран од крајот на XIII и почетокот на XIV век, што претставува конволут (взаемна подврзија) со друг ракописен Цветен триод (хартија 71 лист) од крајот на XIV или почетокот на XV век. Во истата подврзија биле вметнати уште 2 други хартиени листови од Посен триод датирани од XV век, како и 4 пергаментни листови со фрагмент на месецослов од Евангелие (веројатно од XIII век). При повторното подврзување

првите два ракописи се нашле во еден заеднички конволут што се чува во Загреб (ХАЗУ, IVd 4), а двата фрагменти се одвоиле како посебни и се завеле во истата збирка на чување под сигнатурите Ćir. Fragm. 8 и 5. На л. 2а од Посниот триод постои запис од 24 февруари 1454 година за купопродажба на лозје, каде што се споменуваат тетовските села Лешница, Лешок и Требош. Самиот ракопис потекнува од Слепченскиот манастир „Св. Јован Крстител“ кај Демир Хисар, а кон средината на XIX век од таму го зел Стефан Верковиќ и подоцна се нашол во збирката на Хрватската академија на науките и уметностите.

Од Лешочкиот манастир потекнува ракописно Четвороевангелие со месецослов на 285 пергаментни листови, кое било пишувано во 1342 година од книжевникот Алекса Граматик. Не е познато дали било пишувано во Лешочкиот скрипториум, но кон крајот на XIX или во почетокот на XX век, бугарскиот трговски агент во Солун Атанас Шопов го пронашол ракописот во селото Лешок и го однел во Бугарија – каде што и денес се чува во Софиската народна библиотека (инв. бр. 455, Цонев II 470).

Интересна била миграцијата на ракописниот Цветен триод пишуван на 104 хартиени листови, кој на 20 мај 1514 година бил допишан и подврзан од книжевникот Нифон. По маргините на ракописот Кирил Пејчинпвиќ оставил записи, според кои се гледа дека во почетокот на XIX век триодот бил во Марковиот манастир кај Скопје – а по неговото доаѓање во Лешочкиот манастир, со себе го донел да ја збогати манастирската библиотека. Подоцна овој ракопис бил земен од Лешок и е однесен во Музејот на Српската православна црква во Белград (каде што и денес се чува под инв. бр. 133).

Во библиотеката на Лешочкиот манастир се чувала и ракописната *Диоптра* на Филип Монотроп, пишувана од Матеј Слепченски во 1563 година во Слепченскиот манастир „Св. Јован Крстител“ кај Демир Хисар. Од Лешок ракописот го зел рускиот славист Александар Гиљфердинг при посетата на манастирот во 1868 година и го однел во Русија, каде што и сега се чува во Москва (Државен историски музеј, Хлудов бр. 66).

Со потекло од Лешочкиот манастир е и Псалтирот (со Давидови псалми), пишуван на I + 263 хартиени листови во XVI век. Неговото лешочко потекло е наведено во белешките на Инвентарната книга на Патријаршиската библиотека во Белград, каде што и сега се чува под инв. бр. 243.

Со манастирската библиотека во Лешок се поврзува и т.н. Кучевишки служебен минеј за месец септември, кој бил пишуван на 197 хартиени листови во 1622 година во манастирот „Св. Архангели Михаил и Гаврил“ кај село Кучевиште, на Скопска Црна Гора. Денес се чува во Музејот на Српската православна црква во Белград, под инв. бр. 53. По заповед на скопскиот митрополит Симеон, пишувањето на ракописот се довршило на 10 ноември 1622 година, кога го откупил Аврам Кутревчевик и го приложил на Кучевишкиот манастир. Покрај постарите записи биле запишани и понови белешки од Арсениј Теаречки, кој бил ученик и соработник на Кирил Пејчиновиќ. На внатрешната страна од првата корица Арсениј го нацртал едниствениот сочуван портрет на Кирил Пејчиновиќ, над кого запишал: „Кѵрилъ ѿ Теарце Аризановъ мꙋчителъ.“ Од неговата десна страна - малку подолу, се нацртал и самиот со натписот: „ѡвꙗ е Арсениа будалината Теаречка.“ Веројатно Арсениј го донел ракописот во Лешочкиот манастир. Подоцна на л. 81а-83а од минејот е оставена летописната белешка напишана на македонски народен говор

од тетовско дека на 15 август 1905 година Арнаутите го држеле пет денови опседнат Лешочкиот манастир, мислејќи дека таму се крие чета на комити. Овој настан е опеан и во народната песна „Сардисале Лешочкиот манастир“:

„1905 лето августъ 15-ти. Турци Арнаути опколия манастира да плѣна и да ги изгора со свемъ народа. Тогава беше соборъ манастирски. Наротъ имаше до 3000. хилади човечки души: отъ Тетово, отъ Гостива(р)ско, найвише блъгари и сърби *(Македонци, привързаници на буѣгарската еѣзархија или на срѣпската црква,* з.н.*)*. Отъ Скопѣ имаше и отъ Тетовска каза – отъ селата. Стоеха затворени 5 дена на моасере. Храната свичка отъ манастира се даваше. Жито се похарчи, 82 товари, вино – 8000. хиладе оки, ракиа – 3500. хиладе и петстетине оки. И 14 волови, 2 биволи, 48-мъ овци и кози, масло марсно – 60 оки, сирене – 150 оки, ориисъ 100 оки, зарзаватъ бовчалокъ купенъ – 6 товари, а манастирски бавчалокъ башка. Благодарение на Негов. Императорство Величество нашия татко Султанъ Абдулъ Хамитъ и неговите чиновници освободиа манастира и народа ѳа не стана никаква жертва. Народа го пуснаха мирно и тихо. Воина пристигна 300 конаци, до 2000. хилади пешаци. Арнахути имаше 7000. хиладе душу около манастира. А воината влезе натре, во манастиръ. Со воината беше Галибекъ Алаи комендаръ. Богъ да поживи такиви чиновници. Съ името царско свичко помири во манастира и со Арнаутите. Арнахуѳите си отидоха засрамети“.[1*]

1 [*]Летописниот запис е објавен од Ѓорги Поп-Атанасов (сп. *Историја*, бр. 2, Скопје 1978, стр. 141-142), а оригиналниот напишан текст го проследивме и ние при нашите истражувања во Музејот на Српската православна црква во Белград.

Ако во 1905 година Лешочкиот манастир бил спасен од арнаутските банди, за жал во 2001 година неговиот храм беше срушен од терористичкото дивеење на албански банди пред очите на целокупната светска јавност. Како своевидна утеха беше дониранатa материјална помош од Агенцијата за обнова и реконструкција на Европската унија, која заедно со Македонската православна црква изврши свечено примопредавање на целосно обновениот храм со автентичната архитектонска форма на градба, а во наредната 2006 година се изврши и живописувањето.

Лешочкиот манастир го посетил и софискиот универзитетски професор Јордан Иванов, кога бил секретар на Бугарската трговска агенција во Солун меѓу 1906 и 1908 година. Веројатно и тој од манастирската библиотека ја збогатил својата ракописна збирка, што со себе ја однел од Македонија во Бугарија, кои по професорското пензионирање ги предал на чување сите македонски ракописи во Бугарската академија на науките. Во неговите објавени белешки во книгата *Бълѓарски сѣарини изъ Македония* (София 1931, стр. 92-102) најпрво таму тој евидентира ракописен Толковен псалтир пишуван пред почетокот на XVII век, а веќе во 1620 година бил продаден од кратовскиот и штипски епископ Макарие на извесен кир Георгиј, поради долг за купеното древенско лозје. Во ракописот има и други подоцнежни записи од 1737 и 1788 година. Денес овој ракопис не е евидентиран кога бил однесен од Лешочкиот манастир и каде, но постои веројатност дека го зел Јордан Иванов и го однел во Софија (со можност дека е во трезорот на БАН, доколку не исчезнал). Тогаш Иванов го видел во манастирската библиотека и погоре споменатиот Кучевишки минеј, со нацртаните портрети на Кирил Пејчиновиќ и на Арсениј Теаречки. Меѓу тамошните ракописи го евидентирал и Минејот за месец февруари од првата половина на XVI век, што бил пишуван во Волковскиот манастир „Св. Ѓорѓи“ во гостиварско при игуменот Варлаам (†1550). За миграцијата на ракописот оставил запис Арсениј Теаречки од внатрешната страница на предната корица, каде што наведува дека откако запустел Волковскиот манастир, ракописот бил пренесен во Шиевскиот манастир „Св. Никола“ кај Скопје, а во 1825 година Кирил Пејчиновиќ го донел во Лешочкиот манастир.

Во 1927 година Лешочкиот манастир го посетил и Радослав М. Грујиќ, при што евидентирал и неколку старопечатени книги во неговата библиотека: Посен триод, печатен во Скадар во 1563 година; Октоих, печатен во манастирот Грачаница во 1593 година; како и Зборник на Божидар Вуковиќ, печатен во Венеција во 1537/’38 година.

Во XIX век веројатно во Лешочкиот манастир бил напишан Зборник со молитвословија и изборни евангелски читања, што се чува во Патријаршиската библиотека во Белград, под инв. бр. 245. Неговото евентуално пишување во Лешочкиот манастир се поврзува според записот на л. 95б: „Сие книгїче Самоїлw w̄ манастїръ с̄ти Атанасиѧ“. Ракописот е пишуван на македонски народен говор, со одраз на карактеристични правописни и фонетски црти – но и со акцентирање на текстовите.

Уште во детството младиот теарчанец Кирил Пејчиновиќ ги стекнал своите почетни образовни упатства токму во Лешок, за подоцна духовно и книжевно да почне да се надградува во манастирот „св. Богородица Пречиста“ кај уште еден македонски предвесник на преродбенските појави Јоаким Крчовски. Но својата духовна и книжевна зрелост ја достигнал меѓу братството на светогорскиот Хилендарски манастир, при што се вратил во Марковиот манастир „св. Димитриј“ кај Скопје - каде што престојувал две децении како игумен и веќе како истакнат македонски преродбенски деец. Од самото пристигнување во Лешок и по обновата на манастирскиот храм во 1817 година, па сè до смртта во 1845 година, Кирил Пејчиновиќ ја продолжил својата книжевна и народна преродбенска дејност. По примерот со формирањето на богатата библиотека во Марковиот манастир, тој се зафатил со истите активности и во Лешочкиот манастир, поведувајќи грижа

за македонското ракописно наследство. Во двата случаи тоа го потврдил со оставањето своерачни записи по бројни ракописни книги. Со израз на силен просветителски набој го изразувал своето родољубие, враќајќи се во родниот крај како веќе искусен духовник, кој ја заорал браздата на македонското народно будење. Во Лешочкиот манастир во 1831 година Пејчиновиќ го составил зборникот *Оутешение грешним*, како своевидно продолжение на претходната негова книга *Огледало* приредена во Марковиот манастир и отпечатена во Будим во 1816 година. Но токму поради македонските преродбенски идеи, манифестирани со пишувањето на народен тетовски говор и со застапените проповеди за народното будење, неговата книга *Оутешение на грешните* не била удоволена од српската црковна цензура да се отпечати во Белград. Тоа станало повод подоцна Пејчиновиќ да се поврзе со уште еден македонски предвесник на народното будење и на Преродбата - архимандритот Теодосиј Синаитски, во чијашто печатница во Солун во 1840 година конечно ја отпечатил книгата *Оутешение на грешните*. Од посебно значење е да се истакне инспирацијата на печатарот од оваа книга, за која и самиот напишал Предисловие, кое треба да се толкува како своевиден манифест за примената на македонскиот народен јазик во богослужбата, проповедта, писмеността, школството и во книжевноста. Нагласеново го поткрепуваме со самата содржина на Послесловието:

„Еве кључ что отворует сердцето ваше; не кључ от злато, али от сребро, но кључ от железо и чилик что да не се вие. Кога да ест отворот, сиреч, откључот от злато, или от сребро, та да не може ковчегот, сиреч, сердцето мое да отвори, что ми ест таков отвор (кључ)? Нека ест от чилик и железо, та да отвори ковчегот, та да не ест от сребро и злато и да не може да отвори сердцето на простиот человек“.
„И кога ќе читате во таја книжица, да хвалите и да благодарите Бога, оти е дал таков учител за време наше“.

Кирил Пејчиновиќ го препишал *Житие за кнез Лазар* заедно со *Правилото* на истиот кнез од постар српски зборник, погрешно верувајќи дека овој српски владетел го обновил Лешочкиот манастир. Во 1835 година, значи десет години пред својата смрт, на камена плоча Пејчиновиќ си напишал епиграфски *Епитаф* во стихови – што наликува на житиен и на поетски опишан духовен автопортрет:

СТИХОВЫ НА ГЛАСЪ ТРАПЕЗЕЧКИ

Теарце мѫ негово рожденіе
Пречиста и Хиландаръ постриженіе
Лешок мѫ е негѡ воспитаніе
Подъ плочава негѡ почиваніе
Ѡ негово свое ѿшествіе
До Хр^{с}тово второ пришествіе
Молитъ васъ браћа негои любимі^{ѫ}
Хотѧщі^{ѫ} прочитати сі^{ѧ}
Да речете Бгъ да би го простилъ
Зере оу гробъ црьвите гостилъ

†

Овде лежи / Кирілово / тело
Оу манастир и оу / Лешокъ село
Да Бъ за доброе дѣло

По смртта на Кирил Пејчиновиќ тој бил погребан на 12 март (или на 12 мај, з.н.) во 1845 година, а го погребал поп Христо од Скопје, којшто допишал и натпис под *Епитафот:*

„Зде почиваетъ рабъ божи Кирілла ієромонахъ
ігѫменъ во монастір сѣго Аѳанасі^{ѧ} во село Лешекъ
преставї с^{ѧ} во лето 1845 марта (маі-а?) [2*]: 12
пріложи его попъ Хрїсто ѿ Скопѣ“.

Во периодот додека Кирил Пејчиновиќ престојувал во Лешочкиот манастир тој привлекол и монашко братство. Меѓу останатите, во 1836 година таму дошол како монах и Арсениј Теаречки, кој станал негов ученик и преродбенски следбеник. Во манастирот останал сè до својата смрт († по 1850), со исклучок на периодот меѓу 1842 и 1844 година кога престојувал во Кучевишкиот манастир „Св. Архангели Михаил и Гаврил“ на Скопска Црна Гора. Неговото враќање во Лешочкиот манастир во 1844 година било поврзано со изнемоштеноста на игуменот Кирил Пејчиновиќ и со неговото набргу

2 *Наведениот месец за погребот на Кирил Пејчинович под текстот на Епитафот недоволно е читлив, при што би можело да било напишано и како: „преставї с^{ѧ} во лето 1845 маі-а: 12“. Тоа би значело дека неговото погребение би можело да се случило и на 12 мај.

упокојување. Арсениј веќе бил доследен продолжувач на делото на својот духовен учител, при што собирал стари ракописни книги, во нив запишувал своерачни записи со важни современи податоци за тој период, се занимавал со препишувачка и со книжевна дејност пополнувајќи го манастирскиот библиотечен фонд. Уште во 1841 година Кирил Пејчиновиќ му препорачал нему да ги препише *Житието и службата за кнез Лазар* заедно со Правилото на овој српски владетел, којшто претходно самиот го препишал од друг српски зборник. На л. 2а самиот Арсениј оставил запис за неговата препишувачка обврска, а на л. 2б направил обид да направи нацрт на портретот на кнезот Лазар. Веќе од л. 3а натаму следел преписот на подолгата летописна белешка за обновата на Лешочкиот манастир во 1817/’18 година, што ја пишувал Кирил Печиновиќ. На л. 57б е содржинскиот дел на ракописот, каде што погрешно се наведува дека кнезот Лазар бил основач на Лешочкиот манастир. Всушност, ваквиот преизмислен податок Кирил Пејчиновиќ го имал слушнато од братството на Хилендарскиот манастир, а поради забуната дека тоа раскажување се однесувало на косовското село Лешак. Треба да се спомне дека во 1843 година, додека престојувал во Кучевишкиот манастир, Арсениј допишал и два откинати и изгубени листови од *Житието за св. Григориј Омиритски*, препишано на л. 1а-143а во Зборник од 1581 година што сега се чува во Москва (Државен историски музеј, Хлудова збирка, бр. 238). За тоа оставил два записи на л. 1б дополнети со летописни содржини, како и трет запис на л. 3б дека од таму почнува стариот препис на Житието. При крајот од својот престој во Кучевишкиот манастир во 1844 година, по барање на Милослав од Лешочкиот манастир, таму тој го препишал и *Седмогрешникот*. Станува збор за единствен сочуван македонски препис на овој состав за 7-те смртни гревови, што се поместил меѓу л. 14 и л. 28 во еден Зборник, заедно со преписот на *Различни поучителни наставленија* од 1852 година, опширен апокриф за страшниот суд и други молитви и записи.

Пишувањето на *Поменикот на Лешочкиот манастир* го почнал еромонахот Кирил Пејчиновиќ по неговата обнова во 1817/’18 година, а се надополнувал сè до 1890 година од идните игумени на манастирското братство. Во последната наведена 1890 година манастирот го посетил А. Шопов од Бугарија, при што го однел Поменикот во Софија и на 16. 12. 1922 година го продал на Народната библиотека за 600 левови - каде што се завел под инв. бр. 460 (Цонев II 821). Во самата купо-продажна понуда на Шопов до Софиската народна библиотека е наведено дека манастирскиот Помeник содржи многубројни „македонски имиња“ и важни летописни белешки за Лешочкиот манастир. Всушност, на 41 лист се содржани летописни белешки за историјата на манастирот, имиња на дарители од разни краишта на Македонија, како и поучителни состави како да се однесуваат свештениците и монаштвото во црквата при богослужбите.

За жал, по смртта на Кирил Пејчиновиќ и на Арсениј Теаречки, веќе од втората половина на XIX век манастирското братство не продолжило со активна грижа за да се сочува богатата библиотека со ракописни книги. Во подоцнежниот период од Преродбата станал мошне актуелен интересот кон старите ракописни писмени и книжевни споменици. Сè до првите децении на XX век, ракописното наследство што се чувало во Лешочкиот манастир било изложено на разнесување, доброволни подарувања или на купопродажба на бројните собирачи и колекционери од Македонија, но и од

другите земји сè до Русија. Така разнесувани по балканските земји и во Русија, ракописните книги од Лешок ја губеле својата провениенција, па само еден помал број од нив се идентификувани во науката дека се сочувани по ракописните збирки на познати црковни и културни институции надвор од Македонија (во Белград, Софија, Москва, и др.).

Литература
(Селективен преглед)

Л. Серафимовъ, *Кирилъ йеромонахъ Пейчиновичъ и манастира му Св. Атанасий*, Пловдивъ 1900.

Стојан Новаковић, *Законски споменици српских држава средњег века*, Београд 1912, стр. 640, бр. XI.

Боню Цоневъ, *Описъ на слвянскитѣ ръкописи въ Софийската народна библиотека*, том II, София 1923, стр. 15, оп. бр. 470 и стр. 506-511, оп. бр. 821.

Афанасий М. Селищев, Кирилл Пейчинович, *Сборник в чест на В.Н.Златарски по случай на 30-годишната му научна и професорска дейност*, София 1925, стр. 389-405.

Йорданъ Ивановъ, *Български старини изъ Македония*, София 1931, стр. 92-102.

Рад. Грујић, Полошко-тетовска епархија и манастир Лешак, *Гласник Скопског научног друштва*, XII, 6, 1933, стр. 33-77.

Георги Трайчевъ, *Манастиритѣ въ Македония*, София 1933, стр. 69-75.

Владимир Р. Петковић, *Преглед црквених споменика кроз повесницу српског народа*, Београд 1950, стр. 173-174.

Vladimir Mošin, *Ćirilski rukopisi Jugoslovenske akademije*. I dio. Opis rukopisa, Zagreb 1955.

Кирил Пејчинович и неговото време. Зборник, Тетово 1973.

Ѓорги Поп-Атанасов, Словенски ракописи од Македонија во Музејот на Српската православна црква и во Српската патријаршиска библиотека, *Историја*, год. XIV, бр. 2, Скопје 1978, стр. 139-164.

Михајло Георгиевски, *Македонското книжевно наследство од XI до XVIII век*, Скопје 1979.

Оливера Јашар-Настева, Прилог кон проучувањето животот и дејноста на јеромонах Арсенија од Теарце, *Прилози МАНУ*. Одделение за лингвистика и литературна наука, IV, 1, Скопје 1979, стр. 13-32.

Петар Миљковиќ -Пепек, Преглед на црковните споменици во тетовската област од XI до XIX век, *Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија*, том III, Скопје 1980, стр. 464 и 473-475.

Петар Миљковиќ-Пепек, Црква Св. Атанасиј Александриски крај манастирот Лешок, *Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија*, том III, Скопје 1980, стр.479-502.

Илија Петрушевски, *Лешек*, Скопје 1980.

Коста балабанов, Антоние Николовски и Димитар Ќорнаков, *Споменици на културата на Македонија*, Скопје 1980, стр. 207-208.

Љуб. Стојановић, *Стари српски записи и натписи*, књ.1, фот. изд., Београд 1982, бр.1351; књ. 4, фот. изд., Београд 1986, бр.6594, 6638; књ.5, фот. изд., Београд 1987, бр.7738, 7739, 8697, 9241, 9242 и 9266; књ.6, Фот. изд., Београд 1988, бр.10263 и 10467.

Ѓорги Поп-Атанасов, *Речник на старата македонска литература*, Скопје 1989, стр.166-167.

Димитар Ќорнаков, *Македонски манастири*, Скопје 1995, стр.91-100.

Илија Велев, *Преглед на средновековни цркви и манастири во Македонија*, Скопје 1990, стр. 113. бр. 542.

Ѓорги Поп-Атанасов, Илија Велев и Маја Јакимовска-Тошиќ, *Скрипторски центри во средновековна Македонија*, Скопје 1997, стр.171-178.

Светлина Николова, Мария Йовчева, Таня Попова и Лора Тасева, *Българското средновековно културно наследство в сбирката на Алексей Хлудов в Държавния исторически музей в Москва*. Каталог, София 1999.

Илија Петрушевски и Бранислав Светозаревиќ, *Лешочкиот манастирски комплекс. Црквите „Св. Богородица“, „Св. Атанасиј“ и „Св. Кирил и Методиј“*, Скопје 2001.

Илија Петрушевски-Ќапунка, *Селото Лешок - Тетовско (1019-2003)*, Скопје 2004.

Димитар Ќорнаков, *Македонски манастири*, Скопје 2005, стр. 61-65.

Македонско културно наследство. Христијански споменици, Скопје 2008, стр.230-233.

Илија Велев, Исконі бѣ Слово. Во почетокот беше Словото, Скопје 2009, стр. 212-215.

Илија Н. Петрушевски и Борис П. Момироски Лешанин, *Лешочкиот манастирски споменик*, Тетово 2010.

Ѓорги Поп-Атанасов, *Словенски ракописи од Македонија во странски ракописни збирки X-XIX век*. Книга прва. Археографски опис, Скопје 2017.



ХРАМОТ „СВЕТА ВМЧ-КА ЕКАТЕРИНА" ВО С. СТЕНЧЕ

ХРИСТИЈАНСКОТО НАСЕЛЕНИЕ ВО ПОЛОГ ВО ТРИЕСЕТИТЕ ГОДИНИ НА XIX ВЕК
(ДЕМОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ)

ПРОФ. Д-Р БОРЧЕ ИЛИЕВСКИ

АПСТРАКТ

Во текстот врз основа на објавен изворен материјал се анализира бројноста, структурата и територијалната распространетост на христијанското население во Полог во триесетите години на XIX век. Со цел да се утврди динамиката на промените кај населението се дава споредбен приказ на бројот на жителите во повеќе полошки села. Покрај демографскиот и статистичкиот приказ, во текстот се анализираат и антропогеографските истражувања, кои денес претставуваат значаен историски извор, пред сè истражувањата на антропогеографот Јован Трифуноски.

КЛУЧНИ ЗБОРОВИ:

Полог, Тетовска каза, османски пописи, историска демографија

На почетокот на триестите години на XIX век, Полошката котлина е дел од Тетовската каза. Казата освен во Полошката котлина се простирала и во дванаесет села во Скопски Дервен, како и во осум села од Качаничката клисура. Тетовската каза на почетокот на триестите години на XIX век опфаќала вкупно 161 село.

Основен извор на бројноста и структурата на населенето на Полог во споменатиот период е османскиот попис спроведен во 1831 година и регистрите на населението кои биле водени од страна на османските власти. Мо-

дерната османска пописна статистика започнува со пописот од 1831 година, кога бил спроведен првиот општ попис на машкото население во државата.[1]

Врз основа на пописот биле изработувани регистри на населението, каде се евидентирале промените во селата и градовите, бројот на иселените, доселените, новородените и умрените. На пример, во пописниот регистер за исламското население во Тетовската каза завршен на 6 јануари 1833 година, евидентирани се посочените промени за периодот 1833 - 1836 година.[2] Во пописните евиденции впишано е машкото муслиманско население (без навороденчињата под една година), како и машкото христијанско население поделено во три економски категории, во зависност од висината на данокот кој го плаќале. Во посебна категорија се евидентирани и христијанските машки деца (Sibyan).[3] Покрај муслиманското и христијанското население, евидентиран е бројот и на Ромите (муслимани и христијани). Ваквата пописна евиденција за Тетовската каза претставува основен извор за проучување на демографските карактеристики на Полог од почетокот на триесетите години на XIX век.

Во 1831 година во Тетовската каза биле евидентирани 20 281 машки жители, приближно 40 562 жители. Според вероисповедта имало 11 766 машки жители муслимани, 8 043 Раја (христијани) и 472 Роми.[4] Според посочените податоци во казата (заедно со женското население) приближно имало 23 532 муслимани, 16 086 христијани и 944 Роми. Според пописниот регистер завршен на 6 јануари 1833 година, во Тетовската каза имало 11 972 машки жители муслимани, 7 879 (Раја) христијани, 163 Роми христијани и 330 Роми муслимани.[5] Според овие податоци во казата во 1832/33 година живееле приближно 23 944 муслимани, 15 758 христијани, 326 Роми христијани и 660 Роми муслимани, односно христијанското население претставувало околу 39% од вкупниот број на жители во Тетовската каза.

На почетокот на триестите години на XIX век, односно во време на спроведување на османскиот попис, фактичката власт во Полог била во рацето на Тетовскиот Абдурахман – паша, од семејството на наследните тетовски паши. Неговите претци биле по потекло од Љума, Мат или Скадарската област и завладеале со Полог во првата половина на XVIII век. Таткото на Абдурахман – паша, Реџеп – Паша (владеел со пашалакот од околу 1770 до 1822 година). Тој најпрвин ја зацврстил власта во Полог, а потоа ја проширил кон Кичевската каза, по 1816 година кога го поразил Кичевскиот ајан, а Кичевската област ја припоил кон Тетовскиот пашалак. Од 1822 година власта во Полог била во рацете на Абдурахман – паша. Во историографијата има различни мислења за улогата на самовласните паши и нивната улога врз статусот на христијанското население во пашалаците. Во селата кои биле нивни чифлици неспорно христијанското население се одржало во текот на XVIII и XIX век. Кирил Пејчиновиќ дури во еден запис од 1841 година,

1 K.H. Karpat, *Ottoman Population 1830-1914: Demographic and Social Characteristics,* Wisconsin, 1985, 20.

2 *Турски документи за историјата на Македонија пописи од XIX век Скопски санџак Тетовска каза 1832/33, книга 1, том, 1,* Скопје, 2019, 551.

3 Во Тетовската каза од вкупно 7 879 машки лица Христијани (Раја), 2 250, односно 22,55% биле машки деца. (Nimet Ayşe Bakircilar, *Kalkandelen Kazasi` nin Yoklama Defteri (1836 – 1842) üzerine değerlendilmeler, An Assessment of "Yoklama Defteri" of Kalkandelen District (1836-1842)* Osmanli dönemi Balkan Şehirleri, 1, Ankara, 2017, 357 - 377).

4 Kemal Karpat, *Ottoman Population,* 109.

5 Nimet Ayşe Bakircilar*, Kalkandelen Kazasi`nin,* 377.

го благословува тогаш веќе покојниот Реџеп – паша и неговите синови за помошта при обновата на манастирската црква Свети Атанасиј во Лешок.[6]

Административно средиште на казата, но и економски центар на Полог е градот Тетово. Во градот во 1832/33 година биле евидентирани 183 христијански домаќинства со 617 машки членови, приближно 1 234 жители и 640 муслимански домаќинства со 2 075 машки членови, приближно 4 150 жители. Во градот имало околу 5 384 жители од кои 22,92% христијани и 77,08% муслимани.[7] Градот е поделен на девет маала од кои во четири живеело само муслиманско население, четири мала биле со мешан верски состав, а во едно живееле само христијани. Христијанското население живеело во маалата Шејх, Теќе, Мост, Ново маало и Варош. Во маалото Варош живеело само христијанско население.

Во следните децении на XIX век и на почетокот на XX век, бројот на жителите во Тетово ќе бележи постојан раст. Динамичен пораст бележиме и кај христијанското население. Во 1921 година во градот биле евидентирани 6 900 жители со православна вероисповед,[8] односно 45,6% од вкупниот број на жители во градот. Всушност, во текот на XIX век бројни христијански жители од полошките села заради поголема безбедност, но и од економски причини ги напуштале своите села и се населувале во Тетово, со што бројот на христијанското македонско население во градот се зголемувал.

Во триесетите години на XIX век Тетово е единствената градска населба во Полог. По бројноста на населението следувал Гостивар, кој официјално сеуште се водел за село. Гостивар полека го заземал местото на економско средиште на Горни Полог. Според пописната евиденција од 1832/33 година, во Гостивар имало 256 домаќинства со приближно 1540 жители. Мнозинство претставувало муслиманското население. Во населбата се бележи и значително присуство на ромско население (муслимани и христијани). Христијанското население во Гостивар живеело во 32 домаќинства, со 76 евидентирани машки членови, приближно 152 жители. Христијаните претставувале 9,8% од жителите на Гостивар. Структурата на населението во Гостивар ќе остане слична и во следните децении. Христијанското македонско население постепено ќе се зголемува по балканските и Првата светска војна.

Од вкупно 161 село во Тетовската каза христијанското население живеело во 97 села, од кои во 44 села живеело само христијанско население, додека во останатите села заедно со муслиманското население. Бројни биле селата со повеќе стотици жители населени само со муслиманско албанско население, односно селата каде ова население било значително мнозинство како: Пирок, Добри Дол, Боговиње, Чегране, Нераште и др.

Најголемо населено место во кое живеело само христијанско население на почетокот на триестите години на XIX век е Вратница со 54 домаќинства и 224 евидентирани машки жители, или приближно 448 вкупно население. Сличен број на домаќинства и жители имале и селата Дуф и Пожаране во Горни Полог, во кои покрај христијанско, имало и муслиманско население. Во Дуф биле евидентирани 54 домаќинства, со 239 машки жители,

6 Стојановић Љубомир, *Стари српски записи и натписи, књ. 5, бр, 9241,* Београд, 1925.

7 *Турски документи, 24- 125;* Nimet Ayşe Bakircilar, *Kalkandelen Kazasi`nin,* 373; Kristaq Prifti*, Popullsia e Kosovës 1831 – 1912,* 195.

8 *Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године,* Београд, 1932, 118.

приближно 478 жители христијани, кои претставувале 72% од населението во селото. Во Пожаране имало ист број на христијански жители како во Дуф вкупно 478, кои живееле во 53 домаќинства. Христијанското население во Пожаране претставувало 87% од вкупниот број на жители во селото. Покрај Вратница, во Долни Полог по бројот на христијанското население значајно било и селото Теарце во кое имало 49 христијански домаќинства, со 223 евидентирани машки членови, или приближно 446 жители. Христијанското население во Теарце на почетокот на триестите години на XIX век било застапено со 68% од вкупниот број на жители во селото.

Во покомпактни групи христијанското население живеело во повеќе микро области во Полог. Во подножјето на Сува Гора во селата Челопек, Милетино, Стенче, Блаце и Волковија биле евидентирани 787 машки жители во 172 домаќинства, или приближно 1 574 христијани. Во селата Челопек и Милетино, христијанското население живеело заедно со муслиманско население, додека Стенче, Блаце и Волковија биле населени само со христијани. Во споменатите пет села живееле околу 10% од православните жители во Тетовската каза.

Слична етничка и верска структура имал и Шарпланинскиот подгор во Долни Полог, на потегот од селата Џепчиште до Рогачево. На овој простор имало 468 христијански домаќинства со 2 057 евидентирани машки членови, или приближно 4 114 жители. Во овој дел од Долни Полог, во 19 села[9] живеело 26,10 % од вкупниот број на христијанско население во Тетовската каза. По бројноста на населението и економската важност во овој дел на Долни Полог најзначајни биле спомената Вратница и Теарце, кои ќе го задржат економското е демографско значење до крајот на османското владеење.

Христијанско население компактно живеело и во бројните чифлици на тетовските паши, и на други муслимански чифликсајбии кои се наоѓале во селата во подножјето на Жеден и покрај Вардар во Долни Полог.[10] Селата биле мали, најчесто со десет до петнаесет домаќинства. На посочениот простор најголемо било селото Раотинце со 32 христијански домаќинства.

Во дел од полошките села, особено во етнички и верски мешаните села каде мнозинско било муслиманското албанско население, православните жители ги напуштало, или било протерано во текот на XIX век. Тоа се главно села кои се наоѓаат во подножјето на Шар Планина и кои имале помалку од 10 христијански домаќинства. Тоа се селата Голема Речица, Новаке, Синичане, Боговиње, Пирок, Горјане, Неготино, Добри Дол, Врановце, Орќуше. Во некои од спомената села како во Синичане, Боговиње и Пирок, пописната евиденција од 1832/33 година евидентира само по едно христијанско домаќинство, во Голема Речица и Врањовце имало три христијански домаќинства. Иселувањето на христијанското македонско население од спомената села се одвивало постапно во текот на XIX век. Во некои од овие села разурнатите цркви постоеле сеуште и во средината на XX век. Така, во селото Новаке во 1832/33 година имало 9 христијански и 2 муслимански домаќинства. Според Јован Ф. Трифуноски, христијанското население од селото се иселувало во текот на целиот XIX век. Христијаните од Новаке главно се иселиле во соседните полошки села Долно Палчиште, Долно Седларце, како и во Тетово. Црквата во селото била посветена на Свети Никола. Црквата била фрескоживописана во 1577 година. Рушевините се познавале и во средината на XX век. Околу нив во 1948 година сеуште се познавале околу 50 христијански гробови. Црквата Свети Никола се наоѓала на влезот од селото, од страната на Долно Палчиште. Во втората половина на триесетите години од страна на Музејот во Скопје било извршено копирање на фреските од Црквата Свети Никола.[11]

На источната страна на полошката котлина во подножјето на Сува Гора, христијанското население кон средината или во втората половина на XIX век се иселило од селата Стримница, каде било евидентирано само едно христијанско домаќинство, од село Форино каде живееле 13 христијански домаќинства и од селата Горно Фалише и Букурце кои биле населени само со христијанско население.

Селото Горно Фалише на почетокот на триесетите години на XIX век имало 21 христијанско домакинство и 66 машки жители христијани.[12] Според истражувањата на Јован Трифуноски селото се наоѓало на „три километри западно од селото Стенче на котлинското дно лево од реката Вардар“. Околу 1870 година, чифликсајбиите ја продале земјата и куќите на селаните од соседните села Чегране, Волковија и Стенче, по што чифчиите се иселиле. Христијаните од Горно Фалише се иселиле во Тетово, Тумчевиште, Радиовце, Стенче, Волковија и Врапчиште.[13] Селото Букурци како и Горно Фалише, на почетокот на триесетите години на XIX век било населено само со христијанско население. Во селото имало 14 домаќинства со 42 машки жители,[14] односно во селото живееле приближно 84 жители. Селото се наоѓало крај левиот брег на река Треска, во подгорот на Сува Гора близу селата Седларево и Гургурница. Селото постоело до втората половина на XIX век, кога селаните го напуштиле и дел од селските родови се иселиле во неколку блиски скопски села.[15] Трифуноски ја наведува „општо раширената традиција“ дека „селото го испустил албанецот Касим Каја“ од блиското село Гургурница, кој со сила ги присвоил селските ниви и ги принудил селаните да работат како чифчии, по што селаните се иселиле,[16] иако за ова нема потврда во историските извори.

9 Станува збор за селата: Џепчиште, Једоарце, Сетоле, Отуње, Непроштено, Лешок, Варвара, Брезно, Слатина, Отушиште, Теарце, Јелошник, Глоќи, Доброште, Одри, Беловиште, Вратница, Старо Село и Рогачево. Од споменатите села во Једоарце, Сетоле, Отуње, Лешок, Варвара, Брезно, Јелошник, Беловиште, Вратница, Старо Село и Рогачево живеело само христијанско население, додека во селата Непроштено, Отушиште, Теарце, Глоќи и Одри, христијаните претставувале мнозинство. Најмал број христијанско население бил евидентиран во село Слатина каде имало 5 христијански и 37 муслимански домаќинства.

10 Тоа се селата Јегуновце, Подбреге, Раотинце, Копанце, Јанчиште, Прељубиште, Озормиште, Шемшово, Ратае, Требош, Палатица, Жилче, Туденце и Сиричино. Во сите споменати села живеело христијанско население, додека во село Копанце биле евидентирани и 4 муслимански домаќинства како и во Шемшово каде покрај христијанските имало и 10 муслимански домаќинства.

11 Јован Ф. Трифуноски, Јован Ф. Трифуноски, *Полог (антропогеографска проучавања),* Београд 1976, 382 – 383. Фотографии од фреските се објавени во делото*: Споменица Православног Храма Св. Богородице у Скопљу, 1835 – 1935,* Скопље, 1935, 191.

12 Nimet Ayşe Bakircilar*, Kalkandelen Kazasi` nin,* 375.

13 Јован Трифуноски, Села кои сега не постојат во Полог, Годишен зборник на Филозофски факултет, 155 – 157.

14 Nimet Ayşe Bakircilar*, Kalkandelen Kazasi` nin*, 377.

15 Иселеници од Букурци на почетокот на педесетите години на XX век жевееле во селата Пуста Брезница и Јаболци.

16 Јован Ф. Трифуноски, „Средновековните села на манастирот Св. Андреја крај Матка“*, Годишен зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Скопје, Историско – филолошки оддел, книга 4,* Скопје, 1951, 11 - 13

Има и сосема спротивни примери каде села кои биле изолирани и во опкружување на села населени со албанско население се одржале и го зголемиле бројот на населението. Таков е примерот на селото Луковица во соседство на раселеното Букурци и на повеќе албански села. Во 1833 година во селото биле регистрирани осум христијански домаќинства со 33 машки лица и едно муслиманско домаќинство со 4 машки лица,[17] односно во селото живееле приближно 66 христијани и 8 муслимани. Во следните осум децении, до балканските и Првата светска војна, како резултат на природниот прираст бројот на муслимански домаќинства се зголемил на пет,[18] а прилично зголемување бележи и христијанското население. Во 1913 година во селото има најмалку 200 христијански жители.[19] Слични примери има и во други делови на Полог, како што се селата Куново, Железна Река, Долна Лешница и др. Во посочените села кои биле опкружени со големи албански села, македонското христијанско население бележи значаен демографски раст во текот на XIX век.

Кај христијанското население, како впрочем и кај муслиманското, во Тетовската каза прилично била застапена семејната задруга каде заедно живееле повеќе женети браќа со своите семејства, неретко и со женетите синови. Во Тетовската каза христијанските домаќинства просечно броеле 8,07 членови, додека кај селските христијански домаќинства просекот се зголемува на 8,26 членови.[20] Во повеќе христијански села во Тетовската каза христијанските домаќинства броеле и над десет членови, како што се селата: Големо Турчане, Балин Дол, Чајле, Јажинце, Одри, Стенче, Отуње, Рогачево и др. Во Горни Полог најбројни се христијанските домаќинства во селата Чајле, Големо Турчане и Церово со 13 членови на едно домаќинство. Во христијанското село Галате, едно домаќинство просечно броело 12 членови, исто колку и во Горно Јеловце. Во селата Куново и Ново Село, едно христијанско домаќинство броело во просек по 11 членови. По десет членови во едно домаќинство имале христијанските домаќинства во селата Балин Дол и Стенче.

Слични биле приликите и во Долни Полог, каде во повеќе села османската пописна евиденција бележи големи семејни заедници. Просечно најмногу членови едно христијанско домаќинство броело во селата Рогачево и Јажинце со 11 членови. Просечно по околу 10 членови броеле христијанските домаќинства во селата: Џепчиште, Отуње, Брезно, Одри и Јегуновце.

Врз основа на пописните податоци можеме да заклучиме дека во Тетовската каза христијанското население, во периодот до балканските војни, по правило најмногу се зголемувало во релативно големите хомогени христијански села. Ќе наведеме неколку примери. Во под-љуботенските христијански села Вратница, Беловиште, Старо Село и Рогачево, во 1832/33 година имало вкупно 1 274 жители. Во последните осум децении од османското владеење, споменатите села имаат стабилен демографски раст. Спо-

17 Nimet Ayşe Bakircilar, *Kalkandelen Kazasi` nin*, 377.

18 Јован Ф. Трифуноски, *Села на Сухој Гори,* 402. муслиманските жители од селото се иселиле по Првата светска војна во Тетово.

19 По иселувањето на муслиманските жители во 1921 година во селото биле регистрирани 31 домаќинство со 210 жители.

20 Кристаќ Прифти наведува дека едно христијанско домаќинство во Тетовската каза во 1831 година просечно броело 8,30 членови. (Kristaq Prifti *Popullsia e Kosovës*, 191).

ред податоците од пописот кој го спровело Кралството Србија во февруари/март 1913 година, во овие четири села имало 2 557 жители, односно населението за осумдесет години се зголемило за 100%.

Сличен е примерот и со трите под-сувогорски села Волковија, Стенче и Блаце, во кои на почетокот на триестите години на XIX век живеело само христијанско население со вкупно 888 жители. Етничката и верската структура не се променила и до крајот на османското владеење и во 1913 година во овие села биле евидентирани 1 942 жители, односно за осумдесет години бројот на жителите во споменатите села се зголемил за 118%.

Село	1832/33 г.	1913 г.	
Беловиште	374	796	+ 113 %
Вратница	448	1 045	+ 133 %
Старо Село	166	312	+ 88 %
Рогачево	286	404	+ 41 %
Волковија	304	845	+ 178 %
Стенче	326	649	+ 99 %
Блаце	258	448	+ 73 %
Лешок	198	602	+ 204 %
Варвара	146	270	+ 85 %
Брезно	284	569	+ 100 %
Јелошник	240	605	+ 152 %
	3 030	6 545	+ 116 %

Пораст на христијанското население во неколку полошки села населени само со христијанско население во периодот 1832/33 – 1913 година.

Ќе наведеме уште еден карактеристичен пример од Долни Полог, од шарпланинскиот подгор со хомогените христијански села Лешок, Варвара, Брезно и Јелошник. Во 1832/33 година овие четири села имале вкупно 868 жители. Во 1913 година бројот на населението пораснал на 2 046, односно се бележи зголемување за 135%.

Посочените примери ја потврдуваат констатацијата дека христијанското население во текот на XIX век опстојувало во релативно големи села, кои сеуште не биле аграрно пренаселени, бидејќи во нив во текот на целиот XIX век се бележат бројни доселеници, главно од блиските села или од соседните области. Друга карактеристика на сите посочени села е што се населени само со христијанско население. Трета карактеристика на споменатите села е што добар дел од земјата не била сопственост на чифликсајбиите, туку на селаните.

Христијанското население бележи пораст и во селата кои имале мешан верски и етнички карактер. Но во овие села најчесто христијанското население се зголемувало со многу помала стапка на раст, отколку во претходно споменатите села. Во овој контест ќе го споменеме големото полошко село Челопек, кое на почетокот на триесетите години на XIX век, после Тетово и Гостивар е најголемо населено место во Полог со околу 970 жители. Во 1832/33 година, во селото османската пописна евиденција бележи 106 домаќинства, од кои 57 муслимански и 49 христијански. Во селото имало 275 машки муслимански жители, приближно 550 жители. Едно муслиманско домаќинство приближно имало 9,64 членови. Во 49 христијански домаќинства имало 210 машки членови или приближно 420 христијански жители. Едно христијанско домаќинство просечно имало 8,57 жители. И покрај тоа што селото опфаќало голем атар со обработлива површина, согледувајќи ги

тогашните приноси на земјоделските култури, било аграрно пренаселено. Тоа условувало дел од жителите да се иселуваат од селото. Така, во Скопје во 1 845 година се среќаваат повеќе жители кои во градот се доселиле од Челопек.[21] Сето ова ќе услови релативно мал пораст на христијанското население во периодот до балканските војни. Во 1916 година бугарските власти во Челопек евидентирале „1 340 Албанци и 581 Бугари.“ За период од осумдесетина години, бројот на населението во селото се зголемил речиси за двојно, односно за 98%. Зголемувањето е различно кај муслиманското и христијанското население. Албанското муслиманско население во посоченият период се зголемило за 143%, додека кај македонското православно население бележиме раст од 38%. Посочената статистика укажува дека од Челопек во последните осум децении од османското владеење, иселувањето на христијанското население било значително побројно во однос на муслиманското население. Слични се примерите и во селата Џепчиште, Доброште, Теново, Вруток и др.

После балканските и Првата светска војна, во Полог завладеала поголема безбедност. Селата населени со македонско население се зголемувале, зафаќајќи поголема површина. Со аграрната реформа од дваесетите години на XIX век, дотогашните христијански чифчии станале сопственици на беговската земја која со генерации ја обработувале. Истовремено и бројот на населението од година во година се зголемувал, за што сведочат пописните податоци од 1921 и 1931 година. Посочениот демографски пораст ќе биде прекинат со Втората светска војна.

21 Драги Ѓоргиев, *Демографската и социо-економската структура на Скопје во средината на XIX век,* Историја, 1- 2, Скопје, 2002, 31- 41.

ХРАМОТ „СВ. КОНСТАНТИН И ЕЛЕНА“ ВО С. БЛАЦЕ

ТЕМЕЛИ ЗА НОВ ПОЧЕТОК

ИЗГРАДБА НА НОВ КОНАК И ОТПОЧНАТА РЕВИТАЛИЗАЦИЈАТА, ОДНОСНО ЗАШТИТНО- КОНЗЕРВАТОРСКИТЕ И РЕСТАВРАТОРСКИТЕ РАБОТИ ВО ЛЕШОЧКИОТ МАНАСТИР

ДИПЛ. ТЕОЛОГ ПЕТАР ПЕТКОВСКИ

ВО ПОДНОЖЈЕТО НА ШАР ПЛАНИНА, НА ДЕСЕТИНА КИЛОМЕТРИ СЕВЕРОИСТОЧНО ОД ГРАДОТ ТЕТОВО, ВО РУРАЛНАТА ОПШТИНА ТЕАРЦЕ СЕ НАОЃА СЕЛОТО ЛЕШОК, ВО ЧИЈА ШТО НЕПОСРЕДНА БЛИЗИНАТА СЕ НАОЃА ПОЗНАТИОТ ЛЕШОЧКИ МАНАСТИР, КОЈ СО ВЕКОВИ ОПСТОЈУВА И МИРНО ЛЕЖИ НА ПРОСТОРИТЕ ВЕДНАШ НАД СЕЛОТО. МАНАСТИРСКИОТ КОМПЛЕКС Е СМЕСТЕН ВО ПРИРОДЕН АМБИЕНТ, НА НАДМОРСКА ВИСОЧИНА ОД 610 МЕТРИ. МАНАСТИРОТ ИМА БОГАТА И БУРНА ИСТОРИЈА, ЧИИ ЗАЧЕТОЦИ ДАТИРААТ ОД VI ВЕК, А ОД XIV ВЕК, ПА СЕ ДО ДЕНЕС МАНАСТИРОТ АКТИВНО ФУНКЦИОНИРА НА ДЕНЕШНАТА ЛОКАЦИЈА. КАКО ВО МИНАТОТО, ТАКА И ДЕНЕС ОВОЈ МАНАСТИР ПРЕТСТАВУВА НАЈГОЛЕМО МАКЕДОНСКО ПРАВОСЛАВНО СВЕТИЛИШТЕ ВО ПОЛОШКИОТ РЕГИОН.

Манастирот за првпат е основан во 1321 година од страна на епископот полошки Антониј. Комплетното заживување кое е видливо и денес се должи на доаѓањето на јеромонахот Кирил (Пејчиновиќ) од Света Гора, во 1818 година и тогаш се обновени манастирските конаци и е основана манастирската библиотека. Во тоа време Лешок прераснал во книжевен и просветен центар. Овој манастир досега е два пати уриван. Првпат во 1690 година Османлиите го разурнале целиот комплекс со сè црквите. Вторпат манастирот е уништен за време на воениот конфликтот во 2001 година.

Денес, во манастирскиот комплекс се наоѓаат црквите „Свети Атанасиј Велики“ и „Пресвета Богородица“, како и гробот и спомен собата на Кирил Пејчиновиќ, кој е еден од најпознатите македонски преродбеници во XIX век, како и манастирските конаци и Културно-уметничкото друштво „Кирил Пејчиновиќ“. Исто така во манастирските конаци има параклис посветен на

светите Кирил и Методиј, додека надвор од манастирскиот комплекс се наоѓа и познатата стара црква посветена на Атанасиј Александриски т.н. Стар манастир.

По поделбата на поранешната Полошко-кумановска епархија, овој манастир припаѓа на Тетовско-гостиварската епархија возоглавувана од Неговото високопреосвештенство, Митрополитот Тетовско-гостиварски г. Јосиф (Тодоровски). Со доаѓањето на новиот Митрополит започнаа голем број на активности за етаблирање на Епархијата во сите сфери. Така под будното око на владиката Јосиф започна воскресението и развој на литургиско-богослужбениот живот, на мисионерската, градителката, просветно-издавачката дејност – сè со една и единствена цел да се обезбедат подобри услови и да се привлечи македонскиот православен народ во лоното на својата мајка Црква. Дел од овие процеси и проекти, кои ја опфатија целата Епархија се реализираа и во Лешочкиот манастир, кој по пет века повторно постана епископско живеалиште.

Митрополитот г. Јосиф, знаејќи ја значајноста на овој манастир за Полог и приврзаноста со него на православниот верник без двоумење уште од самото назначување за Полошки владика го одбра Лешочкиот манастир за свој резиденцијален манастир, за место од каде постојано ќе биде во контакт со своите духовни чеда и од каде што ќе го надгледува своето верно стадо. Доаѓајќи во Лешок, Митрополитот откако ја увиде состојбата во која се наоѓа ова наше прекрасно светилиште - споменик на времињата и невремињата кои го опфатиле тој регион, како грижлив раководител и чувар на светоста на нашето светотаинско и културно наследство наследено од безбројните црнорисци, кои својот живот и дело го вложиле за напредок на манастирот и тој по нивниот пример ги започна своите заложби за обнова на вековниот манастир.

За разлика од обновата на манастирот на Попова Шапка, на манастирот во Речица и Туденце, обновата на Лешочкиот манастир започна покасно, бидејќи овој манастир е прогласен за културно наследство и уживајќи таков статус за секоја и најмала промена се потребни дозволи и согласности од надлежните институционални органи (Министерството за култура; Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи – КОВЗРГ; Националниот конзерваторски центар – НКЦ; Управата за културно наследство, Општина Теарце и др.). Пред сè благодарение на ангажманот и на мудроста на надлежниот епархиски архиерej г. Јосиф, а потоа и на кооперативноста на надлежните државни органи на почетокот на ова 2020 Лето Господово после многу години и вложени напори се создадоа услови и започна обновата на Лешочкиот манастирски комплекс. Преку поддршката на државата се конзервираат и реставрираат јужниот конак и старата црква „Пресвета Богородица“, а со сопствени манастирски финансии на црквата се подига западниот конак, кој ќе има сместувачки капацитет и сали за репрезентативни настани. Покрај ова планирано е и партерно уредување, хортикултурно уредување, како и изградба на нов паркинг, осветлување и така натаму.

Обновата, односно градежните проекти, а паралелно на нив и ревитализацијата, односно заштитно- конзерваторските и реставраторските работи – ги вклучуваат следните проекти:

1 - ИЗГРАДБА НА НОВ КОНАК (ЗАПАДНО КРИЛО) И ХОЛТИКУЛТУРНО УРЕДУВАЊЕ НА ДВОРНАТА ПОВРШИНА ПРЕД КОНАКОТ во реализација на Тетовско-гостиварската православна епархија;

2 - ЗАВРШЕНА ПРВА ФАЗА И ОТПОЧНАТА ВТОРА ФАЗА ЗА РЕВИТАЛИЗАЦИЈА, односно во тек се заштитно- конзерваторските и реставраторските работи на:

А) – Стариот конак (јужно крило)

Б) – Манастирскиот храм „Пресвета Богородица

- во реализација на Националниот конзерваторски центар како проекти, кои се дел од нивната годишна програма.

3 - ПРОЕКТ ЗА ПАРТЕРНО УРЕДУВАЊЕ НА ПАРКИНГ ПРОСТОРОТ, како дел од годишната програма за рамномерен регионален развој на Министерството за локална самоуправа и на Бирото за рамномерен развој.

Поради сите овие започнати проекти оваа година ќе остане вечно запаметена и со златни букви испишана во манастирска историја на ова светилиште, кое веќе долги векови е непресушен извор на верата за православните верници не само од Полог, туку и од пошироко.

ИЗГРАДБА НА НОВ КОНАК

Постапката за отпочнување со изградба на нов конак во Лешочкиот манастир траеше подолг временски период. Митрополитот заедно со манастирското настојателство ја детектираа потребата за изградба на еден нов поквалитетен и посовремен конак за потребите на манастирот. Имајќи во предвид лошата состојба во која се наоѓаше стариот јужен манастирски конак, како и нефункционалните и во лоша состојба помошни простории и објекти за остава на манастирот, несомнено беше потребна што поскора изградба на нов објект наменет за најразлични примени, како: одржување на состаноци на црковно ниво, апартмани за престој на црковни лица и гости, кујна, трпезарија, просторија за прием, како и простории за остава. Со Божја помош желбата на Митрополитот и монасите беше улишана и откако беше добиена сета потребна документација и градежните дозволи се започна со изградба на новиот западен конак.

Со чинот на осветување на камен-темеликот, кој се оддржа еден ден по манастирската слава, по патрониот празник на свети Атанасиј Велики, на ден: 01. 02. 2020 година започна изградбата конакот. Тој датум несомнено ќе биде еден од најзначајните датуми во поновата историја на манастирот, бидејќи за прв пат по 1889 година (кога тогашниот игумен Езекил го иградил зачуваниот јужен конак), односно по цели 131 година се започна со изградба на нов функционален конак. Овој несекојдневен настан на осветувањето и поставувањето на темели е особено важен, зашто всушност тие темели преставуваат темели на нов почеток, темели за воскресенски препород на целокупниот комплекс и тоа препород кој беше повеќе од потребен за отворање на едно ново поглавје на манастирскиот живот. Радоста поради тоа беше голема на лицата на свештенството, жителите на Лешок и околните села, за граѓаните на Тетово и за поширокиот регион.

Со чинот на осветување на темелите во присуство на многуброен народ, свештенство и преставници на државните институции, чиноначалствуваше Неговото Блаженство, Архиепископот охридски и македонски и на Јустинијана Прва и Митрополит скопски г. г. Стефан, со сослужение на надлежниот епархиски архиереј, Митрополитот Тетовско-гостиварски г. Јосиф и на митрополитите: Брегалнички г. Иларион и Кумановско-осоговски г. Јосиф, како и на повеќе свештенослужители. Пред верните на чинот на осветувањето со свои пригодни слова се обрати најнапред Архиепископот, кој го истакна следното:

ОВОЈ ПОВОД Е ДОСТОЕН ЗА МАКЕДОНСКАТА ДУХОВНА ТВРДИНА ВО ПОЛОГОТ - ЛЕШОЧКИОТ МАНАСТИР, КОЈ Е ДУХОВЕН ИЗВОР ОД КОЈ СЕ НАПОЈУВАЛЕ ГЕНЕРАЦИИ ПРАВОСЛАВНИ БОГОЉУПЦИ. МАНАСТИРОТ Е НЕОТКИНЛИВО ПОВРЗАН СО СВОЈОТ ИСТОРИСКИ КОРЕН. ПО НЕГО СЕ ГЛЕДА ЧИИ СЕ И КОЛКУ СЕ ДЛАБОКИ КОРЕНИТЕ НА ОВИЕ ПРОСТОРИ И КАКОВ Е ИДЕНТИТЕТОТ НА ОВОЈ КРАЈ. И КОГА САКАЛЕ ВО ИСТОРИЈАТА ДА ГО ЗАМОЛЧАТ ОВОЈ ГОРДО ИСПРАВЕН СВЕДОК НА ПРАВОСЛАВИЕТО И ОВА ВЕКОВНО ПРИБЕЖИШТЕ НА НАШИОТ БЛАГОЧЕСТИВ НАРОД, САКАЛЕ ТОА ДА ГО НАПРАВАТ ЗА ДА ГО УНИШТАТ СВЕДОШТВОТО НА НАШАТА ВИСТИНА. ИСТО ТАКА И ДОМАЌИНОТ, МИТРОПОЛИТОТ ТЕТОВ-

еко-гостиварски г. Јосиф се обрати на присутните со следните зборови: радоста на овој ден е навистина голема, а голема е бидејќи овој несекојдневен настан го чекавме подолго време и секојдневно се надевавме и се молевме на Бога истиот што поскоро да се случи. Денес сме среќни дека дочекавме на дело да се исполнат зборовите на еден отец дека „кај Бога секогаш се случува сè на време, за оние кои умеат да чекаат". Среќни сме затоа што семилостивиот Бог допушти, во светлината на овој 1 февруари, во ова богомдаровано 2020 лето Господово, ден по празникот на манастирскиот патрон свети Атанасиј, да бидеме сведоци на предвестувањето на новата етапа на развој на ова наше светилиште, да бидеме дел од настанот, кој ете денес станува реалност за сите нас, за моите лешочани и теарчани, за тетовчани и гостиварчани и за сите оние, кои ќе ја посетуваат убавината на овој дом. Сега конечно се исполни времето во својата полнота и дојде Божјиот благослов на овој наш заеднички дом. Затоа овој ден и овој датум несомнено со светли букви ќе бидат испишани и врежани во поновата манастирска историја и ќе отворат ново и светло поглавје на развој, кое ќе сведочи за едно преображение и обнова кон идно воскресение на манастирскиот комплекс.

– потенцираше надлежниот Митрополит, чии што лични заложби, потоа неговата жртва и подвиг за обнова на манастирот сите овие години започнуваат да се гледаат на дело преку започнатата обнова на Лешочкиот манастир, кој од ден во ден започнува да се издига по примерот на нашите големи монашки центри.

Локацијата на поставување на камен темелникот беше на влезот на манастирот, а темелите беа поставени на местото, каде што порано се наоѓаа помошните простории и остави на манастирот. Објектот, т.е. конакот ќе се протега на западното манастирско крило. Според изработениот проект за изградба согласно предвидените законски дозволи овој конак ќе биде на два ката и ќе има вкупна површина од 750 квадратни метри, а подземниот дел ќе биде изграден со камен како што беше и претходниот објект.

Проектот за изградба на конакот изработен е од страна на Архитектонското студио „Лелеле" сочинето од искусните архитекти Искра и Владо Лековски, надзорот го извршува г. Васе Петковски, а изведбата градежната фирма „Роте". Конакот се гради од манастирски и епархиски средства, како и со донации од верниот народ.

По цели седум месеци од осветувањето на темелите веќе изградбата на новиот конак е во завршна фаза и тој го добива својот надворешен лик. Имено, објектот е изграден и се наоѓа во фаза на карабина, со поставени врати и прозорци. Поставен е каменот на дел на надворешната фасада со цел да се добие автентичен лик по примерот на претходниот објект на тоа место. Хортикултурното уредување на дворното место на новиот владички конак е завршено, а во тек се одвиваат работи на она што преостанува – уредувањето на внатрешноста на конакот.

По заложбите и застапништвото на Пресветата Богородица и на светиот Атанасиј Велики, нашиот Бог и Господ нека го благослови ова дело за да истото што поскоро биде целосно завршено за да биде украс на целиот крај.

дипл. теолог Петар Петковски

ЗАВРШЕНА ПРВА ФАЗА И ОТПОЧНАТА ВТОРА ФАЗА ЗА РЕВИТАЛИЗАЦИЈА НА ЛЕШОЧКИОТ МАНАСТИР

Кон крајот на 2019 година и почетокот на оваа 2020 година започна ревитализација на Лешочкиот манастирски комплекс, кој не само што е од безвременско значење за православните верници, туку воедно и значаен споменик на културата заштитен со закон за кој треба постојана грижа.

Знаејќи дека храмот е душата на манастирот и дека манастирот и манастирските конаци ни се оставени во аманет да ги чуваме и надградуваме, Митрополитот г. Јосиф со своите соработници апелираа до надлежните органи за започнување на постапка за неодложно отпочнување и санација на лошата состојба во која се наоѓаше стариот манастирски конак изграден од игуменот Езекил некаде во 1889 година, како и за отпочнување на реставрација на прекрасниот и вреден фрескопис во манастирската црква. Со помош на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи (КОВЗРГ) како надлежна институција за решавање на верските односи на државата со црквата започна кооперативност помеѓу Тетовско-гостиварската епархија и Националниот конзерваторски центар како надлежен орган задолжен за заштита на културното наследство. Плод на таа соработка, како и на фокусот и напорите веќе подолги години на Митрополијата е започнувањето со процесот на ревитализацијата на храмот и конакот во рамки на Лешочкиот манастир после повеќе децении.

Ревитализацијата ќе се одвива во две фази и ќе биде реализирана како дел од годишната програма за работа на Националниот конзерваторски центар (НКЦ). Таа ќе опфати повеќе значајни проекти. Поточно ќе се извршат заштитно-конзерваторските и реставраторските работи на: Стариот конак (јужно крило) и врз манастирскиот храм „Пресвета Богородица“ од XIV век.

Во првата фаза од ревитализацијата беше извршено остранување на стариот и дотраен градежен материјал на конакот, а во втората фаза е предвидена доградба со нови матријали и темелно конструктивно зајакнување. Што се однесува до заштитните работи кои се превземаат за заштита на фрескоживописот на манастирската црква „Пресвета Богородица“ во првата фаза беше поставен заштитен времен кров, а во идната втора фаза е предвидено да се реши проблемот со влагата како и да се изврши санација на кровната конструкција и заштитните ѕидови.

По завршувањето на првата фаза – сега во тек е и втора фаза на ревитализација исто во реализација и под покровителство на Националниот конзерваторски центар како проекти, кои се дел од нивната годишна програма.

Континуираната институционалната поддршка за подигање и враќање на сјајот на овој духовен центар ќе продолжи и во следниот период преку идна реализацијата на овие проекти и во понатамошниот период. Со целосното обновување и реновирањето на јужниот стар конак и со завршувањето на изградбата на новиот западен конак, манастирот ќе располага со одреден број на сместувачки капацитети.

ПРОЕКТ ЗА ПАРТЕРНО УРЕДУВАЊЕ НА ПАРКИНГ ПРОСТОРОТ

Паралелно со изградбата на новиот конак и со проектите за ревитализација на манастирскиот комплекс изминатиот период се работеше и за остварување на идејно решение за паркинг просторот над манастирот. Под увид на Митрополитот г. Јосиф се изработи проект за партерно уредување на паркинг просторот, кој е потребен за развој на манастирскиот туризам. До крајот на ова година се очекува да се реализира овој проект како дел од годишната програма за рамномерен регионален развој на Министерството за локална самоуправа и на Бирото за рамномерен развој.

И во иднина во фокусот на Митрополитот г. Јосиф и на манастирското настојателство се голем број на идеи за остварување на повеќе проекти, кои ќе допринесат за целосен развој на манастирскиот комплекс и за возобновување на монашкиот живот на тие простори.

ДУХОВНА ТВРДИНА НА ПРАВОСЛАВИЕТО[1]

СТЕФАН,
АРХИЕПИСКОП ОХРИДСКИ И МАКЕДОНСКИ
И НА ЈУСТИНИЈАНА ПРВА

СЛОВО ИЗГОВОРЕНО НА ПОСТАВУВАЊЕТО КАМЕН ТЕМЕЛНИК ЗА НОВ КОНАК ВО ЛЕШОЧКИОТ МАНАСТИР

Во Црквата честопати се истакнува вистината дека најважна е духовната градба. Кога духовно се градиме и надградуваме, само тогаш вистински градиме. Но важни се и оние материјални градби, како оваа за која денес сме собрани, а кои придонесуваат и се во функција на духовната градба. Затоа е речено: создаваме, за да можеме да создаваме, и градиме, за да можеме да градиме!

И еве денес, собрани сме за убав повод – да го благословиме почетокот на градбата на новото, западно крило на манастирските конаци. Повод кој е достоен за ова македонско светилиште, за оваа македонска духовна тврдина во Пологот. И, би додал: не само достоен, туку и потребен, потребен за Православието и за православниот народ на овие македонски простори.

Лешочкиот манастир е вистински духовен извор од кој се напојувале генерации и генерации православни богољупци и црквољупци. Се сеќаваме од историските наоди – тука имало и средновековно епископско седиште

1 Слово изговорено на поставувањето камен темелник за нов конак во Лешочкиот манастирски комплекс „Свети Атанасиј и Пресвета Богородица“ – с. Лешок – општина Теарце, Тетовско, на 01. 02. 2020 (Преподобен Макариј Александриски; свети Арсениј, епископ Крфски; свети Марко, архиепископ Ефески и блажен Теодор).

на Полошката епархија, тука бил и средновековниот град-населба, со сите свои карактеристики и организиран општествен и духовен живот.

Лешочкиот манастир е неоткинливо поврзан со својот историски корен, и овој денешен чин е последование на некогашното. И по Лешочкиот манастир се гледа чии се и колку се длабоки христијанските корени на овие простори, и каков е идентитетот на овој крај. И кога сакале во историјата, и кога сакаа не толку одамна, да го замолчат овој гордо исправен сведок на Православието и ова вековно прибежиште на нашиот благочестив народ, сакале тоа да го направат за да го уништат сведоштвото на нашата вистината. Но не успеаја – зашто и урнатиот камен и затрупаните темели сведочеа, а еве и новоизграденото ќе продолжи да сведочи. И сè што е материјално може да се уништи, но ќе продолжат да сведочат свеста, народната меморија, молитвеното словење на срцето, пеењето на душата и народната тага! Но и нечија совест!

Затоа, секогаш кога и да се спомене Лешок, да се спомене манастирот, опфаќа свештен трепет, опфаќа и радост – за многуте блескави моменти и личности, но опфаќа и тага за сардисувањата, ограбувањата и уривањата... Овој манастир е нераскинливо поврзан со ова село и со овој крај. Не знаеш дали селото и крајот се познати по манастирот или манастирот по селото и крајот? И добро е што се чуваат заемно, а таа традиција треба да продолжи за навек - манастирот да се грижи за селото и крајот, во рамките на можното, а селото и крајот да се грижат за манастирот!

Овие новопоставени темели, се уште еден печат во македонската духовна и национална историја, а овој конак ќе биде простор за служење на ближниот, за Авраамово гостопримство, и пријатен помин за сите луѓе со добра волја.

Високопреосветен владико, нека Ви се множат делата на градителството, и духовното и материјалното. Нека не престанат иницијативите да се гради и надградува епархијата што Ви е доверена, а најмногу градете го и надградувајте го народот Божји. Дај Боже да завршите успешно со започнатиот проект за враќање на сјајот на Лешочкиот манастир, преку градбата на овој конак, и преку веќе започнатото реновирање на постоечкото јужно крило, како и со реставрацијата на фрескописот во средновековниот храм „Успение на Пресвета Богородица“. Да се надеваме дека Владата на Република Македонија, ресорното министерство и надлежните државни институции, ќе продолжат со потребна грижа кон сите сакрални објекти и предмети, кои се дел од културното и духовното наследство на македонските простори. Впрочем, исто, со истата доследност, како што тоа се прави за други прашања.

Високопреосвештен владико, сечесен игумене на овој манастир, возљубени Лешани и сите што дојдовте со добра намера и добри посакувања на денешниот чин, нека е честито поставувањето на камен-темелникот за новиот манастирски конак и, дај Боже, да се видиме наскоро и за осветување на истиот.

НЕКА Е ЗА МНОГУ ГОДИНИ!
АМИН!

НАДГРАДБА ВРЗ ДРЕВНИТЕ ТЕМЕЛИ

Г. ЈОСИФ,
МИТРОПОЛИТ ТЕТОВСКО - ГОСТИВАРСКИ

ПРИГОДНО ЗБОРОВО ИЗГОВОРЕНО ПРИ ПОСТАВУВАЊЕТО НА КАМЕН-ТЕМЕЛНИКОТ ЗА ИЗГРАДБА НА НОВ КОНАК ВО ЛЕШОЧКИОТ МАНАСТИР

Боже, дојди ми на помош, побрзај, Господи, да ми помогнеш
(Псалм 69, 1)

ВО ИМЕТО НА ОТЕЦОТ И СИНОТ И СВЕТИОТ ДУХ!

Ваше блаженство, Ваши високопреосвештенства, почитуван премиер, почитуван градоначалник на општина Теарце, почитуван директор на Комисијата за верски односи, почитуван директор на Управата за заштита на културното наследство, благоговејни отци, драги браќа и сестри,

Неискажлива и чудна е Промислата на нашиот Троичен Бог, Создателот и Строителот на сè, Кој ја „создал земјата на цврсти основи“ (Псалм 103, 5), Кој и нас од небитие во битие нè привел. Ете, таа Божја промисла, по застапништвото на Пресвета Богородица и на светиот Атанасиј – заштитниците на оваа света обител, како и по молитвите на сеуште неканонизираниот некогашен игумен на овој манастир, на игуменот Кирил (Пејчиновиќ) денес нè собра во Лешок, тука во Лешочкиот манастир да учествуваме и да ја споделиме големата радост предизвикана во нашите срца од денешниот светол чин – на полагање на камен-темелник за изградба на нов манастирски конак.

1 Пригодно слово изговорено при поставувањето на камен-темелникот за изградба на нов конак во Лешочкиот манастирски комплекс „Свети Атанасиј и Пресвета Богородица“ – с. Лешок – општина Теарце, Тетовско, на 01. 02. 2020 (Преподобен Макариј Александриски; свети Арсениј, епископ Крфски; свети Марко, архиепископ Ефески и блажен Теодор).

Радоста на овој ден е навистина голема, а голема е бидејќи овој несекојдневен настан го чекавме подолго време и секојдневно се надевавме и се молевме на Бога истиот што поскоро да се случи. Денес сме среќни дека дочекавме на дело да се исполнат зборовите на еден отец дека „кај Бога секогаш се случува сè на време, за оние кои умеат да чекаат“. Среќни сме затоа што Семилостивиот Бог допушти, во светлината на овој 1 февруари, во ова богомдаровано 2020 лето Господово, ден по празникот на манастирскиот патрон свети Атанасиј, да бидеме сведоци на предвестувањето на новата етапа на развој на ова наше светилиште, да бидеме дел од настанот, кој ете денес станува реалност за сите нас, за моите лешочани и теарчани, за тетовчани и гостиварчани и за сите оние, кои ќе ја посетуваат убавината на овој дом. Сега конечно се исполни времето во својата полнота и дојде Божјиот благослов на овој наш заеднички дом. Затоа овој ден и овој датум несомнено со светли букви ќе бидат испишани и врежани во поновата манастирска историја и ќе отворат ново и светло поглавје на развој, кое ќе сведочи за едно преображение и обнова кон идно воскресение на манастирскиот комплекс.

ДРАГИ ХРИСТИЈАНИ,

Подготвувајќи го моето денешно пригодно слово и размислувајќи за ова наше светилиште, за овој наш „светилник на врв планина“ (сп. Матеј 5,14), пред моите мислени очи се појавија многу настани од богатата историја на манастирот, кои не можам да ги испуштам од моето слово. Во една реченица, од сегашна преспектива само ќе кажам дека таа е историја на падови и подигања, на страдања и радости, на тага и среќа, таа е историја на едно светилиште од Бога благословено и од нашите претходници, чувано и сочувано и во аманет оставено на нас и на сите идни генерации, кои ќе го имаат благословот Божји, на Неговата Пречиста Мајка, на светиот Атанасиј, на основоположниците на ова свето место, на сите незнајни и знајни ктитори, на Антониј - епископот долно-полошки, на Никанор митрополит скопски, на игуменот наш Кирил и сите други игумени и градители, пазители на ова парче земја, која ги чува спомените и трагите на вековниот опстој, кое сведочи за нас и нашата вера и преку кое ние од времето се стремиме да преминеме кон вечноста.

Како што споменав, овој миг и овој настан се особено значајни и тоа не само затоа што по скоро 200 години се случува осветување на темели за изградба на нов конак, кој е неопходно потребен за понатамошно нормално функционирање на оваа обител, туку затоа што конечно и во овој манастир страдалник ќе се залечат старите рани, раните предизвикани од тежината на времето и од раката на несовесните луѓе и што и овој манастир како феникс ќе воскресне од пепел и ќе продолжи да биде, по зборовите на блажено упокоениот старец Ефрем Аризонски „тврдина Божја и појава светоотечка, која го благословува целиот крај кај што е подигнат“. Овој манастир несомнено уште од дамнина е голем благослов за Полог. Тој и во денешно време е центар на духовниот развој на нашата епархија и како таков под грижата на Митрополијата, на надлежните државни институции за овој споменик на културата и пред сè, под грижата на верниот народ ќе продолжи да постои и во иднина, бидејќи е изграден „на камен“ (сп. Матеј 7, 25) и „утврден на темелите поставени од апостолите и пророците, имајќи Го како камен темелник Самиот Господ Исус Христос“ (Ефес 2, 20).

Токму на Тој камен темелник, на Господа Исуса Христа во Кого ја полагаме сета наша вера и надеж, денес се молиме неизмерно да ја излее својата благодат, да го благослови камен-темелникот за изградба на конак и да ни биде Помошник ова дело започнато од нашите раце во Негова слава што побргу да се изгради и освети.

ПОЧИТУВАНИ,

Сигурен сум дека со полагањето на камен-темелникот за изградба на овој конак на местото на стариот руиниран објект, како и со веќе започнати проекти за обнова на стариот конак и за конзервација и реставрација на фреските во манастирската црква „Пресвета Богородица“, постепено ќе се овозможат услови за непречено функционирање на манастирот, за развој на духовниот и монашкиот живот. За оваа голема обнова започната во овој манастир, најнапред Му благодарам на Бога за сите Негови благослови и дарови подарени на Лешок, а потоа и на сите Божји луѓе, кои на каков и да било начин помогнале со своите дела. Ја користам оваа прилика да се заблагодарам и на Неговото блаженство, кој оддели од неговото скапоцено време за да ја сподели оваа наша радост, благодарност и до браќата архиереи, кои исто така денес се заедно со нас. Голема благодарност до архитектите Искра и Владо Лековски за изработениот проект за изградба на овој конак. Искажуваме благодарност и до Комисијата за верски прашања, до Управата за заштита на културното наследство и до Националниот конзерваторски центар за нивната институционална поддршка, како и до Градоначалникот и Советот на општина Теарце за разбирањето и одобрението за градба. Секако благодарност и на моите соработници, на манастирското братство и до сите Вас браќа и сестри, кои одвоивте од Вашето време и дојдовте овде во Лешок да бидете учесници и сведоци на овој свештен чин.

На крај, би ве замолил сите заедно да ги упатиме нашите молитви кон Севишниот Бог и да се помолиме ова започнато дело, набргу да го завршиме и осветиме за Божја слава.

НЕКА Е БЛАГОСЛОВЕНО ОСВЕТУВАЊЕТО
И ЗА МНОГУ ГОДИНИ!

ЦРКОВНА КНИЖЕВНОСТ:

ТЕТОВСКО – ГОСТИВАРСКА ЕПАРХИЈА

ЗА СУДБИНАТА НА ЦРКОВНОТО КНИЖЕВНО НАСЛЕДСТВО ОД ТЕТОВСКО-ГОСТИВАРСКАТА ЕПАРХИЈА

ПРОФ. Д-Р ЃОРГИ ПОП-АТАНАСОВ,
АКАДЕМИК

Во минатото, на територијата на денешната Тетовско-гостиварска епархија постоел исклучително богат и добро организиран црковен живот. Ваквата состојба особено доаѓа до израз во текот на XIV век кога е формирана Полошката епископија и се изградени повеќе цркви и манастири. Во некои од тие манастирски центри и црковни храмови се формирани скрипториуми, во коишто се пишувани црковни книги за потребите на црковното богослужение или се формирани богати библиотеки со старословенски ракописи. Подоцна овие црковни библиотеки се збогатени со старопечатени црковни книги – главно венецијански изданија од XVI век, и руски печатени книги од подоцнежниот период (XVII – XIX век).

Богатите библиотеки на полошките цркви и манастири, притоа, мошне рано го привлекле вниманието на домашните и странските колекционери. Уште во 1845 година познатиот руски колекционер и научник Виктор Григорович имал намера да ги посети црквите и манастирите во Скопскиот и Полошкиот регион. Еден немил настан, меѓутоа, го спречил да ја реализира својата намера. Имено, кога се наоѓал во Велес и се подготвувал да тргне за Скопје, бил нападнат од толпа муслимани и одведен на сослушување кај месниот бег. Исплашен од настанатата ситуација Григорович го променил планот и наместо кон Скопје и Полог, заминал за Штип и преку Радовиш, Струмица и Петрич, се вратил во Серес, каде што било неговото главно престојувалиште.

Имајќи го предвид фактот дека Григорович не успеал да ги посети црквите и манастирите во Скопскиот и Полошкиот регион, други двајца руски колекционери – архимандритот Антонин Капустин и Александар Гилфердинг, ќе ги посетат црквите и манастирите во овој дел на Македонија.

Архимандритот Антонин Капустин во 1865 година, кога бил старешина на руската црква во Цариград, поминувајќи низ Пелагонија и Демир Хисар, дошол во регионот на Горна Река и тука посетил повеќе селски цркви. Од црквата „Св. Атанасиј Александриски“ во селото Ничпур, притоа, тој зел едно пергаментно евангелие украсено со минијатури на светите евангелисти и друга орнаментика во неовизантиски стил (заставици и иницијали). Врз последниот лист од евангелието (183[6]) архимандрит Антонин оставил своерачен запис, во којшто е засведочено потеклото на ракописот: „Из Румелїи, окружїя Дебарскаго, общины Стрезимира Ничпура храма св. архїепископа Афанасия Великаго“. Денес ова македонско пергаментно евангелие се наоѓа во Руската национална библиотека во Санкт Петербург, каде што е предадено заедно со другите ракописи од збирката на архимандрит Антонин Капустин во 1899 година.

Кратко време по архимандрит Антонин, во 1868 година, во Македонија доаѓа и Александар Гилфердинг. Тој претходно бил руски конзул во Сараево и во 1857 година посетил повеќе цркви и манастири во Босна и Херцеговина, Црна Гора и Косово и од нив зел повеќе старословенски ракописни книги. За време на ова негово второ патување низ Балканот, негова преокупација било црковното книжевно наследство на македонските цркви и манастири, од коишто тој исто така успеал да присвои повеќе десетици старословенски ракописни книги. Во славистичката наука овие ракописи се познати како „Македонска колекција“ на Александар Гилфердинг, за разлика од „Српската колекција“, составена од ракописи што Гилфердинг ги собрал во 1857 година.

Во однос на Полошкиот регион, вниманието на Гилфердинг било насочено, пред сè, кон библиотеката на Лешочкиот манастир „Св. Атанасиј“, бидејќи бил добро информиран за дејноста на Кирил Пејчиновиќ и неговото книгољубие, и очекувал тука да најде ракописни книги од исклучителна важност, што и се случило. Доволно е само да споменеме дека оттука тој зел два пергаментни минеја (едниот од XIII, а другиот од XIV век), во кои се зачувани преписи од химнографски литературни дела на св. Климент Охридски, со негови авторски потписи во вид на акростих: канон за Успение Богородично, Канон за св. Ефтимиј Велики, Канон за св. Симеон Богопримец и единствениот препис од Втората (Климентова) служба на словенскиот просветител и архиепископ Моравски св. Методиј.

Од библиотеката на Лешочкиот манастир Гилфердинг зел и еден обемен зборник од 457 листови, познат во науката како Кичевски зборник, бидејќи бил лична сопственост на Пејчиновиќ уште од времето на неговиот престој во Кичевскиот манастир „Св. Пречиста“. Зборникот е со исклучително богата содржина; покрај текстовите поврзани со црковното богослужение, во него се поместени, исто така, две слова на св. Климент Охридски (Поучение за четвртата недела на Великиот пост и Поучение за Светите тајни), патерични раскази, слова од истакнати црковни писатели, житијни текстови и апокрифи. Меѓу апокрифите, притоа, се наоѓа и единствениот зачуван препис од македонски апокрифен летопис, настанат во текот на XI век.

Од Лешочкиот манастир Гилфердинг зел и други ракописи, меѓу кои е и една „Диоптра“ на Филип Монотроп, пишувана од Матеј Слепченски во 1563 година, која била лична сопственост на еромонахот Арсение Маркович. Освен тоа, голема е веројатноста од Лешочкиот манастир да потекнува и пергаментниот богослужбен зборник бр. 8 од „Македонската колекција“ на Гилфердинг, којшто претставува своевидна антологија на прозното и поетското творештво на св. Климент. Во него, покрај двете Климентови слова (за Воскресение Лазарово и за Цветници), има дури осум негови литературни творби од жанрот на црковната поезија – пет канони посветени на Св. Троица, светите апостоли Петар и Павле и св. Јован Крстител и три стихири, исто така посветени на св. ап. Петар и Павле и св. Јован Крстител. Покрај овие засведочени химнографски литературни дела на св. Климент, во овој исклучително важен македонски ракопис има уште два канона за Св. Троица и еден циклус оригинални троични стихири со акростих кои што, не е исклучено, исто така да припаѓаат кон литературното творештво на св. Климент Охридски.

Меѓу ракописите во Хлудовата збирка на Државниот историски музеј во Москва има и едно евангелие, коешто во подалечното минато било сопственост на тетовската црква „Св. Никола“. Станува збор за богато илуминиран ракопис, пишуван во 1548 година од истакнатиот слепченски книжевник Висарион Дебарски. Ракописот е подарен на црквата „Св. Никола“ во 1749 година од тетовчанецот Јанкула, што е засведочено во негов своерачен запис врз првиот лист од евангелието: „Сија светаја и божественаја книга глаголемое евангелие тако да се има знати преложи аз именем Јанкула от град Тетово. Сија книга евангелие да служи в храм светаго архиепископа Мирилекискаго чудотворца Николаја за своју душу и его родители оца Веселин мати Кито Крсте. В лето господне 1749“.

Тетовскиот крај и посебно Лешочкиот манастир, подоцна го посетуваат и повеќе други колекционери и проучувачи на старословенската писменост и книжевна традиција. Посетите стануваат особено чести по формирањето на Бугарската егзархија и бугарската држава, кога повеќе Бугари ги посетуваат црквите и манастирите во овој македонски регион. Така, кон крајот на XIX и почетокот на XX век Лешочкиот манастир го посетуваат бугарите Атанас Шопов и Јордан Иванов. Атанас Шопов првин бил главен секретар на Бугарската егзархија во Цариград (1884 – 1897), а потоа бугарски трговски агент (1897 – 1908) и бугарски генерален конзул во Солун (1909 – 1913). Тој од Македонија зел повеќе ракописи, меѓу кои има и два по потекло од Лешочкиот манастир – едно пергаментно евангелие пишувано во 1342 година и познатиот Лешочки поменик, во којшто меѓу другото се содржат и историски податоци поврзани со обновувањето на Лешочкиот манастир од страна на Кирил Пејчиновиќ. Овие Лешочки ракописи сега се наоѓаат во Одделот за ракописни и старопечатени книги на бугарската Национална библиотека „Св. св. Кирил и Методиј“ во Софија.

Што се однесува до Јордан Иванов, тој под превезот на бугарски трговски агент, неколку години вршел истражувачки активности во Македонија, при што го посетил и Лешочкиот манастир и во неговата библиотека регистрирал повеќе ракописни книги. Меѓу регистрираните од него ракописни книги се наоѓаат: познатиот минеј со запис за сардисувањето на манастирот во 1905 година, толковен псалтир со записи од 1620, 1737 и 1788 година,

Волковскиот минеј за февруари од 1550 година, житие и служба на кнез Лазар, пишувани од Арсение маркович во 1841 година според текст на Кирил Пејчиновиќ и др. Дали Иванов зел ракописи од Лешочкиот манастир не ни е познато, меѓутоа, познато е дека овој бугарски научник успеал да формира солидна збирка од 36 македонски ракописи, кои долго време ги држел во својот кабинет во зградата на Софискиот универзитет, а по пензионирањето ги предал во Научниот архив на Бугарската академија на науките, каде што се чуваат и денес.

Ова отуѓување на македонското црковно книжевно наследство продолжува и во наредниот период. Така, за време на Првата светска војна, кога Македонија е под бугарска административна власт (!), специјални комисии ги посетуваат црквите и манастирите во Полошкиот регион и одземаат повеќе десетици ракописни и старопечатени црковни книги од нивните библиотеки. Како пример, ќе посочиме дека само од црквите во Гостивар и неговата околина во тоа време се собрани и однесени во Бугарија дури 23 ракописи. Денес овие македонски ракописи се сопственост на бугарската национална библиотека „Св. св. Кирил и Методиј“ во Софија.

Последните ракописи од библиотеката на Лешочкиот манастир ги земаат во периодот меѓу двете светски војни претставници на Српската православна црква и тие сега се наоѓаат во српската патријаршиска библиотека и во Музејот на СПЦ. Во Музејот на Српската православна црква, на пример, се идентификувани два ракописа по потекло од Лешочкиот манастир – цветен триод од 1514 година со повеќе записи од Кирил Пејчиновиќ и минеј од 1622 година со опширен запис за сардисувањето на манастирот во 1905 година за време на празникот Успение Богородично. Два ракописа со лешочко потекло има и во библиотеката на Српската патријаршија – псалтир од XVI и зборник од XIX бек, пишуван на македонски народен говор. Во српската Патријаршиска библиотека, најверојатно се наоѓа и Волковискиот минеј од 1550 година којшто, со уште неколку ракописи е донесен од Кучевишкиот манастир „Св. Архангли“ во Лешок од Кирил Пејчиновиќ. Патувачката судбина на минејот од Волковија добро е опишана во запис на Арсение Маркович врз првата корица од ракописот: „По запустение монастирја светаго великомученика Георгија јаже в подкрилие Сухие гори, сиреч В’лковскиј монастир, бе книга сија во Скопско во монастир светаго Николае лета 175; и по запустение его пребист в монастир светиј Архангел паки лета 100. По том игумен Лешечкаго монастирја принесе ју во Долни Полог по обновление Лешечкаго монастирја светаго Атанасиа. Положи ју во свој манастир во лето 1825. И бе игумен тој Кирил иеромонах от село Теарце и негов по плоти отец Пимен монах и Пименов по плоти брат Далмант монах постријжен во Светују гору во Хилендаре“.

Освен во овие две белградски црковни институции, ракописи по потекло од Лешочкиот манастир има и во Народната библиотека на Србија и Универзитетската библиотека „Светозар Марковиќ“. Во белградската Универзитетска библиотека се наоѓа ракописот „Чуда на св. Богородица“, земен од Лешочкиот манастир од српскиот Скопски митрополит Јосиф Цвијовиќ и подоцна предаден од него во оваа белградска библиотека, додека во Народната библиотека на Србија со лешочко потекло е еден зборник од 1804 година, кој претходно бил сопственост на манастирскиот искушеник Милосав Станкович од Тетово. Ова го дознаваме од своерачниот запис на

Милосав на л. 122[6]: „Сија книга Милосавоа. От град Тетоски се пресели у манастир Лешочки свети Атанасија Александриски при егумена Кирила еромонаха. Има надежда во монашество пребити со божија помошт. И купи книга сија за 40 гроша у лето от Рождества Христова 1845 у месјац септевриа 20 ден. И мои године са биле у тоа време кад су купил оваја книга 45 лета. От Арсенија еромонаха от Теарце Марковича. Не хотја продати еа; моленија ради даде ју Милосаву Станковичу. Буди ему в помошт светаја Богородица, амин“.

Во црквите и манастирите на Тетовско-гостиварската епархија, колку што ми е познато, денес нема скоро ништо од богатото книжевно културно наследство што во минатото се наоѓало на територијата на оваа македонска епархија. Единствено располагам со библиографски податок дека во тетовската црква „Св. Кирил и Методиј“ има два ракописа: псалтир од 1806 година и нотиран осмогласник пишуван од тетовскиот учител Владо Атанасков во 1920 година. Дваесетина нови ракописи, главно мали фрагменти, кои биле додадени кон печатени црковни книги, собрале од црквите на Тетовско-гостиварската епархија и екипи на Народната и универзитетска библиотека во Скопје и тие сега се наоѓаат во ракописната збирка на оваа наша библиотека. Станува збор, меѓутоа, за ракописни фрагменти без особено значење, бидејќи се препишувани од руски печатени книги. Единствените стари ракописи по потекло од Тетовско-гостиварската епархија што останале во Македонија се Вруточкото евангелие од XIII – XIV век и Леуновското евангелие од XVI век. Вруточкото евангелие е сопственост на Добривое Поповски, кој е по потекло од Вруток, и е депонирано на чување во Националната и универзитетска библиотека во Скопје, додека Леуновското евангелие се наоѓа во библиотеката на нашиот Богословскиот факултет.

Мораме да заклучиме дека ова е само бегол поглед врз црковното книжевно наследство по потекло од Тетовско-гостиварската епархија. Има ракописи што потекнуваат од оваа епархија на МПЦ, коишто се од особена важност за нашето црковно минато и заслужуваат поопстојно проучување. Таков е на пример, еден зборник најден во Тетово и предаден во белградската Народна библиотека од Јордан Хаџи Константинов-Џинот во 1879 година, потоа еден апостол пишуван во времето на кралот Волкашин од еромонахот Михаил од гостиварска Лешница за поп Михо од Дебреше, и особено зборникот што српскиот археограф Љубомир Ковачевиќ го купил од гостиварски свештеник во 1902 година.

Зборникот е од XVI век и содржи Кодик на Охридската архиепископија со преписи од решенијата на Црковниот собор, одржан во Охрид во 1529 година, на којшто е осудена расколничката дејност на смедеревскиот епископ Павле. Во Кодикот се поместени и писмата на источните патријарси (Александриски Јоаким, Антиохиски Михаил, Ерусалимски Јосиф и Цариградски Еремија) до Охридскиот архиепископ Прохор, во коишто тие му даваат целосна поддршка за зачувување на територијалната целовитост на Архиепископијата.

ПЕРГАМЕНТНО ЕВАНГЕЛИЕ ОД ЦРКВАТА „СВ. АТАНАСИЈ" ВО СЕЛОТО НИЧПУР, МИНИЈАТУРА НА ЕВАНГЕЛИСТ МАРКО, Л. 27⁵

ПЕРГАМЕНТНО ЕВАНГЕЛИЕ ОД ЦРКВАТА „СВ. АТАНАСИЈ" ВО СЕЛОТО НИЧПУР, Л. 28ᴬ



ЗАПИСОТ НАТЕТОВЧАНЕЦОТ ЈАНКУЛА ОД 1749 Г., Л. 1⁵



ЗБОРНИК ОД 1804 Г. ОД ЛЕШОЧКИОТ МАНАСТИР, Л. 123ᴬ

ПЕРГАМЕНТЕН МИНЕЈ ОД XIV В. ОД ЛЕШОЧКИОТ МАНАСТИР, Л. 2ᴬ



ЕВАНГЕЛИЕ ОД XVI В. ПОДАРЕНО НА ЦРКВАТА „СВ. НИКОЛА" ОД ТЕТОВЧАНЕЦОТ ЈАНКУЛА, Л. 2ᴬ



ЗАПИС НА МИЛОСАВ ОД ТЕТОВО ВО ЗБОРНИКОТ ОД 1804 Г. ОД ЛЕШОЧКИОТ МАНАСТИР, Л. 122⁵

ЛЕУНОВСКО ЕВАНГЕЛИЕ, XVI В., Л. 6ᴬ

ЦРКОВНА УМЕТНОСТ:

ТЕТОВСКО – ГОСТИВАРСКА ЕПАРХИЈА

ЧУДОТВОРНАТА ИКОНА НА ПРЕСВЕТА БОГОРОДИЦА ОД АПОСТОЛОТ ЛУКА ОД ЦРКВАТА ВО ВРБЕН – МАВРОВСКО

ПРОФ. Д-Р САШО ЦВЕТКОВСКИ
ИЦКН "ЦВЕТАН ГРОЗДАНОВ"
ПРИ МАНУ

Во живописните предели на Мавровскиот регион распослани се десетина села кои пленат со впечатливата архитектура на селските куќи, но и монументалноста и раскошноста на селските цркви. Повеќето од црквите се изградени во XIX век и чуваат бројни и се уште непознати и непроучени уметнички дела од времето на Преродбата, во доменот на фрескоживописот и иконописот. Тоа го потврдија и нашите теренски истражувања изминатите години, кога посетивме повеќе цркви и во рамките на нашите поставени цели евидентиравме значајни уметнички дела.

Во оваа прилика, нашиот интерес го насочуваме кон една сосема непозната икона на Дичо Зограф од црквата „св. Никола“ во селото Врбен. Тоа е икона на „Чудотворниот образ на Богородица“ насликан од апостолот Лука, единствена во неговиот иконописен опус, но единствена и во уметноста на XIX век во Македонија. (сл. 1-2)

Во средишниот дел на иконата кој е издвоен и врамен со барокно изведена рамка со мотив на кринови, опкружена од ангели и букети на расцутени рози, насликани се Богородица, апостолот Лука, иконата на Богородица Милостива, апостолот Јован и три млади жени кои ја придружуваат Богородица. Тие се претставени пред градба со трем на четири столпци и отворен портик низ кој, во далечината се гледаат ведутиу на град со куќи и цркви и високо звоници. Иконата која апостолот Лука ја принесува на Богородица, сигнирана е Милостива (**милостива**) насликана со глава благо приклонето кон лицето на малиот Христос ($\overline{\text{ic}}$ $\overline{\text{xc}}$) кого го носи на десната рака. Богоро-

дица над мафорионот има црквена наметка богато украсена со цветни мотиви и царска круна на главата од отворен тип. Христос на себе има хитон, со левата рака благословува, а во десната носи отворен свиток со испишан текст: Дх҃ъ Гд҃нъ намнѣ егѡ̀ же ра́ди помаꙁамѧ вж годѣ ..нти нам посла́мѧ.

Околу иконата на Бгородица Милостива, од едната страна е апостолот и евангелист Лука (с҃ : Лꙋка) во долг зелен хитон и црвен химатион, кој е благо приклонет и со двете раце ја понесува иконата кон Богородица (м҃р ѳ҃ꙋ) која е насликана на спротивната страна во преден план, облечена во својот традиционален темносин хитон и црвен мафорион со развиен свиток во левата рака со кој покажува кон апостолот Лука, а десната рака ја има подигнато во висина на градите. На отворениот свиток е испишан текст Бл҃года́тъ изъ менѐ родившагосѧ и҆ моѧ̀ бꙋди на сѐй і҆ко́нъ. Богородица ја придружуваат три женски претстави кои мирно и побожно го следат настанот како и младиот апостол Јован. Претставата е сигнирана: Ст҃ы́мъ а҆́пс҃ломъ лꙋко́ю написа́на і҆ко̀на и҆ принесе́на ко прес҃ый Бдцы.

Барокната рамка е носена од ангели, а на средината од горната страна е насликан и еден престол, глава на ангел со крила и над него круна од затворен тип во форма на камелафкион. Долниот дел од иконата, каде вообичаено се испишувале приложничките ктиторски записи, годината на сликањето и потписот-автографот на зографот, целосно е оштетен со отпаѓање и нагорување на сликаниот слој на иконата.

И покрај тоа што на иконата не е сочуван ктиторски натпис и потпис на зографот кој ја сликал, стилско-ликовните особености укажуваат на дело од опусот на Димитрија Дичо Зограф. Тематски и иконографски, веќе нагласивме, иконата е единствена во неговиот иконописен опус, но и во уметноста и времето на Преродбата од XIX век во Македонија.

Се поставува прашањето на иконографските прототипови и предлошки кои Дичо ги користел кога ја сликал иконата од Врбен. Најпрвин би напомемале дека одредница со опис и упатство за сликање на оваа тема не ги содржат ни сликарските прирачници, ерминиите на Дичо Зограф.[1] Меѓутоа, истражувањата покажаа дека непосредни аналогии се наоѓаат во современата графичка продукција на хартиени икони од средината на 19 век. Графичките отпечатоци и воопшто графиката како медиум во уметничкото создавање е една од битните особености на уметноста од доцниот среден век, посебно XVIII-XIX век. Бакрорезни и литографски плочи и отпечатоци кои понекогаш достигнувале и поголеми тиражи биле лесно преносливи, барани и ценети еулогии меѓу верниците, за што сведочат и големиот број на сочувани примероци отиснувани во типографиите на Венеција, Цариград и Света Гора.[2] Во овој период посебно се издвојува графичката продукција на Света Гора, каде што во XIX век функционирале неколку ателјеа и типографии. Тоа Светогорско графичко наследство е обемно и во голема мера согледано и проучено.[3]

Но графичките предлошки кои Дичо ги користи се од друга провиниенција и потекнуваат од типографиите на Цариград и Атина. Прототипот кој

1 С. Цветковски, *Дичо Зограф Ерминија* (1844 г.), Скопје 2019, passim.

2 За ова опширно со голем број на сочувани примероци D. Papastratos, Paper Icons, vol. I-II, Athenes 1990.

3 D. Papastratos, *op. cit., passim;* Д. Давидов, Хиландарска графика, Београд 1990; Idem, Светогорска графика, Београд 2004, 15-79, 127-231.

Дичо непосредно го користи е графиката од 1848 година, отпечатена во Цариград од непознат гравер- литограф, иако одредени амблематични симболи укажуваат на познатиот сликар Никола Глики. Литографијата е нарачана од Неофит, игумен на царскиот ставропигијален манастир на Богородица Кикос на Кипар, а самото настанување на иконата било под надзор на архимандритот Софрониј.[4] (сл. 3) Композицијата, содржината, барокната рамка, ангелите и букетите на расцутените рози, средишниот мотив со иконата на Богородица Милостива, распоредот и поставеноста на фигурите на Богородица, апостолите Лука и Јован Богослов, трите девојки кои ја придружуваат Богородица, положбата на нивните тела, како и натписите на свитоците е идентично на двете икони. Се има впечаток дека Дичо врз цртежот на графичкиот отпечаток ја слика својата икона.

Неколку години подоцна, во 1851 година, мајсторот Јоанис Платис ја изработува другата графичка икона,[5] со малку модифициран, но потполно идентичен во однос на централниот мотив: евангелистот Лука ја принесува иконата на Богородица. (сл. 4) Освен апостолот и иконата на Богородица Кикос, идентично се претставени и Богородица која ја прима иконата, апостолот Јован и трите девојки зад нејзе.

Бидејќи на иконата од Врбен, а исто така и на графичките листови, иконата која апостолот Лука ја принесува на Богородица е сигнирана Милостива-Елеуса-Кикос, накратко би се задржале на култот на оваа икона поврзана со времето на апостолите и посебно манастирот Кикос на Кипар. Иконата, како и самиот иконографски тип во Византија, но и подоцна во времето на османлискиот период уживала голема почит, бидејќи преданието ја поврзува со неколкуте чудотворни икони што ги насликал апостолот Лука, а по барање на Богородица уште за време на нејзиниот живот. Токму затоа и неговата претстава е присутна на нашата икона, како и на скоро сите копии и реплики на овој иконографски тип. Дичо иако иконата Богородица ја сигнира Милостива, потенцираните иконографски особености јасно укажуваат на Богородица Кикоска. Култот на оваа икона се шири од манастирот на Богородица Кикоска на островот Кипар. Преданијата кои наоѓаат потврда и во историските извори, говорат за византискиот цар Алексеј I Комнен како основач и ктитор на манастирот, заедно со дуксот на островот Кипар Михаил Вутаминат.[6] Во нивно време се гради манастирот, и чудотворната икона од Цариград и манастирот Влахерна се пренесува на Кипар во нејзиниот манастир, каде се негува и од каде се шири нејзиниот култ, а иконографскиот тип на Елеуса-Кикоска ќе биде основа за оформување на неколку познати икони на Богородица со различни епитети: Фобриотиса, Портаитиса, Хрисројатиса, Аксиос Естин.[7]

4 D. Papastratos, op. cit., 508, No. 542.

5 Ibid, 509, No. 543.

6 Б. Миљковић, *Житија светог Саве као извори за историју средњевековне уметности*, Београд 2008, 71-72, n. 151.

7 Е. Попова, *Реинтерпретации на чудотворната икона на Св. Богородица от Кикос в Българската живопис од края а 18-19 век*, Проблеми на изкуство 4, (1998), 32-40; М. Татић-Ђурић, Чудотворне иконе Богородице на Светој Гори Атонској, Четврта казивања о Светој Гори, Београд 2005, 48-54; A. Semoglou, Le voile “miraculex” de la Vierge Kykkotissa et l’ icône du “miracle habituel” de Blachernes: un cas d’ assimilation dans l’ iconographie byzantine, Cahier Balkaniques 34, Paris 2006, 15-29; E.N. Tsigaridas, L’ icône de la Vierge “Sxion Estin” du Prôtaton et ses copis, ЗРВИ 44/2, (2007), 341-351; B. Miljković, La vie de saint Sava de Srbie par Domentijan et les cultes des icons Athonites Thaumaturdes de la Vierge, Byzantion LXXVII, Bruxselles 2008, 316-326, fig. 2-4. А. Трифонова, Неизвестна икона на

Иконографскиот тип Елеуса – Кикоса оформен во XII век, својот подем го бележи во XVI-XVII век на Кипар, додека на Балканот и на Света Гора од XVIII век. Токму од овој период се сочувани многубројни графички, хартиени икони со претстава на Богородица Елеуса-Кикос. Во доцниот среден век, игумените и архимандритите на манастирот Кикос на Кипар нарачуваат, стануваат ктитори на неколку бакрорезни и литографски графички икони кои печатени во голем тираж и во многу отпечатоци, лесно се пренесувале и ширеле низ православниот свет, а посебно Света Гора, Цариград и Ерусалим.[8] Неколку икони од типот на Елеуса-Милостива-Кикос се дел од уметноста и иконописот на Македонија од XIX век.[9]

Иконата од Врбен не само што го збогатува тематскиот и иконографски опус на делото на нашиот најзначаен и најплодотворен зограф од XIX век Дичо Зограф, туку ги проширува и нашите знаења за сложените процеси на творењето, ученоста на сликарите, користењето на прототипови на постари дела од друга провиниенција, информираноста и вклученоста во современите уметнички текови на Балканот од XIX век.

СПИСОК НА ИЛУСТРАЦИИ:

СЛ. 1.
икона, Црква Св. Никола, Врбен, Дичо Зограф

СЛ. 2.
икона, Црква Св. Никола , Врбен, детал

СЛ. 3.
графичка икона 1848 г. (според D. Papastratos)

СЛ. 4.
графичка икона 1851 г. автор Јоанис Платис (според D. Rapastratos)

Богородица Хрисороатиса в црквата Св. Богородица в Ловеч, Patrimonium.mk 9, Skopje 2011, 277-281, fig. 1-6, 9.

8 D. Papastratos, *op. cit., passim.*

9 С. Цветковски, *Неколку непознати икони од XVIII век во црквите на охридска Дебарца и Кичевско*, Patrimonium.mk 9, (2011), 247-251, сл. 11-15.

проф. д-р Сашо Цветковски ИЦКН “Цветан Грозданов” при МАНУ

СЛИКИ

1

2

3

4

ДЕЛОТО НА ЗОГРАФОТ ДАНАИЛ НЕСТОРОВ ФРЧКОСКИ ВО ТЕТОВСКО И ГОСТИВАРСКО

ДЕЈАН КРАТЕВСКИ,
ЗОГРАФ И КОНЗЕРВАТОР-РЕСТАВРАТОР

Нашата студија, во поширока смисла, се однесува на целокупниот живот и творештво на зографот Данаил Несторов Фрчкоски кој во нашата наука и историја на уметност е недоволно истражена личност и неговото дело е недоволно проучено. Почнувајќи од идејата за негова афирмација и збогатување и преоткривање на богатото културно наследство на нашата земја, го направивме овој труд во полза на вреднувањето на делото на зографот Данаил Несторов и добивање на негово заслужено место помеѓу великаните на сликарството во нашата култура и историја.

Прв пат со неговото дело се сретнавме во црквата Св. Атанасиј во Брвеница -тетовско, поточно во старата црква која што сега е реконструирана и обновена. При реконструцијата и обновата на црквата во која што веќе имаше постоечки стари фрески, се појави потреба од рушење на некои ѕидови и куполата од постоечката (стара) црква. Водени од благородната идеја и грижата за зачувување на старите фрески, што е за пофалба во секој случај, црковниот одбор не повика и не ангажираа да ги реставрираме и зачуваме фреските. Во оваа ситуација утврдивме дека единствен начин за да се зачувуваат фреските беше да се извадат (трансферираат) од постоечките ѕидови и да се стават на нова носечка основа. Уште тогаш забележавме дека се работи за сериозен зограф, со забележлива своја оригиналност и мајсторија, кој никако не смее да биде незабележан и да остане на маргините од историјата на сликарството.

Од страна на нашето ателје Серафим, беше направен трансфер на Пантократорот во куполата, четирите евангелисти под куполниот простор во сводот на црквата *(слика 1)* и една фигура на архиерej во цел раст (веројатно се работи за Св. Атанасије и треба да се потврди автентичноста на натписот). Исто така, целиот иконостас заедно со иконостасните икони, иконостасниот крст и двете рипидии лево и десно од него, беа демонтирани и извадени со цел реставрација на сите елементи. Владичкиот трон на кој имаше една икона од Данаил беше демонтиран со нив, со цел за негова реставрација. Во црквата остана само нетрансферирана централната олтарна апсида која што архитектонски се вклопува во новиот проект на црквата. Во поглед на реставрацијата и извршените реставраторски зафати, со завршување на истата ќе биде приложена комплетна детална реставрациона документација, фотодокументација и опис на сите објекти. Сите икони и фрески во црквата Св. Атанасиј во Брвеница *(слика 2)* се дело на зографот Данаил Несторов Фрчкоски, освен една икона која што дефинитивно не беше дел од оригиналната серија на икони од иконостасот, но беше ставена како замена. Месното население немаше сеќавање кога и зошто тоа се случило. Иконостасот е изработен од дрво и резба со флорални мотиви на лоза, кринов лист, гулаби и друго.

Во олтарната апсида претставена е Богородица Ширшаја со Христос, од лево и десно по еден ангел *(слика 3.0 и слика 3.1)*. Од литургистите претставени се четири, од лево кон десно се во оригинален натпис: Св. Максим (Св. Максим Спрски Архиепископ Влахозадпланински), Св. Василије (Св. Василиј Велики), Св. Јован (Св. Јован Златоуст) и Св. Григорије (Св. Григориј Богослов).

Важно да се забележи е дека во 1995 година врз овие фрески е правена реставрација од страна на уметникот Павле Кузмановски, за што сведочи и месното население како и запишан податок за тоа кој во оригинал гласи: ,,адаптирано и реставрирано 1995 г. лето“. Со овој реставраторски зафат направени се санации на некои пукнатини, ретуш (пребојување) комплетно на Христос, делумно на фигурата на Св. Јован и на други места, и важното е да се потенцира дека натписите на литургистите беа повторени, а кај натписот на Св. Максим беше на ново ставен натписот Св. Наум, кој што беше откриен при чистењето, каде што имаме и фотодокументација за тоа *(слика 4.0 и слика 4.1)*. Причините за таквата корекција се непознати.

Претставата на Св. Максим Српски во олтарот помеѓу литургистите е нестандардна, но изборот да се наслика може да се објасни со фактот дека се чествува на ист ден како и Св. Атанасиј Велики, како и фактот дека Македонија во тој период била под политичка и црковна управа на тогашна Србија. Ликот на Св. Максим Српски е насликан и во олтарот помеѓу литургистите и во црквите Св. Кирил и Методиј и Св. Никола во Тетово. Наша претпоставка е дека ова би можело да биде личен избор на зографот, бидејќи одреден период од животот работел, односно творел и сликал во Влашко и Романија, каде што и овој светител поминал дел од животот, кој е славен и почитуван во Влашко и Романија, па оттаму Данаил Несторов го донел и зачувал неговиот спомен. Друга претпоставка е желбата на ктиторите.

Оригинален потпис не најдовме никаде на никоја икона и фреска, а и подоцна истражувајќи го неговото дело заклучивме дека многу ретко остава личен потпис, што кажува за неговиот карактер како скромен и смирен творец, за што сведочи и писателката Дивна Богоева која лично го познавала.

Сепак неговото име се појави со демонтажата на иконостасот, на грбот на самиот иконостас, но не може да се каже дека е направен од него лично, заради тоа што до неговото име веднаш стои податокот за реставрацијата од страна на Павле Кузмановски. И името и податокот се направени од ист фонт букви и истата боја, па тешко може да се тврди дека тоа е од Данило. Значи, или Кузмановски се има надоврзано на веќе оригиналниот потпис или тој го има запишано името на Данило Несторов. Пронајдениот натпис на иконостасот гласи: ,,Живописец Данило Несторовски од Галичник 1930 г. л”.

Во секој случај, нема сомнеж дека иконите и фреските се дело на Данаил, за што имаме запишани публикувани податоци од два релевантни извори. И двете претставуваат кажувања на самиот Данаил. Од овие два извори ги добиваме и основените биографски податоци за него. И двата извори се еден вид интервјуа на самиот автор во веќе поодминатa возраст. Едниот извор е обемниот и многу добро познат труд, познат на научната јавност, на бугарскиот историчар Асен Василиев ,,Български възрожденски майстори’’. Тоа е еден вид кратка лична биографија за Несторов и за местата каде има тој работено (види страна 224, Асен Василиев ,,Български възрожденски майстори’’). Другиот извор е доста пообемен, а и самиот по себе има и литературна вредност, а тоа е приказна за зографот од Дивна Богоева, дело создадено 1941/42 година, а издадена како мала публикација во книга со наслов ,,Зографот Данаил Несторов Фрчкоски’’ издадена во 2004 година. Дивна Богоева, позната македонска писателка која и лично го има познавано зографот во поодминатa возраст, во ова свое дело дава многу податоци за неговата лична биографија и околностите во кои растел, создавал и творел Данаил. Ова дело не претставува просто запишување и редење на податоци само документарно, туку на свој начин авторката ги прераскажува кажувањата на дедо Данаил, како што таа го нарекува. Со својот литературен талент таа го опишува неговиот живот, фамилијарната среќа, како и политичките околности во периодот во кој е правено ова дело, почетокот на зимата 1941 година. Благодарејќи на Дивна Богоева и нејзината идеја за зачувување на споменот на Данаил, сега имаме доста информации и податоци за него. Се надеваме овој наш труд ќе помогне и ќе се надоврзе на таа идеја за зачувување на споменот на Данаил, како и за афирмација на неговото дело.

Дивна Богоева кажува дека кога тие разговарале со дедо Данаил во 1941 година, тој има над 85 години (види страна 10, Дивна Богоева ,,Зографот Данаил Несторов Фрчкоски”). Асен Василиев запишал дека Данаил е роден во 1870 година (види страна 224, ,,Български възрожденски майстори”). Овие два податоци што се однесуваат на годината на неговото раѓање се разминуваат. Субјективно, мислиме дека поверодостоен е податокот на Богоева, бидејќи по кажувањата на самиот Данаил, во 1877 година заминал со својот татко во Грција. Ако ја земеме за точна годината 1870, тогаш Данаил имал седум години, што е малку веројатно дека на таа возраст татко му ќе го земе како чирак. Кај Дивна Богоева стои податок дека е починат во 1949 година, а погребан во гробиштата во Бутел, во Скопје, така да податокот за точната година на неговото раѓање може да се провери таму.

Зографот Данаил Несторов е од познатиот род Фрчкоски. Син на познатиот живописец Нестор Трајанов, внук на Трајан Негриев и правнук на Негриј Блажев, сите познати мајстори, иконописци и резбари кои што рабо-

теле ширум Балканот. Данаил со татко му Нестор прво заминал за Грција, а подоцна за Влашко и Бугарија. За нивната дејност во овој регион делумно може да се најде во публикуваниот труд ,,Дебърски майстори във видинската епархия"том први од авторите Иванка Гергова, Елена Генова, Иван Ванев и Маја Захариева. Асен Василиев го има запишано како Данаил (Натанаил) Несторов. Се сретнал со него во Скопје во 1942 година, кога Данаил веќе бил изнемоштен и со изгубен вид. До 1912 година, практички едната половина од животот, Данаил работел во Бугарија и Влашко, Романија и Србија. До 1908 година се учел во тајфата на татко си Нестор, работејќи во Грција, Бугарија и Романија (види страна 222, Асен Василиев ,,Български възрожденски майстори'') заедно со брата си Негриј, повремено враќајќи се во родното место.

Негова прва самостојна работа е во црквата Пресвета Троица, Плевен во 1900 година, изработувајќи ги иконите со помош на неговите братучеди Алексо Василев и Овентиј Исачев, а надгледувани од Нестор како најстар мајстор. Во Плевен, во црквата Св. Параскева ја изработил и иконата за владичкиот трон. Во 1904 година ги прави фреските во црквата Св. Петар и Павле во Кула. Потоа работел во плевенските села Николаево, Врбица, Волчидрум, Одрне и Катуница се до 1908 година. Работи и во селата Садовец, Махалата, Брест, Гиген, Гигенска Махала. Потоа работи во градот Лом, поточно во црквите Св. Богородица и Св. Никола Нови. Следуваат иконите во Ново село, Видин и фреските во црквата Св. Никола и иконите во црквата Св. Димитриј во Видин. Работи и во селата Антимово, Шеф, Гомотарци, врачанското село Зверино, коларовградското село Војвода, силистраското село Баштина и тројанското село Бел Осум. Потоа работи во црквите во Заечар и Неготин - Србија (види страна 24, Дивна Богоева ,,Зографот Данаил Несторов Фрчкоски").

Во екот на балканските војни одлучува конечно да се врати во Македонија и се населува во Гостивар, и никогаш потоа нема да ја напушти Македонија. Во Тетово и Гостивар има работено во 36 цркви. Во тетовско и гостиварско слободно може да се каже дека оставил огромен белег и на некој начин неговите дела го одбележуваат овој регион со неговата мајсторија, каде ги нема во другите делови на сегашна Македонија. Неговата активност тука и неговиот углед кој го имал, а секако со неговиот талент се несомнени и забележани, а тоа може да се заклучи по тоа дека бил ангажиран на многу места. Веднаш по враќањето во Македонија, од 1912 година тој непрекинато работи во гостиварско и тетовско.

Работи во тетовската црква Св. Кирил и Методиј во 1925 година, иконостасните икони се изработени од него со доста големи димензии *(слика 5)*, Пантократорот со четирите евангелисти и Богородица Ширшаја со два ангели *(слика 5.1)*, 4 литургисти во олтарната апсида, едно Распетие во десната ниша кај ѓаконикот, лево во проскомидијалната ниша Христос со путир, целивната икона на Св. Кирил и Методиј која и сега стои на централната целивална е негова. Фреските во црквата имаат оштетувања, особено во олтарната апсида, иконите и другите фрески се во релативно добра состојба, со забележливо потемнување на поставениот лак. Во малата гробна црква Св. Димитриј во Тетово, иконостасните икони се изработени од него, а првично не најдовме запис за времето кога се направени. Иконите се со потемнет лак и со забележливи пукнатини скоро на сите икони. Од него има фрески и

во црквата Св. Никола во Тетово, целата олтарна апсида е дело на неговата рака. Преставува интересна композиција Богородица Ширшаја и два ангели лево и десно, *(слика 6)* под која се наоѓа Христос Велики Архиерej на трон и од неговата десна и лева страна по три фигури на архиереи. Состојбата на фреските во олтарната апсида е доста лоша. Сериозно потемнети, со загуби и одделување на живописниот слој од sидот кој не е завршен. Во црквата Св. Кузман и Дамјан во село Једуарце, иконостасните икони се од него *(слика 7 и слика 7.1)*, две фигури на архиереи во наосот Св. Сава и Св. Никола, еден Христос и престава ва Св. Стефан Дечански во олтарот, и над влезната врата има престава на Св Кузман и Дамјан која е доста оштетена со тек на времето. Освен малата фреска над влезната врата од која има останато речиси само контурите и фигурата на Св. Никола на јужниот sид која е сериозно оштетена, другите фрески и икони се релативно зачувани со потреба за промена на лакот. Годината на изработка на иконите е 1931 . Во село Жилче, во црквата Св Никола, покрај фрески работени многу покасно, поточно во овој век, фигурите од целиот наос во првиот ред се дело на Данаил *(слика 8)*, како и иконата на владичкиот трон, иконостасните икони и Христос во проскомидијалната ниша во олтарот, работени во 1925. Фреските и иконите се во добра состојба со потемнување на стариот лак. Во Сараќино, во црквата Успение на Пресвета Богородица иконостасните икони се од него, фигурите во наосот, веројатно и пантократорот бил негово дело, кој покасно е пресликан, пророците, Богородица Ширшаја со два литургисти во олтарот и иконите на владичкиот трон, сите изработени во 1923 година. Иконите и фреските се во добра состојба, но со потемнување од стариот лак. Работел и во село Волковија на црквата Св Мина, во село Милетино и секако во Брвеница.

Во Гостивар работи во црквата Св. Богородица заедно со познатата академска сликарка од Русија Олга Бенсон. Подоцна тој работи со неа и во Скопје, најверојатно во црквата Св. Архангел Михаил, каде подоцна со реновацијата во потполност се уништени фреските. Во гостиварските села работи во Галате, Врбјани, Тумчевиште, Горно Јеловци, Турчане, Бањица, Тајмиште и манастирот Св. Симеон во Симница.

Многу важен податок којшто го откривме и кој до сега не го сретнавме никаде во истражувањето, е тоа дека фреските од манастирската црква која настрада во конфликтот во 2001 година, Св. Атанасиј Велики во с. Лешок се негово дело. Кај Асен Василиев стои дека Данаил има работено и во манастирот Св. Атанасиј, но не се споменува и посочува дека се работи за Лешочкиот манастир. Истото, како податок го наоѓаме и кај Дивна Богоева, каде стои дека работел во манастирот Св. Атанасиј. Но од фотографиите кои се останати и до кои стигнавме ние, несомнено се работи за Данаил Несторов. Пантократорот, Ширшаја Небес, веројатно и литургистите и сите иконостасни икони, како и двете фигури над влезната врата, несомнено биле од Данаил, што се заклучува по самата нивна анализа, колоритот, цртежот, манирот на работа итн. *(слика 9.0 и слика 9.1)* Судбината на овие фрески засега на нас ни е непозната, надевајќи се дека одговорните лица и институциите ги направиле неопходните зафати за нивно зачувување, што во овој случај тоа би било нивно востановување и трансферирање на останатото од нив.

Во реконструираната црква сега има останато само една икона од Данаил, а тоа е Христос Велики Архиерej на Владичкиот трон, кој заедно со

иконата е останат неоштетен. Во припратата има останато оригинални фрески од зографот Теодос Колоски од 1962 година. Кај Асен Василиев останат е податок дека Данаил има работено во манастирот во 1929 година, додека пак од други извори кои што имаат пишувано за Лешочкиот манастир се кажува дека првите фрески, Пантократорот и Ширшаја со иконостасот и владичкиот трон се завршени во 1932 година. Секако периодот се поклопува со дејноста на Данаил во тоа време во тетовско, така да можеби самата работа траела повеќе години. Ова разминување на годините можеби има врска и со проблемите околу нејзиното осветување. По податокот од Митко Поп Спировски кој што говори за црквите во Лешок, се пишува дека имало спор на кого да биде посветена црквата и со тоа се доцнело за нејзино осветување. Двете фигури над влезната врата кои што биле оригинално насликани се Св. Атанасиј Велики и Св. Маченик Кнез Лазар. Името на Данаил не е споменато и во многу други трудови поврзани со Лешочкиот манастир. Не е спомнат и во поголемата монографија за Лешочкиот манастир, каде што се прави опис на првите насликани фрески и Пантократорот, од кого не најдовме фотографија каков изгледал. Името на Данаил Несторов како автор на првите фрески и икони во црквата Св. Атанасиј во Лешок, во нашето проучување не најдовме дека било каде е спомнат во некој труд, публикација и слично во врска со Лешочкиот манастир. Тој факт по малку зачудува, како може неговото име да остане настрана и да не се спомне, особено кога се работи за културно историски објект со огромно значење. За жал и несреќната околност од 2001 година и рушењето на фреските останува како огромна загуба за нашето културно наследство.

Данаил Несторов, освен со мали исклучоци, речиси и да не е споменуван во историјата на уметноста на Македонија и покрај неговото големо и богато творештво кое е од големо значење за нашето културно наследство. Зографот Данаил Несторов Фрчкоски е спомнат во делото ,,Папрадишки, Андонов и Ванѓеловиќ“ на Антоние Николовски, во една реченица, каде што е спомната неговата година на раѓање и дека работел во Св. Кирил и Методиј. Внимание му има посветено и Славица Алексова со својата изложба - Македонското профано сликарство, направена во 2013 година, каде неговото дело масло на платно ,,Томино неверие“ го става редум со великаните на македонското сликарство од 19-от почеток на 20-от век. Исто така, Мелетије Брковски-Мијак му посветува текст во кој говори за неговата биографија, податоци за неговата творечка активност и значајност на неговото дело. Накратко кажано, на жалост, делото на зографот Данаил Несторов е сеуште недоволно истражено.

Данаил уште од рана возраст го учи занаетот со неговиот татко Трајан, и како член од неговата тајфа почнува да го покажува огромниот талент и самостојноста во работата создавајќи свој личен пат, манир и сликарски потпис. Неговата генијалност се состои во тоа што тој иако немал академско образование како други свои современици, на пример Папрадишки, Зографски, Андонов и Ванѓеловиќ, тој твори во веќе владеачкиот стил - академизам. Тој не само што не заостанува зад нив, туку во многу аспекти ги надминува. Од сите негови направени дела се гледа дека тој поседува монументален талент на кого многу повеќе му лежи монументалното сликарство. Данаил Несторов особено многу добро се снаоѓа во поширок простор, смело и умешно совладувајќи го просторот со јасни и прецизни потези. Тој

комплетно се ослободува од стилот на работење на неговите предци, на татко му и на тогашниот стил и начин на работа. Колоритот што го користи е смел и богат, цртежот му е јасен, точен и анатомски коректен, а во својот манир на работа сликарските решенија ги изведува со мајсторски потези, сигурни, без повторувања и грешки.

Исто така, неговата мајсторија и оригиналност се забележува во тоа што тој ја користи и текстурата од малтерот на ѕидот, кој го користи за да добие живописен ефект, односно тој користи техника која што ретко се користи и потешко може да се постигне. Во однос на цртежот и композициите, никаде не користи еден шаблон или буквално копирање на ликовите. Секаде каде што работел во црквите се трудел творечки да се ангажира и да биде оригинален во секоја црква посебно. Работи единствено со маслена техника и од нашите набљудувања не најдовме дело и податок да има изработено во друга техника.

Неговиот колорит и живописни ефекти, како и играта на светлината и сенката на неговото сликарство, се рамнат со западно-европското сликарство, како од порано, така и од неговото време. Примери за тоа има многу, но доколку би требало да издвоиме, би го посочиле примерот во црквата Св. Кирил и Методиј во Тетово, која што всушност претставува едно ремек дело во пошироки рамки на западно-европското сликарство, кое што во себе содржи дури и барокни елементи. Друг пример е Панторатороторот во црквата во тетовското село Волковија, иконостасните икони во тетовското село Јадуарце итн. Останат е ненадминат од многу негови колеги кои што работеле и твореле и по неговата смрт. По усно предание, тој бил учител на многу сликари во Бугарија, како и по кажување на старите мијаци, бил учител и на големите сликари како Личеновски кои му помагале во работата во гостиварко и тетовско.

Неговото целокупно творештво кое што има огромна важност, како по обем така и со естетски квалитет, претставува алка која што недостасува во континуитетот на историјата на сликарството во Македонија. Во некои од многуте места каде работел зографот Данаил Несторов, бевме и на лице место да ги видиме неговите дела, се со цел за нашиот иден проект, правење и издавање на детална монографија на неговиот живот и дело. Се надеваме дека оваа наша мала студија ќе придонесе за афирмација на неговата личност и дело, и се надеваме дека што поскоро ќе можеме да ја реализираме нашата идеја за негова голема монографија. Со тоа нашиот народ и наука ќе биде збогатена со уште едно дело, со уште еден великан кој имал голем придонес во културната историја на нашата земја.

Дејан и Тања Кратевски
Ателје „Серафим“

СПИСОК НА ИЛУСТРАЦИИ

СЛИКА 1
Трансфер на стари фрески во црква Св. Атанасиј, Брвеница, јули 2019 година

СЛИКА 2
Иконостасот и иконите изработени во1930 година од зографот Данаил Несторов, Св. Атанасиј, Брвеница

СЛИКА 3.0
Етапи од чистењето и реставрација на фреските во олтарот во црква Св. Атанасиј, Брвеница, мај 2020 година

СЛИКА 3.1
После чистење иреставрација на фреските во олтарот во црква Св. Атанасиј, Брвеница, мај 2020 година

СЛИКА 4.0
Фигурата на Св. Максим во олтарната апсида пред чистењето со натписот ,,Наум“ во црква Св. Атанасиј, Брвеница, мај 2020 година

СЛИКА 4.1
После чистење на фигурата и натписот во црква Св. Атанасиј, Брвеница, мај 2020 година

СЛИКА 5.0
Иконостас, црква Св. Кирил и Методиј, Тетово

СЛИКА 5.1
Богородица Ширшаја со два ангели, црква Св. Кирил и Методиј, Тетово

СЛИКА 6
Богородица Ширшаја , олтарна апсида, црква Св. Никола, Тетово

СЛИКА 7
Иконостас во црква Св Кузман и Дамјан, Једоарце

СЛИКА 7.1
Фигурата на Св Сава преставена на северниот ѕид во Св. Кузман и Дамјан, Једоарце

СЛИКА 8
Фигури на Св Кирил и Методиј во наосот, Св. Никола, Жилче.

СЛИКА 9
Богородица Ширшаја од олтарната апсида од манастирската црква Св. Атанасиј, Лешок, пред рушењето

СЛИКА 9.1
Иконостасот со иконите од манастирската црква Св. Атанасиј, Лешок, пред рушењето

1


2



3.0

3.1

4.0

4.1

5.1

5.0



6

7

9

7.1

8



9.1

ЕКЛИСИОЛОШКО-ЛИТУРГИСКОТО ЗНАЧЕЊЕ НА ХРАМОТ БОЖЈИ

АСС. М-Р КИРЧЕ ТРАЈАНОВ, ЃАКОН

Влегувајќи во православниот храм се соочуваме со неговиот мистичен амбиент. Пред нас се открива еден поинаков, пријатен, близок и возвишен свет, чија таинственост ја доживуваме. Храмот е *симво́л* на натсетилната духовна стварност на Царството Божјо во кое човекот, а преку него и сиот создаден свет заедничари со Триипостасниот Бог. Во литургискиот простор на храмот се вкрстува и објавува троедната тајна на Бог, човекот и светот. Како што човекот и космосот по својата природа имаат богојавленски (теофаниски) карактер, така и храмот е *ме́сто* на богојавление (θεοφάνια). Храмот е *ме́сто* каде што се остварува најблиската средба и заедница на човекот со Бога, а преку човекот и на сиот космос со Бога. Во него продолжува да се извршува *та́јната на спасе́нието*, подготвена од вечноста за човекот и светот. Според Божјата љубов, слобода и премудрост, Сокриениот се открива, Недостапниот се дарува, Невидливиот станува видлив, Синот Божји станува Човек. Токму во, и преку тајната на Христовото воплотување, онтолошката предиспонираност на човекот и космосот да Го примаат Бога и да сведочат за Него, односно да бидат *храм Божји* се остварува во Црквата Христова. Во таа смисла, свети Максим Исповедник за космосот и човекот говори како за потенцијална црква–храм. Според библиско-светоотечкиот светоглед човекот го зазема централното место во креацијата на Бога. Во него се обединува и проникнува двоедниот

духовно-материјален свет. Христос, примајќи (воипостасувајќи) ја неделиво и без мешање севкупната човекова природа, индиректно за Своја плот го прими севкупниот космос. Антрополошко-космолошките и теолошки димензии на храмот се откриваат и актуализираат во христолошко-литургиски контекст. Храмот е литургиски центар на космосот од којшто преку Светиот Дух се распростира и шири спасоносната сила на Христа врз сето создание.[1] Храмот е централно место на Христовото делување, бидејќи во него се служи Литургијата на која се случува принесувањето на даровите (лебот и виното), нивното благодатно претворање во тело и крв Христови и причестувањето на верниците со нив.

Интелектуалниот тип на верник кој христијанството го прифаќа како философски (рационален) поглед на светот и *моралистичкиот тип* на верник кој главниот акцент го става на социјалната појава на верата, не ја согледуваат суштинската потреба од храмот. Но, христијанската вера не е теоретска спекулативна философија без егзистенцијално значење, а Црквата не може да биде редуцирана на социјална установа. Таа е Богочовечка заедница во која се случува обновувањето на падната човечка природа и спасението на луѓето. Христијанската вера има, пред сè, богослужбен (литургиски) карактер. Затоа, автентичното поимање на храмот е неразделно од Литургијата. Всушност, храмот, најкратко и наједноставно кажано, постои заради Литургијата. Неговата смисла и значење имаат, пред сè, литургиски карактер. Оној што не ја познава Литургијата, односно не учествува во неа, тој не ја познава Црквата, а секако, не го разбира и значењето на храмот и потребата од него. Од самиот почеток на Црквата потребата од храмот е поврзана со учеството во Тајната над сите тајни – Светата Литургија (Евхаристија). Во *Дела на светите апостоли,* за првите христијани, читаме: „беа постојани во учењето апостолско, во општењето, во кршењето леб и во молитвите“– „Ησαν δὲ προσκαρτεροῦντες τῇ διδαχῇ τῶν ἀποστόλων καὶ τῇ κοινωνίᾳ, καὶ τῇ κλάσει τοῦ ἄρτου καὶ ταῖς προσευχαῖς“ (Дела 2, 42). Партиципот προσκαρτεροῦντες произлегува од προσκαρτερέω, што значи да се биде постојан (упорен, настојчив, истраен, верен, подготвен, предан) во извршувањето на одредена работа. Христијаните биле постојани во собирањето на *едно исто место* (επὶ τὸ αυτό) *заради* заедничката молитва и евхаристиското прекршување на лебот (Дела 2, 46). „Господ секој ден ја умножуваше Црквата со оние што сакаат да се спасат“ (Дела 2, 47). На ова место, во критичкото издание на новозаветниот грчки текст, наместо „Црква“ стои „επὶ τὸ αυτό“. Во апостолско време, но и подоцна, овој израз се користел како синоним за евхаристиското собрание, односно за самата Црква. Таа се идентификува како собрание на *едно исто место* заради учество во трпезата Господова. Всушност, Црквата се поистоветува со конкретно евхаристиско собрание. „Од првите дни после Педесетница, да бидеш во Црквата или да си дел од Црквата значело да учествуваш во евхаристиското собрание. Каде е евхаристиското собрание, таму е Црквата, каде е Црквата таму е и евхаристиското собрание“.[2] Не случајно, во светоотечката книжевеност изразот Σύναξης, често пати, без какво било појаснување ја означува Евхаристијата, а самиот назив за Црквата на грчки е ἐκκλησία – собрание.[3]

1 Димитрије Станилоје, *Духовност и заједница у Православној Литургији*, Београд 1992, 32.

2 Н. Афанасьев, *Трапеза Господня*, Рига 1992, 10.

3 Во овој контекст треба да биде напоменато дека зборот црква (церков) доаѓа од κιριακόν – дом Господов. Филолошка анализа за ова погледни кај Василий Васильевич Болотов, *Лекціи по исторіи древней Церкви, Введение в церковную исторію,* С. – Птеребургъ 1907, 11-13.

Од вкупно 80 места во Новиот Завет на кои се користи изразот ἐκκλησία некаде околу 57 места се однесуваат на Црквата како собрание на одредено место.[4]

Од насушната потреба за собирање на христијаните *на едно исто место* заради Христа, природно се појавила и потребата од храмот Божји. Во него, членовите на Црквата се собирале заради заедничка молитва и заедница со Христа. Од самиот почеток, постоењето на христијанската вера не може да се замисли без собирањето во храмовите, во кои верните, принесувајќи *духовни песни и молитви* (Ефес. 5, 19), се утврдувале во верата и од рацете на епископот (или од свештениците, а во старо време и од ѓаконите) ја примале светата Причест. На секоја Литургија, христијаните ги потврдувале својот идентитет, својата припадност кон Црквата, ја зацврстувале својата заедница со Христа и го претвкусувале Царството Божјо.[5] Затоа, тие и кога се соочувале со најжестоките прогонства, сепак, не се откажале од редовното учество во евхаристиските собранија. Во првите три века прогонуваните христијани ги имале приватните домови, катакобите и гробовите на маченицте како места за литургиско собирање.[6]

4 Јован Зизиулас, *Јединство цркве у светој Евхаристии и у епископу у први три века,* Нови Сад 1997,55. Апостолот Павле, во своето прво послание *До Коринтјаните,* евхаристискиот собир го поистоветува со Црквата (Види: 1 Кор. 11, 18, 20; 14, 23). Имено, во неговите посланија поимот црква не се користи во апстрактна смисла, туку најчесто се однесува на одредена локална црква, односно на конкретен евхаристиски собир во одредено место. На пример: „Црквата Божја во Коринт“ 1 Кор. 1, 2; 2 Кор. 2, 1; спореди: Рим. 16, 1; Кол. 4, 16; 1 Сол. 1, 1; Дела 8, 1; 11, 22. За новозаветното идентификување на Црквата со евхаристиското собрание сведочи и изразот „κατ'οἶκον ἐκκλισία “– „домашна црква“ (Рим. 16, 4; 1 Кор. 16, 19; Кол. 14, 15; Филимон 2). Според мислењето на повеќето научници, овој израз се однесува на собирањето на локалната Црква во еден од домовите на нејзините членови, заради извршување на Евхаристијата. Употребата на поимот црква за приватниот дом во кој се извршува Евхаристијата не би била разбирлива, доколку не постоела свест за поистоветувањето на Црквата и евхаристиското собрание. Значењето на оваа идентификација на Црквата со Евхаристијата се засилува со тоа што во истиот контекст апостолот Павле ја употребува фразата „целата црква“ (Рим. 16, 23). За ова види: Н. Афанасьев, *Трапеза Господня,* 21-23.

5 Во древниот спис Дидахи (II век) на едноставен начин се изразува есхатолошкиот карактер на евхаристиското собирање: „Како што овој леб кој го прекршуваме (евхаристискиот леб, б. м.) бил расеан по горите и сега е собран и стана еден, така нека се собере Црквата Твоја од краевите на земјата во Царството Твое, бидејќи Твоја е славата и силата преку Исуса Христа во вековиˮ. *Дидахи IX*, 4.

6 Општо познато е дека Литургијата во првите векови била служена на гробовите на маченицте или барем таму каде што се наоѓале дел од нивните мошти. Неопходното присуство на мошти во Престолот на кој се извршува Евхристијата посредно е втемелено на зборовите од *Откровението* на свети Јован Богослов: „И кога го симна петтиот печат, под жртвеникот ги видов душите заклани заради словото Божјо и за сведоштвото што го имаа“ (Откр. 6, 9). *Откровението* Јованово првенствено е толкувано во светло на литургиската мистагогија, бидејќи дава опис на небесната Литургија. Затоа, се смета дека со овие зборови се дава упатство за земните олтари и ја истакнуваат врската меѓу Христовата жртва и жртвата на светите маченици. Чувањето на мошти на маченицте се разбира како нивно присуство во земната страна на Црквата, како манифестација на победата над смртта, дарена од Христа. Црквата ги почитува моштите на светите како храмови на Светиот Дух, во кои Бог благодатно присуствува. Чувањето и почитувањето на моштите, исто така, е тесно поврзано со верата во сеопштото воскресение. Чинот на осветување на храмот својата кулминација ја има во положувањето на свети мошти во светата Трпеза (Престолот) и нејзиното миропомазување. Седмиот вселенски собор, (7. правило) наспроти обичајот на иконоборците да осветуваат храмови без полагање на свети мошти, заповеда: „Кој ќе освети храм без свети мошти, нека биде расчинет, затоа што го престапил црковото предание“. Претходно, Картагинскиот собор (401 година) (83. правило) наложува да се разруши секој храм во кој не е положено или тело или маченички мошти. Во 31. правило на Трулскиот собор стои: „Клирици кои служат Литургија, или крштеваат во параклиси (ευκτήρια) што се наоѓаат во куќите, наредуваме тоа да го прават единствено

Литургијата има суштинско значење за постоењето на христијанскиот храм. Литургикоцентричноста односно христоцентричноста на храмот Божји е главниот богословски аргумент на црковното градителство. Црковната архитектура, фрескописувањето, иконописот, копаничарството се изродени во литургиски контекст заради служење на Бога. Сè додека постои литургиската жед за заедница со Христа и Црквата, ќе постои и христијанската ревност за храмот. Автентичната свест за уникатнoто значење на Литургијата го чува правилното поимање на храмот Божји. Православното Предание никогаш не го разгледува храмот независно од Литургијата. Без неа храмот добива музејска и културна вредност. Затоа, ќе нагласиме дека Светата Литургија не е едноставно една од седумте свети тајни, таа е Тајна над сите тајни. Нејзиното суштинско значење е неспоредливо поголемо од која било света тајна или молитвословие. Всушност, сите свети тајни и молитвословија извираат од Светата Евхаристија и повторно се *влеваат* (приведуваат) кон неа. Тие во Евхаристијата ја достигнуваат својата полнота. Евхаристијата е центарот и изворот на животот на Црквата. Без Евхаристија нема Црква и надвор од Црквата нема Евхаристија.

Поради тесната поврзаност на храмот со Литургијата, тој не е само дом за заедничка молитва на верниците упатена до Бог, затоа што Он не останува на далечна дистанца од нив, туку на нивниот повик одговара со Своето благодатно присуство и делување. Храмот е *место* на присуство и делување на Света Троица, „дом Божји“ (1 Тим. 3, 15). Народот Божји, возглавен од епископот, во храмот, на својата заедничка служба – Литургијата, благодатно учествува во Христовата крстна смрт, Неговото воскресение и Неговото вознесение и се причестува со пречистото тело на Христа и со Неговата чесна крвта, пролиена од љубов кон човекот и светот. Базичните еклисиолошко-литургиски начела се воплотени во формата и организацијата на храмовиот простор. Собирањето на народот Божји *на едно исто место*, односно во храмот и возглавувањето на литургискиот собор од страна на епископот се двата еклисиолошки елементи кои имаат суштинско значење за служењето на Литургијата. Литургијата има дијалошки карактер. Таа е богослужбен дијалог меѓу епископот (свештеникот) како возглавител на соборот и народот (лаосот) Божји. Соодносот меѓу претстојателот и народот Божји е изразен преку односот на олтарот и престолот, од една страна, и средишниот дел на храмот (*ναός*) односно бродот, од друга. Наосот е насочен кон олтарот, во него ги има својот крај и цел. Но олтарот постои единствено во однос кон бродот (наосот).[7] Самото име наос (брод) ја изразува идејата за

со дозвола на месниот епископ“. Никодим Милаш, *Правила Православне Цркве, с тумачењима, Књига I,* 1895, 510, 607-608. Првично, антимисите биле наменети за оние храмови или параклиси кои не биле осветени од страна на епископот, односно, во чиј престол не биле положени честици од светителски мошти. Поопширно за ова: Ненад Тупеша, „Литургијска употреба Антиминса, Покушај историјско-литургичке и богословске анализе“, *Годишњак Часопис Православног богословског факултета Универзитета у Источном Сарајеву Година XII*, број 12 – децембар 2013, 115-124.

7 Според свети Максим Исповедник, храмот е икона на духовниот и материјалниот свет, како и на човековата душа и тело. Олтарот е сличен на човековата душа, тие, заедно, го претставуваат она што е умно (духовно), а наосот и телото она што е сетилно, односно материјалното. Свети Максим Исповедник, *Мистагогија,* Призрен 1997, 176-179. Според толкувањето на свети Симеон Солунски, двата основни дела на храмот, (наосот и олтарот) ги симболизираат двете природи Христови. Наосот е симбол за видливата (човечка) природа, а олтарот на невидливата, Божја природа на Богочовекот Христос. Според светителот, храмот со своите два главни делови ги претставува уште и видливиот и невидливиот свет. Овие, пак, два дела, заедно со нартексот ја симболизираат Света Троица, уште и трите ангелски чинови, трите реда во Црквата (свештенството, верниците

Црквата како кораб Христов кој плови низ немирните води на историјата, а олтарот е челото на бродот, Кормиларот е Христос, а Негова благодатна икона е епископот.[8]

Во Литургијата, Црквата ја актуализира и открива својата вистинска природа. Таа станува, во најконкретна смисла, Црква – Богочовечко тело Христово, чија глава е Христос. Преку Светиот Дух, сите верни заедно стануваат едно евхаристиско тело Христово, а секој посебно член (орган) на истото тело. Христијаните постануваат Христови сотелесници. Во секојдневниот говор на христијаните поимите *храм и Црква* оправдано се поистоветуваат. Ние не велиме дека ќе одиме во храмот, туку во Црква. Оваа идентификација на храмот со црква на наједноставен начин сведочи за поистоветувањето на Евхаристијата и Црквата. Народот Божји, собирајќи се во храмот, се причестува со Христа и преку Светиот Дух станува Црква Божја – тело Христово (1 Кор. 12, 12, 27). За да се биде вистински член на Црквата, односно член на неразделното тело Христово, потребно е живо учество во Литургијата, која се извршува во храмот. Затоа, не е можно некакво апстрактно (интелектуално) единство со Христа и Црквата.

Материјалниот храм е образ (*символ*) на Црквата како тело Христово. Вистинскиот храм како дом Божји во кој благодатно престојува и делува Бог, всушност, го сочинуваат христијаните како *живи камења на зградата Божја.* Тоа е живиот (мистичен) храм составен од живите клетки на телото Христово, оживотворени од Светиот Дух. Бог преку Своите несоздадени енергии престојува во овој неракотворен духовен храм. Апостолот Петар пишува: „и вие сами, како живи камења, изградувајте од себе духовен дом, свештенство свето за да принесувате духовни жртви, кои му се на Бога пријатни преку Исуса Христа“ (1 Петр. 2, 5). Црквата освен како *народ Божји, и тело Христово* се именува уште и како *храм Божји, дом Божји, зграда Божја.* (Ефес. 2, 22) Самиот Спасител Христос говори за Своето тело како за неракотворен храм во кој се собира новиот народ Божји (Јован 2, 19, 21). Христијаните преку светотаинскиот и добродетелен живот се взидуваат во светиот храм на Господа, чии темели се поставени од апостолите и пророците, а аголен камен е Самиот Он (Ефес. 2, 20-21). Тие преку единството во верата, врската на благодатните дарови токму во светата Евхаристија, како најголем дар, се соединети со Христа, а преку Христа меѓу себе и со сета Црква. Преку заедницата

и покајниците), како и она што е земно, небесно и наднебесно. *Писания св. отцевъ и учителей Церкви относящися къ истолкуванию православнаго богослуженія,* „Сочінения Блаженнаго Симеона Архіепископа Өессалоникийкаго, Толкование о храмѣ...“ Санктпетербургъ 1857, 10-11.

8 Извршувањето на Светата Евхаристија надвор од храмот во обичен приватен дом („*οἶκος*“) е забранeто со 58. правило на Лаодикијскиот собор (околу 364 година). Трулскиот собор (691 година), со своето 31. правило, по икономија, допушта извршување на Евхаристија во таканаречниот молитвен дом („*εὐκτήριος οἶκος*“, „orationis domum“) нешто што е слично на приватен параклис, но само со изречно допуштање од страна на надлежниот епископ. Во времето на имераторот Јустинијан Велики (527-565) постоел сериозен проблем со подигањето на таканаречените „молитвени домови“ што по своја иницијатива ги граделе некои клирици, кои самоволно се одделувале од законските епископи, односно од соборната Евхаристија. Во врска со овој проблем имераторот ги издал 57. и 58. новела во 537 година, како и 67. новела, во 538 година. Во првите две новели се забранува изградбата на молитвени домови, а во последната (глава прва) тоа се допушта, но само со благослов на надлежниот епископ. Таму стои дека никој не може да подигне манастир, црква или молитвен дом без тие да бидат јавно осветени од епархискиот архиереј. Оние што градат без благослов на епископот не градат православни цркви, туку „незаконски пештери“, („speluncarum illicitarum“) кои се надвор од соодветното место („*σπηλαίων ἀτόπων*“). *Corpus juris civilis, Novellae, ed. Rudolfus Schoell,* vol. 3, (Berlin, 1959), 312-315; 344-345.

со Христа верниците повеќе не се изолирани индивидуи, туку личности кои преку благодатната љубов се оспособуваат за соборно заедничарење.

Храмот е одраз на соборната природа на Црквата Божја. Каде што е Христос (Евхаристијата) таму е и Црквата. Во секој евхаристиски собир се оприсутнува, во полнота, севкупната Црквата Божја, земната и небесната страна на Едната, Света, Соборна и Апостолска Црква. Во Преданието храмот се гледа како собор, како собирање на *небото и земјата*, на сето создание во Христа, што, всушност, е суштина и цел на Црквата. Христијаните се собираат во храмот за да се соединат со Христа, а преку Христа меѓу себе, со ангелите, со сите светии, со упокоените, со сета небоземна Црква во полнота. Храмот, со својата севкупност, сведочи за небоземната полнота на Црквата Христова. Тој иконично ја оприсутнува соборноста на Црквата и ги открива космолошките димензии на Литургијата. Она што Литургијата, богослуженијата и проповедите, како словесна служба го откриваат, се потврдува со иконата како *теологија во бои.* Меѓу литургиските молитви и чинови, од една страна, и иконографијата и архитектурата, од друга, постои цврсто еклисиолошко единство и хармонија преку која е изразена сета теологија како *живот според Христа* и *живот во Христа.* Литургијата, светите тајни и молитвословија, извршувани во храмот го воплотуваат сиот Божји домострој, *сè она што Бог го направил за нас и не престанува да го прави,* но го изразуваат и прославувањето, благодарноста, покајанието, прозбите на народот Божји, неговото очистување, просветување и обожение. Затоа, Литургијата е главниот критериум на христијанската побожност, а храмот е најдоброто училиште за христијаните. Натсетилната убавина на храмот е проникната со незаодната светлина на Царството Божјо. Не случајно, храмот Божји, отсекогаш, имал исклучително важна улога во *внатрешната и надворешната* мисијата на Црквата.

Денес, во името на секуларизираната индивидуалистичка религиозност се релативизира значењето на богослужението. Од различни страни, се слушаат гласови кои говорат против изградбата на црквите. Говорат дека не ни се потребни храмовите. Ваквите размислувања, за жал, не се карактеристични само за *надворешните* кои не ѝ припаѓаат на Црквата, туку и за некои номинални христијани, особено за оние кои иако никогаш вистински не ја напуштиле Црквата како свој дом, сепак се „надвор“ од неа. Но, како да ја објасниме ревноста на сите христијански поколенија кои со векови граделе нови храмови и ги обновувале старите. Во првите три века, прогонуваните христијани како место за литургиски собири ги имале приватните домови, катакобите и гробовите на маченицте. Подоцна, по донесувањето на Миланскиот едикт (313 година) биле градени храмови чија велелепност и архитектонски решенија претставуваат вистинско чудо во светот на градителството до денешни дни. Во историјата на православниот народ во Македонија се запазени примери кога христијаните ги исполнувале исклучително тешките барања на иноверната власт, само за да добијат дозвола за изградба на својот храм. Нашиот православен народ градел храмови во најтешките времиња од историското постоење на Црквата. Не случајно, откако османлинската власт дала дозвола за изградба на храмови, кон средината на XIX век во Македонија се случил подем во црковното градителство. Градењето на храмовите никогаш не запрело. Христијаните не дозволиле никакви надворешни услови *од овој свет* (политички, општествени, економски...) да ја попречат нивната градителска активност, нивната ревност за храмот. Литургијата била и останала да биде центарот на нивниот живот. Тие својот најдлабок идентитет како народ Божји го формирале во Литургијата, во храмот Божји. На крајот, уште еднаш ќе ја истакнеме непобитната вистина, еклисиолошката аксиома, изразена во опитот на црковното живеење, „сè додека постои литургиската жед за заедница со Христа и Црквата, ќе постои и ревноста за храмот Божји“.

ИКОНА, СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ

ХРИСТИЈАНСКИТЕ ВРЕДНОСТИ ВО ДЕЛАТА НА СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ

ДОЦ. Д-Р АНЕТА ЈОВКОВСКА

АПСТРАКТ

Свртувајќи се на делата на големиот словенски учител - свети Климент Охридски, во нив ќе пронајдеме многу размислувања и објаснувања за христијанските вредности. Всушност, најголемиот дел од Светиклиментовите слова и поуки се состојат од одделни појаснувања за суштината на вредностите кои се еднакво потребни да се стекнат и да се негуваат од страна на секој христијанин.

Неговите поучениија одиграле значајна улога во преобразбата на македонските христијани и позитивно делувале врз нивниот духовен и морален развој. Преку беседите, светителот настојувал да им разјасни на верниците некои основни принципи на христијанскиот морал. Ја оставил пораката до христијаните од сите времиња да бидат постојано во доброто и во исполнувањето на Божјите заповеди.

Денес, Светиклиментовите слова и поуки претставуваат извор на инспирација и пример за христијански подвиг и добродетелен живот.

КЛУЧНИ ЗБОРОВИ:

Христијански вредности, христијански подвиг, добродетели, спасение, духовен подвиг.

Во сите фази на формирање и развој на философијата, психологијата и педагогијата како важен објект за истражување се јавуваат вредностите на поединецот. Свеста и разбирањето на вредностите на теоретската основа во современиот свет е доведена во првите редови на научното знаење. Но, и покрај длабокото проучување, денес не постои единствена теорија која дава исцрпна идеја за овој проблем. Во литератур-

ните извори постојат повеќе од сто дефиниции за концептот „вредност“ кои нудат различни пристапи и аспекти на овој проблем.

За првпат се постави прашањето за вредностите од Сократ, кој го направи централна точка на неговата философија. Тој ја разбира вредноста како нешто што е добро и корисно. Во античката и средновековната философија прашањето за вредностите е директно вклучено во структурата на прашањето за битието: полнотата на битието се разбира како апсолутна вредност за една личност, изразувајќи во исто време етички и естетски идеали. Денес, под поимот универзална човечка вредност, теоретски се подразбира системот на аксиолошки максими, чија содржина не е директно поврзана со специфичен историски период во развојот на општеството или одредена етничка традиција. Тоа значи дека е присутна во секоја социо-културна традиција, се репродуцира со свое конкретно значење како вредност во било кој вид на култура.[1] Во христијанството, пак, вредностите се разбираат како апсолутно добро – тоа што е значајно во секој поглед и за секој човек. Тие не се ограничени само на евангелските заповеди и моралните правила, туку сочинуваат еден цел систем.

Општеството и културата почиваат врз вредносниот систем. Вредностите ја одредуваат и природата на самото општество, изгледите за неговиот развој и карактерот на човекот кој се развива под влијание на таа култура. Така, за да се разбере состојбата и изгледите за развој на современото општество потребно е да се анализира системот на вредности според кои тоа општество се води.

Денес, истражувачите на вредностите во современото општество се согласни во констатацијата дека постои криза на вредносниот систем. Вредностите добиваат индивидуалистички карактер. Едно лице, предводено исклучиво врз субјективни претпоставки, одлучува за себеси што е значајно; ја гради сопствената хиерархија на вредности и ја следи. Како резултат на ова индивидуално самоволие, не се случува само девијација на концептот „вредност“, туку честопати ниските интереси стекнуваат карактер на „повисоки вредности“ во животот на човекот, а во општеството се појавуваат неизбежни конфликти. Така на пример, една од вредностите на современото општество е солидарноста. Меѓутоа, ако ја погледнеме социјалната состојба во светот, која се развива како резултат на тековната економска криза, ќе увидиме дека главниот товар од економските последици го носат најмалку заштитените граѓани, кои напротив, треба да уживаат во поддршката на богатото население врз основа на принципот на солидарност. Така, високата вредност како што е солидарноста, всушност се покажа како декларативна, бидејќи во реалноста современото општество е водено од пониски вредности на корпоративните или индивидуалните интереси.

Во контекст на ова, критиката до современото општество е упатена поради фактот дека моралните и духовните вредности се поставени во втор план. А за да може општеството да излезе од кризата, неопходно е да се вратат овие вредности на нивното соодветно место во хиерархијата на општествени вредности. Хиерархијата на вредностите, која Шелер ја нарече „објективно Божјо откровение“, изградена е според принципот од материјално кон духовно.[2] Во оваа хиерархија на најниско ниво се поставени

1 Авалиани, С. Ш. *Природа знания и ценности*. Тбилиси: Мецние-реба, 2009, стр. 24.

2 Според Митрополит Кирилл. Норма веры как норма жизни. Проблема соотношения между

емоционалните вредности, потоа следат граѓанските, животните и културните вредности, а на самиот врв се духовните вредности. Само доколку се следи таквата хиерархија на вредности, која нема субјективен и индивидуален карактер, може да постојат изгледи за целосен и хармоничен развој.

Токму ваквиот систем на вредности, вкоренет во Бога, секогаш го проповеда христијанството. Принципот на хиерархијата на вредностите целосно е изразен во моќниот евангелски апел: „Но, барајте го најнапред Царството Божјо и Неговата правда и сè ова ќе ви се придодаде!“[3]

Благодарение на проповедта на Црквата за Христа се формирал христијански систем на вредности, а во него идејата за највисокото достоинство на човекот. На нашите простори, голем придонес за разјаснувањето на христијанските вредности дал свети Климент Охридски во неговите слова и поуки. Преку неговите проповеди верниците ја спознавале вистината како личност и како живот, како полнота на човечкото постоење во заедница со Бога, а не како гносеолошка категорија или само морална норма и императив. Затоа, овој голем просветител за словенските народи претставува „глас на Вистината“, „учител на моралноста“ и „патеводител на патот кон вечниот живот“. Поуките и словата кои ги напишал се актуелни и денес и имаат големо воспитно значење во контекст на христијанските вредности.

Тој на новокрстените и просветени членови на Црквата им проповедал дека треба да се исполнети со цврста вера во Бога, со постојана надеж во Бога, со страв Божји, со Божествена љубов, со духовна слобода, со духовна трезвеност и борба со искушенијата и гревот. Исто така, ги поучувал да се стекнат со кротост, смирение, верност, чесност, искреност, целомудрие, духовна дисциплинираност, справедливост и безпристрасност, како и со братско взаемно служење.[4] Верата, надежта и особено љубовта треба да суштествуваат во практичниот живот преку исполнување на Божјите заповеди, велел свети Климент, истакнувајќи ги важните христијански вредности.[5]

Во христијанскиот систем на вредности, најголемото добро, кое е извор на сите други вредности е откриената вистина за Пресвета Троица како апсолутно совршен Дух. Бог не се јавува само како апсолутен Разум и Семоќност, туку и како совршена Добрина и Љубов. Бог е љубов, вели свети Јован Богослов. Оваа вистина, потврдена со вековното духовно искуство, претставува највисоката алка во хиерархијата на вредностите, затоа што таа е извор на верата и појдовна точка во христијанскиот поглед на светот. Љубовта е од Бога, и секој кој љуби, е роден од Бога и Го познава Бога; кој не љуби, тој не Го познал Бога, зашто Бог е љубов. „Ако некој рече: ‚Го сакам Бога‘, а го мрази својот брат, лажец е: оти, кој не го сака својот брат, кого го видел, како може да Го сака Бога, Кого не Го видел?“[6] Земајќи ги предвид зборовите на светиот апостол Јован Богослов, свети Климент Охридски ги поучувал христијаните да негуваат во себе нелицемерна љубов кон ближните, велејќи им: „Еден со друг да се почитуваме со смирение и нелице-

традиционными и либеральными ценностями в выборе личности и общества. «Церковь и время», 2000, № 2 (11), стр. 203.

3 Според Лука 12, 31; Матеј 6,33.

4 Според Гроздановски Ратомир, протоѓакон, *Библијата во делата на свети Климент Охридски*, Свети Архиерејски Синод, Скопје, 2001, стр. 157.

5 *ibid.*, стр. 166.

6 1.Јов.4, 20.

мерие и со вистинска љубов.“[7] „Не со јазикот да љубите, а во срцето злоба да држите, туку и со срцето и со јазикот еден друг поголеми да се правите, за да бидете синови на Светлината.“[8] „Препашете се со добрина, со љубов, со кроткост, со чистота, со трезвеност и со милостина, зашто тие покриваат мноштво гревови.“[9] „Еден со друг да се натпреваруваме со добрина.“[10]

Кога Бог ги поучува Своите ученици велејќи им: „Бидете совршени, како што е совршен вашиот Отец небесен,“[11] Тој ги повикува, пред сѐ, да ги надминат сопствените ограничувања и сопствените мали претстави за највисоката морална вредност – вредноста на љубовта. Наспроти човековото разбирање за љубовта како однос со нашите блиски роднини и пријатели – оние кои ни ја возвраќаат љубовта, Христос ни заповеда да ги сакаме дури и непријателите, неправедните и злобните, односно Тој нѐ повикува да ја шириме својата љубов кон сите луѓе без исклучок. Во контекст на ова, свети Климент поучувал: „Не да имаме непријателство со никого; не да се сакаме со лицемерна љубов, туку еден со друг да се почитуваме од срце, за да бидеме синови на Севишниот и учесници во Царството небесно.“[12] Според неговите зборови можеме да заклучиме дека заповедта на љубовта во христијанството има безусловно, апсолутно значење и со тоа го надминува секој секуларен концепт за оваа вредност.

На ист начин, христијанското сфаќање за милосрдието како вредност е неизмерно подлабоко од секуларниот концепт за солидарност. Според зборовите на свети Глигориј Богослов, најубавиот дел од љубовта треба да биде љубовта кон бедните, ожалостените и оние кои страдаат, затоа што ниту едно служење не му е угодно на Бога како милоста.[13] Милоста е една од атрибутите на Бога кои ни се откриваат во Светото Писмо. Бог се открива Себе како милост и во самата смисла на паднатото човештво. И покрај постојаната разлика во социјалниот статус, сите луѓе, без исклучок се грешни и само со милост Божја може да се здобијат со спасителна благодат. Прифаќањето на оваа аксиома, односно осознавањето на себеси како сиромашни – оние кои имаат потреба од благодат е неопходен услов за влез во царството небесно, бидејќи во првото блаженство се вели: „Блажени се бедните по дух, зашто нивно е царството небесно.“[14] Христос го прави вечното спасение на верните директно зависно од активното служење на сиромашните со кои и се идентификува Себеси.[15] И уште вели: „Блажени се милостивите, зашто тие ќе бидат помилувани!“[16] Имајќи го сето ова во предвид, свети Климент Охридски многу често со своето дело, а и во своите проповеди ги повикува верниците да покажат милосрдие. Тој дал јасна

7 Свети Климент Охридски, *Собрани дела:* Поука за апостол Тома, стр. 8.

8 Свети Климент Охридски, *Собрани дела:* Поучно слово за раѓањето на Господ наш Исус Христос, стр. 84.

9 Свети Климент Охридски, *Собрани дела:* Поука за раѓањето на Пресвета Владичица наша Богородица, стр. 45.

10 Свети Климент Охридски, *Собрани дела:* Општа поука за недела, стр. 29.

11 Матеј 5, 48.

12 Свети Климент Охридски, *Собрани дела:* Поука на Рождество Христово, стр. 82.

13 Според Святитель Григорий Богослов, Слово 14: О любви к бедным, достапно на: https://azbyka.ru/otechnik/Grigorij_Bogoslov/slovo/14.

14 Матеј 5, 3.

15 Види Матеј 25, 34-40.

16 Матеј 5, 7.

и конкретна порака до верниците за милосрдието и давањето милостина, велејќи: „Возљубени чеда, и од своите плати да им даваме на бедните, да не го презираме сиромавиот кој умира од студ и кој е притиснат од голема немаштија.“[17] Светителот сметал дека кон верата е потребно да се придодаде и милостината со љубов, зашто таа возведува на небото и го дарува царството. Бидејќи оној кој милува сиромав, Му дава заем на Бога. Затоа свети Климент ги замолува верниците да не одминат без помош ниту гладен, ниту необлечен, ниту туѓинец, туку да ги примат во својот дом со љубов, бидејќи ако живееме праведно и бидеме милостиви Бог и нас ќе нѐ помилува.[18]

Според христијанската етика, по волјата Божја, Христос ги искупи гревовите на човештвото кога беше распнат на Крстот. Но, индивидуалното избавување од гревот за секој човек подразбира слободна волја изразена преку делата на покајанието на кои им претходат совесноста, чувството на вина и срамот. Така, покајанието во себе вклучува признавање на гревот и надеж за простување преку верата, кое може да биде претставено во форма на исповед, молитвена аскеза, доброволно прифаќање на епитимија, цврста волја за спротивставување на искушенијата и решителност за подобрување на однесувањето. На Бога, грешникот кој искрено се покајал Му е помил отколку праведниот човек исполнет со гордост. Не е случајно што покајаниот грешник стана првиот жител на рајот.[19] Оттука, покајанието се смета за многу важна христијанска вредност. Свети Климент, имајќи го тоа на ум, преку своите проповеди, постојано ги повикувал верниците на покајание: Покајанието е светилник на душата, велел светителот, него Бог ни го дал за лекување на душевните болести.[20] Тој, во своите беседи, укажувал дека паѓањето во грев се мие со солзите на покајанието. Многу често покајанието го поврзувал со солзите и говорел: „Со солзи измивајќи ги своите гревови, со пост очистувајќи ги душата и телото, со пост и молитва запалувајќи ги свеќите на душата, како што рекол Господ: ’Нека ви биде крстот препашан и светилниците запалени‘,[21] односно добрите дела.“[22] Тоа е вистинското покајание, кога ќе замразиме секаква неправда и ќе ја направиме одвратна за нас, а не да се враќаме на поранешните гревови, поучувал светителот.[23] Укажувал дека покајанието е пат кон вечниот живот и затоа се чести неговите повици кон покајание. Проповедал дека покајанието го доведува човекот во царството Божјо. Тоа е клучот за Царството и без покајание никој не може да влезе во него. Покајанието го нарекувал и „пат кој воведува во рајот“. За тој пат советувал да се држиме и на него да ги прицврстиме нашите нозе и стапки.[24] И уште советувал: „Не бидете мрзли-

17 Свети Климент Охридски, *Собрани дела:* Похвално слово за пророк Захариј и за зачнувањето на свети Јован Крстител, напишано од епископ Климент, стр. 38.

18 Свети Климент Охридски, *Собрани дела:* Поука за претпразненство на раѓањето на Пресвета Богородица, стр. 41; Слово за спомен на свети Димитриј, стр. 55.

19 Види Лука 23,43.

20 Свети Климент Охридски, *Собрани дела:* Слово за Света Троица, за создавањето на светот и за судот, стр. 167.

21 според Лука 12, 35.

22 Свети Климент Охридски, *Собрани дела:* Слово за Света Троица, за создавањето на светот и за судот, стр. 168.

23 Свети Климент Охридски, *Собрани дела:* Похвала на свети Николај чудотворец, стр. 223.

24 *ibid.*, стр. 224.

ви, туку очиствувајте се, зашто Бог не се радува на ништо друго така, како на човечкото поправање и спасение.“[25]

Бидејќи не постои покајание без вистинско смирение, во христијанството смирението се смета за една од важните вредности во животот на верникот. Смирението како спротивност на гордоста, се состои во тоа што човекот има убедување дека не поседува ништо свое, а го има само тоа што Бог му го дарил и дека не може да стори ништо добро без Божјата помош и благодат. Смирението е трезвено видение на себеси и има три различни манифестации:

а) Смирение по однос на Бога – тоа е согледување на сопствените гревови и надеж во Божјата милост, но не според сопствените заслуги. Смирението е желба да се потчиниме на светата и совршена Божја волја, бидејќи Бог е извор на секое добро. Оваа доблест се карактеризира со прифаќање на животните тешкотии и секојдневните проблеми без тага во срцето, а со зборовите: „Господи, нека биде Твојата волја!“ Сепак, смирението не е синоним за зборот „неактивност“ во однос на семејните и личните проблеми и неволји. Се разбира дека треба да бараме начин да излеземе од тешката состојба.

б) Смирени во однос на другите луѓе – тоа е отсуство на гнев и иритација дури и за оние кои се чини дека тоа го заслужуваат. Ваквата искрена незлобливост се заснова на фактот дека Бог го сака секој човек. Меѓутоа, смирението воопшто не значи допуштање на злото кога нашиот ближен страда од злобната намера на друг човек. Во таквата ситуација, спречувањето на насилството врз ближниот не е во спротивност со поимот „смирение“.

в) Смиреност во однос на самиот себе – човекот кој има смирение во однос на самиот себе не ги гледа недостатоците на другите луѓе, но совршено ги препознава своите недостатоци. Покрај тоа, во секој конфликт, ако тој навистина е виновен за било какво обвинување, па дури и за навреда предизвикана од неговото не-дејствување, тој секогаш е подготвен искрено да побара опростување. Присуството на смирение во срцето е потврдено со присуство на длабок и постојан душевен мир, љубов кон Бога и луѓето, сочувствителност кон сите, духовна тишина и радост, умеење да се сослуша и разбирање на Божјата волја.

Важноста на оваа христијанска добродетел не ја запоставил ниту свети Климент Охридски и ги поучувал христијаните на смирение, велејќи им: „Ние да се смириме, за да се прославиме, зашто оној што нема да се смири, не може да се прослави.“[26] Смирението е неопходно за верниците за време на постот. За оние што постат без смирение, светителот рекол дека градат куќа без кров. Секако, за време на постот, нашата дарежливост кон сиромасите треба да биде особено нагласена. Бидејќи да се пости, а да не се дава милостина, малку ползува.[27]

Свети Климент Охридски често им проповедал на верниците за очиствувањето на душата и телото преку постот и молитвата, кои се добри помошници во моралниот живот и подготовка за поклонување пред Христовите страдања. Постот е училиште за христијанските вредности. Преку него се учиме на покајание, молитва и добри дела. За немоќните и слабите и за нивниот однос кон постот, свети Климент ги потсетувал христијаните на евангелската парабола за работниците во лозјето, кои дошле во единаесеттиот час и примиле еднаква награда заедно со работниците од првиот час (според Матеј 20, 1-14).

Постот е добар советник на човекот, велел просветителот.[28] Неговата намена е да можеме набожно и со чистота да се собереме во црква, откако ќе го уништиме гневот и ќе ги очистиме телесните страсти, и ќе ги отфрлиме сите недолични дела, за да бидеме достојни со чисти усни и непорочно срце да се причестиме со телото Божјо.[29] Кога постиме, светителот напомнува дека не треба да се воздржуваме само од храна, туку и од клевети, од завист, од гнев, од јарост, од блуд, од горделивост, од злопамтење и од секакво зло.[30] Бидејќи добриот пост не е само откажување од храната: вистинскиот пост е отфрлање на лошите дела и раскинување на секаква неправедна врска.

Во системот на христијанските вредности, многу важно место ѝ се дава и на доктрината за уникатноста на човечката личност како бесмртно духовно суштество создадено од Бога според Неговиот образ и подобие. Во контекст на ова, свети Климент Охридски вака поучувал: „Браќа, потребно е секогаш да покажеме добар подвиг со вера и љубов, да напредуваме во примањето на законот Господов и да разбереме како сме создадени од небитие во битие.“[31] „Бог се нарече човек, за да бидеш ти наречен бог (по благодат). Бог се нарече Син човечки, за да бидеш ти наречен син Божји. Бог го зеде нашето, за да ни го даде Своето.“[32] Од неговите зборови можеме да заклучиме дека во рамките на христијанската доктрина за воплотувањето присутен е концептот на „човековата личност“ како вредност. Бидејќи Бог стана човек, човекот се стекна со бесконечна вредност, без оглед на неговата позиција во општеството, полот, националноста или бојата на кожата. Врз основа на ваквиот пристап кон човекот, ропството беше осудено и укинато, формирани се високи социо-политички стандарди на животот, утврдена е етиката на меѓучовечките односи и развојот на науката и културата. Освен тоа, концептот за човекови права се појави врз основа на христијанската доктрина за достоинството на човекот, неговата слобода и морален живот. Во христијанската патристичка антропологија, овие две категории – слобода и морал, секогаш се неразделно поврзани.

Вредноста на евангелските заповеди се определува со фактот дека тие ни се дадени од Бога како духовни закони чие исполнување нѐ носи во вечен живот. Тоа значи дека за да се здобиеме со вечен живот, ние треба овде на земјата да се потрудиме да живееме богоугодно, имајќи ги во себе сите христијански вредности. На тоа потсетува и свети Климент кога вели: „Браќа, да се потрудиме и ние со духовен подвиг, очиствувајќи ги своите души и тела со пост и со молитва, зашто времето веќе се наближи, носејќи од една страна старост, а од другата – смрт... да побрзаме да отфрлиме се-

25 Свети Климент Охридски, *Собрани дела:* Слово за Богојавление, стр. 279.
26 Свети Климент Охридски, *Собрани дела:* Поука за петтата недела од светиот пост, стр. 430.
27 Свети Климент Охридски, *Собрани дела:* Поука за втората недела од постот (втора редакција), стр. 414.

28 Свети Климент Охридски, *Собрани дела:* Поука за четвртата недела од великиот пост: Првична верзија, стр. 421.
29 Свети Климент Охридски, *Собрани дела:* Поука за претпразненство на рождество Христово, стр. 78.
30 Свети Климент Охридски, *Собрани дела:* Слово за недела сиропусна (Првична редакција), стр. 403.
31 Свети Климент Охридски, *Собрани дела:* Поука за крштението Господово – Богојавление, стр. 88.
32 Свети Климент Охридски, *Собрани дела:* Похвално слово за воздвижение на чесниот Крст, стр. 203.

каква злоба. Од нас зависи дали со злоба, со мрзеливост и сластољубие ќе заслужиме мака, или со чистота, воздржување и милостина ќе примиме вечен живот.“[33]

Стравот од Бога е посебна христијанска вредност. Таа е такво почитување на бесконечната светост на Бога и голема претпазливост да не се навреди Бог со повреда на Неговата Света Волја. Тоа развива посебна будност, смирение и непрестајна молитва кај еден христијанин. Христијанинот исполнет со страв од Бога секогаш Го воодушевува Бога, односно тој го смета гневот на Небесниот Татко како најголема несреќа за себе и затоа се обидува да не Го налути Господ Бог.[34] Кој го чувствува Божјото присуство во себеси, не може а да не го почувствува и стравот пред Него. Во Светото Писмо „стравот Господен“ се карактеризира како „почеток на мудроста.“[35] Мудроста, пак, се темели на верата во Бога и таа е неразделна од моралното совршенство на човекот. И свети Климент Охридски ги поучувал верниците да ја стекнат оваа христијанска вредност, велејќи: „Откако ќе отфрлиме секаков страв од луѓе, да направиме во себе место за стравот Божји. Да се просветлат нашите души и срца! Да бидеме постојано во пост, во чистота и љубов нелицемерна, во кроткост и послушание, воздржувајќи се од секакво зло и да се украсиме со добри дела.“[36]

Христијанското учење го открива големото значење и целта на човековиот живот – да се стекне блаженство во небесното царство. Свети Климент, пак, се потрудил да им го покаже патот на христијаните до небесното царство, велејќи: „ Да не се бориме против Бога, како некогаш Ирод. Дури, нешто и повеќе: да бидеме соработници на Бога, љубејќи Го Бога со сето свое срце и ближниот како себеси, како што рече Господ.[37] А наши ближни зар не се оние кои што покажале милост кон слепи, сакати, гладни, туѓинци, коишто Господ ги нарече свои браќа (Матеј 25, 35-36,40). И навистина, ако покажеме милост кон таквите, тогаш ќе ни се отворат и нам вратите на Царството (небесно), и без суд ќе нè воведат во рајот, ако не си ги затвориме самите ние со скржавоста.“[38]

Доктрината за спасението исто така зазема важно место во системот на христијанските вредности. На овој пат, Словото Божјо повикува на сеопфатно духовно подобрување: Бидете совршени како што е совршен вашиот Отец Небесен (Матеј 5,48). Ова се постигнува со комбинирано делување на божествената благодат и слободната волја на човекот.

Просветителот бара голем духовен подвиг од верниците со кој ќе го заслужат спасението;[39] А подвигот се состои од следново: да ги очистиме душата и телото со пост и молитва и да отфрлиме секаква злоба, бидејќи од нас зависи дали со злоба, со мрзеливост и сластољубие ќе заслужиме

33 Свети Климент Охридски, *Собрани дела:* Похвала на свети Климент, патријарх Римски, напишана од епископ Климент, стр. 74 и 75.

34 Според Никифор (Бажанов, Алексей Михайлович), *Иллюстрированная полная популярная библейская энциклопедия*: В 4 вып. / Труд и издание архим. Никифора. Вып. 1-4. - Москва, 1891-1892. - 4 т.; 28.

35 Псалм 110,10, Изреки 1,7; 9,10.

36 Свети Климент Охридски, *Собрани дела:* Похвала за светите четириесет маченици напишана од Климента, стр. 137.

37 според Матеј 22,37,39.

38 Свети Климент Охридски, *Собрани дела:* Поука за претпразненство на Сретение, стр. 105.

39 Свети Климент Охридски, *Собрани дела:* Општа поука за недела, стр. 27.

мака, или со чистота, воздржување и милостина ќе примиме вечен живот.[40] Да не се лажеме и да мислиме дека сме бесмртни, ниту во мрзливост да ги минуваме своите денови; животот е краток, велел просветителот и додал: додека е душата во нашите тела и владееме со својот ум, да просолзиме за своите гревови, да даваме милостина, со постење да ги просветлиме своите срца и да не Го гневиме Бога со лошо живеење, туку Неговиот гнев, преку покајание, да го претвориме во кроткост. Секој ден и час да ја бараме Божјата милост, додека не зајде сонцето, односно додека не зајде душата.[41]

Конечно, мора да се каже за важната компонента на системот на христијанските вредности, а тоа е соборното духовно искуство на Црквата што е отелотворено во литургиските текстови, делата на светите отци и житијата на светиите. Свети Климент Охридски поучувал и за важноста на молитвата во светиот храм, велејќи: „Собирајте се во храмот дење и ноќе, бидејќи тој е дом Божји, тој е прибежиште за христијаните, и молитвата во него Му е пријатна на Бога и служи за очистување на душата и телото. Секој што влегува во тој храм со вера, ќе се спаси.“[42]

Христијанските вредности се големо богатство на човештвото. Но, тие стануваат благословено богатство само за оние што се на патот на спасението. Човекот е тој кој прави избор. Затоа свети Климент Охридски ја оставил пораката до верниците да бидат постојано во доброто и во исполнувањето на Божјите заповеди. „Слушајќи ги сите овие нешта, запишете ги во вашите срца, за да се поучувате од нив постојано“, порачал светителот.[43]

Денес, кога социјалниот и националниот антагонизам стануваат сè посилни, на светот му треба, пред сè, активно сведочење на христијаните дека може да се живее според христијанскиот систем на вредности, во кој меѓусебната служба на љубовта е приоритет.

40 Свети Климент Охридски, *Собрани дела:* Похвала на свети Климент, патријарх Римски, напишана од епископ Климент, стр. 74.

41 Свети Климент Охридски, *Собрани дела:* Општа поука, стр. 386.

42 Свети Климент Охридски, *Собрани дела:* Поука на Сретение Господово, стр. 108.

43 Свети Климент Охридски, *Собрани дела:* Општа поука за апостол, маченик или светител, стр. 2.

ИСТОРИСКИ ТЕМИ:

ТЕТОВСКО – ГОСТИВАРСКА ЕПАРХИЈА

КОЈ, КОГА И ЗОШТО ГО ПОСТАВИЛ СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ ЗА ЕПИСКОП?

ПРОФ. Д-Р. АЛЕКСАНДАР АТАНАСОВСКИ,
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ - ИНСТИТУТ ЗА ИСТОРИЈА

Сите истражувачи на животот и делото на св. Климент Охридски се согласни дека последната етапа од неговиот живот тој ја поминал како „словенски епископ“. Нашата цел овде е да се обидеме да одговориме на три прашања поврзани со епископската дејност и тоа: Кој, кога и зошто го поставил св. Климент Охридски за епископ. Веднаш да напоменеме дека по однос на трите прашања има различни ставови во историографијата. Причината за тоа лежи во нејасноста во изворите на кои што се потпираат истражувачите. Тоа се претежно житијата на Кирил и Методиј, на Климент и Наум. Како поопширни се јавуваат житијата на Климент, кои што ги напишале охридските архиепископи Теофилакт[1] и Хоматијан[2], кое што е направено цели два или три века по смртта на св. Климент, во сосема нови и различни историски околности и односи. Главно се искажани три тези за тоа кој го поставил св. Климент за епископ и тоа, бугарскиот владетел Симеон, римскиот папа и св. Методиј. Во продолжение ги даваме аргументите на сите гледишта.

Научниците кои што ја застапуваат тезата дека св. Климент бил поставен за епископ од Симеон се повикуваат на податоците од пространото климентово житие каде што се вели: „... откако се посоветувал со помудрите од свои-

1 За житијата на св. Климент Охридски види: Иванов Й.,*Български старини из Македони/*. Фототипно издание, Софи/ 1970, 314-333; Милев А., *Гръцкитѣ житии/ на Климентъ Охридски*. Софи/ 1966; *Гръцки извори за българската история/*. IX. Софи/ 1994, 11-41;Iliev I., The long life of Saint Clement of Ohrid. A criticaledition. *ByzantinoBulgarikca, IX,*Sofia 1995, 82-106;Кръстанов Т., *Легенда Булгарика за българската държавност и светост - Изборник.* Софи/ 2003, 96-99.

2 Дуйчев Ив., Климент Охридски и неговото дело в научната книжнина..., 424-428; истиот, Краткото Климентово житие от Димитрий Хоматиян.- Зб. Климент Охридски. Сборник от статии по случай 1050 години от смъртта му, София 1966, 161-164.

те блиски, кои што сите се однесувале кон Климент како кон татко и верувале дека само тоа е угодно на Бога кое што укажува почит на тој човек, тој (Симеон) го поставил за епископ на Драгвиста (Дрембица) или Велица (Велика) и така Климент станал првиот епископ на словенски јазик".[3]Сето тоа се случило на Преславскиот собор 893 година.[4] Но, прашањето за овој хипотетичен собор ги разгорува страстите и денес на познавачите на оваа проблематика. Продолжува дискусијата по прашањето дали воопшто се одржал и дали тоа било од февруари 893 до март 894 година, како и во однос на местото на кое заседавал (Плиска или Преслав), решенијата кои што биле донесени за симнувањето на Владимир и издигнувањето на Симеон, пренесувањето на престолнината од Плиска во Преслав, прогласувањето на словенскиот јазик за официјален јазик на државата и црквата, замената на глаголицата со кирилица и сл.[5] Златарски кој што прв пишува за тој собор, наведува дека Соборот го потврдува издигањето на Симеон на тронот, донесува решение за пренесување на престолнината од Плиска во Преслав и на крај го претвара словенскиот јазик во јазик на државата и Црквата.[6] Ѓузелев и Божилов посочуваат дека Соборот донел решение по прашањето за симнувањето на Владимир и издигнувањето на Симеон на престолот (признавање на легалното префрлање на власта од брат на брат) и за пренесување на престолнината.[7] Анчо Калојанов, пак, тврди дека Соборот бил само црковен и се одржал во 894 година, донесувајќи решение за преводот на книгите, т.е. за воведување на словенскиот јазик во литургијата.[8] Мирослав Лешка е на мислење дека единственото прашање кое што било разгледувано на Соборот било проблемот за симнувањето на Владимир и издигнувањето на Симеон на тронот. Останатите решенија кои што му се препишуваат, остануваат да висат поради недостиг на извори.[9]

Во врска со кажаното погоре треба да се потенцира дека сите извори велат дека Симеон го назначил Климент (а не го хиротонисал во чинот) епископ, за што и немал канонско право. Според Каноните, световно лице не може да посветува епископ, но доколку некој го има тој чин, може да го назначи за епископ. Да видиме што велат Црковните правила за назначување (хиротонија) на епископ. Во одредбите од X-состав на Синтагмата на Матија Властар, во глава 1 и 2 стои: Четвртото правило од Првиот Собор го вели буквално следното: Епископот треба да се поставува, најдобро, од сите во таа област епископи. Доколку тоа е неудобно, или според надлежните потреби, или поради долгите патувања, во крајна мера, да се соберат тројца на едно место, а отсутните да изјават согласност преку грамоти, и тогаш да се изврши

3 Милев А., *Гръцкиѿе жиѿи/ на Климеиѿ Охридски*.129; ГИБИ, IX. 34.

4 За соборот види:Андреев Й., Народните събори в политическия живот на Първата българска държава. - Исторически преглед, 27, 1971, № 4, стр. 96-99; Ракова С., Панова Р., Съборите в балканските средновековни държави.- В: 1100 години Велики Преслав. Т.1. Шумен 1995, 250-251.

5 Златарски В. Н., История на българската държава през средните векове. Том 1. Първо българско царство, част 2. Фототипно издание, София 1994, 253-258; Obolensky D., The Byzantine Commonwealth. EasternEurope, 500-1453. NewYork-Washington, 1971, 105; Андреев Й., Народните събори, 100-101; Божилов Ив., Гюзелев В., История на средновековна България, 225; Кочев Н., Народните събори, 44-54; Спасова М., На коя дата..., 84-101; Николов А., Политическата мисъл..., 121; Лешка Й. М., Симеон Велики и Византия. София 2017, 78-80.

6 Златарски В. Н., История на българската държава, 253-258.

7 Божилов Ив., Гюзелев В., История на средновековна България, 223.

8 Калоянов А., Славянската православна цивилизация, 11-21.

9 Лешка Й. М., Симеон Велики и Византия. 79.

хиротонија. Утврдувањето на таквите дејства во секоја област припаѓа на митрополитот, бидејќи тој го утврдува избраниот, кога избира еден од предложените и го хиротонисува заедно со други двајца или тројца епископи, а ако во епархијата на митрополитот нема толкав број на епископи, во таков случај на изборот и хиротонијата се примаат епископи од туѓа епархија.[10]

Тоа истото го определува 19-то правило на Антиохискиот собор, велејќи дека при изборот, тој што треба да прими хиротонија пред сé треба да присуствува митрополитот на областа, не за да учествува со епископите во изборот, туку за да дозволи, бидејќи без негова дозвола е невозможно да се изврши изборот. Потоа треба да бидат поканети сите епископи од областа преку посланија на митрополитот. Подобро е ако се соберат сите, а ако тоа не е удобно, тогаш задолжително треба да присуствуваат поголемиот дел од нив, а тие што не пристигнале од оправдани причини, треба со посредство на грамоти да го потврдат направеното и на таков начин треба да се изврши поставувањето. Доколку, пак, не биде така направено, тогаш хиротонијата е неважечка. Ако изборот биде направен канонски како што ние рековме, тогаш доколку некои од епископите, можеби од љубомора станат и противречат, тоа не треба да го попречува изборот, но треба да има сила решението на мнозинството.[11]

137-мата Јустинијанова новела заповеда дека во присуство на тројца епископи било извршено избор на свештеници и присутните граѓани од тој град во кој се избира епископот, со заклетва на тие или другите пред божественото Евангелие, дека го избираат него не за давање или ветување на злато, ниту поради пријателство, ниту од било каква друга пристрасност, туку затоа што го знаат него како прв во верата и чесен по животот и дека, ако тој има жена, тоа било само една и не вдовица и неразведена и дека не држел наложница, и од тројцата да се избере најдобриот и да се хиротониса, според изборот и судот за хиротонисаниот, бара Новелата дека таков живот треба да имаат христијанските свештеници.[12]

Затоа, дека хиротонисаните не треба да бидат назначувани од кнезот ниту од народот, види 9-та глава од -Е- состав во Синтагмата на Матиј Властар.[13]

12-то и 13-то правило од Лаодикијскиот Собор не дозволува народот да ги избира епископите или свештениците туку судот митрополитов и епископите од неговата епархија, а избраниот треба да биде од дамно време докажан во зборови и дела. Во Слова да биде силен, да ги воспитува во здравата вера потчинетите на него и да ги разобличува оние што се противат на вистинските догми, а во начинот на живот, за да може тој да ги привлекува кон подржување на добродетелта тие што се огледаат на него, како справедлив човек и безпрекорен во поведението.[14]

За тоа колку епископи го хиротонисуваат епископот и останатите свештеници: Првото правило на светите Апостоли заповеда двајца епископи да го

10 Матиј Властар Синтагма. Азбучен зборник на византиски црковни и државни закони и правила. Превод од старословенски јазик, анализа и коментар: Проф. Д-р Александар Атанасовски, Скопје 2016, 346.

11 Матиј Властар Синтагма.346-347.

12 *Исѿо*, 347.

13 *Исѿо*, 167-168.

14 *Исѿо,* 347-348

ракополагаат епископот кој што се посветува со посредство на повикувањето на името на Светиот Дух и свештено извршување на молитвите.[15]

Слично во Картагинското 48-мо правило се предвидува дека за поставување на епископ се доволни тројца епископи, за да во случај на барање на поголем број тоа да послужи како пречка (штетна) корист и потреба на Црквата. Не е неопходно исто така, тие три епископи да припаѓаат кон таа иста епархија, но, ако митрополитот нема толку епископи и земе двајца од друга епархија, тогаш и на таков начин се хиротонисува избраниот.[16]

Во Е-состав 11 глава, за епископите се повикува на 6-то правило на Првиот Собор, кое што заповеда дека треба да се почитува древниот устав (древната одредба) на отците, кои што му ги дале на Александрискиот епископ областите Египет, Либија и Пентаполија, на Антиохискиот- областите Сирија и Келесирија, двете Киликии и Месопотамија, на Римскиот, пак, според древниот закон му е дадена власт над западните области и дека без дозвола (без согласност) на назначените епископи, епископите потчинети ним не правеле никакво црковно назначување, од кои главно е избирањето на епископи. Бидејќи и правилото заповеда на патријархот да му се повинуваат (потчинуваат) потчинетите на него митрополити и сите епископи во својата област. *Така, ако без волја (согласност) на митрополитот биде поставен епископ, правилото заповеда, дека таквиот неможе да биде епископ, макар имало во древноста случај кога избраниот епископ го назначувало Собранието на градските жители, но и тогаш тој се удостојувал од ракополагање, кога избраниот од другите го одобрувал митрополитот.* А кога, вели правилото, бил направен изборот како што заповедаат црковните одредби, и кога мнозинството се согласило, а двајца или тројца по расправата (дискусијата) противречат, во таков случај треба да има сила избраниот со мнозинство.[17]

За тоа дека Климент Охридски бил поставен (произведен) во чин епископ од римскиот папа имаме неколку неодредени изворни податоци. Во пространото Климентово житие, во делот каде што се зборува за престојот на Кирил и Методиј во Рим, меѓу другото стои: „Потоа тие од придружниците на светите мажи, за кои учителите посведочиле дека имаат доволно искуство во словенската писменост и се украсени со благочестив живот, папата удостоил едни со свештенички чин, други со ѓаконски, а некои со подѓаконски. А лично великиот Методиј иако многу се спротивставувал и не се согласувал, папата го ракоположил за моравски епископ во Панонија“.[18]

Во Италската легенда стои: „Кога преславниот папа Николај научил за сите тие нешта... наредил да ги поканат со папски писма да дојдат кај него... . Веднаш тргнале на пат и зеле со себе си некои од учениците, кои што ги сметале достојни за да ја примат почеста на епископатот. Папата, го поставил неговиот (на Кирил) брат Методиј за епископ, а други од нивните ученици за свештеници и ѓакони“.[19] Во Успение Кирилово се наведува дека...„ учениците на Филозофот, кои што го следеа од Панонија и Моравија, по папска наредба

15 Матиј Властар Синтагма, 349.

16 Матиј Властар Синтагма, 349.

17 Матиј Властар Синтагма, 169.

18 Милев А., *Гръцките жити/ на Климент Охридски*. 83; ГИБИ, IX. 14;Кръстанов Т., *Легенда Булгарика, 20.*

19 Сведоштва за Кирил и Методиј (словенски и латински извори) .Избор, превод и белешки Радмила Угриновска-Скаловска, Љубинка Басотова. Скопје 1989,80;Кръстанов Т., *Легенда Булгарика*, 50.

беа посветени од двајца епископи Формоза и Кондрах“.[20] Понатаму, истиот извор папата го титулира со „римскиот архиепископ“,[21] а Методиј „кога разбрал за своето претставување, го повика својот ученик, кој што беше епископ Велички (во Ликија), Сава, Ангеларий, Горазд и Наум“.[22] Се поставува прашање, дали зад епископот Велички (или на Ликија, како што некои го преведуваат) кој што бил ученик на Методиј не се крие Климент?

Панонските легенди исто така содржат некои податоци за поставувањето на учениците на Кирил и Методиј за свештеници. Во самиот наслов на „Пространото житие на Архиепископ Методиј“[23] јасно се гледа дека Методиј бил издигнат во ранг на архиепископ, што подразбира дека во негова потчинетост морало да има епископи. Во самото житие стои дека кога престојувале во Рим, Папата „заповеда на еден епископ... да ракоположи од словенските ученици тројца за свештеници и двајца за четци“.[24] До назначување на Методиј за епископ на Панонија, а потоа и за архиепископ на Моравија и Панонија дошло по барање на владетелите на тие области, првин Коцел, а потоа и Ростислав. За тоа исто така ноѓаме податоци во Пространото житие на архиепископ Методиј, каде што се вели: „ А Коцел, откако испрати пратеници кај папата, го замоли да му го пушти Методиј, нашиот блажен учител“ Папата рече: „не само на тебе, но на сите оние словенски области јас го испраќам за учител од Бога и од светиот апостол Петар“. ... И го испрати, откако го напиша следното послание: „Адријан, епископ и роб Божји, до Ростислава, Светополка и Коцеља...Затоа побаравте учител не само од овој светителски стол (Света столица), туку и од благоверниот цар Михаил, па ви го испрати блажениот Филозоф Константин, заедно со брат му, кога не успеавме ние да го направиме тоа. Кога тие дознаа дека вашите земји припаѓаат кон апостолскиот престол, тие не направија ништо против каноните, туку дојдоа при нас, носејќи ги со себе и моштите на свети Климент... ние решивме, откако ќе испитаме, да го испратиме во вашите земји Методиј, нашиот духовен син, маж совршен по разум и правоверен, откако го ракоположивме заедно со неговите ученици, да ве поучува, како што вие посакавте и да ви ги објаснува на ваш јазик книгите на целиот црковен ред. ...“[25] „Спазувајте го само тоа единствено правило, на литургија Апостолот и Евангелието да се читаат првин на латински, а потоа на словенски“.[26] Понатаму во истото житие се вели: „Коцел го прими Методиј со големи почести и пак го испрати кај папата заедно со дваесет души почитувани луѓе, да му го ракоположат за епископ на Панонија на престолот на свети Андроник, апостол од седумдесетте, и тоа се случи“.[27] Како што се

20 Кръстанов Т., *Легенда Булгарика,55;*Сведоштва за Кирил и Методиј, 71-72.

21 Види претходната белешка.

22 Иванов Й.,*Български старини из Македони/*. 288;Стара българска литература. 4. Житиеписни творби, 1986, 66 и бел. 512-513;Сведоштва за Кирил и Методиј, 72 (види и бел. 22 на стр.117; Кръстанов Т., *Легенда Булгарика,56.*

23 Кръстанов Т., *Легенда Булгарика,*74; Миловска Д.,- Таковски Ј., Македонската житијна литература -XVIIIвек. Скопје 1996. 97.

24 Миловска Д.,- Таковски Ј., Македонската житијна литература, 101;Кръстанов Т., *Легенда Булгарика,*78.

25 Миловска Д., - Таковски Ј., *Македонската житијна литература,*101; Кръстанов Т., *Легенда Булгарика,79.*

26 Сведоштва за Кирил и Методиј, 61;Миловска Д., - Таковски Ј., *Македонската житијна литература,*101; Кръстанов Т., *Легенда Булгарика,79.*

27 Миловска Д., - Таковски Ј., *Македонската житијна литература,*102; Кръстанов Т., *Легенда Булгарика,79.*

гледа од текстот, Коцел не го назначил Методиј за епископ, туку го испратил кај папата тој да го постави на таа должност. Набргу потоа и Моравците испратиле свое барање до папата. Причина за тоа било што тие разбрале дека германските духовници кои што живеат кај нив, не им посакуваат добро, туку коваат интриги против нив, ги изгонија сите и му пратија (писмо) до папата: „Бидејќи порано нашите татковци добиле крштение од свети Петар, дај ни го (сега) Методиј за архиепископ и учител". Папата веднаш го испратил. „Кнезот Светополк заедно со сите Моравци го примиле и му ги довериле сите цркви и сите духовници по сите градови".[28] Најверојатно во 969 година, по смртта на Кирил, Методиј да бил поставен за епископ на Панонија, а после 870/71 или 873 година по излегувањето од затвор,[29] да бил поставен за архиепископ на Моравија и Панонија, во кој што чин останал до крајот на својот живот.

Во Проложното житие на св. Методиј стои дека „кога Методиј се врати во Константиновиот град, патријархот го постави за епископ и го испрати во Моравија во градот Каон".[30] Авторот на Житието на Св. Кирил и Методиј наведува дека:„Адријан, римскиот папа, го ракоположи блажениот Методиј за архиепископ на престолот на апостол Андроник во Панонските области".[31] Нешто слично се вели и во Похвалното Слово за св. Кирил и Методиј: „Откако го поставија пречесниот и благочестив Методиј за архиепископ на престолот на свети апостол Андроник"[32] напиша писмо до кнезовите на тие земји Ростислав, Светополк и Коцел: „Адриан епископ, роб на сите Божји робови, до Ростислав, Светополк и до Коцел,... „штом слушнавме од вас за духовните работи,... го испраќаме нашиот достапочитуван брат Методиј, поставен за архиепископ на вашите земји, како што вие бевте побарале од нас".[33] Истото тоа се вели и во Охридската легенда: „и од папата за архиепископ на Морава и на Бугарија беше поставен Методиј".[34]

Земајќи ги во предвид сите горе наведени извори, можеме да заклучиме дека Методиј првин бил поставен за епископ на Панонија, а потоа и за архиепископ на Моравија и Панонија. Тоа се случило во Рим, со благослов од папата кој што и го хиротонисал. Сето ова е во склад со канонските одредби. Моравија, Панонија и Илирик духовно биле потчинети на римскиот престол, што ќе рече дека немало канонски пречки. Канонски пречки би имало доколку Константинополскиот патријарх го хиротонисал Методиј за епископ, а потоа за архиепископ, бидејќи наведените области биле под јуриздикција на папата.

Останува претпоставката дека можеби кога бил унапреден Методиј за архиепископ во Рим, епископски чин да добил и Климент. Но, постојат некои податоци кои што одат во прилог на тезата дека Методиј откако бил хиротонисан за архиепископ, тој го хиротонисал Климент за епископ на целиот Илирик и на бугарскиот народ кој што го владее.

Во Житието на Архиепископ Методиј на неколку места стои дека Методиј го поставил Климент за епископ. Првин, пред смртта на Методиј, „тој го

28 Миловска Д., - Таковски Ј., *Македонската житијна литература,*103; Кръстанов Т., *Легенда Булгарика,80.*

29 Сведоштва за Кирил и Методиј, 92 и 93; 95 и 96; посебно стр.100.

30 Кръстанов Т., *Легенда Булгарика,84.*

31 Кръстанов Т., *Легенда Булгарика, 86.*

32 Кръстанов Т., *Легенда Булгарика,* 92.

33 Кръстанов Т., *Легенда Булгарика,93.*

34 Кръстанов Т., *Легенда Булгарика,97.*

прогласил за архиепископ на Моравија Горазд[35]... Потоа по смртта на Методиј кога неговите ученици биле обвинети за ерес, „тие (Методиевите ученици) одговориле преку Горазд и Климент...".[36] Можно е Горазд да бил архиепископ, а Климент епископ, или пак чиновите да ги добиле во исто време од Методиј. При прогонот на Методиевите ученици, житиеписецот наведува дека: „тие кои имале должност на учители, како што бил познатиот Горазд, за кој често споменувавме и кој што Методиевата добродетел го поставила на престолот... исто и свештеникот Климент...".[37]

Краткото житие на Климент Охридски содржи конкретни податоци. Авторот, Охридскиот Архиепископ Димитриј Хоматијан вели: „ Кога блажениот Кирил се преселил во подобриот живот, откако претходно го направил познато апостолското служење и го зголемил (увеличението) на довереният му талент на Адријан, тогашниот папа на древниот Рим, а Методиј бил поставен за архиепископ на Моравија и Бугарија од истиот тој папа, тогаш и Климент бил издигнат на епископскиот престол, откако бил поставен од Методиј за епископ на целиот Илирик и на бугарскиот народ, кој што ја владеел земјата".[38] А. Милев смета дека Хоматијан претенциозно навел дека Методиј бил бугарски архиепископ и дека не е вистина дека Климент бил поставен за епископ од Методиј на „целиот Илирик и на бугарскиот народ".[39] Нешто слично се вели и во Охридската легенда: „и од папата за архиепископ на Морава и на Бугарија беше поставен Методиј, тогаш беше воведен на епископски престол и Климент, кога беше поставен од Методиј за епископ на целиот Илирик и на бугарскиот народ кој што ги владееше тие земји".[40]

Ако се земат во предвид историските извори од поранешниот период, тогаш може сосема да се прифатат овие наводи како точни. Не треба да се заборави дека духовната граница помеѓу Рим и Константинопол одела по линијата од Трајановата Врата (Ихтиман) на север по реката Искар и излегувала на Дунав, што ќе рече дека поголемиот дел од бугарската држава духовно припаѓал на стариот Илирик и потчинет на Рим. Сето тоа го имал предвид Папата, а и Методиј, посебно кога на Соборот во Цариград 869/70 било одлучено бугарската црква да се стави под јуриздикција на Константинопол. Со таа одлука папата не можел да се помири, а и римското свештенство кое што морало да се повлече од Бугарија на Запад кон Јадранското Море. Исто така треба да се земе во предвид и фактот дека Бугарија тогаш граничела со Панонија и дека дел од областите исто така биле под јуриздикција на Рим. Рим цело време се бори да го задржи правото да ги ракополага свештениците на стариот Илирик во кој што влегувале денешна Србија, Косово, Р. Македонија, делови од Грција и делови од Р. Бугарија.

Сето тоа не тера да веруваме дека Климент бил хиротонисан за епископ уште во Моравија во согласност на папата, а по предлог на Методиј. По смртта на Методиј, тој успеал да избега, бил лишен од епископијата, но не и од епископскиот чин кој што го имал. Токму тоа го имал предвид Борис кога го назначил за учител во Кутмичевица во која област имал 12 енории. Енориите

35 Кръстанов Т., *Легенда Булгарика,99 и бел.70.*

36 Милев А., *Гръцките жити/ на Климент Охридски*. 101 и бел.73; ГИБИ, IX.*21* .

37 Кръстанов Т., *Легенда Булгарика, 100 и бел.111.*

38 Милев А., *Гръцките жития*, 177 и бел. 19.

39 Милев А., *Гръцките жития*, 185 бел.19.

40 Иванов Й.,*Български старини из Македони/.* 314-321; Кръстанов Т., *Легенда Булгарика, 97.*

претставуваат црковни административни области, што ќе рече дека Климент бил назначен за врховен учител, толкувач на евангелието.

Титулата „учител" ја носеле Константин - Кирил и Методиј, за што говорат повеќе пати нивните житија, а потоа и Климент Охридски, пред неговото назначување за епископ. Според некои сознанија Климент уште додека дејствувал како мисионер во Велика Моравија „се наредил во редот на оние многу учени ученици на браќата Кирил и Методиј кои дејствувале како учители".[41] Дејноста на Климент не била обична мисионерска проповед, бидејќи Словените во овие краишта веќе биле покрстувани и пред христијанизацијата на бугарската држава. Ангажирањето на Климент било проникнато со мислата за продлабочување на христијанството и смирување на населението од тој крај да не дава отпор на новите власти - Бугарите. Отпорот најверојатно го иницирале византиските свештеници, а можеле истото да го сторат и римските свештеници. Учителската титула во Византија била високо рангирана и подразбирала длабоко богословско познавање и можност за толкување на евангелијата, Апостолот и псалмите. За секоја од овие богослужбени книги постоел и специфичен ранг во учителството. Некои сметаат дека Климент бил учител за толкување и познавање на евангелието, но тој ранг кај словенските учители најверојатно не бил строго определен, затоа што било неопходно толкување на сите книги од Светото писмо и на литургискиот процес во целост.[42]

Заслужува внимание прашањето зошто Симеон се одлучил на таков чекор да го постави за епископ Климент? Таа одлука произлегла од народниот собор во 893 година, а целта на Симеон му била црквата во неговата држава да се осамостои од Византиското влијание. Тоа можел да го направи бидејќи веќе имал доволно учени луѓе кои што можеле да ја вршат богослужбата на народен словенски јазик. Од друга страна не треба да се исклучи фактот дека Симеон настојувал да се приближи на Рим, чиј што мисионер едно време бил и Климент. Можеби токму тој факт бил пресуден што Климент бил поставен за епископ некаде во Македонија, каде што своевремено постоел папски викаријат во Тесалоника (Солун) 412 година потчинет на Рим, а потоа и епископијата Јустинијана Прима,[43] која што исто била потчинета на Рим. За тоа постојат и канонски одредби дадени во Синтагмата на Матиј Властар.

Солунскиот епископ бил папски легат, во врска со тоа во Синтагмата се вели: Како уште во древноста Солунскиот и останатите западни епископи, велам Атинскиот, Коринтскиот, Патрскиот (епископот на Патра) и Равенскиот, папата имал легати како би од свое лице и така по елинскиот и словенскиот јазик (народ) се јавуваат таму кај што секогаш има потреба да присуствува било кој од страна на папата на општите собранија, тие го заменувале неговото место, но тие припаѓале кон нашето стадо, бидејќи надвор од своите предели тој немал толку епископи под своја власт, така што биле и ракополагани од него (Папата), како што некои мислат, но тоа и било обмислено од причини на далечниот пат, за да прекуморските епископи, испратени оттаму кон нас, не се бавеле (не доцнеле, или не загинеле) и јасно е од тоа, дека не секогаш едни и исти (епископи) се праќале од името на папата, но понекогаш и други, кои повремено ги избирал римскиот папа.[44]

41 Милев А., *Гръцкиѿе жиѿи/...*, 110-111, sporedi i: Panov B., *Misionerskata dejnost na Kliment Ohridski*, 300.

42 Гроздановв Ц., Свети Наум Охридски, 10.

43 За тоа види опширно Шукарова А., *Јусѿинијана Прима*. Скопје 1994.

44 Матиј Властар Синтагма. 171.

Дека и Охридскиот бил потчинет на папата сведочи следниот исказ: За Охридскиот, уште наречен Бугарски; Кипарскиот и Иверскиот. Непотчинети на никој патријарх се црквите: наречената Охридска, која ја почитувал (ја почестил) цар Јустинијан, како што тоа ќе се види од неговите Новели, кои ќе бидат наведени подолу; Кипарската, нејзе ја почестил Третиот Собор и Шестиот, како што подолу ќе биде кажано; Иверската, која што била почестена (почитана) од одлуката на Антиохискиот собор, на кого што претходно била потчинета, сите нивни архиереи природно од своите епископи се хиротонисуваат.[45]

Еве ја и Јустинијановата Новела: А 130-та Јустинијанова Новела (фактички е 131-ва), Решив, вели, согласно со одредбите на Светите Собори дека светлиот папа на древниот Рим да биде прв од сите свештеници (архиереи), а блаженствениот епископ на Константинопол, Новиот Рим да зазема втор чин и да има предимство (примат) во почестите пред сите останати и дека блаженствениот архиепископ на Прва Јустинијана, нашата татковина (нашето отечество=родно место) да ги има директно потчинети на себе епископиите на областите: Дакија Медитеранеа и Дакија Рипенсис, Трибалија, Дарданија и Горна Мизија, и дека тие се ракополагале од него, а самиот тој се ракополага од својот Собор и дека во тие потчинети на него области самиот тој го зазема апостолскиот престол, согласно со тоа што го определил свети Вигилиј.[46]

Најверојатно, Симеон како византиски воспитаник го имал предвид сето тоа и одлучил да го назначи Климент за епископ во тие краишта, односно му доверил да се грижи за третиот дел од бугарската држава помеѓу Солун, Јерихо и Тасипија. Овде останува спорно само прашањето дали во тие области веќе имало епископи и зошто Климент не бил потчинет ниту на еден митрополит, па дури ниту на бугарскиот архиепископ, кој што бил избран во содејство на Константинопол. Климент единствено одговарал на бугарскиот владетел Симеон, и кога поради старост сакал да се откаже од епископијата тој оставката ја поднесува пред Симеон, а не пред бугарскиот архиепископ, што би било поисправно и канонски. Секако ова нешто не наведува на помислата дека во пространата бугарска држава постоеле две духовни власти, Константинополската и Римската. Бидејќи Климент бил ракоположен за епископ во Моравија, немало канонски пречки Симеон да го назначи за епископ на Дрембица и Велика и да му довери една третина од бугарската држава. По се изгледа дека треба да се размислува во правец на тоа дека духовната граница помеѓу Рим и Константинопол останала на старата линија со некои мали измени.

Во прилог на ова наше размислување дека Симеон го назначил Климент за епископ оди и фактот што во истата таа 893 година започнала Византиско-бугарската војна,[47] што може да се протолкува како реакција на Византија на новиот курс во бугарската внатрешна и надворешна политика.

45 Матиј Властар Синтагма. 172.

46 131-ва Новела на Јустинијан: Per tempus autem beatissimum archiepiscopum Primae Iustiniana en ostraepatriaehabere semper sub suaiurisdictioneepiscoposprovinciarum Daciaemediterraneae et Daciaeripensis, Privalis et Dardaniae et Mysia esuperiorisatque Pannoniae, et ab eo hos ordinari, ipsum vero a proprioordinariconcilio, et in subiectissibiprovinciis locum obtinereeumsedisapostolicae Romae secundumea quae definitasunt a sanctissimo papa Vigilio. Споредиi Матиј Властар Синтагма. 173.

47 За војната меѓу Византија и Бугарија види: Златарски В., *Исѿори/...*, Том 1, част 2, 278-356; Божилов И., - Гюзелев В., *Исѿори/*, 246-250.

СПОМЕНИКОТ „АРХИЕПИСКОП ДОСИТЕЈ“
ПРЕД СОБОРНИОТ ХРАМ
„СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ ВО СКОПЈЕ

АРХИЕПИСКОПОТ ОХРИДСКИ И МАКЕДОНСКИ ДОСИТЕЈ – КЛУЧНА ЛИЧНОСТ ВО РЕШАВАЊЕТО НА МАКЕДОНСКОТО ЦРКОВНО ПРАШАЊЕ

Д-Р АЛЕКСАНДАР АТАНАСОВ,
МПБ „СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ - СКОПЈЕ

Одржувањето на Првиот црковно-народен собор од 4 и 5 март 1945 година, значело дека е започнат процесот за решавање на македонското црковно прашање. Имено, на самиот сабор, како императив е донесена Резолуција која гласела: „да се обнови Охридската Архиепископија како Македонска самостојна црква која нема да биде потчинета на ниедна друга национална православна црква“. По одржувањето на Првиот црковно-народен собор и донесените одлуки, Иницијативниот одбор за организирање на Православната црква во Македонија, од 9 март 1945 год., го запознал Светиот Архијерејски Синод на Српската православна црква за соборските решенија.[1]

Но, Светиот Архијерејски Синод на Српската православна црква не можел да се помири со губењето на позициите што црквата ги имала во Македонија пред 1941 година, ниту со создавањето на посебна федерална единица, па со сите сили настојувале да ги вратат своите позиции во македонските епархии.

Како одговор на овие настани, на 12 март 1945 година била свикана седница на Светиот Архијерејски Синод на Српската православна црква,

1 Борче Илиевски, *Македонско-српските црковни односи 1944-1970*. Скопје: Филозофски факултет, 2011, 42.

на која било побарано од Митрополитот Јосиф[2] да замине во Скопје, да ја проучи ново-настанатата состојба и да поднесе исцрпен извештај. Светиот Архијерејски Синод на Српската православна црква дошол до констатација дека епархиите од Македонија: Скопската, Злетовско-струмичката и Охридско-битолската, по редовен и канонски пат се присоединети кон Српската Православна Црква, за што сведочи и „Томосот на Вселенската патријаршија". Затоа, Светиот Синод не можел да признае никаква самостојна црква во федерална Македонија и ја осудил секоја понатамошна активност на самонареченият Иницијативен одбор, кој неканонски ја приграбил црковната управа во тамошните епархии.[3] Од средината на 1945 година, под притисок на властите, слабеело движењето за автокефалност. Барањето за автокефалност сè почесто се заменувало со автономност во канонска врска со Српската Православна Црква. Со враќањето на Патријархот Гаврил во земјата се очекувало позитивен однос на раководството на Српската Православна Црква за решавање на македонското црковно прашање. Во таа смисла, Иницијативниот одбор барал решавање на прашањето преку компромис со Српската Православна Црква. Делегација од Македонија заминала во Белград со конкретни барања. Оваа делегација ја сочинувале свештениците Нестор Поповски, Кирил Стојанов, Илија Мукаетов, Борис Станковски, народниот пратеник Лазар Тонев и вероучителот Борис Бошковски. Средбата се одржала во седиштето на Патријаршијата во Белград, каде што присуствувале Патријархот Гаврил, Митрополитот Јосиф и свештеникот Милан Смиљаниќ. На средбата конкретно станало збор за создавање на Македонска православна црква во рамките на една Југословенска патријаршија.[4]

Меѓутоа, овој предлог од Патријархот и од Митрополитот Јосиф категорично бил одбиен, со образложение дека во Македонија треба да се вратат српските владици и тоа, во Скопје Митрополитот Јосиф, а во Штип Епископот Викентиј.[5] Во меѓувреме, во седумдесетата година од животот починал Патријархот Гаврил, а на негово место бил избран Викентиј,[6] поранешниот Злетовско-струмички Епископ, човек кој бил коректен и ревносен во работата. Иницијативниот одбор за организирање на Македонската православна црква, познавајќи ги неговите способности како нивен поранешен епископ,

2 Епископот Битолски и Митрополит Скопски Јосиф (1878 – 1957) завршил богословско училиште во Белград и духовна академија во Киев. Пред изборот за епископ бил парохиски свештеник, натавник и ректор на Богословијата. За Битолски Епископ бил избран и хиротонисан во 1920 година, а по изборот на Митрополитот Варнава за Српски Патријарх во 1930 година, ја наследил скопската катедра. За време на Балканските војни, тогашниот јеромонах Јосиф учествувал како доброволец, „како комита" во српската војска. По завршувањето на Втората светска војна сакал да се врати во Скопската епархија, а најголем притисок извршил во 1947 година, по враќањето на Патријархот Гаврило (Дожиќ) во Белград и бил ослободен од должноста заменик на патријархот. Формирал Црковен суд за Скопската епархија со седиште во Врање, но за кратко време бил протеран од клирот и од жителите на Врање.

3 Доне Илиевски, *Македонскиот православно свештенство во борба за национална и црковна слобода*, Скопје. Сојузот на здруженијата на православните свештеници на СР Македонија, 1987, 133.

4 Борче Илиевски, op. cit., 62.

5 Славко Димевски. *Историја на Македонската православна црква*. Скопје: БФ „Св. Климент Охридски", 1989, 1050.

6 Патријархот Викентиј, со световно име Витомир Проданов, бил роден 1890 година во Бачко Петрово, село во тогашна Австро-Унгарија. Завршил богословија во Сремски Карловци, а во 1917 година се замонашил. За викарен Епископ Морчански бил избран во 1936 година. За Епископ Злетовско-струмички бил избран во 1939 година и на 15 февруари востоличен во Штип. За Патријарх бил избран на 1 јули 1950 година и останал на таа функција сè до неговата смрт во 1958 година.

сметале дека со неговиот избор за Српски Патријарх се создава и поволна клима за решавање на црковното прашање во Македонија, при што му изразиле подршка.

По изборот на Патријархот Викентиј, Иницијативниот одбор својата активност ја насочил кон изнаоѓање на разумно решение за огранизирање на Македонска православна црква, а како основно се потенцирало да се изберат епископи за епархиите во Македонија. Во овој период Иницијативниот одбор правел листи за можни кандидати за епископи во Македонија, а секогаш во тие листи фигурирал и тогашниот архимандрит во Српската православна црква Доситеј, кој впрочем бил по потекло од Македонија. За времето на Патријархот Гаврил тој не се земал во предвид, поради познатиот став на Патријархот кон македонското црковно прашање, но по неговата смрт, Доситеј[7] бил најсериозен кандидат за епископ. Ова било дипломатска тактика на новоизбраниот Патријарх Викентиј, кој користејќи го македонското потекло на Доситеј, имал намера заедно со него да испрати и други епископи во Македонија за испразнетите епархии, меѓу кои и Митрополитот Јосиф. Впрочем, со испраќањето на други епископи од Српската право-

7 Неговото световно име е Димитар Стојковски. Роден е на 7 декември 1906 година, како четврто дете на Лазар и Софија Стојковски од селото Маврово. Во неговото семејство владееле патријархални односи, а децата биле воспитувани во патриотски дух кон татковината. Во 1922 година почнал да учи богословија во Сремски Карловци и таму се покажал како солиден ученик. Но неговото потекло од Македонија било причина за некоректно однесување на некои од учениците во Богословијата кон него. Во 1924, поради ова, по година и половина, за време на зимскиот распуст го прекинал образованието и се вратил во Македонија, а на осумнаесет години отишол во манастирот „Св. Богородица Пречиста". Монашкиот постриг го примил на 7 април 1924 година. Оттаму отишол во манстирот Хиландар, каде останал сè до 1932 година – осум години, а потоа се вратил во Македонија за да го дооформи своето образование. Епископите Николај (Велимировиќ) и Јосиф (Цвијовиќ) биле најголемите иницијатори монахот Доситеј до го продолжи своето образование. Лично се заложиле да се запише во Битолската богословија „Св. Јован Богослов". Целта на епископите била монахот Доситеј да биде искористен како Македонец, поточно целта им била да го вклопат во големосрпската политика што била водена во „Јужна Србија". Во 1937 година јеромонахот Доситеј со одличен успех ја завршил шестокласната Битолска богословија, под раководство на класниот раководител, свештеникот Бранко Цисарж. Тој сакал своето образование да го продолжи на Богословскиот факултет во Белград, но за тоа немал материјални услови, па затоа се обратил до неговите надлежни за финансиска помош, мислејќи дека тоа што е одличен ученик и има големо монашко искуство е доволно да добие стипендија. Но неговото национално потекло од Македонија било причина да не ја добие. По Божја промисла, јеромонахот Доситеј бил прифатен од Епископот Нишки Доситеј и по негово залагање бил вработен во администрацијата на Светиот архијерејски синод на Српската православна црква, а тоа му овозможило финансиска помош да го продолжи своето образование на Теолошкиот факултет. Всушност, тоа се зема како период кога јеромонахот Доситеј стапил на служба во Српската православна црква. Одговорните на него почнале да гледаат со недоверба, па дури и со презир, сметајќи и размислувајќи дека оваа личност еден ден ќе биде камен за сопнување; тоа значи дека напредувал, сепак, иако потајно, но лесно се дознава дека работи за македонскиот народ, со цел што поскоро да се оформи Македонска православна црква. Во 1942 година дипломирал на Теолошкиот факултет и до крајот на Втората светска војна се занимавал со административни работи во Српската патријаршија. За своето одговорно и несебично посветување на својата служба, како награда во 1945 година во Стара Пазова бил унапреден во сингелски чин. Во 1946 година Доситеј бил поставен за управник на Патријаршискиот двор во Сремски Карловци. Ова се сметало повеќе како казна, отколку како напредување, бидејќи било необично дипломиран теолог да се става на таква позиција. По предлог на Патријархот Гаврил, јеромонахот Доситеј бил произведен во чин архимандрит, а тоа се случило во 1949 година. За архимандрит го произвел тогашниот администратор на Сремската епархија, Епископот Викентиј, кој подоцна, по смртта на Патријархот Гаврил бил избран за Патријарх на Српската православна црква. Во Сремски Карловци, архимандритот Доситеј го затекнал и изборот за епископ, што за него било изненадување. За оваа одлука на Архијерејскиот собор на Српската православна црква не бил консултиран, ниту претходно бил известен дека постои таква можност. Впрочем, тој тоа не го очекувал ниту во еден момент, затоа што поради неговото потекло од Македонија, повеќето од високите структури на Српската православна црква кон него не гледале добронамерно.

славна црква, мислеле дека црковната положба во Македонија можат да ја вратат во состојба како пред започнувањето на Втората светска војна.

Хиротонијата на Доситеј за епископ[8] со титула Топлички била извршена на 22 јули 1951 година во Соборната црква во Белград,[9] а неа ја извршиле: Епископот Сремски Никанор и Епископот Герман, подоцна патријарх на Српската православна црква, со голем број свештеници.[10] Како викарен епископ на Патријархот Викентиј, епископот Топлички Доситеј ги извршувал сите задолженија, ги водел административните работи на Црковниот суд и на патријаршискиот Управен одбор. За ова редовно го известувал Патријархот и од него добивал напатствија како да постапува. Освен тоа, тој ја примал сета пошта која што пристигнувала во Патријаршијата, како и личните работи на Патријархот, со што, всушност, се истакнал како најблизок соработник на Патријархот Викентиј. Епископот Доситеј бил во постојана придружба на Патријархот Викентиј при сите негови патувања. Патријархот Викентиј многу го почитувал викарниот епископ Доситеј. Во многу прилики, покрај секојдневните контакти, разговори и договори за службените работи, Патријархот Викентиј му се доверувал само нему.

По изборот на Доситеј за епископ во Српската православна црква, Иницијативниот одбор се обратил до Патријархот Викентиј и побарал епископот Доситеј да ја посети Македонија. Тој во Македонија допатувал на 6 декември 1951 година, а пред патувањето побарал благослов од Патријархот да богослужи во Македонија, бидејќи Патријархот администрирал со епархиите.

Во текот на неколкудневниот престој во Македонија, епископот Доситеј ги посетил Скопје, Прилеп, Битола, Охрид, Струга, Тетово и Куманово. Тој насекаде бил гостопримливо пречекан и од народот и од свештенството. Меѓу најистакнатите домаќини биле протоереј Нестор Поповски, претседател на Инцијативниот одбор, протоереј Климе Малевски од Битола, протоереј Смиљан Наумовски од Охрид, протоереј Синесија Поповски од Струга и др. Сите овие на епископот Доситеј му искажале добродојде меѓу своите и му се заблагодариле за решеноста да истрае во праведните барања за решавање на македонското црковно прашање. За цело време на посетата на Македонија, епископот Доситеј покажувал колку е привржан кон својот народ и кон својата Црква.

Додека траела посетата, епископот Доситеј постојано го известувал Патријархот Викентиј за настаните коишто се случувале. Но, во меѓувреме, Митрополитот Јосиф подржан од некои епископи, извршил силен притисок кај Патријархот. Тој го обвинил Доситеј дека ги нарушува каноните и Уставот на Српската православна црква, бидејќи служел во Македонија без негова согласност, а тој сè уште е легитимен Митрополит на Скопската епархија. По ова Патријархот Викентиј веднаш го повикал Доситеј да се врати во Белград.

8 Во Сојузната комисија за верски прашања барале начин за решавање на македонското црковно прашање. Тоа тешко одело затоа што во епископите на Српската православна црква имале мал број истомисленици. Дури и самиот Патријарх Викентиј, во разговор со претставници на Сојузната комисија, барал политичка поддршка за избор на епископи, кои би биле на негова страна, наспроти големиот број противници. За епископи ги предложил Герман (Ѓорић), Доситеј (Стојковић), д-р Андреј (Фрушић) и др. Патријархот сметал дека во секој сегмент тие би го поддржувале.

9 Александар Атанасов, *Улогата на архиепископот Доситеј во возобнувањето на Охридската архиепископија во лицето на Македонската православна црква.* Велес: 2018, 62.

10 Доне Илиевски, *ор. cit*., 28.

По овој настан и Патријархот бил незадоволен од постапките на Доситеј во Македонија – дури не сакал веднаш да го прими по враќањето во Белград. Во реакцијата против Доситеј најмногу се истакнувал поранешниот Скопски митрополит Јосиф. Тој остро го обвинил епископот Доситеј дека ги нарушил каноните и Уставот на Српската православна црква,[11] кога без негова дозвола отишол во посета на неговата епархија и за тоа побарал да се поведе црковно-судска постапка против Доситеј.[12]

Ваквите дијаметрално спротивни ставови до недоглед го пролонгирале решавањето на македонското црковно прашање. Скоро секоја година пред Архијерејскиот Собор на Српската православна црква биле актуелизирани обидите за изнаоѓање компромисно решение за Црквата во Македонија. Иницијативниот одбор барал компромис, но никогаш не направил отстапки од основните барања. Во такви услови, во најнеповолна ситуација секогаш бил епископот Доситеј; тој имал викарен статус, не бил член ниту на Архијерејскиот собор, а и самиот негов избор за епископ во Македонија од година на година се одлагал.

Во почетокот на месец април 1958 година Патријархот Викентиј, придружуван од Нишкиот епископ Јован, Браничевскиот Хризостом и Топличкиот епископ Доситеј ја посетиле Македонија. Пречекот, приемот и разговорите во сите можни места во Македонија биле израз на вистинското расположение и желби дека конечно ќе биде решено македонското црковно прашање. Патријархот Викентиј, поттикнат од расположението на верниците и свештениците, повеќе пати давал изјави со кои, поздравувајќи ја спогодбата со Иницијативниот одбор, ветувал дека се созреани условите.

По враќањето од Македонија, во договор со Иницијативниот одбор, до Соборот на Српската православна црква биле предложени кандидати за епархиите во Македонија. Како кандидати биле определени: Нестор Поповски од Скопје, протоерејот Томо Димовски од Битола, свештеникот Спиро Поповски од Кривогаштани и Владимир Поповски, професор во гимназија.

Соборот на Српската православна црква се одржал на 10.06.1958 година и на него биле донесени следните одлуки:

„1. Светиот Архијерејски Собор начелно нема ништо против изборот за епископи за епархиите на територијата на НР Македонија од редот на домородците;

2. Со оглед на фактот дека од предложените кандидати, и тоа:

а) протоереј Нестор Поповски,

б) протоереј Томо Димовски,

в) свештеник Спиро Поповски и

г) господин Владимир Зафиров Поповски, наставник во Скопје, не може да бидат бирани за епископи, бидејќи како женети немаат канонски услови за избор за епископи, Светиот Архијерејски Собор го одложува пополнувањето на испразнетите епархии во Народна Република Македонија и прашањето го става во надлежност на Светиот Архијерејски Синод, понатаму да го проучува ова прашање;

11 По овие настани епископот Доситеј испратил писмо до Митрополитот Јосиф во кое го известил за неговите постапки и богослужбите во Скопската епархија, без негова дозвола, а воедно и му се извинил.

12 Всушност, на епископот Доситеј по овие настани му станало сосема јасно дека Српската православна црква кон ова прашање не се однесува според црковните канони, туку според своите големосрпски политички гледања кон Македонија и македонскиот народ.

3. Да се замоли Неговата Светост Патријархот Викентиј како администратор на споменатите епархии на Светиот Архијерејски Собор да му предожи нови личности, кои би можеле да дојдат предвид како кандидати за епископски чин за епархиите кои се наоѓаат на територијата на НР Македонија;

4. Истовремено да се замоли Неговата Светост Патријархот, како администратор на споменатите епархии, во случај на потреба да му ја соопшти оваа одлука на Светиот Архијерејски Собор на свештенството со потребното објаснување.“[13]

И покрај очекувањата дека Соборот на СПЦ ќе ги избере предложените кандидати за епископи во македонските епархии, на соборското заседание во јуни 1958 година до тоа не дошло, со што прашањето било вратено на почеток. По ова Иницијативниот одбор ја разгледал новонастанатата состојба на проширен пленарен состанок, што се одржал на 23 јули во Скопје. Се разгледувале и причините за отфрлање на кандидатската листа за епископи во Македонија, при што се констатирало дека ова прашање, всушност, игра клучна улога во нормализацијата на црковниот живот во Македонија. Иницијативниот одбор заклучил дека вината за нерешавање на ова прашање паѓа врз Архијерејскиот собор на Српската православна црква со оглед на отстапките и компромисите што биле правени од Иницијативниот одбор во претходните години.

По осум години на патријаршиското место, поради слабото здравје, на 5 јули починал Патријархот Викентиј Проданов, а на 13 септември 1958 година за Српски Патријарх бил избран епископот Жички Герман Хранић. Иницијативниот одбор за организирање на Македонска православна црква, иако крајно разочаран од негативните одлуки на Архијерејскиот Собор на Српската православна црква, сепак, во изборот на новиот Патријарх учествувал со свои делегати, настојувајќи и понатаму да ги зачува односите со Српската православна црква, иако на сите им било јасно дека ќе мора да се преземат радикални мерки во врска со решавањето на македонското црковно прашање.[14]

По одржувањето на Пленумот, Иницијативниот одбор ги забрзал подготовките за свикување на Вториот македонски црковно-народен собор. Посебно внимание Иницијативниот одбор посветил на кандидатските листи за избор на свои епископи, а најмногу бил засегнат со изборот на првиот Митрополит на Македонската православна црква. Иницијативниот одбор дошол до констатација дека најсоодветна личност за прв Митрополит на идната Македонска православна црква би бил викарот на Патријархот, епископот Топлички Доситеј.[15]

Членовите на Иницијативниот одбор во состав: Нестор Поповски, Боро Станковски, Кирил Стојановски, Климент Малески и Димитар Јаковлев, на 26.09.1958 година, заминале во Белград каде се сретнале со новоизбраниот Патријарх Герман и членовите на Светиот Архијерејски Синод. Протоерејот Нестор Поповски му го честитал изборот на Патријархот Герман за Поглавар на Српската православна црква. Исто така, тој го поканил, тој или негов претставник да присуствува на претстојниот Собор за тоа да биде уверување дека Македонската православна црква би останала во канонско единство со Српската православна црква. На ова Патријархот Герман одговорил дека одржувањето на таков Собор би се косело со Уставот на Српската православна црква. Притоа, на членовите на Иницијативниот одбор им ставил до знаење дека ниту тој, ниту негов претставник не може да учествува на таков собор, а истовремено им сугерирал дека најдобро би било таков собор воопшто да не се одржува.[16]

На 27.09.1958 година, во Сојузната комисија за верски прашања дошло до средба помеѓу епископот Доситеј и претседателот на Верската комисија Милоје Дилпариќ, но и претседателот на Верската комисија од Македонија Страхил Гигов. На средбата Гигов го известил епископот Доситеј дека е испратен од претседателот на Владата на Народна Република Македонија, Лазар Колишевски, да го повика да присуствува на претстојниот Собор во Охрид, истакнувајќи дека тој е нивен кандидат за една од епархиите во Македонија и дека се сметало дека преку него би се сочувало единството помеѓу Српската православна црква и новосоздадената Македонска православна црква.[17]

Во меѓувреме, во Српската православна црква дознале дека епископот Доситеј тајно разговарал да присуствува на Соборот во Охрид. Поради тоа, бил повикан на седницата на Светиот Архијерејски Синод одржана на 29.09.1958 година, да даде објаснување за што било разговарано во Сојузната комисија за верски прашања. На ова епископот Доситеј одговорил дека му било соопштено дека од страна на претседателот на Владата на Народна Република Македонија е повикан да присуствува на Соборот, дека преку него ќе се одржи единството со Српската православна црква и дека на Соборот ќе се изберат, од листата на епископи, тројца епископи за епархиите во Македонија. Патријархот Герман одбил да му даде дозвола да замине за Македонија, а со ова се согласиле и членовите на Светиот Архијерејски Синод. Патријархот веднаш решил да бара прием во Сојузната комисија за верски прашања со цел да бара помош, по секоја цена, да се одложи планираниот Собор во Охрид.[18] Разговорот бил одржан, бидејќи претседателот на Сојузната комисија за верски прашања Милоје Дилпариќ инсистирал, по секоја цена, Доситеј да биде присутен во Охрид. Во меѓувреме Добривоје Радосавлевиќ побарал вонредно заседание на Светиот Архијерејски Собор на Српската православна црква, а Патријархот му одговорил дека такво нешто не е возможно. По ова, Светиот Архијерејски Синод ги информирал сите епископи за новонастанатата ситуација и побарал од нив да се изјаснат за евентуално свикување на Светиот Архијерејски Собор. Во одговорот сите архијереи го поддржале Патријархот Герман и одлуките на Синодот од 29 и 30.09.1958 година. Сите се изјасниле против вонредно заседавање на Светиот Архијерејски Собор, а некои побарале епископот Доситеј да сноси одговорност за евентуалните постапки кои ќе ги преземе.

13 Борче Илиевски, *op. cit.*, 210.

14 Славко Димевски*, op. cit., 1061.*

15 Миодраг Периќ, *Историско-правните аспекти на односите помеѓу Српската православна црква и Македонската православна црква*, Скопје: Мисла, 1997, 203. (превод од српски на македонски јазик Глигор Стојковски.)

16 Радмила Радић, *Држава и верске заједнице 1945-1970,* прв дел: 1945-1953, втор дел: 1954-1970, Београд: 2006, 232.

17 Борче Илиевски, *op. cit.*, 109.

18 Радмила Радић, *op. cit.*, 233.

Во меѓувреме Доситеј разговарал со членовите на Синодот и со некои епископи кои во моментот се нашле во Белград. Првично разговарал со епископот Бранички Хризостом Војнивиќ, кој истакнал дека најбитно е што Македонците сакаат единство на Црквата преку Патријархот. Епископот Хризостом истакнал дека и Македонците „треба национално да се изживеат“. На средбата Доситеј бил охрабрен да не се плаши од расчинување. Исто така, тој се сретнал и со епископот Покрачки Емилијан Мариновиќ, кој му сугерирал дека подобро е да не заминува за Македонија, но дека како последица од заминувањето нема да има расчинување. Епископот Емилијан му рекол дека на истото размислување и е Патријархот, но поради другите епископи, тој номинално е против неговото заминување за Македонија. Доситеј се сретнал и со Зворничко-тузланскиот епископ Лонгин Томиќ и Банатскиот епископ Висарион Костиќ, кои впрочем, му дале поддршка. Додека, пак, Захумско-херцеговскиот епископ Владислав Митровиќ истакнал дека треба да се држи до Уставот на Српската православна црква.

Епископот Доситеј на 1 октомври ја посетил Сојузната комисија за верски прашања, и таму го известил Добривоје Радосавлевиќ дека одлучил да присуствува на Соборот во Охрид. Притоа, го известил за притисоците на кои бил изложен од страна на Патријархот Герман, да не присуствува на Соборот. Добривоје Радосавлевиќ, пак, му ветил на епископот Доситеј дека ќе му даде полна поддршка.

Кај членовите на Иницијативниот одбор настанало големо воодушевување кога разбрале дека епископот Доситеј ја прифатил кандидатурата; И покрај притисокот што го вршеле врз него во Синодот на Српската православна црква, тој решил, сепак, да замине за Македонија.

По прифаќањето на Доситеј да учествува на Соборот и во организирањето на Македонската православна црква, била направена и кандидатска листа за епископи во Македонија. Тоа биле претходните кандидати на Иницијативниот одбор: протоерејот Томо Димовски, Никола Трајковски, протоерej Спиро Поповски и теологот Владимир Поповски.[19]

По сите извршени подготовки, Вториот македонски црковно-народен собор почнал со работа на 4 октомври 1958 година. Во извештајот што бил одобрен од Соборот, поднесен од претседателот на Иницијативниот одбор Нестор Поповски, покрај другото се подвлекувал и негативниот однос на Српската сравославна црква кон решавањето на црковното прашање во Македонија. Поради ваквиот однос на Српската црква претседателот на Иницијативниот одбор, на крајот од извештајот, предложил црковното прашање во Македонија да се решава самостојно. Соборот го прифатил овој предлог заедно со предлогот за обнова на Охридската Архиепископија како Македонска православна црква. По ова претседателот на кандидатската листа, свештеникот Боро Станковски, ги предложил кандидатите за избор на прв Митрополит Македонски и ги прочитал нивните биографии. По гласањето било утврдено дека за прв Македонски Митрополит е избран дотогашниот Топлички епископ господин Доситеј. По изборот, посебна соборска делегација го вовела Митрополитот Доситеј во црквата „Св. Софија“ каде што Поглаварот на Македонската православна црква се обратил на соборјаните. На 5 октомври било извршено свеченото востоличување на првиот Архиепископ Охридски и Скопски и Прв Митрополит Македонски Доситеј во

19 Александар Атанасов, *op. cit*. 67.

црквата „Св. Климент“. По востоличувањето на Поглаварот на Македонската православна црква соборјаните повторно се собрале во црквата „Св. Софија“ за да ги изберат архијереите на Преспанско-битолската и Злетовско-струмичката епархија. Со тајно гласање за Преспанско-битолски епископ бил избран Никола Трајковски, а за Злетовско-струмички Томо Димовски.

По завршувањето на Соборот, пред Поглаварот и новите органи на Македонската православна црква стоел најважниот проблем со решавањето на хиротонијата на двајцата избрани кандидати за епископи, сè со цел да заживее нормалниот црковен живот. Затоа, Архиепископот Доситеј, со овластување од Соборскиот управен одбор, му се обратил на Српскиот Патријарх Герман со писмо во кое го информирал за донесените одлуки на Црковно-народниот собор, дека тој е прифатен за Поглавар на Македонската православна црква и дека тие остануваат во канонско единство со Српската православна црква.

За оваа ситуација Патријархот ги информирал релевантните субјекти на Српската православна црква и барал разумно решение. Поради тоа Архиерејскиот Собор на Српската православна црква, Одлуките на Соборот од 1958 год. ги санкционирал со Одлука (АС бр. 6/зап.57 од 1959), со која се прифаќа постоењето на Македонската православна црква и се констатира нејзината самостојност. Затоа, во таа Одлука децидно стои: „Со оваа одлука престануваат да важат прописите на СПЦ за епархиите и архиереите на Народна Република Македонија“. Одлуката е доставена на малку невообичаен начин, преку Сојузната комисија за верски прашања на СФРЈ и Републичката комисија за верски прашања на НРМ. Без оглед на ваквиот начин на комуницирање, извршени се бараните корекции од страна на Српската православна црква на Уставот на Македонската православна црква од 1958 година.

Бидејќи по извршените измени на Уставот од 1958 год. Патријархот на Српската православна црква имал овластување од Соборот на архијереите на Српската православна црква, ја реализира точка 3 од одлуката АС бр. 6/59, а согласно со чл. 59 т. 4 од Уставот на Српската православна црква, па на 18 јули 1959 година Патријархот Герман, заедно со Поглаварот на МПЦ, Архиепископот Охридски и Скопски и прв Митрополит Македонски, г. Доситеј, а во сослужение на преосвештените епископи на СПЦ: Никанор Бачки, Висарион Банатски и Симеон Горно-карловачки, го извршил наречението на архимандритот Климент, кој бил претходно избран за епископ. Утредента, на 19 јули, Патријархот Герман, Архиепископот Доситеј и епископот Бачки Никанор ја извршиле хиротонијата на новоназначениот епископ Преспанско-битолски Климент. Со овој чин создадена е можноста за апостолското преемство[20] на свештената ерархија на Македонската православна црква, како многу важен еклесиолошки момент на црковната самостојност, која од тој момент, заживува на дело.

Но, што ќе се случи во меѓувреме за да се заборави и негира Одлуката од 1959 година, да се напуштат воспоставените сестрински односи и да се прават обиди за враќање на Македонската православна црква на позициите од пред Втората светска војна?

По ова, Српската православна црква сè почесто почнала да се меша во внатрешните работи на Македонската православна црква, па поради тоа ќе дојде до заладување на односите меѓу МПЦ и СПЦ, така што архијереите

20 Апостолско премство – благодатта која се добива при ракополагање.

на Македонската православна црква биле приморани да го свикаат Третиот црковно-народен собор.

На соборот, на 17 и 18 јули 1967 година, се донела Одлука за канонско возобновување на Охридската Архиепископија и прогласување на автокефалноста на Македонската православна црква.

Со донесувањето на оваа Одлука, Светиот Архијерејски Синод исправил една неправда и ги исполнил 200-годишните желби и стремежи на македонскиот народ. Со нејзиното потпишување, Охридската Архиепископија е воскресната и таа повторно живее и делува, како што живеела и делувала пред два века.

Македонската православна црква, како автентична црковно-национална институција на македонскиот народ, на тој начин ќе придонесе да се зачувува православната вера, македонската традиција и обичаите, како и да се создаде можност за афирмација на националниот идентитет во новите средини, станувајќи силен чувар на самобитноста и на духовниот интегритет на македонскиот народ.

На 20 мај 1981 година, на 75-годишна возраст, по долго и тешко боледување, починал Архиепископот Охридски и Македонски Доситеј, првиот Поглавар на Македонската православна црква.

СОБОРНИОТ ХРАМ
„СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ" ВО СКОПЈЕ



РЕГИСТАР СО ПОВАЖНИ ДАТУМИ ОД ЦРКОВНИОТ ЖИВОТ НА МАКЕДОНСКАТА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА – ОХРИДСКА АРХИЕПИСКОПИЈА

(ТРЕТ ДЕЛ)[1]

ДИПЛ. ТЕОЛОГ ПЕТАР ПЕТКОВСКИ

АВГУСТ:

02 август **1960** година: *Митрополитот Злетовско–струмички г. Наум го освештил првиот храм во дијаспората „Свети вмч. Георгиј" во Фицрој – Мелбурн, Австралија;*

03 август **1912** година: *Во Битола роден е Митрополитот Климент (Трајков), прв Митрополит на Охридско-битолската, а потоа и на Пресјанско-битолската епархија во возобновената МПЦ;*

10 август **1969** година: *Во храмот „Свети Климент Охридски" во Торонто, Канада, Епископот Тивериополски г. Кирил бил интронизиран и востоличен за прв Митрополит Американско-канадско-австралиски;*

12 август **1990** година: *Осветен е Соборниот архиепископски храм „Свети Климент Охридски" во Скопје;*

19 август **1981** година: *На Црковно-народниот собор Митрополитот г. Ангеларије бил избран за втор Архиеписког Охридски и Македонски на возобновената МПЦ-ОА;*

24 август **1963** година: *Во Берово е роден Митрополитот Американско-канадски г. Методиј;*

25 август **1995** година: *Митрополитот Горазд е назначен за прв*

1 Првиот дел од трудот е објавен во списанието „Огледало" (двоброј 10/11 – декември 2018), а вториот дел од трудот во претходниот дел на списанието „Огледало" (двоброј 12/13 – октомври 2019.

Митрополит Европски, а на таа функција остана до 2006 година кога се пензионирал;

27 – 28 август **1995** година: *Извршена е хиротонија за Епископ на Митрополитот Струмички г. Наум, а наредниот ден и интронизација на трон;*

28 август **1989** година: *На празникот Успение на Пресвета Богородица бил хиротонисан за Епископ светиот Гаврил Светогорец, со титулата Велички;*

СЕПТЕМВРИ:

10 септември **1981** година: *Во манастирот „Свети Јован Бигорски“ замонашен е Митрополитот Дебарско-кичевски и Плаошки и администратор Австралиско-сиднејски г. Тимотеј;*

17 септември **2013** година: *Беше поделена Полошко–кумановската епархија на две епархии: Тетовско-гостиварска и Кумановско-осоговска. Истиот ден се донесе одлука за интронизација на надлежни митрополити на епархиите;*

20 – 21 септември **1981** година: *Извршена е хиротонија на Митрополитот Дебарско-кичевски и Плаошки и администратор Австралиско-сиднејски г. Тимотеј, во храмот „Свети Димитриј“ во Скопје за Епископ, а наредниот ден бил назначен за Митрополит Австралиски и администратор на Дебарско-кичевската епархија. Со Австралиската епархија раководел до 1995 година, од кога продолжил да раководи со Дебарско-кичевската епархија како Митрополит Дебарско-кичевски. Неколку години бил и администратор на Повардарската епархија, а од 2016 е назначен за администратор на Австралиско-сиднејската епархија;*

21 септември **1934** година: *Во с. Стрезовце – Кумановско, роден е пензионираниот Европски Митрополит г. Горазд.*

ОКТОМВРИ:

02 октомври **2005** година: *Во Катедралниот храм на Охридските архиепископи „Света Софија“, во стариот дел на Охрид, хиротонисан е за викарен епископ Пољански г. Пимен (Илиевски);*

03 – 06 октомври **1958** година: *Во древниот Охрид, во Катедралната црква „Света Софија“, се одржал Вториот македонски црковно-народен собор, на кој, во присуство на 300 делегати, со едногласна одлука била донесена следната одлука: да се возобнови Охридската Архиепископија во лицето на МПЦ. Бил донесен првиот Устав, а за прв Архиепископ бил избран Епископот Тополички г. Доситеј;*

03 октомври **1971** година: *Во Ресен е роден Митрополитот Европски г. Пимен;*

04 октомври **1958** година: *За прв Архиепископ Охридски и Митрополит Македонски востоличен е г. Доситеј;*

04 октомври **1986** година: *Во Катедралниот храм „Света Софија“ во Охрид, Повардарскиот Митрополит г. Гаврил бил устоличен за трет Архиепископ на МПЦ-ОА;*

04 октомври **1993** година: *Во Катедралниот храм „Света Софија“ во Охрид, Повардарскиот Митрополит г. Михаил (Гогов) бил избран за четврти поглавар на Македонската православна црква;*

07 октомври **2012** година: *Во Катедралниот храм „Света Софија“ во Охрид, хиротонисан е Митрополитот Тетовско–гостиварски г. Јосиф (Тодоровски) за викарен Епископ Велички, а на таа функција останува до 03. 11. 2013 година*;

07 октомври **2006** година: *Во храмот „Свети вмч. Пантелејмон“ во Велес, повторно, инронизиран е за Митрополит Повардарски Митрополитот г. Агатангел (Станковски), кој претходно беше Митрополит на Брегалничката епархија*;

09 октомври **1994** година: *Од раката на Митрополитот г. Тимотеј постригнен е за монах Брегалничкиот Митрополит Иларион, во манастирот „Свети Наум Охридски“ во Охрид;*

09 – 10 октомври **1999** година: *На Црковно-народниот собор, одржан во Катедралниот храм на древната Охридска архиепископија „Света Софија“ во Охрид, бил избран Архиепископот Стефан, а наредниот ден бил востоличен како петти поглавар на Македонската православна црква и оттогаш тој ја извршува должноста Архиепископ Охридски и Македонски, а истовремено е и надлежен архиерej на Скопската православна епархија;*

11 октомври **1943** година: *Формирано е Верското поверенство при Главниот штаб на НОВ и ПОМ, чие седиште било во с. Црвена Вода – општина Дебарца*;

17 октомври **1968** година: *На Црковно-народниот собор, со одлука бр. 538, древната Велички епархија е преименувана во Дебарско-кичевска епархија, со седиште во Охрид;*

20 октомври **1951** година: *Во с. Младо Нагоричане, Кумановско, роден е Митрополитот Дебарско-кичевски и Плаошки и администратор Австралиско-сиднејски г. Тимотеј;*

21 октомври **2012** година: *Хиротонисан е Митрополитот Кумановско–осоговски г. Јосиф (Пејовски) за викарен Епископ Лешочки, а на таа функција останува до 10. 11. 2013 година*;

21 октомври **1943** година: *Одржано е првото свештеничко собрание во с. Издеглавје – општина Дебарца;*

27 октомври **1943** година: *Испратено е циркуларно писмо до свештениците во парохиите на слободната територија на Македонија*;

Октомври 1944 година: *Формиран е Иницијативен одбор за организирање на Македонската православна црква во с. Горно Врановци – општина Чашка.*

НОЕМВРИ:

03 ноември **2013** година: *Во храмот „Свети Кирил и Методиј“ во Тетово, викарниот Епископ Велички г. Јосиф (Тодоровски) интронизиран е за прв Митрополит Тетовско-гостиварски* ;

10 ноември **2013** година: *Во храмот „Свети Никола“ во Куманово, викарниот Епископ Лешочки г. д-р Јосиф (Пејовски) интронизиран е за прв Митрополит Кумановско–осоговски*;

17 – 18 ноември **1977** година: *Со Син. Бр. 85/77 преименувана е Велешко-повардарската епархија и конституирана е Повардарската епархија;*

19 ноември **2006** година: *Во Соборниот храм на Брегалничката епархија "Свети Никола" во Штип, интронизиран е Епископот Баргалски г. Иларион за Митрополит Брегалнички;*

26 ноември **2000** година: *Во храмот „Свети Николај" во Штип, интронизиран за Митрополит Брегалнички е Митрополитот г. Агатангел (Станковски), кој претходно беше Митрополит на Повардарската, а на новата функција останува до 07. 10. 2006 година*;

27 ноември **1977** година: *Се упокои првиот Митрополит Злетовско-струмички г. Наум (Димовски), при возобновената Охридска Архиепископија во лицето на Македонската православна црква (неговото гробно почивалиште се наоѓа во Штип).*

ДЕКЕМВРИ:

04 декември **1994** година: *Формирана е Европската епархија на МПЦ-ОА;*

06 декември: *Патронен празник на Македонската православна богословија „Свети Климент Охридски" во Скопје;*

07 декември: *Патронен празник на Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски" во Скопје;*

07 декември **1906** година: *Во селото Маврово е роден првиот Архиепископ на возобновената Охридска Архиепископија во лицето на Македонската православна црква г. г. Доситеј;*

08 декември: *Патронен празник на Македонската православна црква – Охридска архиепископија;*

13 декември **1961** година: *Во Скопје е роден Митрополитот Струмички г. Наум;*

25 декември **1988** година: *За архиереј бил хиротонисан г. Михаил (Гогов), кој бил Митрополит Повардарски, а потоа и четврти Архиепископ на МПЦ-ОА.*

БИГОРСКИ МАНАСТИР
1020 1000 2020
years
години
BIGORSKI MONASTERY

БИГОРСКИОТ МАНАСТИР
„СВЕТИ ЈОВАН КРСТИТЕЛ"

МАКЕДОНСКА ПРЕРОДБА:

ТЕТОВСКО – ГОСТИВАРСКА ЕПАРХИЈА

КОНТЕКСТОТ НА ПЕЈЧИНОВИЌ или: СЛОВО ЗА ПЕЈЧИНОВИЌ НА ФОНОТ НА СЛАВИСТИКАТА, МАКЕДОНИСТИКАТА И СОВРЕМЕНАТА ЛИНГВИСТИКА

ПРОФ. Д-Р ДИМИТАР ПАНДЕВ

МЕСТОТО НА ПЕЈЧИНОВИЌ ВО СЛАВИСТИКАТА МЕСТОТО НА ПЕЈЧИНОВИЌ ВО МАКЕДОНИСТИКАТА ПЕЈЧИНОВИЌ НИЗ ПРИЗМАТА НА СОВРЕМЕНИТЕ ЛИНГВИСТИЧКИ ТЕОРИИ

Пејчиновиќ ја доживува својата промоција во славистиката безмалку девет децении после неговото физичко упокојување и тоа во стилистичките, историско-дијалектолошките и културно-јазичните проучувања на Афанасиј Матвеевич Селишчев. Тој во првата половина на XX век, и покрај сите подеми и падови, погроми и препади во славистиката и лингвистиката во тоа време, ќе се профилира во еден од врвните слависти, лингвисти, па и македонисти во своето време, при сè што во животот само еднаш бил во Македонија, и тоа само две недели во оној прездив меѓу балканските и Првата светска војна. Сиот свој творечки век до времето на најжестоките битки на источнот фронт во Втората светска војна, ѝ го посветил на Македонија, на македонските дијалекти, на првите македонски печатени книги, особено на „Огледало“ на Кирил Пејчиновиќ, но и на другите негови дела и тоа не само на печатеното „Утешение грешниим“ туку и на оние во ракопис, па и уште повеќе на што се знае записи што сам отец Кирил ги оставал по црковни книги и записи од неговиот виртуозен потпис.

А има една судбинска врска меѓу Пејчиновиќ и Селишчев, зашто за нив, за нивните творечки патишта ќе да важи она заветното „последните ќе бидат први, а првите – последни, зашто мнозина се повикани, а малкумина избрани“ (Матеј 20. 16).

Имено, на преминот од 18 во 19 век, послем погромот на Охридската Архиепископија во 1767 лето, многумина свештеници дошле емисарски во Македонија да проповедаат слово божје, но на ненаш јазик и пев, а малкумина македонски оци (о)станале игумени во македонските манастири (особено во Пречиста Кичевска и Бигорскиот манастир) и му останале верни на црковнословенското пеење и го започнале македонското. А еден меѓу првите кој најмногу оставил трага за својот пев (во Марковиот манастир) е токму Кирил Пејчиновиќ. И прв ќе запише: „Отче наш ќе рече татко наш“. И ќе го возвеличи евангелиски, т.е. благовештенички што ќе рече благовестителски македонскиот црковен збор во своите книги, независно заедно ли или секој сам по сам, со Јоаким Крчовски, а уште при жив Кирил ќе го прифати антифоно истиот тој благозвучен пев Димитрија Миладинов. А по него и Григор Прличев, па и Кузман Шапкарев, кој и покрај сите несполуки пропагандни од тоа што кој повеќе му ветувал, просветата, науката или политиката, ќе воспостави цврст мост меѓу фолклорната и црковната традиција во Македонија. Исполнувајќи ги своите евангелски и апостолски читања со македонското црковно читање и пеење, по трагите поставени од Јоаким Крчовски, и последувајќи ги во своите собрани народни умотворенија со песни и приказни во сета нивна творечка зрелост митолошко-религиозните синтези што така упрекливо ги беше согледал и оцртал во своето „Огледало“ – Кирил Пејчиновиќ, а со висока реторика и стамена епика ги беше образложил Јоаким Крчовски во своите митарствени „Спасение грешним“, инаку, вовед во „Чудесата на пресветата Богородица“, кои ќе најдат уште една народска интерпретација во „Утешение грешним“, оловно преизлеани во солунската печатница на Теодосиј Синаитски како клуч од чилик и железо. И тоа е таа македонска панорама на отпорот што и покрај сиот товар на пропагандните машинерии постапно ќе биде разоткривана, разоблачувана (со облакот од првото Крчовско чудо Богородичино, та разобличувана (со публицистичкото во Жинзифовата „Прошедба“), збор по збор, исказ по исказ, текст по текст, прво од етнографијата и славистиката, а потоа од балканистиката и лингвистиката.

И засветот од таа искра што ќе ја оветли македонистичката врвица од просветителството во романтизмот, низ призмата на современите струења во науката за јазикот и литературата на самиот терен ќе ја открие Афанасиј Матвеевич Селишчев, токму во Полог и во Скопско (на протегот меѓу Лешочкиот и Марковиот манастир), каде и за време на неговиот престој потем балканските војни, уште ќе биде жив споменот дека омилена лектира на народот до скоро им биле книгите на Пејчиновиќ и ги чувале како очите свои. Впрочем, исто како и книгите на Крчовски.

А токму разликите меѓу нив, смирената нарација на Крчовски и бунтовната природа на Пејчиновиќ, за кого читателите просто и не знаеле кога ќе им излезе од некаде и ќе укори за нивните гревови, ги прави уште поблиски, та многумина мислеле дека игуменот и јеромонахот Кирил како мал се учел од несмиреniот патешественик Јоаким. Зашто, легендите ги поврзуваат великите луѓе и никако не ги двојат по заслугите им, туку уште повеќе им ги наголемуваат. А Селишчев, самиот раскажува, се сретнал со многумина од читателите на книгите Кирилови, а од некои од нив секако и ги добил. И пишува за нив.

А времето кога Афанасиј Матвеевич Селишчев го преоткрива Кирила, а редум со него и Јоакима е тешко време, особено за славистиката, која веќе ги преоткрила и Кирила и Методија и Климента и Наума и ја препознала во Македонија татковината на старословенскиот јазик. И тоа време е можеби уште потешко од она Јоаким-Кириловото, зашто во двете времиња се менувала воено-политичката карта на светот, а Македонија била главна цел не само на воените топови туку и на воената топографија. И во двата случаја светот нема да биде повторно ист, зашто во првиот случај, на Балканот дел од Отоманската империја стануваат слободни земји, од кои кај едната веќе растат политичките апетити, а другите не се грижат многу за оние што останууваат подјармени, а во вториот случај, им се задава дефинитивен удар на европскиот империјализмот, а светот се подготвува за нови поделби и нови идеи, од кои една од најмоќните ќе биде комунистичката која не ќе се грижи веќе толку за онаа славистика што се потпира врз старо-црковнословенскиот и врз христијанското учење.

А во тоа време непогодно и за славистиката руска и царистичка и за Руската православна црква, вљубениците во црквата и науката, оние што никогаш не ќе се откажат од словото божје и од славистиката, доаѓаат во сè уште неинфицираните од револуцијата земји. А една од првите станици им е Македонија. Се разбира, преку Гевгелија.

Селишчев, пак, ќе ја бара Македонија низ руските библиотеки. Всушност, ќе ја дооформи својата претстава за македонските ракописни и печатени книги и на вредносниот пиедестал ќе го постави Кирил Пејчиновиќ, како писател со свој личен стил оформен под воздејство на народниот јазик. Селишчев ќе ја прифати социјалната лингвистика која особено внимание ќе им посветува на општествените услови во кои се развива, но и се стабилизира јазикот. А јазикот на Пејчиновиќ е јазикот на линијата меѓу Марковиот и Лешочкиот манастир, меѓу кои се исповрзани Бигорскиот и Кичевскиот манастир, со оној широк јазико-творечки поглед што се разоткрива на хоризонтот меѓу Охрид, кај што своевремено твореле Климент и Наум, и Кратово, каде во времето Пејчиновиќ патешествувал меѓу Марковиот и светогорските манастири, ги напишал своите пет книги Јоаким Крчовски и ги отпечатил во Будим, каде веќе имало македонски трговски колонии кои ја сфаќале вредноста на книгата и на науката. И има едно стилско просветителско жарче во „Огледало“ кое ќе го привлече читателот кон градот и граѓанското образование, зашто меѓу „Огледало“ и „Утешение грешним“, многу нешта ќе се променат во Македонија, особено на трговски план. А и книгите на Јоаким се градски, со градски гревови исполнети, а спроти „Утешение...“ уште еден трговски пат се отвора за македонската стока, патот на Ѓурчин Кокале, кој сега станува пат на македонските трговци до солунското пристаниште, од каде веќе се одвива трговијата меѓу болниот од Босфорот и Западна Европа и Америка. Во тој забрзан стопански развој се обновува солунската печатница, со штедра помош на Кирил Пејчиновиќ. Можеме ли да си замислиме, Пејчиновиќ е ревносен чиател на првите книги на Крчовски, а Крчовски веќе паѓа под влијание на помладиот Кирил, кој може и да бил ученик. Но, зарем не треба ученикот да го надмине учителот, или пак учителот барем нешто да прифати од ученикот, кој побистро го гледа светот и се соживува со него и сфаќа што се случува наоколу и тоа го пишува навистина само како нафрлок, она на што веќе западноевропските писатели

се расфрлаат на стотина страници. А ѓаволот ти е ист и кај Гете и кај Пејчиновиќ, но не и хуморот, оној здрав потсмешлив хумор и онаа ирониja која останала некаде во ренесансата.

Огледало на Пејчиновиќ е творечка разиграност на Јоакимовите „Митарства“. Чист парадокс! Но, „Огледало“, особено „Слово за празниците“ е оригинално дело, а „Митарства“ е превод, во кој македонскиот јазик ги заковал гревовите за спас на душите кои утеха ќе најдат во втората печатена книга на Пејчиновиќ. Толку се блиски, а толку се далечни, како градот и селото.

„Огледало“ е неопходна книга со гатки што ја откриваат загатката на опстојбата на македонскиот јазик низ творечка мимикрија, која е толку природна и толку исконска, и тоа е книга што семиотички започнува на болничка постела која може да е и претсмртна, па дури и смртна постела. Чиста книжевна градација што во основа е животен климакс во кој во една реченица, во едно изрекување, што би рекол сам Пејчиновиќ се нижат гревовите низ просторот, за веднаш потоа низ три верзии да се изложи реторички сказанието за молитвата на свети Трифон, во која доаѓа врската меѓу човекот и природата (клучната тема на Гризенбах), имено, човекот во лозјето, во нивата, во бавчата. И го сметаме ли наивен Кирил, го сфаќаме во сета вистинитост на неговата приказна за сите оние штетници што ги уништуваат човековите плодови. И експлицитен е Пејчиновиќ кога ги наоѓа причините за сето тоа во човековите гревови, но што ако читателот, оној поученият сфати дека оваа молитва и не толку Кирилова колку што е на свети Климент, ќе му се разотвори ли сета онаа алегорија и ќе ја разоткрие ли сета алегореза што произлегува од двојното читање на текстот, зашто нуди Кирил три текста со иста содржина. Вреди да се замислиме, како читатели, независно дали на потегот меѓу Лешочкиот и Марковиот манастир, каде би се вршеле стилизации на текстови од постари преписи во кои веќе е извршена своевидна стилизација. И секоја нова верзија мора да даде поидеална слика за општонародниот јазик, или да отвори простор за нови книжевни остварувања, во најмала рака како „Лозје“ на Блаже Конески, во кое штетниците, малите лисици, исто се од библиска провениенција, ги има значи во тие стари текстови.

Го споредиме ли пак следниот текст во „Огледало“, „Сказание како подобает заучити отрока азбуки“, можеби ќе нѐ збуни старословенскиот со *ѹподобаеѳ* и *ѹѳрок*, зборови што веќе сме ги оставиле во историјата и сме ги замениле со *ѹрилега* и *деѳе*, но ќе нѐ заинтрига формата *заучиѳи*, т.е. *заучи* која е толку свежа и смела и нова и ја изразува тенденцијата во македонскиот јазик со префиксот *за* да се образуваат глаголи што означуваат почеток на дејство. И тоа е свечен чин и значаен момент во животот што бара соодветен благослов.

И жесток е Пејчиновиќ кога тврди: „Да не е писмо, све би се заборавило...“

Извршило писмото не мала улога во зацврстувањето на културата меѓу народите, но немале сите народи отсекогаш свој писмен јазик, а некои кои го имале во ситуации на војни и прогони постапно губејќи ја слободата, ја губеле и писменоста. И во еден период соодветен на времето во кое живеел Пејчиновиќ, му се случувало тоа и на македонскиот народ и се случувало тоа и со писменоста во Македонија, народот да се претопува, а јазикот да се заборава со сета историчност на народот. Во македонските цркви влегувал грчкиот или како помоден или како престижен, но во секој случај како

наметнат јазик. А паралелно со грчката црква, се ширела и грчката трговија. И грчката книга. А разбирачка немало, ниту во црквата, ниту низ трговијата, а најмалку од книгата.

И почнуваат низ Македонија да се обновуваат манастири и да се печатат книги. Во спрега со македонските трговци. А својата втора книга Пејчиновиќ не само што ја печати со свои средства, туку и обновува печатница во која се печатат и други книги, со различни цели, од образовни до трговски.

Крчовски заокружува со своето дело еден долг период на црковна литература во Македонија, од времето на свети Климент и Наум Охридски до негово време, а Пејчиновиќ го отвора новото време, времето на новата македонска книжевност и на современиот македонски литературен јазик.

ЛЕСНОВЕЧКИОТ МАНАСТИР
„СВЕТИ ГАВРИЛ"

МАКЕДОНСКИОТ ПРЕРОДБЕНИК АРХИМАНДРИТОТ ХАЏИ ПАВЕЛ ГРАМАТИКОВ –БОЖИГРОБСКИ

СЛАВЕ НИКОЛОВСКИ - КАТИН

БОЖИГРОБСКИ Е АВТОР НА ПРЕВОДОТ „КОНИКОВСКО ЕВАНГЕЛИЕ" ИЛИ „НЕДЕЛНОТО ЕВАНГЕЛИЕ" НА ВОДЕНСКИОТ НАРОДЕН ГОВОР, ШТО ЗАЕДНО СО ДРУГИТЕ ПРЕВОДИ ПРЕТСТАВУВА МАЛА КНИЖНИНА И ВЛИЈАЕЛ И ЗА ПОСТАВУВАЊЕТО НА ЈАЗИЧНОТО ПРАШАЊЕ ВО ВРЕМЕТО НА ПРЕРОДБАТА. НЕГОВИТЕ ЛИНГВИСТИЧКИ СПОСОБНОСТИ, НЕГОВИТЕ ИДЕИ, СТРЕМЕЖИ И ПАТРИОТИЗАМ СЛУЖАТ ЗА ПРИМЕР И ПАТОКАЗ ВО КУЛТУРНО - НАЦИОНАЛНИОТ РАЗВИТОК НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД

Македонскиот јазик, како и македонскиот народ, има долга и бурна историја. Уште во IX век, врз основа на еден од неговите дијалекти, на оној на кој што зборувале особено Македонците од Солунско е создаден првиот литературен словенски јазик. Тоа е народниот старомакедонски, односно старословенскиот литературен јазик на кој темелите му ги поставиле првите сесловенски - македонски просветители, браќата св. Кирил и Методиј. Тој јазик со векови го употребувале сите словенски народи, внесувајќи во него елементи од своите народни говори.

Процесот на употребата на македонскиот јазик во литературата бил многу побавен и потежок отколку кај другите јужнословенски јазици поради специфичните услови во кои се развивал. Имено, македонскиот народ во својата историја бил најдолго под робство, а со целосна слобода се здоби дури по Втората светска војна, со создавањето на Народна Република Маке-

донија во рамките на заедницата на југословенските народи и народности, а денес во независна, демократска и самостојна Република Македонија.

Македонскиот народен јазик со векови егзистирал и се употребувал под поднебјето на Македонија. Меѓутоа, со културно-националниот развиток кон крајот на XVIII и почетокот на XIX век, започнала една нова ера на македонскиот јазик. Тоа особено било изразено во градовите Солун, Кукуш, Воден, Ениџе-Вардарско и др. Затоа, во XVIII век, елементи на македонскиот народен говор почнале да влегуваат широко во делата со црковна содржина. Тие елементи сè повеќе се присутни не само во преведените проповеди, туку и во многу други ракописи.

Кон крајот на XVIII и почетокот на XIX век, во Македонија во голема мера се развивале трговијата и занаетчиството, а како резултат на тоа се создале првите граѓански социјални групи. Голем број македонски трговци оделе во западно-европските земји да тргуваат, при што доаѓале во допир со прогресивните идеи, со европската култура и цивилизација, како и со литературните достигнувања. При враќањето во Македонија, тие „талкачи по светот" станувале носители на сите прогресивни идеи. Како резултат на тоа, кај нив се будела македонската национална свест и тие станувале организатори на просветната борба и активности, трудејќи се да отворат народни училиште и цркви.

Меѓутоа, до почетокот на XIX век, училиштата и црквите биле во рацете на Грчката Патријаршија. Уште на почетокот на своето создавање, грчката буржоазија започнала да ја развива својата „мегало идеја" за елинизирање на Македонија, пред сè, преку просветата. Не потоеле македонски училишта и затоа голем број македонски преродбеници од ова време првото образование го добиле на грчки јазик.

Солун како трговски центар на Македонија, во исто време бил и духовен центар на Македонците. Исто така, таму се развивала и оттаму се раководела просветната борба. Затоа Солун го посетувале Димитар Миладинов, Рајко Жинзифов, Јордан Хаџи Константинов-Џинот, Хаџи Павел Божигробски и др. Така, во Солун во 1838 година била отворена и првата македонска печатница на архимандритот Теодосие Синатиски, а подоцна и печатницата на Кирјак Држиловецот, или Кирјак Држилович, што претставувало голем напредок во печатарството и во културно-националниот развиток во целина.

Од големо значење за солунските Македонци била 1866-та година кога започнало со работа македонското училиште во куќата на Костадин и Кирјак Држиловци, македонци доселени од воденското село Држилово. Основите на училиштето ги поставил културниот работник и реформатор од периодот на преродбата Ѓорѓи Динката, синот Костадин Држиловец, со помош на неговата сестра Славка. Ѓорѓи К. Динков (Динката) објавил неколку статии во весникот „Македонија" на македонски јазик и со тоа предизвикал реакација.

Во 1858 година, пак, во Кукуш првпат била изведена богослужба на црковно-славјански јазик, со што започнала и борбата за свои домородни владици и свештеници. Како резултат на таквите состојби, Патријаршијата го испратила во Кукуш македонецот Партение Зографски. Инаку, Партение Зографски е роден во Галичник, во 1820 година. Во Охрид бил учител на Димитар Миладинов кого го задоил со патриотски дух. Потоа, Партение учел во Атина и најпосле во Москва, каде што завршил богословска академија.

Во половината на XIX век во Македонија се развивала книжевно-преведувачката дејност со религиозна содржина. Познати се многу ракописи со црковни слова, поуки, молитви и слично, пишувани со грчка азбука, а се јавувале и преводи од евангелието.

Еден од тие преводи, направен од Хаџи Павел Божигробски со воденски говор, бил отпечатен во Солун во 1852 година. Станува збор за така-наречените „Кониковско евангелие" или „Неделното евангелие", што заедно со другите преводи претставувало мала книжнина и влијаело и за поставувањето на јазичното прашање во времето на преродбата.

Хаџи Павел Граматиков-Божигробски, како архимадрит - најстар монашки чин, односно старешина во манастир, имал големи заслуги за македонскиот културно-национален развиток и за националното будење на македонскиот народ во тој период. Тој е роден во чивлигарското село Кониково, околија Ениџе-Вардарско (Пазар), Воденска епархија. Не е познато кога е роден, но се знае дека уште како мал останал без родители и бил принуден сам да се пробива во животот. Уште како дете ги носел на пасење овците на побогатите селани со цел да обезбеди средства за живот. Меѓутоа, поради една семејна несреќа што многу го погодила, заминал во Света Гора каде што се замонашил. По извесно време, од Света Гора заминал во Ерусалим каде служел во словено-српскиот манастир „Св. Михајло", прочитувајќи огромен број грчки книги со што многу добро го изучил грчкиот јазик. Подоцна заминал во Русија, а околу 1850 година станал протосингел (монашки чин) на Ерусалимскиот патријарх, со должност управител на метосите, односно имотите или ваковските места со црковно обележје на Патријаршијата во Македонија, со седиште во Солун.

Хаџи Павел Божигробски, како претставник на ерусалимскиот манастир „Св. Михајло", во 1865 година заминал за Прага со цел да собира помош за манастирот. На пат за Прага, се задржал во Белград од каде што понел писмена препорака од д-р Јанко (Јан) Шафарик, директор на Белградската државна библиотека, адресирано до владиката Ригера во Прага. Во оваа препорака, од 22 септември, односно 4 октомври 1865 година, се вели:

„Високопочитуван господин и пријател!
Доносителот на ова писмо, благословениот отец Павел, архимандрит од словено-српскиот манастир „Св. Михајло", ме замоли да му дадам препорака за Златна Прага, бидејќи сака при своето патување да ја посети таа стара словенска столица. Јас се осмелувам да ве молам да му помогнете да ја постигне својата цел. Тој е родум од Солун и собирал доброволна помош за возобновување на храмот на Архангел Михајло во Ерусалим."

По враќањето од Прага во Македонија, Хаџи Павел бил многу прогонуван од грчкото духовништво. Затоа бил принуден да бега од Воден и Солун, при што за одреден период заминал за Македонија и останал како игумен во еден манастир близу Кратово. И таму неуморно работел на издигање на македонска свест меѓу населението од Кратово, Паланка и Штип. По покана на воденчани се вратил повторно во Воден, каде што станал претседател на општината. Во 1871 година, патувајќи од своето родно село Кониково за Битола, каде што бил определен за владика, Хаџи Павел умрел во гратчето Вртикоп во близината на Воден и бил погребан зад олтарот на црквата.

Хаџи Павел Божигробски бил првиот раздвижувач на македонското национално чувство во Јужна Македонија. Тој бил водач и заштитник на македонските народни маси, борец за идејата на славјанското братство. Тој често ги посетувал селата во Воденско, Ениџе-Вардарско и Гуменџиско, агитирајќи меѓу македонските народни маси да отворат македонски народни училишта и цркви. Тој ги советувал и помагал селаните, побудувајќи во нив љубов за мајчиниот јазик и македонската народност. Како резултат на неговата родољубива дејност и со негова материјална помош биле основани македонски народни училишта во повеќе градови во Јужна Македонија. Исто така, Хаџи Павел од своите лични заштеди купувал икони и други потребни материјали за посиромашните цркви ширум Македонија.

Архимандритот Хаџи Павел не бил само родољуб, донатор, родоначалник и основач на македонски народни училишта и цркви, туку тој имал и голема улога за појавата на првите никулци на македонската книжевност. Имено, тој го превел од грчки на македонски јазик, на воденски говор, едно од велигденските евангелија, т.е. „Кониковско евангелие". Евангелието било печатено во Солун, во 1852 година, во печатницата на Кирјак Држиловец, употребувајќи грчки букви. За печатењето на евангелието со грчки букви, Хаџи Павел тргнал од фактот што македонскиот народ не го познавал словенското писмо, кое во тој период се употребувало најмногу по манастирите. Освен тоа, дело пушувано со грчки букви не предизвикувало голема реакција од страна на грчките владици.

Кога се зборува за почетоците на македонскиот современ писмен јазик, треба посебно да се нагласат книжевните творби пишувани на различни македонски говори, но со грчка азбука. До половината на XIX век, грчкото влијание било толку силно што во некои населени места во Македонија речиси сосема била заборавена словенската азбука. Карактеристичен бил случајот со Димитар Миладинов, кој дури во својата педесетта година ја научил кирилицата. Па и самиот Зборник бил пишуван со грчка азбука, дури пред излегувањето бил препишан на кирилица од Константин Миладинов.

Преведувајќи од грчки на македонски народен говор, обично преведувачите се соочувале со проблемот како да најдат соодветни зборови и изрази од литературно обработениот грчки јазик што народниот говор не можел да им ги предложи. Па, бидејќи тие не можеле да се угледаат на другите словенски јазици, ниту пак на црковнословенскиот, преведувачите започнале да го развиваат народниот јазик, да творат нови зборови, да им придаваат нови нијанси на зборовите со цел да ги изразат своите народни чувства, желби, стремежи, идеали и лингвистички способности.

Евангелието на Хаџи Павел Божигробски е напишано на месниот македонски говор од Ениџе-Вардарско и Гуменџанско. Тоа открива дека во средината на XIX век постоела силна македонска струја за развој на сопствен македонски јазик. Во неговиот јазик се гледале сите карактеристики на народниот македонски говор, особено од Воденскиот крај.

Во 1909 година, биле донесени два листа од „Кониковското евангелие" на архимандритот Хаџи Павел, од библиотеката на Венијамин Мачуковски, во Дирекцијата на Солунската машка гимназија „Св. Кирил и Методиј".

На насловниот лист од евангелието стои следниот текст:

„ЕВАНГЕЛИЕ НА ГОСПОДА БОГА И СПАСА НАШЕГО ИЕУСА ХРИСТА СИНА, НОВОТИПОСАНО ЗА СЕКОЈА НЕДЕЛА, ОД ГОДИНА ДО ГОДИНА СО РЕД, ПРЕПИСАНО И ДИОРТОСАНО ОД МЕНЕ ПАВЕЛ ЈЕРОМОНАХ, БОЖИГРОБСКИ ПРОТОСИНГЕЛ, РОДОМ ВОДЕНСКА ЕПАРХИЈА, ОД СЕЛО КОНИКОВО, СОЛУН, ШТАМПА КИРИЈАКОВА ДРЖИЛЕЦ 1852 ГОДИНА."

Меѓу другото во текстот се вели:

„Пониделник на Велигден од Јоана. Бога никој некој ѝ'ѿ не гу виде. Единиродниоѿ син шо е уф ѕазваѿа на ѳаѿкуѿијаѿа од гу разрешил. И во е мрѿеријаѿа на Иоана ога ѝушѿија чуфуѿиѿу уѿ Јерусалим ѝоѝове и левиѿе да го ѝиѿаѿ, ѳи кој си: и сиѝоведа и не се уѿфрли, марѿериса и рече оѳи не сум јас Христос. И го ѝоѝиѿаа шо си санќи Илија ли си ѳи? И веле, не сум. Профиѿаѿ ли си? И одговори, не. И му велаѿ, кој си? Санки да дадеме каршил'к, на ѳие дека не ѝушѿија. Шо велиш заради себе си? Рече јас сум гласуѿ на ѳоа дека вика наѿре уф ѝусѿини. Исправеѿе ѝаѿоѝ господин уф как рече Исаија Профиѿуѿ. И ѝушѿенише од фарисеише. И го ѝиѿаја и казаја, зашѿо кога ѳака убо крсѿиш каѳо не си ѳи Христос ниѿу Илија, Профиѿуѿ. Иоан одговори и рече: Јас крсѿам уф вода, ама ѳо шѿо вие не го ѝознаваѿе, воа е шѿ иде ѝо мене. Тоа шо се чини ѝред мене на ѳоа шѿо азе не сум досѿоен да уѿврдам ременуѿ на искорнаѿа му. Вија са чиниа на виѿаварак на Иоана ѳаму дека Иоан крсѿеше."

Во книжевното дело на Хаџи Павел Божигробски се гледаат стремежите на македонскиот народ, кој се борел да ја зачува својата самобитност, својот мајчин македонски народен јазик и книжевност и својата народна црква. Ваквата книжевна борба и борбата за отворање македонски народни училишта и цркви е од големо значење за македонскиот културно-национален развиток, особено за развојот на македонскиот народен јазик, на кого во тој период му се закани опасност од страна на поразвиениот бугарски книжевен јазик.

И покрај тоа што Хаџи Павел Граматиков Божигробски е еден од малку изучуваните македонски творци на XIX век, неговите лингвистички способности, неговите идеи, стремежи и патриотизам служат за пример и патоказ во културно-националниот развиток на македонскиот народ.

МАКЕДОНСКИОТ ИДЕНТИТЕТ НИЗ ПРИЗМАТА НА ЖИВОТОТ И ДЕЛОТО НА ГРИГОР С. ПРЛИЧЕВ[1]

ПРОФ. Д-Р КАТИЦА КУЛАВКОВА, АКАДЕМИК

„НЕ СЕ ПЛАШИ ОНОЈ КОЈ ДВАНАЕСЕТ ПАТИ СЕ БОРЕЛ СО СМРТТА"
Г. ПРЛИЧЕВ, „МЕЧТА НА ЕДЕН СТАРЕЦ", 27.03.1883 (1991: 199)

Историските факти, сами по себе, кажуваат малку ако не се постават во одреден културно-историски контекст и ако не се посматраат од одредена перспектива. За почеток, ќе потсетам дека Прличев живее во раздобјето на македонската и јужнословенската Преродба. Тој наш домицилен облик на „задоцнета" Ренесанса, содржи елементи на Просветителство, па треба и да се посматра како една, не толку стабилна, колку чувствителна социо-културна констелација. Македонската Преродба, имено, подразбира повеќе историски детерминантни: политичката, културната, книжевната, религиската, јазичната. Во нејзиниот фокус влегуваат повеќе фактори: националното освестување проследено со слободарски движења, отпорот против туѓите влијанија легитимирани со црковни институции (првенствено против грчкото влијание во црквата и во образованието), отпорот против отоманската доминација и дивиот арнаутски терор над христијанското население, воведувањето или обновата на црковнословенскиот јазик во литургијата, учебникарството, печатарството, фолклористичката дејност, артикулирањето на сопствената, локална ет-

1 Текстот е изложен на Свечениот собир по повод 190 годишнината од раѓањето на Григор С. Прличев (1830 – 1893) и 160 годишнината од неговото овенчување како „Втор Хомер", во Атина 1860, одржан во Скопје, МАНУ, на 4.03.2020.

ничка матрица во контекст на општо-словенскиот идентитетски код, а во таа смисла и на црковно-словенската традиција, рефлексии на европските обрасци на новите држави-нации, приопштувањето на елементи на западно-европската урбана култура (од Романтизмот до Реализмот во уметноста, модни текови „alafranga“, трговски врски), диференцирањето на западно-европскиот интерес, препознаен во моќта на големите империјални сили, од источно-европскиот, овој последниов препознаен во парадигмата на Руската империја.

Секоја покрупна промена на општествениот контекст повлекува и промена на вредносниот систем, начинот на којшто се сфаќа и се цени улогата на едно книжевно дело и на неговиот автор. При анализата на македонската Преродба, неразделно поврзана со преродбенските текови кај соседните народи, особено бугарскиот и српскиот, не може да се повлече груба црта помеѓу текстот на книжевните дела и контекстот во којшто тие се напишани. Тие не се проста опозиција ниту формираат некој конзервативен дуализам, иако не треба ни да се поистоветуваат. Напросто треба да се посматраат во дијалог, низ призма на нивните условености и заемни влијанија.

Културно-историските услови во тогашна Македонија биле сложени поради неколку причини: - прво, започнал процесот на артикулација на одделни национални свести и идентитети во рамки на Отоманската империја, што водело до создавање на национални држави и црковно-христијански институции; - второ, се одвивал коренит пресврт по однос на поимањето на нацијата, што се одразило и врз преструктурирањето на некогашната христијанска црковна заедница и придонело да се диференцираат две главни тенденции врз јазична основа – едната новогрчка, еленистичка и провизантиска (Цариградската патријаршија), а другата славјанска/словенска - бугарска (Бугарската егзархија од 1878) и српска (Пеќката патријаршија); - трето, отцепувањето од Отоманската империја и формирањето национална држава (Елада/Грција, Бугарија, Србија) било невозможно без стратешката поддршка од западно-европските центри и, четврто, Македонците биле исправени пред бројни егзистенцијални искушенија и пропагандни притисоци, лишени од матична црковна заштита (Охридската архиепископија е укината 1767), така што меѓу грчката и бугарската опција, мнозинството ја претпочитало бугарската, затоа што ја восприемало како рефлексија на општо-словенскиот и (трансетничка) христијанскиот идентитет.

Да се потсетиме, во таа смисла, дека во 18 и 19 век, во времето на Преродбата, и за Бугарите се користел терминот Словено/Славјано-Бугари (Отец Пајсиј Хилендарски ја пишува и ја распространува својата *„Исторіѧславѣноболгарскаѧ“* меѓу 1760 и 1762 година), како и за Македонците - Славјано-Македонци (Ѓорѓија М. Пулевски, *Славјанско-маќедонска општа историја,* 1892). Шеесеттите години на 19 век, македонското население се препознавало во (општо) словенската јазична и културна матрица многу повеќе одошто во грчката. Имено, грчката јазична и културна матрица била проекција на јазичната и културната другост, додека бугарската, како и српската, биле варијанта на својата, сродна матрица. Степенот на јазичната и културната сродност бил одлучувачки во услови на ограничен избор. Тенденцијата на окрупнување и создавање нации, впрочем, била својствена за европскиот простор, така што западно-европските држави – нации истата ја легитимирале и конституционално, и стратешки, во мигот

на своето основање. Парадоксално, во време кога се создаваат европските држави-нации, се артикулира и западно-европскиот геостратешки интерес по однос на Источна Европа и на Балканот, а во тој контекст се препознава еден дискретен но систематски отпор против општословенската интеграција. Како последица на таквите дисхармонични тенденции, доаѓа до постепена фрагментација на словенскиот ентитет.

Таквата ситуација погубно се одразува врз артикулацијата на македонската национална свест и создавањето на одделна македонска држава со национален предзнак. Македонија станува исклучок. Исклучокот, пак, е плодна почва за колебања, нестабилност, конфузија, внатрешни поделби и конфликти, регионални тензии, проблематични пропаганди за дезориентација на населението, елементи на прогон, на културоцид, па и на геноцид, што доживува кулминација кон крајот на 19 и почетокот на 20 век, особено по Берлинскиот конгрес во август 1878 година.

Тука треба да се има предвид и фактот дека, наспроти слабеењето на Отоманската империја, а особено по победата на Русија во последната руско-турска војна од 1877 – 1878 година и по склучувањето на Сан-Стефанскиот мировен договор (3 март 1878), се засилило влијанието на Руската империја. Во такви услови било природно што се возобновил древниот општословенски јазичен и културен идеал. Тој идеал се мистифицирал особено меѓу народите кои биле под отоманска превласт и се бореле за независност.

Во стремежот да имаат литургија на ним разбирлив јазик, во немање праведен избор, ни финансиска, ни европска поддршка, Македонците се приклонувале кон црковно-словенскиот, како традиционален јазик на литургијата. Недостатокот од македонско јазични црковни, образовни, културни и научни институции нужно се надоместувал со сродните јужнословенски, руски и други словенски опции. Да не заборавиме, исто така, дека во втората половина на 19 век, идејата за руската империјална моќ добива димензии на мит и ја промовира Русија како средиште на општо-славјанската култура (русофилство).

Значи, во време на отпор против османлиската политичка доминација, кога главната идентитетска диференцијација на населението се изведувала според религиски критериум (муслимани наспроти христијани, Ислам наспроти Христијанство), во време кога се реставрирала православната византиска традиција во облик на национална грчка „мегало идеја“ (црковни, јазични и територијални аспирации по 1821), Македонците (веќе исламизираните Македонци и богатите гркомани) се определувале за јазично, традициски и територијално најблиските опции – бугарската, потем и српската.

Ако се има предвид и систематската економска миграција и акултурација на македонското население од Пиринска, Егејска и Вардарска Македонија, во Софија и во другите бугарски економски и образовни центри, заедно со засиленото присуство на бугарските образовни и црковни пропаганди во Македонија, јасно е зошто Македонците препознавале извесна рефлексија на своето црковно-словенско, славјано-православно, славјано-јазично и славјано-македонско битие во бугарскиот идентитетски комплекс. И кај Прличев, дури и кога експлицитно ги спомнува Бугарите и бугарскиот јазик, се искажува свест за посебноста на македонскиот јазик, што тој ја искажувал користејќи ги термините – славјански, наречје, нашински јазик, мајчин ја-

зик. Прличев, на пример, на едно место вели: „Јас го сакам секое пишување на многустрадалните Македонци, имено затоа што во нивното наречје наоѓам многу првобитни форми“ („Мечтата на еден старец“, 1991: 201).

Значи, освестувањето на македонското национално битие кон средината и втората половина на 19 век се одвивало во отежнати околности, под притисок на туѓи, балкански и европски, политички и национални интереси, пропаганди, војни и мировни договори. Тука се поставува, значи, прашањето - каков е македонскиот културно-историски хронотоп кон средината на 19 век, кога започнува македонската Преродба и во текот на втората половина на 19 век, кога се случува радикалниот пресврт во поимањето и идентификацијата на македонското национално битие, неразделно од јазичното, културното и верското? Дали македонскиот етно-културен простор-време можел да се изолира од поширокиот балкански и европски простор-време?

Да се потсетиме само на примерот со зборникот на браќата Константин и Димитрија Миладиновци, кој е објавен на 24 јуни 1861 година во Загреб, под покровителство на хрватскиот бискуп Јосип Јурај Штросмаер, под наслов *Бѫлгарскинароднийесни*, наспроти фактот дека во него се вклучени шестотини македонски народни песни, а дополнително се вметнати 70 бугарски песни, со помош на бугарскиот фолклорист Васил Чолаков, со стратешка културна цел македонското усно-книжевно наследство да се прикаже како бугарско. Името не е украс, името е идентификација и легитимација на посебноста на еден културен субјект со сите негови аспекти битни за епохата кога се конституираат нациите и националните држави во Европа и на Балканот.

Во услови кога, од една страна постојат разлики во културните системи на 19 и 21 век, рефлектирани и во нивниот категоријален систем, а од друга - не се почитува историската дистанца во рецепцијата на тие културни системи и на севкупната историска стварност на Преродбата. Имено, науката денес не ретко ним им пристапува со хоризонт на очекувања својствени за современите култури, а не на реалните историски егзистенции, поради што и доаѓа до конфузија во нивното толкување. Таа конфузија генерира, дополнително, нови недоразбирања, па политички тензии меѓу македонската, бугарската, српската и грчката оптика. Една иста историска стварност од периодот на 19 век е предмет на дијаметрално спротивни интерпретации. Тоа особено е видливо кога станува збор за поимите народ и нација. За поимот нација, кој е политичка категорија (болгари, византијци), друг пат како трансетничка верска категорија (ѓаури, милет, рум-милет т.е. источно-православна верска заедница,[2] румелиски или ромелијски милет, Ромеи),[3] трет пат како етноним, односно како етно-културна категорија (бугарски народ, Славјано-Б’лгари,[4] Славјано – Маќедонци, Македонци, Грци, Срби, Власи, Арнаути/Албанци), а некогаш и како социјална, феудална категорија (раја или поданици, ратаи, т.е. земјоделци/селани/селанство).

Зошто животот и делото на Григор Прличев се парадигматични за состојбата на македонскиот дух и тело? Зошто Прличев се смета за парабола на „Гордиевиот јазол“ на македонската Преродба од 19 век? Еве еден можен одговор на ова прашање кое е синтеза на т.н. *македонско ѣрашање*, сфатено како цивилизациско, антрополошко и филозофско прашање.

Григор Прличев, до својата 30-та година, кога и го создал своето генијално книжевно-уметничко творештво, парадигматично не само за македонскиот романтизам, туку и за европскиот, кога ја напишал, 1860-та, поемата *О Αρματωλος*, а следната година, 1861-та, поемата „Скендербеј“, се остварува како поет во новогрчкиот јазик и во елинистички дух, како рефлексија на доминантната културна и образовна матрица на тоа време во Охрид и во Македонија, тогаш именувана и како „Румелија“. Фактот, пак, дека новогрчката книжевност денес не претендира да го присвои Прличев[5] во својата книжевна традиција докажува дека јазикот на којшто е напишано едно книжевно дело не е пресуден за припадноста и идентитетот на делото и авторот, дека се битни и другите чинители: тематски, идејни, авторски, рецепциски, па и културно-политички. При тоа, за нас е битно и тоа што непосредно по враќањето од Атина и донесувањето одлука да не се прифати покровителството на грчката држава во натамошното образование, Прличев доживува темелна преобразба на своите поимања на идентитетот, па од поет кој постигнал совршенство на елински јазик, станал страстен говорник, деец и поборник за правата на народот и народниот македонски говор, жива реч својствена за населението во Охрид, Струга и Битола.

Токму фактот дека во тој историски момент македонските наречја не биле систематизирани во една стандардна јазична норма, згора на тоа не постоеле македонски државни и образовни институции, но затоа пак постоеле силни и јасно насочени политики за елинизација, бугаризација и србизација на македонското население и политики на присвојување на неговото културно наследство, Прличев бил повторно ставен на искушение, овој пат строго јазично. Тој, знаејќи што значи совршен книжевен/поетски израз на стандардизиран јазик, се почувствувал немоќен пред живата македонска реч. Оти, нели, неговата девиза е „Совршенство или смрт“! Кога веќе знаеме дека Прличев „не се плаши од смрт/та, затоа што најмалку 12 пати се соочил со неа“ (1991: 199), логично се наметнува прашањето: Дали Прличев се исплашил од метафизичката Смрт, онаа смрт на поетот, која е парабола на смртта на јазикот? Дали, во таа смисла, Прличев е метафора на една клучна *меѳафизичка ѣрероdба* на 19 век на тлото на Македонија?

2 Отоманското општество било поделено на: муслимански милет, православен милет, католички франкиски милет, ерменско-грегоријански милет, ерменско-католички милет, еврејски милет.

3 Рум милетот се дефинира и како православен етнос (VictorRoudometof&Roland Robertson, 2001: 68-71).

4 Отец Пајсиј Хилендарски ја завршува својата историја 1762 година и ја насловува *Славянобългарска исѿория : http://slovo.bg/showwork.php3?AuID=15&WorkID=97&Level=*1
Таа била напишана „за полза на българския род“, при што тој и Македонците ги посматра како дел од тој славјански, односно славјано-бугарски род. Неговата просветителска идеја е фокусирана врз отпорот против елинизацијата на Словените (грчкиот јазик во црквите и по школите) и потребата да се возобнови колективната меморија за древната и славна историја на словенските народи. Родум од Банско, Пиринска Македонија, тој ги посетил Охрид, Битола и други градови низ Македонија, каде што ја давал историјата да се препишува и да се шири меѓу народот. Така се ширела и идејата за припадноста на Бугарите и на Македонците на поширокиот словенски род.

5 Во еден текст (неговата втора рецензија објавена 1877: 180-186, во *Литерарна историја/ Histoire Litteraire, Paris, CalmanLevi*), критичарот А.Р. Рангавис го нарекува Прличев „Ставридис од Тракија“. В. Михаил Д. Петрушевски (1991).

Но, токму тогаш кога македонско-елинскиот поет метафизички умира, се препородува македонскиот беседничар, чиишто беседи или јавни проповеди, како што тој некогаш си ги нарекува своите говори пред народот и за народот, можат и денес и за век-и-веков да бидат образец за добра беседа: со јасна цел и прецизна тема, свртена кон аудиториумот препознаен во широките народни маси, социјално загрозени, со совршена дикција, со показни и доказни примери, со неопходните мудрости од *Светото писмо* и од народната традиција, со емоционален набој, убедителни и делотворни.

Беседите на Прличев („Русална среда“, „Чувај се себе си“) несомнено треба да се објават критички, заедно со нивниот оригинал на живата охридска народна реч од втората половина на 19 век. Таа жива реч била, уште тогаш, доволно далечна и туѓа на живата бугарска реч, што Прличев, дури и по учењето на бугарскиот јазик во Цариград (шест месечен престој во текот на 1868, кога учи и црковнословенски јазик), не успеал да ја совлада доволно и на начин кој е неопходен да ја преведе *Илијадата* на Хомер на бугарски јазик, уште помалку да се оствари како бугарски писател. Имено, 1870 година, неговиот превод од бугарската критика бил оценет како несвојствен за бугарскиот јазичен дух. Својата *Автобиографија* (1894), пак, што ја пишувал при крајот на својот живот (1883), Прличев се обидел да ја напише на тогашниот бугарски јазик, но и во таа прилика покажал недоволно познавање на бугарскиот јазик.

Во есејот „Мечтата на еден старец”, Прличев објаснува, исповедно и рефлексивно, во имагинарниот дијалог со својот творечки Дух, зошто не пишува на бугарски, зошто се доживувал како мртов поет кој умеел совршено да пее на грчки. Тој, поучен од Херодот, „да се сомнева во вистинитоста на историите“ (1991: 201), го искажува својот револт и ги посочува клучните причини поради коишто престанал да пишува на грчки и да создава поезија, а се посветил на преродбата на својот народ, која пак била незамислива без воведување словенски јазик (црковно-словенски, македонски, бугарски, руски) во училиштата и во црквите. Тој вели:

> „НО, ДА ПОЧНЕМЕ ОД ПОЧЕТОК. КОГА ЈАС ПО ТРИГОДИШНО УЧИТЕЛСТВУВАЊЕ ДОБИВ 1200 ГРОША И СО НИВ УШТЕ МАЛОЛЕТЕН И НЕИСКУСЕН СЕ ГОТВЕВ ДА ТРГНАМ ЗА АТИНА, ДА ГИ УЧАМ ОМЕРА И ХЕРОДОТА, КАДЕ БЕШЕ ТИ? КАКО ТОГАШ НЕ МИ СЕ ЈАВИ, ДА МЕ ОДБИЕШ ОД ТОЈ ПАТ И ДА МИ ГИ ПОСОЧИШ КИЕВ ИЛИ ПРАГА? КАКО СЕГА МЕ НУДИШ ДА ПИШУВАМ НА БУГАРСКИ, КОГА НЕ СИ МИ ДОСТАВИЛ НИТУ ЕДЕН, БАРЕМ БУГАРСКИ РЕЧНИК? (...) НЕ ЗНАЕШ ЛИ ДЕКА АКО СЕ ДРЗНАМ ДА ГИ МИНАМ СЕЛАТА ЗА ДА СОБЕРАМ МАТЕРИЈАЛ, НЕНАСИТНИОТ АЛБАНЕЦ ЌЕ МЕ ОДВЕДЕ КАКО ЗАРОБЕНИК ПО ПЛАНИНИТЕ И ЌЕ МИ БАРА ТРИСТА ЛИРИ ОТКУП?” (1991: 200) ПОМНИШ ЛИ КОГА ДУНАВСКИ ЛЕБЕД ГРОМКО ИЗВЕСТИ ВО АТИНА ЗА СМРТТА НА БРАЌАТА МИЛАДИНОВЦИ, КОЛКУ РЕШИТЕЛНО ЈАС ГО ОСТАВИВ ТАМУ СИОТ УКРАС НА СВОЈОТ ЖИВОТ И ТРГНАВ ЗА ВО ТАТКОВИНАТА ДА И СЛУЖАМ СО ДАРБАТА, ДА УМИРАМ ЗАЕДНО СО ОНИЕ СВОИ СОГРАЃАНИ КОИ УМИРАА, ДА ИМ ГО ПОКАЖАМ ПРАВИОТ ПАТ КОН НАПРЕДОКОТ, ДА ГО ИСКОРЕНАМ ЕЛИНСКИОТ ЈАЗИК ОД ЦРКВИТЕ И УЧИЛИШТАТА, ПО ЧЕТИРИ ВЕКОВИ ВАРВАРИЗАМ ДА ГО ВОВЕДАМ ОДНОВО ЗВУЧНИОТ СЛАВЈАНИЗАМ И ЗА НАРОДНИОТ НАПРЕДОК И ОДМАЗДА ЗА СМРТТА НА СВОИТЕ УЧИТЕЛИ ДА ПРЕТРПАМ НЕИСКАЖЛИВИ МАКИ?” (1991: 198)

Прличев е еклатантен пример како и најнадарените и најобразованите Македонци од втората половина на XIX век зборувале на својот мајчин јазик, на своето локално македонско наречје, а не на бугарскиот јазик кој во тоа време - впрочем - и немал официјален литературен стандард, но

бил престижен меѓу македонското население, со оглед на силното црковно, образовно и културно влијание. Токму затоа, Прличев станува една од стигмите на бугарската културна и преродбенска парадигма на XIX век, така што современата бугарска наука не покажува некој особен, емоционално нагласен и посвојувачки став спрема Прличев.[6] Кај Грците, пак, Прличев ја поттикнува стигмата дека туѓинец може да напише подобра поезија од самите Грци, а кај Бугарите сомнението дека македонскиот јазик во XIX век бил видливо поразличен од бугарскиот, па било потребно образование за да се совлада бугарскиот, како немајчин јазик за Македонците (оние Македонци кои сè уште не емигрирале во Бугарија и не се вклопиле во бугарскиот општествен систем).

Драмата на себепреиспитувањето на Прличев во јазикот се одвива и кога тој, 1869-та година ја составува својата „Кратка словенска граматика“, опседнат од идејата за совршениот словенски и општословенски јазичен код, запоставувајќи ја - при тоа - својата домородна јазична реалност. Можеби драмата на Прличев и се состои во постојаниот внатрешен конфликт меѓу живата реч на неговиот мајчин јазик (охридскиот дијалект), од една страна, и усвоениот јазик на неговото образование (новогрчкиот), од друга? Можеби таа драма станала уште подраматична со оглед на фактот дека Прличев ја знаел важноста и обединувачката културна улога што со векови, цел еден милениум, ја вршел црковнословенскиот јазик, по аналогија со другите транс-културни и транс-етнички јазични матрици на големите империи, каков што бил латинскиот, на пример, во Римската империја, или грчкиот во Источното римско царство (Византија)?

Оваа, некогаш површно сфатена јазична авантура на Прличев, можеби треба да се толкува во контекст на вековната црковнословенска традиција која веројатно му сугерирала опција дека е возможно да се направи еден општ ново-словенски јазичен стандард, опција што тој самиот ја отфрлил како илузорна. Тоа е таа негова јазична утопија која го ставала на искушение, но која морал да ја доживее и да ја надживее за да се врати на местото на раѓањето, во прегратката на мајчиниот јазик, во светилиштето на македонскиот јазик.

Можеби таквиот Прличев, самотник, полиглот, ингениозен поет и бунтовен човек, индивидуално, без било каква поткрепа, се обидел пожртвувано да го направи она што Елините го направиле со сета своја државна апаратура, се обидел да создаде современ (општо) словенски јазик, еден ново-словенски стандард? Творец во поезијата, Прличев бил творец каде и да стапне, но морал лично да искуси дека кога се работи за пишување поезија, поетот е доминантниот творечки субјект, а кога се работи за еден јазичен стандард, за тоа се неопходни и други фактори: традиција, државни институции, образовен систем, политичка волја.

Во услови кога националните движења и државотворни стратегии станале реалност ширум Балканот и Европа, било речиси ретроградно враќањето на еден транс-национален јазичен стандард. Тоа Прличев го сфатил откако го искусил и за тоа не треба да биде осудуван. Откако се случило и тоа метафизичко соочување со смртта, Прличев се оддал исцело на својот

6 Токму бугарскиот митрополит Натанаил безмилосно го прогонувал Григора, или како што самиот тој сведочи, дури ни грчкиот владика Мелетиј не бил толку ригорозен со него во текот на 18-те години од неговата преродбеничка дејност и критика.

народ и неговиот јазик, култура и опстанок. По цена на прогон, затвор, изопштување, депресија и меланхолија, тој одлучил да ја претставува народната волја и да биде огледало на македонските социјални, политички, државотворни и јазикотворни трауми. Поетот (кој е) отворен спрема светот, сензибилен на историјата и на јазичното, духовното, христијанското и севкупното културно наследство, се приврзал за својата татковина, за својот народ, за својот јазик и за својот Дом. Оти Домот за него било неговото битие, а неговото битие се огледало во неговиот Дом.

Не би требало да се пропушти и уште еден драматичен податок кој влијаел врз консолидацијата на македонското национално битие на Прличев. Станува збор, имено, за религиско-црковната констелација на Балканот. Охридската Архиепископија е укината, со т.н. ириде на султанот Мустафа III, со образложение дека е основана незаконски и неканонски раздвоена од Цариградската Патријаршија, на лукав дипломатски начин, така што самиот митрополит Арсениј бил принуден да си даде „доброволна“ оставка на 17 јануари 1767. Тогаш, македонските епархии се приклучуваат целосно кон Цариградската Патријаршија, а еден век подоцна, 1870, кога е основана православната Бугарска Егзархија, – која иронија – им било дадено право да бираат меѓу (јурисдикцијата на) Цариградската Патријаршија и Бугарската Егзархија. Во услови на таков „избор меѓу две зла“, односно меѓу две туѓи цркви, една третина од македонските епархии – наследнички на Охридската Архиепископија - одбрале да останат во составот на Цариградската Патријаршија, а две третини се приклучиле кон Бугарската Егзархија. Современите збиднувања и ревизии на македонскиот идентитетски и државен статус повторно ја воведуваат во игра оваа хипокритична слобода на избор „да се биде или да не се биде“, под апсурдни образложенија и бескрупулозни притисоци.

Драмата на делбата продолжила, со засилена динамика, особено затоа што била поттикната од најчувствителниот сегмент на тогашното македонско битие – христијанството. Имено, не е случајно што ораторската и просветителската дејност на Прличев се одвива во голема мера со контакт со верниците, во црквата, се однесува на воведување на народниот јазик во црковната литургија, самиот Прличев пеел псалми на својот јазик во охридските цркви, ги ширел библиските учења меѓу широките народни маси, ја идентификувал својата хуманистичка етика со православната.[7]

Сублимирано формулирајќи го одговорот на поставените прашања, ќе го кажам следново: Григор Прличеве фигура на парадокси, оние парадокси кои ја обележуваат македонската историја и македонската нација: врвен човечки и творечки потенцијал, богата културна и национална историја, парадигматичен јазик, слоевита колективна културна меморија, синдром на проблематичен идентитет подложен на ревизии, девастација на книжното и културното наследство преку отуѓување, откуп и палење на ракописи, книги и библиотеки, лавирање меѓу словенофилството, бугарофилството и елинофилството, меѓу идејата за балканска кон-федерација и автономија, потем проблематизирани национални државни и верски институции, кревки национални ресурси, прогон, миграции, егзил, па и геноцид, ироничен опстанок преку самозаборав или самопотценување, така што Македонците да даваат несебичен придонес во афирмацијата на други култури и во развојот на други јазици и книжевности (Димитар Талев, Стојан Христов…).

Ние, современите Македонци, треба да се поучиме од трагизмот на неговата фигура, затоа што - колку и да има елементи на повеќекратна припадност, Прличев се впишува неизбришливо и недвосмислено само во македонската книжевна и културна историја на XIX век. И не само тоа, Прличев е втиснат длабоко и во колективната меморија на Македонците, во колективното предание на неговите сограѓани, охриѓаните, а преку поемата *Сердаро̄т* и нејзината уводна словенска антитеза, прифатен е како парабола на достоинственото јунаштво во услови на див терор (на Арнаутите) и на брутален феудално-колонијален режим (Отоманска империја), кога принципот надеж бил олицетворен во православната вера. Христијанството, односно христијанскиот идентитет бил, во тоа време, пресуден во самоидентификацијата на Македонците и на сите помали народи кои немале поткрепа од големите сили, а немале ни своја сопствена и моќна аристократија и интелигенција.

Христијанството, надополнето со богатата народна култура и традиција (фолклор, митски слики, предание, пагански обичаи, музика, танц, усна книжевност), претставувало доминанта на македонскиот идентитет во 19 век. Народот живеел растргнат меѓу инстинктот за гол опстанок и митот за македонскиот идентитет. Македонците верувале без да разбираат. Тие верувале во Бога иако не го разбирале неговото Писмо. Таа „слепа вера“ била непресушен извор на една исконска сакралност кај Македонците, кои со сакралното се соочувале на разни начини, христијански и паганski. Можеби тоа го објаснува долготрајниот опстанок на паганските обичаи меѓу Македонците. Можеби таа исконска потреба од верување и од светост го објаснува македонското битие повеќе од било кој друг рационален аргумент. Македонците биле свесни за јазичната дискриминација во црквите и не биле рамнодушни поради тоа, но им била наметната како вистинита лажната претстава дека македонскиот јазик е прост, а (дека) грчкиот е јазик на Црквата и на образованието и дека секој кој претендира да биде дел од аристократијата, клирот и интелигенцијата, треба да го познава грчкиот јазик. Прличев на Македонците им покажува дека поимот јунаштво ги надминува етничките граници, дека во минатото народите се обединувале врз верското начело, па затоа и се обединиле во отпорот против религиски инородниот владетел, со еден збор Прличев ја покажува чувствителноста или кревкоста на системите на историски, национални и културни вредности.

7 Стојан Прибичевиќ, во својата книга *Македонија, нејзинише луѓе и исшорија* (1990: 124), потсетува дека „Марко Тодоровиќ отпечатил буквар во 1792 во Виена, прв на македонско-словенски јазик.“ Тој, исто така, вели: „Иронично звучи фактот дека македонската борба за мајчиниот јазик не била насочена против Турците, туку против исто така поробените Грци.“ (1990: 124) Во текот на XIX век, по манастирите на Света Гора и низ Македонија, грчкиот клир запалил и уништил огромен број ракописи од Македонија пишувани на старословенски и црковнословенски јазик. (1990:124-125)

Референци:

Петрушевски Михаил Д. 1991. „А. Р. Рангавис за поезијата на Г. С. Прличев и неговото место во литературата“, 220-235. (A. R. Rangavis in *Histoire Litteraire,* Paris, Calman Levi 1877).

Прибичевиќ, Стојан. 1990. *Македонија, нејзините луѓе и историја*. Скопје: Македонска книга. Избор и редакција Цветан Станоевски.

Прличев, Григор. 1991. *Избор.* Приредил Томе Саздов. Скопје: Мисла.

Прличев, Григор. 1974. *Собрани текстови*. Приредил Тодор Димитровски. Скопје: Македонска книга.

Прличев, Г. 1991 [1894]. *Автобиографија*. *Избор.* Превод на Тодор Димитровски. сс. 37-136.

Прличев, Г. 1991. [28.04.1883 Софија, *Балкан* бр. 15]. „Мечта на еден старец“, *Избор*, сс. 196-204.

Пулевски, Ѓорѓија М. 2003 [1892].*Славјанско-маќедонска општа историја*. Подготвиле Блаже Ристовски и Билјана Ристовска-Јосифовска. Скопје: МАНУ, Фондација „Трифун Костовски“.

Roudometof, Victor; Robertson, Roland. 2001. Nationalism, globalization, and orthodoxy: the social origins of ethnic conflict in the Balkans. Greenwood Publishing Group. pp. 68-71.

Хилендарски,Паисий.1985 [1760/2].»История на България» (изворно: *Исторїѧ славѣно болгарскаѧ*), том 5 од „Българско Възраждане XVIII – средата на XIX век“.София: Българска академия на науките. *Славянобългарската ист ория* е достапна на: *http://slovo.bg/showwork.php3?AuID=15&WorkID=97&Level=*1

Шклифов, Благой. 2003 [2002]. *За разширението на диалектната основа на българския книжовен език и неговото обновление*. София: Благотворително издание на дружество „Огнище“ в сътрудничество с издателство: Veritas et Pneuma Publishers Ltd.

КНИЖЕВНОСТ:

ТЕТОВСКО – ГОСТИВАРСКА ЕПАРХИЈА

ЗОШТО НАУКАТА НУЖНО ВОДИ КОН БОГА

ПРОФ. Д-Р ВЕНКО АНДОНОВСКИ

Јас сум филолог. Се занимавам со проучување на јазикот и со неговите творби: пред сè со книжевноста (јас милувам да ја именувам како „лепословие“). Освен тоа, и самиот сум писател. Во пракса се исповедам пред и во јазикот, ги проверувам неговите зборови, интонации, неговите значења, нијанси и неговата музика. Јазикот ми е, метафорично да се изразам, мој манастир. Убеден сум дека вистинската книжевност, како и вистинската уметност нема друга смисла освен да го одведе човека до Бога: да му овозможи премин (трансценденција) од битието во надбитието.

Кога го пишував романот *Пайокоӣ на свеӣоӣ*, постоеше една книга која ме водеше низ она што сакам да го соопштам. Тоа беше збирката мудрости на Светите православни отци под наслов *Духовна градина*, приредена од Отец Мелентиј Хиландарецот. Меѓу тие мудри мисли кои го осветлуваат Бога, стоеше и следнава: „Сè што гледаме сведочи за невидливото“. Веднаш и без двоумење решив тоа да биде и една од првите реченици на мојот роман. Нема ни потреба да кажам дека под тоа „невидливо“ во православното христијанство, на кое и самиот му припаѓам, се подразбира Седржителот (Творецот), а во платонистичките размисли, кои му претходат на христијанството, се подразбира поимот на Едното. Зошто не се двоумев воопшто околу тоа дека оваа реченица треба да стои во првите, ударни мисли на романот, кои му го даваат „виолискиот клуч“ според кој сите други негови „ноти“ (делови) ќе добиваат смисла при читањето?

Па, затоа што занимавајќи се со јазикот, знаев дека јазикот е типичен пример за вистинитоста на оваа мисла. Речиси сите европски лингвисти и сите семиотичари на нашиот век, од Фердинанд де Сосир, преку Емил Бенвенист, Андре Мартине, до Луис Јелмслев и Пјер Гиро (со мали варијации) се согласни дека јазичниот знак е всушност ентитет со две лица. Едниот ентитет (*означителот*) е секогаш материјален, односно некаква материјална (за сетилата достапна) единица, а другиот е она „отсутното“ за кое говори и светоотечката мудрост: тоа „отсутното“ е *означеното*, кое се означува со означителот. Оваа мисла е нагласно изразена кај Фердинанд де Сосир, таткото на модерната лингвистика: тој децидно вели дека јазичниот знак е неразделен, договорен (конвенционален) и секогаш постојан спој на материјалниот означител и поимното означено. Така, кога ќе го видам следниов серијал од гласови, напишан на лист хартија (или кога ќе го слушнам): *м-а-ј-к-а*, јас веднаш во свеста го повикувам поимот „женски родител“. Присутното (во окото или во моето уво) ми сведочи за отсутното.[1]

Тоа само значи дека јазикот е една од најсилните потврди за постоењето на „невидливото“. Јазикот ни е даден постојано да нè потсетува на постоењето на Творецот, на Седржителот. Јазикот е Божји дар и потсетник за човекот, а не човекова измислица.

Но, јазикот може, но и не мора да ве одведе до Бога. Тој може да служи и за лажење, наместо за говорење вистина; за изразување омраза наместо за љубов; може со него да се води душата кон страсти и гревови, наместо кон Вистината. Со јазикот можат да се прават и гревовни работи, подеднакво како што можат да се пишуваат и псалми за Бога. Како и сè што ни е дадено, и јазикот сам по себе не гарантира „духовност“, ниту Божја цел: оставено е на нашата слободна волја, а според тоа и на нашата слобода, за што ќе го користиме. Некои веруваат дека јазикот ни е даден само за да се оствари комуникација меѓу човек и човек: тие имаат право, но тоа е најнаивното гледање на јазикот. Јас сум застапник на теистичкиот поглед врз лингвистиката и семиологијата (науката за означувањето), и убеден сум дека јазикот ни е даден, како и науките (кои се јазик над јазиците), за да нè одведе до Бога, не само до човекот.

Сепак, со право може да се постави прашањето: како јазикот, во кој видливото (означителот) сведочи за невидливото (поимот) може да нè одведе до Бога, кога поимите служат за мислење, а не за *чувствување*? А секој кој е верник и кој имал и најмал опит со Бога, знае дека тој опит се должи на најдлабоко, интимно *доживување* (односно – *чувствување*) на битието? Не е спорно дека со јазикот можат да се изразат и емоции, дека тој има и *емотивна функција*, но генерално земено, јазикот е *мислење*, а не чувствување: чувствата најдобро се изразуваат (и најлесно се читаат) преку лицето, односно со мимиките, а од гласовните капацитети, за изразување на емоциите е доволен и крикот.[2] Со поимите пак се мисли. Тие обопштуваат: кога ќе се каже „пес“, во свеста се довикува поимот „животно од родот canis, canis кое лае“, ама не се довикува *конкретен* пес кон кој негувам чувства, и токму преку тој некој конкретен пес, со бела дамка на главата и бел врв на

1 Ако некого го интересираат лингвистичките детали, може да најде информации во: Венко Андоновски: *Обдукција на теоријата. Том 1: Жива семиотика*. – Скопје, „Галикул“ 2011, поглавје „Знак“, стр. 55-70.

2 За детали околу емотивната и другите функции на јазикот да се види претходно цитираниот извор, поглавјето „Функција, јазична“.

опашката, *чувствено* сум го *доживеал* и сум го научил и запомнил поимот „пес“? Религиозното чувство подразбира *крајна индивидуалност*, *личност*, подразбира кај секој од нас *чувство* дека *секое суштo е еднакво на самото себеси*, дека суштината на секое сушто е само и само во него самото, а не надвор од него. Напротив, секое обопштување преку поим оддалечува од Бога, зашто води кон сознанието дека *сушноста на секое поединечно суштo* е надвор од него, во некоја обопштеност, поим, род, вид... Така кога ќе кажам „коњ трча по ливадата“, не кажувам ништо за *суштото* на тој коњ, ниту за *суштото* на таа ливада: во таа јазична конструкција *поимот* „коњ“ трча по *поимот* „ливада“.

Духовниот опит, а со него и религиозното чувство подразбираат секогаш свест дека *суштото е суштo во самото себеси*. Смислата на Христос не е во општата фигура (поимот, метафората) на страдањето поради туѓите гревови, туку во *чувството* и *личниот опит со страдањето* на секој од нас, кои ги носиме своите крстови низ нашите животи. Тој *личен опит* е всушност и суштината на Божествената литургија, а таа е срж на верата.

Филозофот и историчар на уметност, професорот Жарко Видовиќ (1921-2016), еден од ретките застапници на теистичкиот поглед на јазикот и уметноста, пишува разложно за тоа на едно место во својата книга *Огледи за духовното искуство*, кога забележува дека ваквото, *метафизичко* сфаќање на јазикот оддалечува од Бога, и дека јазикот е опасна стапица, зашто тој е складиште од поими, а поимите се немоќни да изразат *религиозно* чувство кон битието и *суштото*:

„Својата вистинска природа поимот ја покажува токму таму каде е невозможно таа да се сокрие: кога се обидуваме со поим да ја опфатиме („појмиме“) поединечната ствар! Тука се покажува немоќта на поимот! Се покажува дека поимот нема никаква можна врска со „квалитетот“ (со содржината која ја определува суштината на поединечното нешто или поединечното сушто). Поимот на *видот*, поимот на *родот* и поимот на *тоталитетот* на створите (на суштите) се можни, но поимот на *поединечното суштo* не е е можен! Ако е целта поединечната ствар (или некое сушто) да го вклучиме во неговиот вид (според некој критериум, да речеме, употребливоста), тогаш поимот ни е неопходен, зашто веќе самата намера на вклучување (на таа ствар во нејзиниот род) покажува дека таа ствар ја поимаме, ѝ приоѓаме поимајќи ја, барајќи ѝ го местото (во системот, во видот) според критериумот на корисноста или употребливоста... Но, треба да сфатиме што таа ствар *е*, а не за што ни користи. Треба да сфатиме *што е коњ*, а не за што ни служи: за трка, за влеча, за товар, за покажување. И пред секое можно поимање мораме да стекнеме претстава што *е* таа ствар (или тоа сушто, коњот); а таа претстава не ја стекнуваме со поимање. „Она што е“ е *суштината* на суштото. Тоа поединечно сушто – во неговиот „квалитет“ (содржина, суштина) – може да биде сфатено само со покажување – „еве ова овде сега“! Што е океан? Пробај да го препливаш, па ќе знаеш – ако преживееш“ (истакнатото мое).[3]

Тоа значи: личниот опит и личното искуство се пресудни за *предпоимањето* на светот, на битието. А тоа пак значи: не е свеста последица на мислењето, туку мислењето е последица на свеста. Свеста е свест за битието, за суштото, за Бога. Но таа свест не е поимна, туку *чувствена*, се раѓа

3 Жарко Видовић: *Огледи о духовном искуству*. – Нови Сад, „Балканија“ 2019, стр. 132.

од *чуствување на полнотијата на битието*, од *воодушевувањето пред таа полнотија на битието¸ од воодушевеноста* од секое сушто на Творецот. Зашто, секое мислење (а тоа е можно само во поими) подразбира, колку и да ни изгледа тоа апсурдно, *напад на суштото*: „Суштото е истоветно со својата суштина, па ако некој, обидувајќи се да ја сознае суштината на суштото го одвои суштото од неговата суштина (ставајќи го во поим), тој се обидува да ја одвои суштината од суштото и со тоа врши напад врз суштото“.[4] И уште појасно кажано, дека на јазикот му претходи едно *сознајно искуство* (една *предгносеологија*), што не е поим, туку *чувство*: „Вистината на битието се покажува. Тоа покажување нема никаква врска со поимањето. (...) Што е височина – тоа можат да го насетат само оние кои паѓале од височина, па останале живи. Тоа е *покажување*: сфаќање на битието. Знаењето за битието (сознавањето на вистината на битието) секогаш се граничи со смртта или бар со смртна опасност. Сознавањето на вистината на битието е „емпирија“ (искуство, поточно искуство на опасноста)...“[5]

Овде Видовиќ јасно укажува дека нема доживување на светот без лично носење на крстот и личен опит („смртно искуство“), и дека мислењето во поими не е пат до верата, до *отвореноста на човекот* кон битието. Таа *отвореност* е всушност *подготвеност* на човекот да застане пред битието и да се соочи со неговата Вистина: таа *отвореност* е знак на вистинската вера. Наспроти тоа, поимното мислење е само метафизичко сфаќање на светот, спротивно на платонизмот и платонски мислечкото христијанство. Видовиќ јасно укажува дека под *метафизика* ја подразбира и католичката метафизичка теологија (која до Бога доаѓа преку поим), а под *чувствена свест за битието* – православното христијанство, засновано на личен опит и личносен однос со Бога. За него религиозниот опит е еден вид *предлогично сознание за битието*: му претходи, како чувствен однос, на мислењето. Еве го резимето на неговата теолошка позиција кон јазикот и мислењето:

„Во покажувањето на поединечната ствар – на нејзиниот ‘квалитет’ (содржината, суштината, она што таа е, без разлика на нејзиното можно место, улога или функција во некој систем) – се случува ДОЖИВУВАЊЕТО, а не мислењето! И кога човек е *отворен кон доживувањето*, во кругот на неговиот дофат ‘упаѓаат’ сите ствари и сите сушти од тој момент на доживувањето. Покажувањето, според тоа, не е само некое „ова овде сега“ (како што се обидува тоа да ни го прикаже Хегел во *Феноменологија на духот*, божемниот дух), туку тука се случува и самиот човек како ДОЖИВУВАЊЕ. И човекот тука се покажува. Човекот не е само мислење, туку и доживување. А тоа се две различни *ипостаси* на битието на човекот.“[6]

Јасно е дека Видовиќ, поучен од идеите на платонизмот и платонистичкото христијанство е свесен за тоа дека јазикот, ако е навистина таков, и ако „поимот може да биде истоветен само *со зборот*, а не со стварта (res) која тој збор би ја означувал“[7], е „ограничено“ средство за пат кон Бога. Видовиќ, со тоа станува против метафизичката лингвистика на Фердинанд де Сосир и неговите истомисленици. Кај Сосир, како што веќе рековме, знакот беше дводелен – имаше свој материјален дел (означител) и свој нематеријален дел (поим), меѓу кои врската е секогаш постојана и договорена (конвенционална, арбитрарна). И секогаш еден ист означител во нашата свест повикува еден ист поим, но не и самата *ствар* (ниту нејзината конкретна сушност) која во моментот на означувањето се означува. Таа *ствар* кај Сосир се вика *референт*, и останува надвор од знакот – како „означен предмет“ од реалноста.

4 *Исто*, 133.

5 *Истото.*

6 *Исто*, 134. За ипостасите во платонизмот и православието Видовиќ говори темелно во истава книга на неколку места.

7 *Исто*, 135.

Но, веројатно на Видовиќ не му било познато, кога ова го пишувал, дека постои и една лингвистичка, а следствено на тоа и семиолошка школа, која многу повеќе би ѝ одговарала за неговата теистичка концепција за јазикот и уметноста. Тоа е, парадоксално, семиологијата (лингвистиката) на Чарлс Саундерс Пирс, таткото на прагматиката, која најмалку би требало да има некаква врска со православното христијанско поимање на битието! Во оваа концепција за знакот, на јазикот му се враќа онаа *субјективност* и *доживување на суштото* за кои Видовиќ говори. Имено, кај Пирс знакот се состои не од два, туку од *три* елементи: како и кај Сосир, постои *означител* (материјален дел, „преносник“, кој кај Пирс се вика *sign vehicle*), потоа – поим или *designatum*, но постои и трет елемент, што Пирс го именува како *интерпретант*: тоа е *субјективен, личен, искуствен поим* во кој *интерпретаторот* (корисникот на знакот) го преведува општиот поим, *designatum*, во поим познат од *неговото искуство* или *доживување* на истиот поим. Така, според оваа Пирсова концепција, би требало, кога некој ќе рече „пес“, откако во мојата свест ќе се јави поимот („означеното“, designatum: „животно од родот canis, canis“), да настане *субјективизација* и „превод“ на тој поим во „личен поим“, односно во чувствен опит (зашто „личен поим“ е контрадикција), па јас да помислам на мојот или за мене омилен пес – златен ретривер, а вие на некој ваш или за вас познат, веќе *доживеан* пес – пудлица, волчјак, шарпланинец. Така, се вели дека Пирсовата лингвистика му ја враќа изгубената „субјективност“ на јазикот, сфатен метафизички, како гола и сурова, студена врска меѓу означителот и поимот, без никаков *искуствен* однос на јазикот со светот.

Чудно е што оваа концепција на јазикот не му била позната на Видовиќ, еден од најупатените српски филозофи, лингвисти и теоретичари на уметноста со теистички поглед на овие феномени.

Но, како и да е: и покрај изразениот сомнеж (не само кај Видовиќ, туку и кај видни теолози) дека јазикот, а следствено на тоа и науките со своите „специјални (а најопшти) јазици“ не можат да одведат кон Бога и кон автентично духовно чувствување на светот, јас лично мислам дека тоа не е така. Во најлош случај, јазикот и науките, дури и само сведени на поими и на поимно мислење (кои го исклучуваат *чувственото доживување* на суштите од битието), сепак водат кон *поимот за Бог*. И тоа нужно. Секоја вистинска, логички консеквентно изведена наука нужно води кон и завршува со поимот на Бога. Ако не води кон него, тогаш таа наука не се придржувала кон сопственото *„Свето“ писмо* – логичкото мислење. Мислела неконсеквентно и логички некохерентно.

Логиката не може да го замени верското *чувство*, но таа сепак води кон логичка конструкција на поимот Бог: завршува со идејата дека космосот е *дизајн*, а тоа подразбира – интелигентен *творец* и се разбира – *почеток* на сите настани во времето.

Затоа, најголемите гении на науката низ историјата на човештвото, ако не на почетокот, тогаш сигурно на крајот од своето „логичко патешествие“ низ науката – завршиле како верници. Не треба многу докази за тоа: Алберт Ајнштајн, на прашањето дали е верник, одговорил со онаа прочуена реченица - „Зар ќе се зафатев со нешто толку величествено како што е вселената, ако не верував во нејзин Создател?“ Никола Тесла, генијот од Лика, цел живот се занимаваше со кротење молњи и хранење на своите гулаби. И двете нешта се небесни нешта, така што како човек загледан во небото, сонуваше да му подари на човештвото бесплатна електрична енергија со безжичен пренос. Беше убеден дека електроните кои ги создал Бог, нема право да ги продава ниеден човек, макар бил и капиталист и пронаоѓач од рангот на еден Едисон. Такви убедувања може да има само верник.

Интересно е дека логиката во природните науки секогаш полесно и појасно го докажува постоењето на Бога (Творец), одошто логиката во хуманистичките и општествените науки. Тоа е и разбирливо, бидејќи природните науки се занимаваат со она што човекот *не го создал* (универзумот), а општествените се занимаваат со „царството земно“, односно со човечките креации – општествата. Природните науки се занимаваат со совршеното, општествените со минливото, иако и двете се користат со логиката.

Како и да е, науките секогаш доаѓаат до една граница од која логичкото мислење натаму *не помага*. Потребен е скок од разум во вера, од *поимот* во она *чувствено доживување на битието* (религиозен, духовен опит) за кој говори со толку љубов Видовиќ. Од таа гледна точка, поимите можат само да служат да се *докаже* постоењето на Бога (и тоа не е нивна мала заслуга); но *верувањето* како *личносен однос* кон Бога, кај научниците кои стартувале како атеисти, се случува дури по тој доказ. Тие се во таа смисла, како Тома неверниот: додека со поимот „не го допрат Творецот“, не веруваат во Него. Тие по многу години и децении по логички пат доаѓаат до она, до што обичниот верник доаѓа *во еден миг* со срцето, и со онаа *отвореност за доживување на суштите* од битието како „ова овде сега“.

Дали науките на научниците се тогаш, залудно загубено време? Се разбира, не. Најпрвин, иако повеќето од нив за тоа не се свесни, тие постојано го докажуваат постоењето на Бога, дури и тогаш кога тврдат дека се атеисти (како Стивен Хокинг, на пример). Некои од нив, како Ајнштајн, се теисти, па се свесни за она што го работат како за „откривање на Бога“. Ајнштајн, на пример, со својата *Теорија на релативноста* ни докажа дека времето и просторот се неразделно поврзани и дека се релативни. Но, со истата теорија, докажа и едно старо христијанско начело: дека ниеден грев не може да се сокрие од Него, зашто, како што се вели во „Духовната градина“ на Отецот Мелентиј Хиландарец, „Он и во најтемната ноќ ја гледа и најцрната мравка, па дури го слуша и топотењето на нозете нејзини“. За да објаснам на што мислам, ќе се послужам со пример од книжевноста: со ликот Ѓуро Мартиќ, од расказот „Помисла на вечноста“ („Misao na vječnost“) на хрватскиот предмодернист Јанко Лесковар. Тој Ѓуро Мартиќ е учен човек кој се интересира за астрономијата и за пред-ајнштајновските научни со-

знанија за светлината и просторот. Освен тоа, тој е и човек поради кој, во младоста, се самоубила една девојка: тој свој грев Ѓуро го крие од сите, а најмногу од себе, потиснувајќи го во потсвеста. Девојката останала бремена од него, тој ја отфрлил и таа се самоубила: за тоа не знае никој (дури ни нејзините родители), освен Ѓуро. Како Ѓуро доаѓа до сознанието дека сепак, за неговиот грев, покрај него, има *уште еден* сведок – Бог? Преку науката! Имено, пред крај на расказот, тој стои крај прозорецот и го набљудува залезот на сонцето. И размислува вака, користејќи ги најновите научни сознанија за космосот, кои ги читал во астрономски списанија:

„Повторно ги забележа своите суви раце, тенките нозе, а низ прозорецот го забележа сонцето на запад, кое веќе го допираше врвот на Куна гора. Но тоа е само привид. Сонцето мора веќе осум и пол минути да е зајдено; толку треба додека неговата светлина допре до нас. Од северната Поларна Ѕвезда на светлината ѝ треба триесет години да дојде до нас. Значи, триесет, триесет години ѝ треба и на светлината од нашата земја да стигне на Поларната Ѕвезда. Гледај, значи: според тоа, денешниов ден би можел да се види на северната Поларна Ѕвезда по триесет години. Па тоа значи дека денешниот ден не исчезнал никаде, не загинал, ах, за триесет години ќе се види на северната Поларна Ѕвезда, за пет илјади години ќе се види од Млечниот Пат: и потаму, сè потаму во вселената, сè подалеку без крај и скончание, ќе паѓа светлинската слика на земјата од денешниов ден. Ох, боже, боже, ништо не загинува, не пропаѓа, сè, сè е вечно. (...) Кога ќе умрам, можеби душата како мисла ќе ми лета од ѕвезда на ѕвезда. О, убавина! Ќе го сознае таа минатото на сите векови, оти сè, сè е забележано во вселената, ништо не е изгубено; сликите на светлината од секој миг на постоење се отиснати во вселената.“

Во оваа сцена, во која се изложени точни научни (астрономски) податоци, Ѓуро Мартиќ *религиозно* се осветува: станува свесен дека сегашност не постои, туку само *минато*, и дека следствено на тоа, не може да избега ниту од минатото, ниту од својот грев во минатото. Зашто, астрономски точно е: кога и да погледнеме во Сонцето, иако мислиме дека го гледаме сонцето сега, ние го гледаме сонцето од пред осум и пол минути! Што всушност значи тоа и какви последици остава врз идејата дека постои објективно сознание на светот „сега“ и „овде“?! Тоа значи дека нема објективно „сега“: има само минато! Така, излегува дека Ајнштајн, со својата наука докажал уште едно теолошко начело: дека овој свет е привид, особено што се однесува до категоријата време. Зар не е тоа, всушност – идејата за надбитието како *единствена, вонвремена, а невидлива стварност*?

Второ: научниците, подредувајќи ги феномените во системи, класирајќи, правејќи цели таксономии, уочувајќи ги разликите и сличностите, сепак доаѓаат и до некои за човештвото полезни откритија: лекови, вакцини, олеснувачи на животот. Тие, всушност, ги откриваат *принципите и законите* според кои *интелигентниот* творец го создал битието (сè што постои). Ги откриваат принципите на универзалниот ум.

Но, со науките, покрај можноста за олеснување на животот и можноста логички да се докаже постоењето на Бога, на човекот му е дадена и границата на неговото познание и самопознание: мислењето не може да ја помине границата на битието и да одведе во надбитието (Едното, она што е невидливо). Тоа можат само верата, и во извесни случаи поезијата и уметноста, под услов да се „свештени“, а не световни и профани.

До таа граница на која поимот станува немоќен, а научникот стои пред изборот: или да „скокне“ во надбитието и да *ѿоверува*, или да се врати назад во науката и да *ѿродолжи да логицира*, верувајќи дека некаде згрешил и залутал на научниот пат штом стигнал до *несфаѿливоѿо* и *неѿоимливоѿо* (Бог), стојат речиси сите денешни науки: тие го доживеаја својот мисловен (поимен) климакс.

За тоа говори една исклучителна книга, која за среќа и благодарејќи му на издавачот „Три“ ја имаме и на македонски јазик: *Поле* на Лин Мектагарт. Книгата е увид во најсовремените научни истражувања од квантната физика, наука која се јави на почетокот од дваесеттиот век и најбргу од сите науки стигна до Бога, именувајќи го како „Поле“, односно квантно поле зад сите квантни, енергетски полиња. Таа наука дојде до границата на која честичките на материјата (Њутновото механицистичко и корпускуларно сфаќање за светот) поминуваат во чиста енергија. Книгата и започнува токму со „онаа граница“ на која науката нужно поминува во – вера, а поимот во *чувсѿвено доживување*:

„Денес стоиме на прагот на револуција - револуција што е смела и длабока како Ајнштајновото откритие на релативноста. На самата граница на науката се раѓаат нови идеи што им пркосат на сите наши уверувања за функционирањето на нашиот свет и за самите нас. Новите откритија го докажуваат тоа што религијата отсекогаш го тврдела: дека луѓето се нешто многу повеќе отколку месо и коски. (...) На најелементарното ниво човекот не е хемиска реакција, туку енергетски полнеж. Човекот, како и секое живо суштество, е збир на енергија во полето на енергијата, поврзан со сите други нешта во светот. Тоа пулсирачко енергетско поле е централен двигател на нашето битие и на нашата свест, алфа и омега на нашето постоење. Нашето тело во однос на вселената не познава двојности - *јас* и *не јас* - зашто ги поврзува во едно базично енергетско поле. Полето влијае врз највисоките функции на нашиот ум и претставува извор на информации што го одредуваат растот на нашите тела. Тоа е нашиот мозок, нашето срце и нашето паметење, тоа е нацрт на светот за сите времиња. Полето, а не микробите или гените, е силата од која на крајот зависи дали сме здрави или болни и со која мораме да работиме за да оздравиме. Ние сме прицврстени и врзани за нашиот свет и претставуваме неделив дел од него; наша единствена темелна вистина е нашиот однос со него. *Полеѿо е*, како што концизно рекол Ајнштајн, *единсѿвенаѿа сѿварносѿ* (...) Најновите квантни физичари експериментално покажуваат дека би можела да постои животна сила што ја проткајува целата вселена, која некои ја нарекуваат колективна свест, а теолозите Свет дух.“[8]

Еве како јазикот на науката станува поезија за Бога. Сте прочитале ли нешто појасно (од научно перо произлезено) како познание и прослава на Бога од ова? „Полето“ е Бог: во книгата се изнесува и податокот дека тоа „енергетско поле зад сите полиња“, поле „што пулсира зад сите честички на материјата и зад сите познати енергии“ е бесконечно силно: кога само би успеале да земеме еден кубен метар од неговата енергија, за неколку минути би зовриле сите океани на светот! Така нè убедуваат современите квантни физичари, повторно занимавајќи се со пресметки и логика. Со тоа, тие ги сведочат и библиските чуда (како она со Мојсеј и отворањето на морето пред неговите нозе) како *научно засновани можносѿи*.

8 Лин Мектагарт: *Поле*. – Скопје, „Три“ 20007, стр. 13-14

Тоа надбитие кое поврзува сè, за најновите квантни физичари е квантното поле над сите полиња: Вернер Хајзенберг, еден од пионерите на квантната (субатомска) физика, го установи принципот на „неопределеност“ на материјата, со кој се дојде до границата на која материјата престанува „да се однесува“ предвидливо, односно како материја, па поминува во *мрежа на енергии*: „Кога пионерите на квантната физика се здобиле со увид во самото срце на материјата, биле вчудовидени од тоа што го виделе. Најситните делчиња на материјата воопшто не биле материја каква што ја познаваме, односно не биле нешто одредено, туку понекогаш едно нешто, а понекогаш сосем друго нешто. Уште почудно е тоа што често, истовремено биле повеќе можни нешта. А најзначајното откритие е тоа дека субатомските честици немаат значење сами за себе, во изолација, туку исклучиво во однос со сите други. Материјата на нејзиното најосновно ниво не е можно да се расчлени на самодоволни мали единици, туку е сосем неделива. Универзумот може да се сфати исклучиво како динамична мрежа на меѓусебна поврзаност. Еднаш поврзаните работи остануваат поврзани и во времето и во просторот. Се покажа дека и времето и просторот се само арбитрарни творби што веќе не се применливи на ова ниво на светот. Времето и просторот - какви што ги познаваме - всушност воопшто не постојат. Сè што можеме да видиме, до каде што ни допира погледот, е еден долг пејзаж од ‘овде’ и ‘сега’“.[9]

Зарем не тој „долг пејзаж од „овде“ и „сега“ – чувство на бесконечноста, вечноста, *сеќавање* на бесртноста? Зар не е тоа токму оној духовен опит за кој говореше Видовиќ како „ова овде сега“? Зарем не е тоа „покажување“ на суштото од битието, и зарем не е тоа оној „скок“ од поим во вера, од битието во надбитието, од пониска во повисока ипостаса на човековото суштество (кажано со неоплатонистички речник)? И како да се толкува фактот што овие квантни физичари се свртеле (сите до еден) кон книги кои расправаат за *духовен* и *религиозен* опит, а најважниот од нив, Хајзенберг, се свртел токму кон Платон, кој преку неоплатонистите и Плотин ја роди православната христијанска теологија? Еве го тоа сведоштво дека науката *морала* да се сврти кон *духовносѿа* за да се соочи со Вистината за битието, со надбитието кое е невидливо, а стои зад секое сушто од битието:

„Пионерите на квантната физика - Ервин Шредингер, Вернер Хајзенберг, Нилс Бор и Волфганг Паули - некако насетиле дека стапнале на забранетото метафизичко подрачје. За да ја сфатат подлабоката вистина на необичниот субатомски свет што го набљудувале, се свртеле кон класичните филозофски дела. Паули ги истражувал психоанализата и архетиповите, како и кабалата, Бор ги проучувал кинеската филозофија и таоизмот, Шредингер се задлабочил во хиндуистичка филозофија, а Хајзенберг во старогрчката Платонова теорија.“[10]

Тука ќе сопрам. Не сум ниту квантен физичар, ниту теолог, и не сакам да ризикувам да бидам лаик таму каде што има зналци. Јас сум лингвист и писател. И знам дека сите науки, а особено мојата водат кон Бога. Дека сè што постои сведочи за невидливото.

Погледот во овој миг ми паѓа врз книгата *Ана Каренина* од големиот Толстој. Ја гледам книгата, можам и да ја допрам. Но *романоѿ* за Ана Каре-

9 *Исѿо*, 15-16.

10 *Исѿоѿо*.

нина не е самиот тој предмет со сина корица на која пишува *Ана Каренина*. Романот е невидлив: тој е во главата на оној што ќе го отвори тој предмет со сина корица и ќе почне да чита, *отворен пред битието*. Само тогаш и таму, во неговата глава, постои *Ана Каренина*. Затоа и се храбрам: и мојот занает (пишувањето) и мојата наука (за јазикот) можат да ме одведат кон Бога. Кон надбитието кое единствено и му ја дава смислата на битието. Зашто: сè што гледаме, вистина сведочи за невидливото.

ИКОНА, СОЗДАВАЊЕТО НА СВЕТОТ

ЖИВОТОТ И НИЕ – ФУНДАМЕНТОТ НА ПСИХОАРХИТЕКТУРАТА НА НАШЕТО ПОСТОЕЊЕ

ПРОФ. Д-Р МЕТОДИЈ ЧЕПРЕГАНОВ,
НЕВРОПСИХИЈАТАР

Еден голем кинески философ, многу одамна, во своето капитално и вековито дело „Умот царува, а моќта и снагата трулат“ – ја енграмирал најмоќната промена низ цивилизациските психо-емотивни основи на животот со мислата: *да живееш и да постоиш – значи да работиш, да твориш, да креираш, да создаваш, да умееш, да почитуваш, да те краси емпатија, флексибилност и толерантност, значи да имаш изграден свој психо-профил со високо инкорпорирани норми во совеста на сопственото его.*

Совеста е еволутивен процес при кој на психофизичката обдареност од мајката природа, со тек на времето личноста аквирира и инкорпорира воспитание, едукација, знаења, искуство, социјални, морални, етички и духовни норми, таа постепено созрева во милјето во кое постои, во средината на фамилијата и опкружувањето.

Тоа се насушните норми кои ја формираат психо и цито-архитектурата на една личност, кои го креираат и формираат нејзиниот психопрофил.

Во овој контекст, модерната психологија, сознанието за матурирана личност го надградува: во името на зрелост со социјална когниција која означува збир на ментални процеси кои подржуваат одредени наши социјални интеракции во нашиот интерконтакт кон другите, кон околината, реалноста и осмисленоста на нашите намери, планови, желби, замисли, верувања, емоции и дејанија.

Капацитетот на социјалната когниција нè води сите нас и управува со нашето социјално однесување, со нашата адапција, како многу значаен фактор во приемот, но и во одговорот на нашите соодветни и реални, или несоодветни хистероидни и непромислени социјални интеракции.

Личноста е конгломерат од 7 психички функции: памтење, мислење, внимание, нагони, перцепции, волја, афект, сите под плаштот на осмата функција: свеста.

Овие осум функции се инкорпорирани (или) ***хармонично*** кога личноста е зрела и умее да почитува, да има емпатија, да знае да разговара, да биде толерантна и флексибилна, со подготвеност, култура и интерперсонален однос да може да се договори и да донесе едно адекватно решение, кое е во корелација со капацитетот на нејзината емоционална интелегенција, (или) ***дисхармонично*** со крајна деструктивност во екологијата на духот, поточно во интерперсоналните односи во секојдневните контакти, со злоба, омраза, љубомора, инает, суета, завидливост, карактерни настраности, параноичност и малигна нарцисоидност, агресивност и асоцијално, психопатско и карактеропатско однесување.

Денес, невронауката ја потврди цитоархитектурата на нашиот психопрофил.

Имено, во нашиот церебрум постојат две спротивставени структури кои се во постојана спрега, и тоа од едната страна нашиот ***емоtивен мозок*** со амигдалното јадро и лимбичниот систем, носител на емоционалната интелегенција и нашите психоемотивни напливи, и од друга страна ***сtрукtурите на tрефронtалниоt лобус***, нашето рацио, кое ја контролира амигдалата и емоциите и ја донесува децизијата, одлуката за нашиот мисловен дуктус, кој може да биде или богат и осмислен, или сиромашен, полн со омраза, злоба и завист и уште повеќе, со каков вокабулар, но и како и на кој начин и со каква мимична гестикулација, гримаса, боја на глас и движение ќе биде нашиот однос кон соговорникот, дома, на улица, на работа, секаде и на секое место.

Ова значи, дека во нашите интерперсонални односи, ништо не е случајно, сè е предодредено и зависи од тоа колку сме ја созреале и надградиле нашата личност, со норми, со воспитание и едукација, со богатство на знаење и искуство.

Практично овие две структури се нашето огледало кон надвор, нашата карактерна експресија на особините на психопрофилот на нашата личност, тоа сме ние со сето она што го носиме и што сме го инкорпонирале во нас како норма и параметар, социјален, морален, етички и духовен, на богатство од знаење, кое го имаме или го немаме.

Животната сентенца во животот која би требало да ја следиме е дека умот царува, а снагата, силата, насилството, ароганцијата и агресијата трулат, бидејќи наброените карактерни особини означуваат незрелост и инматурација и комплетно асоцијално однесување, со параноја и малигна нарцисоидност.

Во принцип таквите психопрофили се многу штетни за околината, бидејќи секогаш палат оган на омраза, интолерантност и негативна емотивност со нефлексибилност, особено ако таква личност креира јавно мислење, или ако биде на некое раководно, или одговорно работно место.

За овие случаи, психијатријата советува дека нема потреба од коментар, бидејќи огнот на злобата и омразата ќе биде запален и ќе гори постојано.

Во овој контекст, бројни мислители го срочуваат нашиот животен пат во две животни насоки:

Првата: работа, чесност, креативност, емпатија, богатство на знаења, морал, капацитет за договарање, почитување и разбирање, етика и социјални норми како најголемо духовно богатство на една матурирана личност, параметри и особини за кои треба да се живее и одживее животот, полни со верување дека духовното за сите нас е основниот животен фундамент, двигател и носител на нашите позитивни психонапливи, на животна енергија и креација.

И **втората**, за жал, како што веќе рековме, кај психопрофили со лошо структурирани карактерни особини, во животот избираат и живеат сосема друг животен пат, полн со деструкција, инает, суета, агресија, негативни психоемотивни хистероидни емоции, импровизација, со дејанија за самоуништување, со лаги и манипулации, со самобендисаност, нарцисоидност и параноичност, без емпатија кон ближниот, и работат секогаш исклучиво за остварување на сопствениот профит и бенефит, исклучиво за страстите во животот: пари, слава и моќ, и задоволување на сопствената суета.

Клучот и начинот за тоа колку и како ќе го исхармонизираме и одживееме нашиот сопствен живот е во нас и во односите со средината во која постоиме, водени од нашето богатство и резервоар на знаења и нашата емоционална интелегенција, која е стожер и огледало на психопрофилот и екологијата на духот, кај секого од нас, во секојдневното наше постоење, животно креирање и интерперсонални односи.

Секогаш овие животни параметри на нашиот цивилизациски ментум треба да бидат во длабока кореолација и соодност со комплексот нарекуван со името големи, односно мали нации, параметар крајно битен за моќ, толерантност и соработка.

За жал, бројни светски умови, напишале многу писанија, опишувајќи го парадоксалното, но сепак присутно и актуелно мислење за комплекот на поголема вредност на големите нации. Вистина, можеби архетип, секогаш присутен во нашето постоење.

Во овој контекст ќе направиме една мала променада низ афоризмите на големите светски мислители. Ќе се послужам со симболиката од афоризмите на Конфучие, кој рекол: „Само големите птици летаат сами, а малите летаат во јато“ и „Големата риба ги јаде малите кога и да посака“.

Незнам дали е јасна симболиката: во архитиповите на цивилизацискиот ментум отсекогаш постоеле големи и мали нации. Во тој смисол сакале ние или не сакале цитоархитектурата на малите народи отсекогаш се креирала во концензус и договор со големите и под нивна закрила.

Философијата на нашето постоење е само добра и исхармонизирана социјална когниција, со богат резервоар на знаења кај матурирани личности. Во светот тие и таквите личности без разлика дали припаѓаат на големи и мали нации, не манипулираат и не импровизираат во секојдневниот живот, туку носат и спроведуваат реални, издржани и вистински решенија, без многу емоции и афектни хистероидни психоемотивни напливи.

За жал, негативните емоции било кај поединци, а особено кај поголема група, во склоп на масовна хистероидна кохезија, праксата покажала дека секогаш завршуваат крајно негативно како за поединецот, така и за народот. Историските собитија и збиднувања во маса случаи оваа реалност ја согледале, ја опишале и секогаш ја понудуваат како поука да не се повторува.

Се прашувате зошто? – Одговорот е крајно едноставен: секој психоемотивен наплив, да не кажеме секоја афективна состојба ја стеснува свеста и комплетно го пореметува логичното мислење.

Како единки во животот, би требало да се запрашаме, колку, како и на кој начин треба да ја следиме сентенцата дека „Умот царува, а снагата, силата, суетата, насилството, хистероидната кохезија, со ароганцијата и агресијата трулат.

Исконското прашање на нашето секојдневно постоење е, дали ја имаме изградено совеста на нашето его? Или што правиме, или сме направиле да ја исхармонизираме сопствената совест и начин на размислување?

Клучот е во нас и само со совест и висока емоционална интелегенција можеме да изградиме вистинска и реална иднина.

За крај, секој од нас треба да си го постави прашањето колку сме ја пробудиле нашата совест и во неа колку сме ја осознале вистината за нашата иднина, која апсолутно зависи само од нас и нашата интелектуална зрелост, свесни за вистината дека во нашиот психопрофил, но и во нашите архитипови, носиме исконски страв во себе, дека нашето ткиво е комплетно расцепено и дека живееме со комплексот на ерозија на интелектуалната вредност и обезвреднување на сè што е вредно и за почит. Психопараметри кои за жал ни го реметат нашето логично мислење.

ОГЛЕДАЛО

ВЕСТИ И НАСТАНИ:

ТЕТОВСКО – ГОСТИВАРСКА ЕПАРХИЈА

СРЕДБА СО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ ВО ЛЕШОЧКИОТ МАНАСТИР
(04. 11. 2019)

ПОСЕТА НА ОПШТИНА ТЕАРЦЕ
(25. 11. 2019)

ПРОСЛАВЕН ПРАЗНИКОТ СВЕТИ ВМЧ. ГЕОРГИЈ ВО МАЛА РЕЧИЦА -ТЕТОВСКО (09. 12. 2019)

СРЕДБА СО ГРАДОНАЧАЛНИЧКАТА НА ОПШТИНА ТЕТОВО (27. 12. 2020)

ЛИТУРГИЈА ЗА ПРАЗНИКОТ СВЕТИ НИКОЛА ВО ХРАМОТ „СВЕТИ НИКОЛА" - ТЕТОВО (19. 12. 2019)

БОЖИКЕН КОНЦЕРТ ВО СОБОРНИОТ ХРАМ ВО ТЕТОВО (06. 01. 2020)

БОГОЈАВЛЕНИЕ - ГОСТИВАР
(19. 01. 2020)

ОСВЕТУВАЊЕ НА КАМЕН ТЕМЕЛНИК ЗА ИЗГРАДБА
НА НОВ КОНАК ВО ЛЕШОЧКИОТ МАНАСТИР (01. 02. 2020)

МЕЃУОПШТИНСКА КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА МИР - ТЕТОВО
(29. 01. 2020)

РАБОТНА СРЕДБА ВО ЛЕШОЧКИОТ МАНАСТИР СО ДИРЕКТОРОТ НА НКЦ
(25. 02. 2020)

СРЕДБА СО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МАНУ
(27. 02. 2020)

СРЕДБА СО АМБАСАДОРОТ НА РУСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА ВО МАКЕДОНИЈА
(10. 03. 2020)

СРЕДБА СО ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА ГОСТИВАР
(28. 02. 2020)

ХУМАНИТАРНА ДЕЈНОСТ
(14. 04. 2020)

ЧЕСТИ ГОСТИ ВО ЛЕШОК
(29. 04. 2020)

СВЕТА ТАЈНА КРШТЕНИЕ
ВО МАНАСТИРОТ „СВЕТИ ВМЧ. ГЕОРГИЈ" ВО С. ТУДЕНЦЕ (23. 05. 2020)

ПРАЗНИК „СВЕТИ КИРИЛ И МЕТОДИЈ" - ВО
ИСТОИМЕНИОТ ХРАМ ВО ТЕТОВО (24. 05. 2020)

ДЕН ВО ЛЕШОК
(21. 06. 2020)

СЛАВА НА МАНАСТИРОТ „СВЕТИ НАУМ ОХРИДСКИ" - ПОПОВА ШАПКА
(03. 07. 2020)

ПРОСЛАВА НА ХРАМОВАТА СЛАВА
ВО ХРАМОТ „СВЕТА ПЕТКА" - ГОСТИВАР (08. 08. 2020)

ПРОСЛАВЕН ПРАЗНИКОТ „СВЕТИ СИСОЕ ВЕЛИКИ" - ТЕТОВО
(19. 07. 2020)

СРЕДБА СО ПРЕМИЕРОТ НА МАКЕДОНИЈА
(25. 08. 2020)

МАНАСТИРСКА СЛАВА ВО ЛЕШОЧКИОТ МАНАСТИР
(27. 08. 2020)

ЛИТУРГИЈА ЗА ПРАЗНИКОТ УСПЕНИЕ НА ПРЕСВЕТА БОГОРОДИЦА
ВО ЛЕШОЧКИОТ МАНАСТИР (28. 08. 2020)